**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1067**
**Скопје, 16 декември 2013 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***д***’, ‘***п***’, ‘***т***’, ‘***г***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# Содржина на Билтен број 1067 од 16 декември 2013 година


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Социјално претприемништво (прво издание),** од авторот **д-р Јован Пејковски,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје...........................8-13
2. Рецензија на докторската дисертација **Стратегии и техники за процена на позитивна дисциплина во основното образование,** од **м-р Гарип Картал,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...........................................................14-20

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Роберт Насков, Сибел Јакуповиќ)**.................................................21

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Марко Анѓеличиноски, Марко Делчев, Долорес Ананиева, Ивона Гашпаровиќ Негриевска, Горан Димитриевски, Весна Ганчева, Филип Стоилков, Димитар Бојчев, Сашка Ѓорѓиевска, Маја Целеска, Влатко Димески, Александра Вирановска, Марија Денковска, Зоран Ѓорѓиевски, Митко Хаџистојанов, Марија Петковска, Горјан Гугуловски)**.............................................................................................................22-25

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Елена Ваневска, Радица Дејановска, Јован Јовановски, Јасмина Јаулевска, Каролина Начоска, Марјан Маркоски, Благоја Здравков, Александра Панева Масин, Љубица Ѓорѓиева, Ели Климовска, Александра Настевска, Сања Грнчаревска Даскалова, Катерина Костовска, Александра Спасеноска, Маријана Кметовска, Фросина Колеќевска, Ирена Минова, Кајдафе Асани)**....................26-27

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка,** од **м-р Дивна Илиќ,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........................................................................................28-36
2. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на јавниот обвинител во казненоправниот систем,** од **м-р Лидија Раичевиќ,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........................................................................................37-40

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор по предметите теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Марија Ѓорѓиева Димова)**...................................................................41-57

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Концептот на франкофонијата, вредностите на надворешната политика на Република Македонија и односот кон Арапската пролет 2011 година** од **м-р Лиман Авдиу,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.........................................................................58-64

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Општа ентомологија** од авторите **проф. д-р Станислава Лазаревска** и **проф. д-р Миле Постоловски** пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.........................................................................65-72

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на асистент на научната област градинарство на Земјоделскиот институт во Скопје **(м-р Афродита Ибушоска)**...........................................................................73-76

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Третманот на жртвата во случајот на масовните силувања во внатрешните судири пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија,** од **м-р Ајтен Рамадани**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.......................................................................................77-84

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Татјана Дамјановска, Јана Таскова, Ристо Христов, Марија Христова)**.......................................................................................85

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Бесим Хасалари, Дарка Петрушевска, Љубомир Гајдов, Стојна Атанасовска-Димишковска, Марија Тодоровска, Маја Варошлија, Јагода Насковска, Елена Чалческа, Лидија Стојчевска, Марина Тунева, Дарко Мацоски, Анита Азеска, Дамир Ланг, Борче Николов, Ристе Николов, Лулзиме Ќоку, Ленче Ѓорѓиевска,, Марија Момироска, Јасмина Гоцевска, Стојан Ѓуровски, Бојана Илиќ, Виолета Спасова, Елизабета Марковска-Ставревска, Емилија Туфа, Сашо Вилев)**.......................................................................................86-87

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на редовен вонреден професор по германско јазична книжевност, преведување од германски на македонски јазик и обратно и толкување од германски на македонски јазик и обратно на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Зорица Николовска)**.......................................................................................88-119

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Рецензија за оцена на подобноста на темата за изработка на докторската дисертација со наслов **Напредна технологија за сеизмичка заштита на мостовски конструкции со примена на нов систем за модификација на сеизмичкиот одговор,** и научна оспособеност на кандидатката **м-р Јелена Ристиќ**.......................................................120-125

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор по предметот современ македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Гордана Алексова)**.................................126-132
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет по турски, по македонски и по албански јазик и книжевност во основните и средните училишта во Република Македонија,** изработена од **м-р Осман Емин,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.......................................................133-139

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација,** изработена од **м-р Марија Гогова Самоникова,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.................................................................140-144

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Соња Бошковска, Петранка Анѓелевска, Дијана Филимановска, Наташа Стефановска, Цветанка Ивановска, Елена Костадиновска, Сања Минкова, Владимир Трајковски, Синиша Вељановски, Лолита Хасани, Шпенд Фидани, Борка Костова, Биљана Видеска Димитрова, Петар Димитров, Емилија Китановска, Горан Андонов, Ана Амбаркова, Кристина Костовска, Илија Хаџи-Васков, Зоран Дуков, Антонио Стојаноски, Фаника Трајковска, Јован Танчев)**..........145-147

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Виолета Видоевска, Ивана Мишиќ, Мартин Петрески, Борче Василевски, Сашо Димковски, Страхил Панев, Мичо Георгиевски, Билјана Настоска, Стојанче Милевски)**..........148

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје **(Евгенија Кироска-Петреска, д-р Александра Шопова, Мери Шапуриќ, Сања Димовска-Саздовска)**..........149

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Даниела Лазарова, Марјан Матракоски, Владимир Златаноски, Славица Мирчевска, Александра Арсовска, Валентина Стојчевиќ, Дејан Стефановски, Зорица Рајчановска)**..........150

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор во звање-редовен професор во научната област преработка на овошје и зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Љубица Каракашова)**..........151-175

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на ракописот **Меѓународно приватно право-практикум,** од авторите **проф. д-р Тони Дескоски** и **м-р Вангел Доковски,** пријавен на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје..........176-179

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден виш научен соработник по предметот анестезиологија со реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Билјана Ширгоска, науч. сор.)**..........180-191

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на натавник во сите наставно-научни звања од научната област педологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Миле Маркоски)**..........192-202

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капиталво Република Македонија,** изработена од **м-р Дијана Јованоска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје..........203-207

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на асистент во научното поле биотехнички науки, област: економика на земјоделството и развој, на Земјоделскиот институт во Скопје **(м-р Лазо Димитров, м-р Марина Филипоска)**..........208-214

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор во звањето насловен доцент од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Андреја Наумоски)**........................................................................................215-232

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за доделување на звањето почесен професор (professor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на д-р Клод Клемен Абу, професор на Универзитетот „Paris XII“..........................................................................................233-236

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија** изработена од кандидатот **м-р Стефан Волкановски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје...................................237-245
2. Рецензија на докторската дисертација **Маркетинг-истражување во функција на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места,** изработена од кандидатот **м-р Игор Андреев**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје..............................................................246-253

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Михаило Јовановски, Ѓоко Ефремовски, Енес Несими, Наташа Најдовска)**..........................................................................................................254

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Одредување режим на исхрана за добивање на квалитетен расад од цветниот вид сардеела (Pelargonium x hortorum L.H. Bail.),** изработена од **м-р Маргарита Давитковска,** пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје...................................................................................255-264

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО" (ПРВО ИЗДАНИЕ) ОД АВТОРОТ Д-Р ЈОВАН ПЕЈКОВСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 12-2131/2, донесена на седницата одржана на 24.10.2013 година, определен сум за рецензент на учебникот „Социјално претприемништво“ (прво издание) подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски.

По проучувањето на понудениот текст на учебникот, согласно со Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, до членовите на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## I

Авторот при изработката на учебникот тргнува од определбата да предложи материја која првенствено ќе ги задоволи потребите на студентите на додипломски и постдипломски студии за изучување на социјалното претприемништво. Овој предмет е застапен во студиската програма по социјална работа и социјална политика за прв циклус на студии, и тоа во прв семестар според програмата за учебната 2013/2014 година и во седми семестар според програмата за учебната 2010/2011 година. Со положување на испит од овој предмет, студентот обезбедува 6 кредити. Исто така, социјалното претприемништво е застапено во студиската програма по менаџмент на човечки ресурси на постдипломски студии и обезбедува 4 кредити. Со тоа студентите и оние што се ангажирани во областа на социјалното претприемништво може да се стекнат со знаења и вештини што ќе ги пренесат во својот професионален ангажман во креирањето на политики за социјалните претпријатија, социјалните кооперативи, претпријатија кои вработуваат инвалиди и во другите облици на изразување на социјалното претприемништво.

Исто така, со овој учебник се задоволуваат и практичните потреби за стекнување на знаења и искуства за изразувањето на формите и облиците на социјалното претприемништво во Република Македонија и неговото функционирање во повеќе држави во Европа и во светот.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 125 страници во формат А4 и е пишуван во компјутерска техника, без проред. Материјата содржи вовед, тематски обработени целини кои го сочинуват основниот текст, литература и содржина.

Материјата е поделена на четири дела, а секој од деловите е поделен на глави.

Во првиот дел под наслов ,,Претприемништвото во науката и практиката“ се разработени прашањата поврзани со теоретското дефинирање на поимите претприемач и претприемништво низ историски преглед, а одделно во современата научна мисла. Даден е посебно приказ на социјалното претприемништво и разликите кои се согледани меѓу претприемништвото и

социјалното претприемништво. Во овој дел се прикажани концептите и типологиите на социјалното претприемништво и функциите кои во општествени рамки се остваруваат во насока на работно ангажирање, вработување и намалување на сиромаштијата. Овој дел ги прикажува видовите на социјални претпријатија кои се среќаваат во повеќе држави и начиниот на системско уредување на нивното основање, организација и функционирање.

Во вториот дел под наслов „Институционално уредување на социјалното претприемништво“, даден е приказ на разните форми на социјалното претприемништво кои се среќаваат во одделни држави и другите правни форми кои се усвоени од страна на социјалните претпријатија. Истакната е главната функција на социјалните претпријатија, а тоа е работната интеграција, како клучно поле на активности за европските социјални претпријатија. Прикажано е значењето на социјалниот капитал и на личните особини на лицата што се ангажираат во создавањето на социјалното претприемништво. Исто така, посочени се конкретни примери на социјално претприемништво и на водечки успешни социјални претприемачи.

Во третиот дел „Социјално претприемништво во Република Македонија“, прикажан е развојот на претприемништвото и одделно на социјалното претприемништво во Македонија. Врз основа на приказот за демографските трендови и влијанија во Република Макеоднија се укажува на потребата од поддршка на социјалното претприемништво, како и на едукација за претприемништво особено кај младите во Република Македонија со цел за вработување и работно ангажирање. Во овој дел се претставени нормативните претпоставки за претприемништвото и регулативата во која се дефинираат трговските друштва и социјалното претприемништво. Од аспект на можноста за зголемување на вработеноста, дадено е согледување за решенијата во Законот за вработување инвалидни лица и Законот за здруженија и фондации и нивното влијание за изразување на социјалното претприемништво. Покрај тоа, социјалното претприемништво е обработено и од аспект на: соработка со граѓанскиот сектор, со инвалидските организации, улогата на задругите и социјалното претприемништво, како и облиците на дејствување на верските установи од аспект на социјалното претприемништво. Прикажано е во кои области можат да дејствуваат и да работат социјалните претпријатија во Македонија и кои облици на социјални претпријатија може да се оформат. Дадена е и дефиниција на социјалното претпријатие како и целните групи за социјално претприемништво. Прикажани се можностите и концептите за уредување на регулативата за социјалното претприемништво и оцена на можностите за социјално претприемништво со примена на SWOT-анализа. Согледани се можните ефекти од уредување на регулативата за социјално претприемништво, односно за донесување нова регулатива за социјално претприемништво. Истакнати се придобивките, влијанијата и социјалните ефекти за заинтересираните учесници за социјалното претприемништво, како и изворите на средства за неговото поголемо изразување.

Во четвртиот дел се прикажани облиците и можностите на претприемништвото и на социјалното препртприемништво, а одделно е истакната улогата на државата во поттикнување на претприемништвото и социјалното претприемништво и во создавањето претприемнички амбиент. Исто така, се

обработува и улогата на општината во поттикнувањето на претприемништвото и на социјалното претприемништво. Согледани се и условите за оформување на перманентно претприемништво и развој како и за изградување на претприемничка култура и инфраструктура.

II

Анализата на текстот на учебникот „Социјално пре535претприемништво“, подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски, ми овозможи да ги утврдам следниве

основни констатации

Трудот под наслов „Социјално претприемништво“, подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски, е структуриран првенствено да послужи како основен универзитетски учебник и да ги задоволи потребите и интересот на студентите на додипломски и постдипломски студии кои се реализираат на Филозофскиот факултет во Скопје. Со подготвувањето на овој учебник, македонската литература од областа на претприемништвото и социјалното претприемништво се збогатува со мошне квалитетен труд и од теоретски и од практичен аспект.

Трудот е прецизен во дефинирањето на поимите и во начините на институционалното обликување и функционирање на социјалното претприемништво. Авторот успешно одговорил на поставените истражувачки задачи, а анализите се изведуваат врз основа на споредба на документи и голем број на компаративни искуства од повеќе странски и домашни извори.

Прегледноста на материјата особено е определена преку структурирањето на одделните тематски целини. Посебна додадена вредност на учебникот е укажувањето како да се регулира социјалното претприемништво во Република Македонија, кои промени се неопходни во правниот систем и во системот на социјална заштита за да се овозможи функционирањето на социјалните претпријатија и на социјалното претприемништво како развојна функција во секој систем.

Авторот успешно обработува една современа тема која е од битно значење при определување на односите во социјалната и развојната сфера и во решавањето на прашања кои се од особено значење за економскиот и за социјалниот развој.

Врз основа на погоре утврдените заклучоци, со задоволство предлагам Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да донесе одлука и да го усвои трудот под наслов „Социјално претприемништво“, подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски, како основен учебник по истоимениот предмет што се изучува на Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО" (ПРВО ИЗДАНИЕ) ОД АВТОРОТ Д-Р ЈОВАН ПЕЈКОВСКИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 12-2131/2, донесена на седницата одржана на 24.10.2013 година, определена сум за рецензент на учебникот „Социјално претприемништво“, (прво издание) подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски.

По проучувањето на понудениот текст на учебникот, согласно со Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, до членовите на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Приложениот текст на ракописот „Социјално претприемништво“, (прво издание), подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски, има вкупно 125 страници во формат А4 и е пишуван во компјутерска техника, без проред. Материјата содржи вовед, тематски обработени целини кои го сочинуват основниот текст, литература и содржина.

При изработката на учебникот, авторот тргнува од определбата да предложи материја која првенствено ќе ги задоволи потребите на студентите на додипломски и постдипломски студии за изучување на социјалното претприемништво. Овој предмет е застапен во студиската програма по социјална работа и социјална политика за прв циклус на студии, и тоа во прв семестар според програмата за учебната 2013/2014 година и во седми семестар според програмата за учебната 2010/2011 година. Со положување на испит од овој предмет, студентот обезбедува 6 кредити. Исто така, социјалното претприемништво е застапено во студиската програма по менаџмент на човечки ресурси на постдипломски студии и обезбедува 4 кредити. Со тоа студентите и оние што се ангажирани во областа на социјалното претприемништво може да се стекнат со знаења и вештини што ќе ги пренесат во својот професионален ангажман во креирањето на политики за социјалните претпријатија, социјалните кооперативи, претпријатија кои вработуваат инвалиди и во другите облици на изразување на социјалното претприемништво.

Со овој учебник се задоволуваат и практичните потреби за стекнување на знаења и искуства за изразувањето на формите и облиците на социјалното претприемништво во Република Македонија и неговото функционирање во повеќе држави во Европа и во светот.

Трудот е поделен на четири дела, а секој од деловите е поделен на глави.

**Првиот дел** е со наслов ,,Претприемништвото во науката и практиката" се разработени прашањата поврзани со теоретското дефинирање на поимите претприемач и претприемништво низ историски преглед, а одделно во современата научна мисла. Прикажано е социјалното претприемништво и

разликите кои се согледани меѓу претприемништвото и социјалното претприемништво. Објаснети се концептите и типологиите на социјалното претприемништво и функциите кои во општествени рамки се остваруваат во насока на работно ангажирање, вработување и намалување на сиромаштијата. Прикажани се видовите на социјални претпријатија кои се среќаваат во повеќе држави и начиниот на системско уредување на нивното основање, организација, функционирање и опстојување.

**Вториот дел,** „Институционално уредување на социјалното претприемништво", ги прикажува разните форми на социјално претприемништво што се среќаваат во одделни држави и другите правни форми што се усвоени од страна на социјалните претпријатија. Истакната е главната функција на социјалните претпријатија, а тоа е работната интеграција. Прикажано е значењето на социјалниот капитал и на личните карактеристики и особини на лицата што се ангажираат во создавањето на социјалното претприемништво. Дадени се конкретни примери на социјално претприемништво и претставени се водечки успешни социјални претприемачи во поширок контекст.

**Третиот дел**, „Социјално претприемништво во Република Македонија" го содржи развојот на претприемништвото и одделно на социјалното претприемништво во Македонија. Со приказот за демографските трендови и влијанија во Република Макеоднија се укажува на потребата од поддршка на социјалното претприемништво, како и на едукација за претприемништво особено кај младите во Република Македонија со цел за вработување и работно ангажирање. Претставени се нормативните претпоставки за оформување на претприемништвото и регулативата во која се дефинираат трговските друштва и социјалното претприемништво. Нагласена е потребата за зголемување на вработеноста на инвалидни лица. Во овој дел, социјалното претприемништво е обработено од аспект на: соработка со граѓанскиот сектор, со инвалидските организации, улогата на задругите и социјалното претприемништво како и облиците на дејствување на верските установи од аспект на социјалното претприемништво. Прикажано е во кои области може да дејствуваат и да работат социјалните претпријатија во Македонија и кои облици на социјални претпријатија може да се оформат. Согледани се можните ефекти од уредување на социјалното претприемништво, односно за донесување нова правна регулатива и стратегија за развој на социјално претприемништво. Истакнати се придобивките, влијанијата и социјалните ефекти за заинтесираните учесници за социјалното претприемништво, како и извори на средства за неговото поголемо изразување.

**Четвртиот** дел од трудот ги содржи облиците и можностите на претприемништвото и на социјалното претприемништво, а одделно е истакната улогата на државата во поттикнување на претприемништвото и социјалното претприемништво и во создавањето претприемнички амбиент. Во овој дел се обработува и улогата на општината во поттикнувањето на претприемништвото и на социјалното претприемништво со оглед на уставните функции и надлежности што ги има локалната самоуправа. Согледани се и условите за оформување на перманентно претприемништво како модел кој одговара на пазарната економија.

Истакната е потребата за развој, како и за изградување на претприемничка култура и инфраструктура во државата што е основа за одржливост на овие појави на долг рок.

Врз основа на согледувањата и анализата на текстот на учебникот „Социјално претприемништво“, подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски неопходно е да се потенцираат неговите квалитативни особености:

-прво, трудот според стручното и научно ниво на обработка на проблематиката, претставува современ универзитетски учебник од областа на социјалното претприемништво;

-второ, опфатот на трудот, неговата содржина и карактер произлегуваат од структурата на наставните планови на Филозофскиот факултет во Скопје;

-трето, во овој труд во голема мера е направен обид и успешно се обработени прашањата сврзани со социјалното претприемништво и основите за негово изразување и поттикнување, особено во Република Македонија.

-четврто, овој ракопис во целост ја покрива предметната програма по предметот социјално претприемништво според предвидениот фонд на часови на Филозофскиот факултет во Скопје.

Врз основа на изнесената кратка содржина и претходно споменатите карактеристики на трудот, ми причинува особено задоволство да им предложам на членовите на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да донесат одлука со која се одобрува публикувањето на трудот „Социјално претприемништво“ што е подготвен од авторот проф. д-р Јован Пејковски, како основен универзитетски учебник по истоимениот предмет што се изучува на Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТРАТЕГИИ И ТЕХНИКА ЗА ПРОЦЕНА НА ПОЗИТИВНА ДИСЦИПЛИНА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ ОД М-Р ГАРИП КАРТАЛ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлука број 0903-1577/11 од 18.9.2013 година, донесена на 41. седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, одржана на 13.11.2013 година, избрана е Комисија за оцена на докторска дисертација под наслов: ***Стратегии и техники за градење на позитивна дисциплина во основното образование,*** поднесена од кандидатот ***м-р Гарип Картал,*** пријавена на Институтот за педагогија.
Во врска со тоа, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, членовите на Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ, проф. д-р Анета Баракоска и проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска и проф. д-р Лена Дамовска го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наведениот наслов елаборира еден мошне значаен, истражувачки интересен проблем кој е актуелен во нашата педагошка теорија и воспитно-образовна практика. Во трудот се актуализирани неколку аспекти на истражувачкиот проблем: идентификација на конкретната ситуација со дисциплинските проблеми на учениците во задолжителното образование, посебно во основното училиште, механизмите, техниките и стратешката поставеност на мерките за надминување на неповолните ситуации и ставовите на носечките субјекти кои директно или индиректно дејствуваат во процесот. Носечко прашање на истражувачкиот проблем во трудот е креирањето на позитивната дисциплина како носечки фактор за ефикасно основно образование кое се базира на широкиот спектар воспитни елементи и дејствување на основното училиште.

Во трудот се истакнуваат носечките аспекти на проблемот каде што кандидатот истакнува дека досегашните теоретски, практични и емпириски сознанија посочуваат дека без позитивна дисциплина не може да се постигнат задоволителни резултати во едукативниот процес, како во образовните институции, така и во секојдневниот човеков живот. Оттаму произлегува и неспорниот факт дека дисциплината е мошне важен, суштествен сегмент во оваа општествена дејност. Успешноста во воспитно-образовниот процес, секако, во голема мера зависи и од флексибилните компетенции на наставниците, но не треба да се запостави ни придонесот на родителите. Како најчувствителен сегмент во оваа структура, особена грижа и внимание треба да им се посвети на учениците, пред сè при примената на соодветни стратегии и техники за изградување позитивна дисциплина во училиштето.

Со право кандидатот м-р Гарип Картал истакнува дека дисциплината претставува примена на конзистентни и одлучувачки правила со цел да се спречи појава на непримерно однесување. Дисциплината е активност што се одвива во согласност со утврдени правила. Таа во својата суштина претставува спречување на појави на проблематично однесување, а воедно е и систем од постапки со кои се

придонесува да се подобри однесувањето кое треба да биде насочено кон остварување на поставените цели преку осмислување на активности и креирање на наставни ситуации во кои може да се препознае посветеноста на учениците.

Докторската дисертација е структурирана од повеќе глобални делови преку кои се елаборираат основните теоретски, методолошки и аналитичко-резултантни димензии на истражувачкиот проблем, како и заклучните согледувања на кандидатот во вид на евалвација на добиените резултати, препораки и фокусни насоки за натамошно истражување на други аспекти на проблемот. Проблемот во трудот е разработен во 335 страници компјутерски обликуван текст, со неопходните прилози и 152 релевантни извори од кои 16 се интернет-прилози од доминантно странски автори.

Првиот глобален дел од трудот ја содржи теоретската рамка на проблемот, опфатена од 14 наслови и вкупно 58 поднаслови во 184 страници. Опфатени се следниве аспекти на проблемот: дефинирање на проблемот и основните поими, поим за стратегиите на дисциплината, поим за позитивна дисциплина, што е дисциплина, фази на дисциплината, техника за позитивната дисциплина и обезбедување на самоконтрола кај децата, што е позитивна дисциплина? цели на дисциплината, видови негативна дисциплина поврзана со родителските казни за своите деца, дисциплината во основното образование, дисциплина во училиштето, примена на различни видови дисциплина во училиштето, процесот на дисциплината во училиштето, степени на дисциплинскиот процес, фактори што влијаат за создавање позитивна дисциплина во училиштето, дисциплината во училницата, авторитетот на наставникот во училницата, класификација на несаканото однесување на учениците и причините за нивната појава во училницата, фактори што влијаат за појава на непримерно однесување на учениците во училницата, стратегии и техники (активности) за спречување на појавата на несакано (проблематично) однесување на учениците во училницата, стратегии и техники што можат да му помогнат на наставникот во справувањето со проблемите со дисциплината на учениците во училницата, стратегии и техники за подобра дисциплина во училницата, методи за менување на непримерното однесување на учениците, управување на однесувањето, поим за примерно однесување, поуки за наставникот во управувањето на поведението, приоди насочени за превенирање на непримерното однесување, мерки против непримерното однесување, препораки на наставникот во управувањето со непримерното однесување на учениците, методи на дисциплината во воспитувањето на детето, методи за создавање дисциплина во одделението, ревентивни методи за дисциплинските проблеми, интервентни методи на дисциплинските проблеми, методот на позитивното наградување, наградата и казната како дисциплински методи, техника на споделување, реституција, карактеристики на реституцијата, раководење на одделението,видови стилови на раководење со наставата, училнички-одделенски правила, модели на дисциплината во образованието, наметлива дисциплина – (L. Canter), модел на наставниковата воспитна влијателност ( T.Gordon), модел на социјална дисциплина (R. Dreikurs ), терапија на реалноста /Контролна терапија (W. Glasser), моделот на решавање на меѓучовечките врски (E. Berne – T . Harris); моделот на Жино (H. Ginott), моделот на Добсон (J. Dobson), моделот на Редл и Ватенбург (Redl & Wattenburg), моделот на Кунин (Kounin), моделот на Џонс

(Jones), моделот „Јас можам да решавам проблем", модел на дисциплина кој се потпира на одговорноста во управувањето со одделението, начини на разбирање на дисциплината, како се создава дисциплината во одделението, наставниковата реакција кон проблематичното однесување на учениците, причини за недисциплината – непослушноста и совети, „Советодавната програма" како фактор за создавање позитивна дисциплина во основното образование, улогата на педагогот во спроведувањето на „Советодавната програма", улогата на одделенскиот/класниот раководител во спроведувањето на „Советодавната програма", улогата на родителите во спроведувањето на „Советодавната програма", улогата на другите соработници во спроведувањето на „Советодавната програма", основни стандарди за заштита од насилства во училиштето, насилството меѓу учениците како пречка за нормалното градење на позитивната дисциплина во училиштата, како да го спречиме насилството, улогата на наставникот при отстранување на агресивното однесување кај учениците, мерки против агресивните форми на однесување во училницата, кратки предлози за воспоставување дисциплина, законски одредби што помагаат за градење позитивна дисциплина во основното образование во Република Македонија, концепција, концепција – (надлежности, права и одговорности), статутот на училиштето (права и обврски на учениците), кодекси, кодекс на учениците, кодекс на родителите, кодекс на наставниците, кодекс на другите вработени во училиштето, куќен ред, релевантни истражувања.

Вториот глобален дел од трудот ги содржи методолошките компоненти на истражувањето:

**Предметот на истражувањето** ја опфаќа примената на стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во основното образование.

**Целта на истражувањето** е насочена кон испитувањето на стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во основното образование. Цел на овој истражувачки труд е пред сè да даде придонес во подобрување на можностите за успешно градење позитивна дисциплина, ефективност и ефикасност во воспитно-образовната работа со учениците.

Целта на истражувањето е операционализирана од следниве аспекти:

- дефинирање и давање приказ на дисциплината, училишна дисциплина и како се гради позитивна дисциплина во основното образование;
- издвојување и анализирање на функциите, задачите и одговорностите на наставниците во училиштето, учениците, родителите, педагошко-психолошката служба и другите вработени во училиштето кои се и главните креатори за градењето на позитивната клима во основното образование, а воедно и за решавањето на дисциплинските проблеми;
- истражувањето ќе биде насочено кон испитување на различните начини, стратегии и техники за надминување на воспитно–образовните проблеми преку примена на училишните човечки ресурси.

**Научната цел** на овој труд е да се проучат стратегиите и техниките за градење на позитивната дисциплина во основното образование, да се изврши идентификација и дескрипција на манифестационите форми на дисциплината во

училиштата, со цел добиените резултати од истражувањето да дадат свој придонес во науката. Посебен осврт е ставен на улогата на креаторите во градењето на позитивната дисциплина во основното образование.

**Општествена цел** на трудот е да сумираат, да се анализираат, да се експлицираат, да се синтетизираат, да се оценуваат и да се вреднуваат размислувања, ставовите за дисциплинските проблеми и превземања на мерки со кои се надминуваат проблемските однесувања.

**Практичната цел** на трудот треба да произлезе од посакуваните состојби и дефинирање на наредните задачи и активности кои што произлегуваат од реализацијата на општествените и научните цели.

**Задачи на истражувањето:**

- да се утврди степенот на свесност на истражуваните субјекти за присутноста на актуелните дисциплински проблеми, мотивите и начините на соочување со нив од страна на креаторите на позитивната дисциплина во основните училишта и во семејствата;

- да се испитаат ставовите на наставниците, родителите и на учениците за информираноста за дисциплината и **оспособеноста на наставниците, родителите и учениците за благовремено откривање на дисциплинските однесувања** и за откривање на факторите кои влијаат за нивната појава во основното образование;

- да се испита оспособеноста на испитаниците за спречувањето и целосно надминување на актуелните дисциплински проблеми, кои превентивни стратегии и техники ги применуваат за да се справат со недисциплинските однесувања и да се создава позитивна дисциплина во основното образование;

- да се испита оспособеноста на наставниците во применувањето на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето;

- да се испита оспособеноста на родителите за применување на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на дисциплинските проблеми кај своите деца;

- да се испитаат ставовите на наставниците, учениците и родителите за нивната меѓусебна соработка и соработката со стручните служби во училиштата од областа на дисциплината со цел да се надмине актуелните дисциплински проблеми кои можат да бидат услов за создавање на позитивната дисциплина во основното образование;

- да се испитаат законските одредби за тоа колку тие помагаат за градење на позитивната дисциплина во основното образование на РМ. Тоа се: концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред во нашите училишта.

- да се изврши анализа на педагошката документација на основните училишта од аспект на градењето на позитивната дисциплина во основното образование.

**Хипотетската рамка** на истражувачкиот модел е коректно дизајнирана со една генерална хипотеза и 9 помошни хипотези. Научните предвидувања и претпоставки во хипотетската рамка се во конзистентна кореспонденција со предметот, целите и задачите на истражувањето. Најголем дел од хипотезите преку добиените резултати се потврдуваат, а тоа укажува на фактот дека појдовните основи на кандидатот се базираат на неговото големо искутво на познавање на конкретните истражувачки ситуации поврзани со предметот на истражување.

**Методи, техники и инструменти на истражувањето**

Во истражувањето се применети следниве методи:

При изработката на овој научноистражувачки труд, за реализација на целите и проверка на хипотезите, е користен **аналитичко-синтетички метод** со варијанти:

- аналитичко-компаративен метод
- аналитичко-дескриптивен (опишувачки)
- аналитичко-експликативна (објаснувачка)
- метод на индукција
- метод на дедукција
- метод на споредбена анализа
- метод на збирна анализа.

Бидејќи станува збор за истражување со квантитативен и квалитативен карактер, при прибирањето на податоците се применувани следниве техники:

1. анкетирање;
2. интервјуирање;
3. набљудување;
4. анализа на содржина.

За добивање на релевантни податоци се користени следниве инструменти:

1. анкетен лист
2. протокол за систематско набљудување
3. листа за анализа на содржината на документите за наставниците и за учениците.

**Популација и примерок**

Примерокот на субјекти го сочинуваат сите вработени наставници, ученици и родителите во основните училишта на општините Ц. Жупа и Дебар.

За реализиција на ова истражување се применувани седум примероци, и тоа:

- примерок кој се однесува на наставници;
- примерок кој се однесува на одделенија;

- примерок кој се однесува на училишта;
- примерок кој се однесува на родители;
- примерок кој се однесува на ученици;
- примерок кој се однесува на активности;
- примерок кој се однесува на законски одредби и педагошка документација.

Во примерокот кој се однесува на родителите се издвоени 6 суппримероци:

- родители од градска животна средина;
- родители од селска животна средина ;
- родители без образование ;
- родители со различен степен на образование;
- вработени родители;
- невработени родители;
- ученици од предметна настава.

Со истражувањето се опфатени 140 наставници, од кои 69 одделенски наставници и 71 предметен наставник, 100 ученици од петте основни училишта и 100 родители на децата од петте основни училишта.

**Заклучок и предлог**

Истакнуваме дека со актуализираните истражувачки активности, кандидатот успеал да оформи научноистражувачки труд кој е создаден со цел да се сублимираат истражувачките сознанија, ставови и искуства во контекст на проблемот за образовно-организациски модели, концепти и стратегии кои доведуваат до училишно менаџирање со сите позитивни фактори за напредување и спречување на негативните влијанија и манифестации во текот на училишното живеење и работа. Утврдени се постојните конкретни состојби во дел од основните училишта во Република Македонија, начините за функционално дејствување врз учениците и сензитивноста за идентификација на квалитетот на состојбите преку самоперципирање, социјална интеракција и комуникација и градење позитивна клима и стимулативен амбиент за учење, дружење и поддршка. Со својата глобална структура, методолошко обликување и користење на соодветна педагошка терминологија, кандидатот м-р Гарип Картал ги елаборирал сите релевантни сознанија од областа на ефективното училиште од аспект на градење позитивна дисциплина која наставата и севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето ги прави ефикасни, целисходни и профитабилни за учениците во вид на знаења, социјални вештини, способности за кооперативно учење и врсничко дружење, соработка и поддршка.

Врз основа на изнесените сознанија и проценка на трудот, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му предлагаме извештајот за докторската дисертација под наслов: ***Стратегии и техники за градење на позитивна дисциплина во основното образование,*** поднесена од кандидатот ***м-р Гарип Картал,*** пријавена на Институтот за педагогија, да го усвои и да одобри јавна усна одбрана на трудот.

Комисија

1. Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
2. Проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ, с.р.
3. Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
4. Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, с.р.
5. Проф. д-р Лена Дамовска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Роберт Насков | Продукција на игран филм во Македонија- студија на случај: „Трето полувреме“ | Проф.Мартин Панчевски |
| Сибел Јакуповиќ | Продукција на неконвенционална уметничка форма „Виктор и Викторија“ – пантомима- | Проф.Мартин Панчевски |
| | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**октомври** 2013)

## 1. Безжични и мобилни комуникации

| ред. бр. | студент | Тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марко Анѓеличиноски | Теоретски граници на локализациски алгоритми во услови на несигурни позиции на мерните сензори | Theoretical bounds of localization algorithms with ambiguous positions of the measurement sensors | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |

## 2. Електрични машини и автоматизација

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марко Делчев | Истражување и моделирање на системи за векторска регулација на синхрони машини со перманентни магнети со зголемена ефикасност | Investigation and Modelling of Vector Controlled Systems of Permanent Magnet Synchronous Machines with Improved Energy Efficiency | Проф. д-р Горан Рафајловски |

## 3. Проектен менаџмент

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Долорес Ананиева | Улогата на проект менаџерот при проценка на квалитетот и воведување на метрика во софтверските проекти | The role of project manager for quality assessment and implementation of metrics in software projects | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 2 | Ивона Гашпаровиќ Негриеска | Проектен менаџмент на ИКТ проекти со користење на Scrum технологија и Atlassian JIRA решение | Project management of ICT project using Scrum technology and Atlassian Jira solution | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Горан Димитриевски | Лидерство и развој на проектно лидерство во компаниите од секторот на информатичка технологија | Leadership and development of project leadership in companies within information technology sector | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |

## 4. Софтверско инженерство

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Весна Ганчева | Развој на систем за препорака на содржини | Development of Content Recommendation System | Вон. проф. д-р. Андреа Кулаков |

## 5. Електроенергетски системи

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Филип Стоилков | Анализа на пазарните правила за електрична енергија во Република Македонија | Analysis of the electricity market rules in Republic of Macedonia | Проф. д-р Рубин Талески |

## 6. Проценка на перформанси и анализа на податоци кај компјутерско комуникациони системи

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Димитар Бојчев | Проектирање и имплементација на систем за пресметување со високи перформанси со помош на тенки клиенти | Design and implementation of high performance computing system with thin clients | Проф. д-р Аристотел Тентов |

## 7. Систем во чип

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Сашка Ѓорѓиевска | Дизајн и VHDL имплементација на SNMPv2c во SNMP v3 конвертор | Design and implementa-tion of SNMPv2c to SNMPv3 convertor | Проф. д-р Аристотел Тентов |

## 8. Обновливи извори на енергија

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Маја Целеска | Развој на методологија за оптимирање на ветерни полиња од аспект на применети генератори и распоред на турбини | Development of methodology for wind farm optimization based on the layout of applied generators and turbines | Проф. д-р Влатко Стоилков |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**ноември** 2013)

1. **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Влатко Димески | Анализа и мерења на квалитетот на сервис (QoS) за говор, податоци и видео во телекомуникациските мрежи | Analysis and measurements of Quality of Service (QoS) for voice, data and video in telecommunication networks | Проф. д-р Тони Јаневски |
| 2 | Александра Вирановска | Постапки за оптимизација при дизајнирање и анализа на еластични оптички мрежи | Methods for optimization at design and analysis of elastic optical networks | Проф. д-р Борислав Поповски |

## 2. Безжични и мобилни комуникации

| ред. бр. | студент | Тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марија Денковска | Моделирање и анализа на перформанси на сценарија за оптимално реискористување на фреквенциски спектар | Modeling and performance analysis of scenarios for optimal spectrum reusage | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |

## 3. Електроенергетика

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Ѓорѓиевски | Анализа на модели на пазари на електрична енергија на големо, иницијативи и тенденции | Analysis of the wholesale electricity market models, initiatives and trends | Проф. д-р Атанас Илиев |
| 2 | Митко Хаџистојанов | Менаџмент на дефекти и одржување на електроенергетските објекти | Fault management and maintanence in electric power system | Проф. д-р Атанас Илиев |

## 4. **Компутерско-системско инженерство и автоматика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марија Петковска | Практична имплементација на напредни алгоритми за менаџмент на одржување | Practical implementation of advanced algorithms in maintenance management | Проф. Миле Станковски |
| 2. | Горјан Гугуловски | SCADA системи применети на системи за транспорт на флуиди | SCADA systems for implementation of systems for transportation of fluids | Проф. Миле Станковски |

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Елена Ваневска | „Традиционални и современи облици на комуникацискиот микс кај инвестициските фондови” | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Радица Дејановска | „Промотивни стратегии на малите бнанки во земјите членки на ЕУ и во Р. Македонија” | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Јован Јовановски | „Аутсорсинг на информациски технологии” | проф. д-р Лидија П. Ивановска |
| Јасмина Јаулевска | „Е-учење базирано на облак со посебен осврт за неговата примена во Република Македонија” | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Каролина Начоска | „Зголемената реалност и нејзина примена во е-бизнисот” | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Марјан Маркоски | „Странските директни инвестиции во Република Македонија и Југоисточна Европа во периодот 2003-2011, со посебен акцент на ефектите од глобалната економска криза” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Благоја Здравков | „Финансиски деривативи – теорија и концепти” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Александра Панева Масин | „Вредност и релевантност на информациите со кои ревизорот комуницира преку ревизорскиот извештај” | проф. д-рЗорица Б. Лазаревска |
| Љубица Ѓорѓиева | „Методи на трансферни цени во функција на ефикасно сметководствено управување и алокација на добивката од интерни трансакции” | проф. д-р Зоран Миновски |
| Ели Климовска | „Менаџерскиот опортунизам и заштитата на правата на акционерите преку менаџерски договори” | проф. д-р Бобек Шуклев |

| | | |
|---|---|---|
| Александра Настевска | „Креирање конкурентска предност преку иновации кај малите претпријатија” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Сања Грнчаревска Даскалова | „Планирање при започнување со мал бизнис” | проф. д-р Бобек Шуклев. |
| Катерина Костовска | „Корпоративна општествена одговорност во банкарскиот сектор” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Александра Спасеноска | „Мотивација и наградување на вработените во функција на подобрување на перформансите на вработените” | проф. д-р Кирил Постолов |
| Маријана Кметовска | „Примена на социјалното претприемништво во малите претпријатија” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Фросина Колеќевска | „Општествената одговорност и конкурентноста на претпријатијата во ЕУ” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Ирена Минова | „Должничката криза во ЕУ и опстанокот на еврозоната” | проф. д-р Горан Петревски |
| Кајдафе Асани | „Главни економски индикатори на македонската економија во споредба со тие на соседните земји за периодот од почетокот на транзицијата до денеска” | проф. д-р Славе Ристески |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
# „ИСКАЗОТ НА ОБВИНЕТИОТ КАКО ДОКАЗ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДИВНА ИЛИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 4.09.2013 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката ***м-р Дивна Илиќ*** под наслов: ***Исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка***, во состав: проф. д-р Гордан Калајџиев - ментор, проф. д-р Никола Матовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Никола Тупанчески.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита, ја разгледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

## РЕЦЕНЗИОНЕН ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација изработена од м-р Дивна Илиќ под наслов „Исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка“ опфаќа текст од 408 страници во компјутерска техника, фонт Times New Roman, со големина на букви 12, проред 1,5 и содржи 752 фусноти. Материјата обработена во докторската дисертација е систематизирана во вовед и пет дела, а деловите се поделени на глави со точки и потточки. На тој начин на оној што ја чита дисертацијата му се овозможува лесно да ја следи систематиката на обработената материја и да дојде до поединечните содржини и проблеми што непосредно го интересираат.

1. Воведот, кој што е поместен на стр. 5-12, ги обработува предметот, целите и хипотетската рамка на истражувањето, како и методите на научноистражувачката работа.

Предметот на истражувањето авторката го одредува низ интересот за проучување на прашањето на исказот на обвинетиот, кое отсекогаш будело вистински интерес кај законодавците, судската практика и процесноправната теорија, а особено ако се има предвид дека во значителен број случаи единствен начин за да се открие сторителот и да се приберат докази е токму испитувањето на осомничените, обвинетите, како и на други лица за кои се смета дека имаат значајни информации. Во оваа смисла, тешкотиите со докажувањето во кривичната постапка би биле скоро во целост совладани кога обвинетиот би имал должност да соработува со органите во постапката. Кога вистинскиот сторител, кој знае најмногу за случајот што е предмет на постапката, би ја зборувал вистината, судот многу лесно би ги носел пресудите. Се разбира, поаѓајќи од човечкиот нагон за самоодржување, како и правилата што важат за товарот на докажување во постапката, сосем е јасно дека не е разумно да се очекува од обвинетиот активно да учествува во докажувањето на *својата* вина. Впрочем, одвојувањето на виновните од невините, е и најголемата тешкотија на една кривична постапка.

Иако испитувањето на обвинетите во кривичната постапка и исказите што од тоа испитување произлегуваат отвораат повеќе прашања, во суштина основното прашање е каков би требало да биде начинот на испитување на обвинетиот во една модерна кривична постапка, а притоа да бидат истовремено задоволени и потребата од контрола на криминалот и правичноста на постапката, а особено од аспект на манипулативното и присилното однесување на државата во модерната ера. Интересот за проучување на прашањето на исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка произлегува од „двојната" положба што тој ја има во неа - од една страна, обвинетиот е процесен *субјект,* а од друга страна, процесен *објект*.

2. Во првиот дел под наслов *Значењето на обвинетиот како доказно средство во кривичната постапка и правната природа на неговото испитување* (стр.12-26), во три поднаслови, авторката се занимава со прашањата за правната положба на обвинетиот во современата кривична постапка, значењето кое тој го има како доказно средство, а ја анализира и определува и правната природа на неговото испитување. Па така, авторката на овој труд, наспроти најчесто застапеното стојалиште во теоријата дека правната природа на испитувањето на обвинетиот е двојна, а поаѓајќи од фактот дека причината за повикување на обвинетиот во постапката да даде исказ лежи во потребата да се утврдат фактите односно да се искористи неговиот исказ како извор на информации, објаснува дека токму затоа нема смисла одвојувањето на исказот на обвинетиот како доказно средство од исказот на обвинетиот како средство за одбрана. Авторката ја гради тезата дека иако обвинетиот во постапката како субјект е носител на правото на одбрана, дури и кога испитувањето оди во негова корист и е средство за остварување на функцијата на одбрана, и тогаш тоа по својата природа е всушност доказно средство во таа смисла што правната природа на испитувањето на обвинетиот како доказно средство ја супсумира и правната природа на испитувањето како средство за одбрана.

3. Во вториот дел под наслов *Исказот на обвинетиот во историско и компаративно светло* (стр. 27-166), методолошки конципирана во две глави со девет точки, авторката забележува дека историјата на кривичната постапка во добра мера се поклопува со историјата на исказот на обвинетиот, односно дека хронолошки гледано актуелните сфаќања за прифатените методи и средства за доаѓање до доказите во постапката, па и користењето на обвинетиот како извор на сознанија, е поврзано со нивото на развој, на општеството и во определен период е одраз на неговиот примитивен културен развој. Но, констатација која го следи секој историски период е таа дека, во текот на својот развој кривичното процесно право никогаш не можело да се откаже од исказот на обвинетиот, единствено во определени процесни системи е различно решавано прашањето во која мера и под кои услови обвинетиот им е ставен на располагање на органите на постапката и колку неговиот исказ може да послужи како доказно средство во постапката.

Споредбено анализирајќи го исказот на обвинетиот како доказ во повеќе различни држави (евроконтинентални и англосаксонски), авторката забележува дека иако нормативната конципираност е можеби различна во различните правни системи, сепак тие разлики во практиката се многу помалку изразени. Така, на пример, каква и да е нормативната поставеност на раководењето со истрагата, во најголемиот број законодавства иницијалното полициско испитување се покажува како клучно, односно исказот даден пред полиција во голем број од случаите ги обезбедува најважните докази, што, пак, има сериозни импликации врз начините на кои осомничениот е (не)заштитен за

време на разговорите во полиција. Оттука, авторката смета дека т.н. „повлекувач" за примена на правата треба да биде изразен на начин од кој јасно ќе се види целта на нивната примена.

Во оваа смисла, таа смета дека мора да се заклучи дека членот 6 од ЕКЧП со својата широко поставена формулација, не само што не е ефективен во утврдувањето на заедничко разбирање и заложување за минимум права на осомничените лица, туку во скоро секое законодавство, полицијата рутински ги задржува и ги распитува лицата, што прави да биде нужно постоењето на европски инструмент кој исклучително јасно и недвосмислено ќе предвиди дека правата на обвинетите и заштитните одредби започнуваат да важат и да се применуваат уште од првиот момент кога лицето е предмет на истраги кои вклучуваат и негово испитување. Воедно, во овој контекст, авторката како посебно важно го препознава прашањето за последиците од повредата на тие гаранции при испитувањето на обвинетиот.

Во поткрепа на вака изложената теза, кандидатката го наведува правото на обвинетиот на пристап до бранител. Иако законодавствата на сите ЕУ-држави содржат одредби кои што го гарантираат правото на обвинетиот на пристап до бранител, и дека тоа право е гарантирано во текот на целата постапка, сепак ако се земат предвид одговорите на државите на прашањето од кој момент обвинетиот има право на бранител, ќе се забележат суштински разлики. Па така, одговорите за моментот од кога настанува правото на бранител варираат од „на почетокот на постапката" или „од моментот кога лицето е обвинето", или пак „по полициското испитување" – одговори кои се различни во таа смисла што, всушност, суштински ја менуваат положбата на обвинетиот, што создава, пак, и тешкотии во утврдувањето на тоа дали осомничените имаат право на правен совет *пред* да одговараат на прашања во врска со делото за кое се товарат. Токму затоа, како неопходна контратежа на мерките на правосудната соработка кои ги зајакнуваат овластувањата на државните органи, а со цел постигнување минимум заеднички стандарди за процедурални гаранции за лицата осомничени, обвинети, гонети или осудени за кривични дела, авторката како посебно значајна ја поздравува определбата информирањето на обвинетите да се стандардизира спрема единствен модел, односно преку воспоставување и формулирање на т.н. писмо за правата (Letter of rights), кое е, всушност, пишана поука на обвинетиот за тие права. Писмото има единствена содржина, срочено е едноставно, јасно и определено и преведено на јазик што обвинетиот го разбира.

4. Поставувајќи го проблемот на исказот на обвинетиот како доказ во кривичната постапка се наметнуваат повеќе суштествени прашања кои се предмет на проучување на следниот дел од трудот под наслов: *Поважни прашања во врска со исказот на обвинетиот како доказ во кривичната постапка* (стр. 167 - 278), а во која низ седум глави и повеќе точки авторката, преку анализа на теоретските аспекти, како и на практиката на Европскиот суд, ги разгледува битните аспекти на тие дилеми, конципирајќи го своето гледиште по однос на нив.

Во првата глава од овој дел (Гл. 6), авторката се занимава со прашањето за *nemo tenetur prodere se ipsum,* која максима иако се смета за бастион на човековата слобода од државниот притисок и принуда, а почитувањето на човековото достоинство и автономија бара секој обвинет да биде потполно слободен да одлучи каков став и однос ќе има спрема обвиенијата против него, па оттука е неразумно обвинетиот да се принуди да соработува на кој било начин во придонесувањето и остварувањето на својата осуда, сепак нејзиното поблиско испитување покажува дека станува збор за не така јасно определен поим. Во

оваа смисла, авторката се занимава со разгледување на прашањето за определувањето на нејзиниот опсег, дали под правото на молчење се подразбира молчењето на обвинетиот *ad personam* или само *ad rem*. Еден до најсериозните проблеми на правото на молчење во постапката со која се занимава авторката е проблемот на извлекување на негативни заклучоци од молчењето на обвинетиот, односно користењето на молчењето како доказ во постапката.

Во следната глава од овој дел на тезата, имајќи предвид дека во современите кривични постапки постојат определени граници на утврдување на фактите и осознавање на вистината, и дека зад определена демаркациона линија повеќе не е можно да се зафаќа во личноста на обвинетиот поради утврдувањето на фактите, предмет на интерес во следните две глави во овој дел се *забранетите и спорни методи на неговото испитување* (Гл. 7), како и *процесните последици од употреба на недозволен начин на добивање на неговиот исказ* (Гл. 8).

Секој метод со кој на определен начин се влијае врз волјата на обвинетиот, е начин и за зафаќање во неговата психолошка слобода и во неговата личност, па оттука и интересот за ефикасноста на казнениот прогон доаѓа во судир со интересот за заштита на личноста па авторката го поставува прашањето: до кои граници може да се оди во дејствување врз волјата на обвинетиот за да соработува со органите, односно каде престанува дозволеното и започнува забранетото? Авторката констатира дека додека некои од начините на испитување на обвинетот може, несомнено, да ги определиме како забранети, за други, пак, можеме да го отвориме прашањето и да ги определиме како спорни, но не општо и не секогаш ќе можеме да одговориме дали се забранети. Понекогаш тоа може да зависи од намерата на дејствието, како и карактеристиките на конкретниот случај, а особено што кај дел од методите што се користат за добивање исказ, за коишто често се вели дека се на граница помеѓу дозволеното и забранатето, е проблематично и самото нивно поимно определување во смисла на нивно дефинирање и толкување, а од тоа сфаќање па понатаму, треба да појде и зависи и анализата на нивната допуштеност. Одовде, авторката се занимава со поединечно проучување на повеќе спорни и забранети методи на испитување, како што се: измамата и трикот, сугестивните и капциозните прашања, заканата, присилата, медицинските интервенции и давањето средства кои влијаат врз волјата на обвинетиот, хипнозата, техниките на условување, специјалните техники на комуницирање, техниката на сензорна депривација, а посебно внимание авторката посветува и на т.н. Ридова техника на испитување.

Правилата за прибавување на доказите постојат за да го обезбедат добриот квалитет на доказите, што, пак, би имплицирало дека штом се повредени тие правила, во прашање е доведен тој квалитетот како резултат на што тие би требало да бидат отфрлени. Но, авторката согледувајќи ја комплексноста, како и значењето на прашањето за ексклузија на доказите во таа смисла што не може да се превиди дека од другата страна на овој проблем стои нужноста од казнување на сторителите на кривични дела и ефикасност на кривичната постапка, темелно се занимава со повеќе негови аспекти.

Ексклузионото правило, општо земено, се смета за еден од најважните механизми за спроведување на правата на обвинетиот. Ексклузијата на доказите може да се сфати како израз на концепцијата на автономност на кривичната постапка, наспроти концепцијата на битна поврзаност со материјалноправната содржина, и врз неа втемелениот пристап за ефикасност на постапката, која вклучува утилитаристичка процена на штетата и корista од употребата на незаконито прибавените докази.

Оттука, авторката констатира дека со цел да се обезбеди ефикасен лек за повредите на правата во текот на кривичната постапка, а особено истрагата, исказите прибавени со повреда на основните правата на обвинетите *мора* да бидат исклучени, а евентуално можеби само подложени на тесни исклучоци за *bona fide* грешки. Таа смета дека ексклузијата на таквите докази не би требала да зависи од балансирање и вагање на интересите, инаку фундаменталните права ќе се изгубат во тоа балансирање. Еден од најсериозните проблеми што го согледува авторката кај балансирањето е тоа што не е јасно како ќе се определат критериумите по коишто ќе се цени што е потешко – дали стореното кривично дело или повредата на правата во текот на постапката. По анализата на ова прашање, кандидатката подвлекува дека особено е значајно незаконитиот доказ да биде забранет, независно од неговата вистинитост и веродостојност, па оттука во оцена на тие својства на доказот, воопшто и не може да се навлегува. Ова значи дека судот, најпрво треба да одлучи за допуштеноста, односно дозволеноста на доказот, а дури потоа за неговата спознајна вредност. Само ако одговорот на првото прашање е позитивен, може да се оценува вредноста на доказот.

Проблемот со исказите добиени на незаконит начин не е само во спречувањето судската одлука да се темели врз нив, туку и во тоа да се спречи какво било влијание на тој исказ врз кривичната постапка. Во оваа смисла, останува сериозен проблемот на т.н. фактичко или подобро кажано, прикриено влијание на незаконитиот исказ врз судот, во процесот на креирањето на заклучокот за фактичката состојба.

Следната глава (Гл. 9) од истиот дел на докторската дисертација се занимава со *презумпцијата на невиност*, додека, пак, наредната глава (Гл. 10) се однесува на анализа на *правото на увид во списите на предметот*, право без кое правото на одбрана е *nudum ius*. Впрочем, со остварувањето токму на тоа право, обвинетиот добива активна улога и преминува од објект во субјект на постапката. Препознавајќи го значењето на ова право, авторот нагласува дека е од исклучително значење да се провери дали обвинетиот ја има соодветната заштита, како од негово чување во неизвесност за доказите, така и од манипулацијата на прикажување дека против него има повеќе докази одошто е тоа така, посебно ако се има предвид дека обвинетите најчесто го признаваат делото тогаш кога ќе увидат дека понатамошното порекнување нема смисла. Ова право, всушност, претставува компензирање за фактичката нееднаквост помеѓу органите на постапката од една страна, и обвинетиот од друга. Информирањето за сомнението му дава на осомничениот фер можност ефективно да се брани од наводите против него, уште од самиот почеток.

*Признанието на кривичното дело*, или прифаќањето на делото како свое, посебно интересно по својата внатрешна динамика и комплексност, е предмет на проучување на следната глава (Гл. 11). Авторката појаснува дека иако во современите доказни системи, признанието, во духот на слободната оцена на доказите, по својата доказна вредност е изедначено со другите доказни средства, сепак не може да се каже дека не постојат извесни предубедувања. Па така, судот кој треба да ја одреди доказната вредност на исказот, најчесто многу цврсто држи до признанието на обвинетиот. Ова, според авторката, остава простор за малку поинакво толкување на доказната вредност на признанието или толкување кое е поблиско до практиката, според кое во практиката признанието и понатаму останува драгоцен, ако не и најбаран доказ, затоа што потребата што органите на постапката ја имаат за признанието, е всушност, спознајна потреба, затоа што обвинетиот е оној што најдобро знае дали го сторил делото или не, а некои факти ќе може да се утврдат и исклучиво со помош на неговиот исказ.

Последната глава од овој дел од трудот е посветена на *полиграфското теситрање* (Гл. 12). Авторката, забележувајќи дека мислењата за вредноста на полиграфското тестирање се поделени, од оние што сметаат дека полиграфот е недозволена метода во кривичната постапка, до оние што ја одобруваат неговата примена, па дури и ја објаснуваат нужноста од неа, констатира дека не може да се негира дека полиграфското тестирање може значително да помогне во издвојувањето на осомничениот од поширок круг на лица или, пак, може да упати и на други докази во постапката. Но, авторката нагласува дека е нужно да се разграничи прашањето за вредноста на полиграфот како *доказ* во кривичната постапка од една страна, и од друга страна - оцената на вредноста на полиграфот како *истражно средство*, оперативно, за откривање на трагите, односно други докази за делото, или, пак, за издвојување на осомничениот од повеќе лица. Таа посебно подвлекува дека способноста полиграфскиот тест веродостојно да ја детектира лагата или да помогне во постапката во вистинска насока поеднакво зависи и од интерпретирањето на полиграмот, кое, всушност, подразбира компарирање на физиолошките реакции на т.н. релевантни прашања со одговорите на другите прашања, кои што се поставени заради споредбата, и кое го прави полиграфистот. Во ова авторката препознава опасност дека судиите нема со доволна доза на критичност да му приоѓаат на мислењето на полиграфистот за вината на полиграфираното лице, па оттука не би имале ниту основа за да извршат соодветна процена на веродостојноста.

Оттука, авторката заклучува дека полиграфското тестирање не може да биде само по себе доказ во постапката, врз кој би се засновала пресудата. Но, од друга страна пак, констатира дека воопшто не е проблематична или спорна неговата примена како оперативно дејствие кое во текот на истрагите ќе го преземе полицијата меѓу останатите овластувања што ги презема со цел за откривање на сторителите на кривични дела. Кандидатката не ги смета за исправни, ниту, пак, за издржани приговорите дека полиграфот треба да се смета за забранета метода на испитувањето на обвинетиот, дури и како оперативно-криминалистичко дејствие, а ја гледа како неоправдана и аргументацијата дека е спротивно на правата на обвинетиот и неговото сослушување да се бележат психофизиолошките промени што настануваат без негова волја или, пак, дури и против неа.

5. Во следниот дел на докторската дисертација (Дел 4, стр. 279-350), предмет на анализа е исказот на обвинетиот во кривичната постапка во Република Македонија. Истражувањето на темата за исказот на обвинетиот како доказ во постапката се поставува како едно од централните прашања и од аспект на реформата на кривичната постапка во Република Македонија чии основни одредници, меѓу другото, се укинувањето на судската истрага и обезбедување активна и раководна улога на јавниот обвинител во претходната постапка, воведувањето на „судијата на претходната постапка“ како контролор врз законитоста на мерките со кои се зафаќа во правата и слободите, напуштање на судскиот патернализам и префрлањето на товарот на докажување и доказната иницијатива врз странките. Во рамките на овие редефинирања како клучно се наметнува и прашањето за доказната вредност на персоналните докази прибрани во постапката, а особено на оние прибрани во истрагата. Имено, со деформализирањето на истрагата се напуштаат и детално разработените процесни форми на уредување на овие процесни дејствија, кое имаше и гарантна функција во смисла да спречува злоупотреби на органите на прогонот по однос на правата и слободите на поединецот, но овозможуваше и партиципација на одбраната при преземањето на истражните дејствија.

Авторката низ четири глави и повеќе точки и потточки се задржува врз ставовите на нашето право во однос на исказот на обвинетиот како доказ во постапката. Притоа, во првата глава и втората глава од овој дел (Гл. 13 и 14) посебно ги анализира положбата на обвинетиот во новиот модел на постапка, како и презумпцијата на невиност, правото на бранител, информирањето за обвиненијата, увидот во списите и правото на молчење како клучни прашања поврзани со неговото испитување во постапката.

Оттука, авторката посебно се занимава со прашањето за забраната за употреба на исказот на обвинетиот прибавен на незаконит начин. Таа ја поздравува апсолутната поставеност на ексклузијата на доказите кај нас, во смисла на недопуштеност на сите докази прибавени на начин којшто законот го предвидува за забранет или, пак, со кршење на законските, уставните и правата предвидени со меѓународните договори. Во таа насока, авторката смета дека корисни би биле решенија кои што би определувале насоки за подобноста на лицето да биде испитано, во смисла на процената каков ефект има неговата моментална физичка или психичка состојба, врз неговата способност да ја разбере природата и целта на испитувањето, да ги сфати прашањата, и да го оцени значењето на одговорите, како и да донесе разумна одлука за тоа дали воопшто сака да каже нешто; како и опасноста дека неговите одговори можат да бидат под влијание на физичката или психичката состојба, а не да претставуваат рационално и точно објаснување на неговата вмешаност во делото. Воедно, се наметнува и прашањето дали во одредбите за начинот на неговото испитување не е лошо да се предвидат решенија за задолжителните паузи во испитувањето. Ова дотолку повеќе се однесува на испитувањето во полициската постапка, и од аспект на тоа што е „најзатворена”, па оттука и најподатна за злоупотеби, но и од гледната точка на постојаните забелешки на Комитетот за превенција од тортура, дека во Македонија не постојат правила за испитување на лицата во полициска постапка.

Во посебна глава (Гл. 16) од овој дел, авторката се занимава со испитувањето на обвинетиот во различните стадиуми на кривичната постапка на Република Македонија. Во оваа глава, најпрвин авторката го разгледува испитувањето на обвинетиот во предистражната постапка (полициски извиди, прибирање потребни известувања), а во рамките на ова се занимава  со испитувањето на обвинетиот од страна на полицијата, потоа овластувањето на јавниот обвинител да повикува лица, а посебно внимание е посветено на полиграфското тестирање во кривичната постапка на РМ, како и исказот на обвинетиот добиен со користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци.

Понатаму, предмет на анализа е испитувањето на обвинетиот во истражната постапка (истражна постапка на јавниот обвинител), а посебно внимание авторката посветува на испитувањето на обвинетиот на главната расправа, занимавајќи се со начинот на испитување на обвинетиот на главната расправа анализирајќи ја положбата на обвинетиот кој се согласил да биде испитан на главната расправа како и правото на обвинетиот од аспект на исказот на друг сообвинет кој искажува против него.

Посебно внимание е посветено и на испитувањето на обвинетиот во постапката за спогодување и изјавата за признавање на вина од страна на обвинетиот. Авторката подвлекува дека е исклучително важно да се има предвид различната поставеност на признанието во досегашниот систем од една страна, и во новиот модел на постапка, од друга страна. За разлика од постојната конципираност на кривичната постапка, која наметнува должност за судот, и покрај признанието на обвинетиот да прибира и други

докази, новиот ЗКП, на изјавата за признавање на вина, односно на признанието му се дава поинаква смисла.

6. Во петтиот дел од докторската дисертација се содржани и елаборирани *заклучните согледувања и препораки* (стр. 350 - 381), каде што авторката ги сумира забелешките до кои што е дојдено при проучување на прашањата изложени во тезата, критички се осврнува врз определени решенија, а воедно и предлага и формулира препораки по однос на изложените проблеми.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа пописот на користената домашна и странска литература (стр. 381 - 408).

**II.**

## Оцена на трудот

Кандидатката м-р Дивна Илиќ се определи да истражува една од најважните теми на казнената постапка, постојано актуелна не само во Република Македонија, туку и во светски размери. Се работи за прашање – или поточно комплекс на прашања - за кои е многу пишувано во научната литература, но за кои сè уште постојат низа контроверзи и отворени дебати. Ова пред кандидатката постави дополнителен товар и одговорност со кои кандидатката се носи со неочекувана леснотија и академска зрелост. Добрата теоретска подготвеност, заедно со аналитичниот и критички пристап на кандидатката и овозможиле да успее да ги идентификува најзначајните прашања и проблеми во оваа сфера и да понуди конзистентни одговори на нив. Трудот не е само теоретска дебата за најважните проблеми на казнената постапка, туку и исцрпна и критичка студија на домашното, но и на споредбеното право, па така кандидатката успева да ги анализира и препорача најдобрите практики во Европа и во светот. На тој начин, домашното право и практика добиваат една корисна алатка за поконзистентна примена на базичните принципи на кривичната постапка во реформираното домашно казнено право.

Квалитетот на обработката на проблемите што се предмет на научен интерес во оваа дисертација го одреди и обемната домашна и странска литература која, исто така, храбро и критички се опсервира. Стилот пак, на кој е напишан трудот е извонредно јасен, а трудот е конзистентно систематизиран во повеќе поглавја. Навистина, не сите прашања до кои допира трудот се темелно одговорени, но неговата цел и не беше да одговори на сите можни отворени прашања поврзани со одбраната на обвинетиот во казнената постапка. Оттука, Комисијата во целина има неподелено мислење дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значителен придонес во домашната правна литература за едно многу важно правно прашање.

## III.
## Заклучок и предлог

Докторската дисертација *Исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка*, поднесена од кандидатката м-р Дивна Илиќ, претставува оригинален научен труд изготвен согласно со сите критериуми за една докторска дисертација. Кандидатката успешно обработува една актуелна, но и многу комплексна и сериозна тема која во Република Македонија и во регионот е малку проучена.

Имајќи го предвид понапред изнесеното, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му предлага да ја прифати позитивната оцена и да закаже одбрана на докторската дисертација на м-р Дивна Илиќ под наслов *Исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка.*

**Комсија за оцена и одбрана**

1. Проф. д-р Никола Матовски с.р.
2. Проф. д-р Методија Каневчев с.р.
3. Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.
4. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.
5. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
# „УЛОГАТА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНОПРАВНИОТ СИСТЕМ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЛИДИЈА РАИЧЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 28.6.2013 година, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Улогата на јавниот обвинител во казненоправниот систем“, изработена од кандидатката м-р Лидија Раичевиќ, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор), проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ и проф. д-р Никола Тупанчевски.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лидија Раичевиќ, со наслов „Улогата на јавниот обвинител во казнено правниот систем“, е изработена во фонт Times New Roman, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 491 фуснота и е напишана на 275 страници текст и 42 страници попис на користена литература. Покрај воведните напомени, докторската дисертација е поделена на четири дела во кои се систематизирани осум глави.

Докторската дисертација со наслов „Улогата на јавниот обвинител во казненоправниот систем“ содржи три дела. Првиот дел на трудот содржи две глави, од кои во првата глава се сместени воведот, актуелноста на проблематиката за која станува збор како и теоретско-методолошкиот пристап за нејзина обработка.

Втората глава е посветена на четири прашања за развојот и перспективите на јавнообвинителската институција кои се обработени во четири точки. Првата од нив е посветена на еволуцијата на јавнообвинителската функција која има за цел да го прикаже начинот на менување на ингеренциите на јавното обвинителство во одредени временски периоди и како тоа влијаело врз процесот на формирање на обвинителските системи. Видовите обвинителски системи се согледани низ анализа на детерминатите кои јавното обвинителство го доближуваат или до извршната или го определуваат како правосуден орган. Обвинителските системи се разликуваат меѓусебно по начинот на именување на јавните обвинители, по видот на функциите што ги има јавното обвинителство и по редица други карактеристики кои ги определуваат како монократски, централистички, кралски, судски, извршно-политички, делегирани, но заедничка карактеристика е стремежот да се постигне независност на јавното обвинителство. Третата точка е посветена на трендовите на развој на јавнообвинителската функција, кои се однесуваат на проширување на функционалното дејствување на јавните обвинители кои на основната функција гонење на сторителите на кривични додаваат и многу други функции во делот на

откривањето на сторители на кривични дела и односот со жртвите, а сè со цел да се постигне поголема правичност во постапувањето. На оваа точка се надоврзува следната која се однесува на перспективите за развој на јавнообвинителската институција. Компаративните и историски согледувања за институцијата јавно обвинителство укажуваат на нејзина трајност и перспективно опстојување во рамките на институционалните системи со сменети ингеренции, проширени и големи овластувања, и постојан стремеж за секаков вид независност во функционирањето.

Вториот дел од трудот е посветен на теоретско-нормативниот аспект на улогата на јавниот обвинител и содржи четири глави. Првата глава е посветена на позицијата на јавното обвинителство во казненоправниот систем и компаративниот осврт. Позицијата на јавното обвинителство во казненоправниот систем во современи услови станува специфична од аспект на субјект кој доминира со овластувањата во истражната постапка а потоа се трансформира во странка на постапката. Компаративниот осврт овозможува да се проследи развојот и сегашната положба на јавното обвинителство во различни земји со сите карактеристики и особености на позицијата на оваа институција во различни казненоправни системи.

Втората глава во вториот дел на трудот е посветена на основните принципи и начела на обвинителското организирање, а тоа се принципите на хиерархија и субординација. Анализата на овие принципи по потекло се обидува да исфилтрира заклучок за тоа кои биле причините за усвојување на хиерархијата и субординацијата како основни начела во јавнообвинителското организирање. Во овој дел на трудот се преиспитани потребите од овие начела и се наметнува став дека примената на принципите треба да се редефинира, затоа што во современи услови, под силно влијание на сменета и проширена функција на јавниот обвинител тие го отежнуваат функционирањето на јавното обвинителство и спречуваат да се согледаат можните ефекти од силните реформи кон кои пристапија голем број држави.

Во овој дел на трудот е посветено внимание и на самостојноста и независноста на јавното обвинителство. Во трудот се прави разлика помеѓу овие атрибути на јавното обвинителство, но и се констатираат нивните заеднички допирни точки. Анализирајќи ја самостојноста по поим - преку теоријата за поделба на власта, по содржина - преку нормативно обликување и по структура - преку облиците низ кои се манифестира, се дојде до заклучок дека самостојноста на јавното обвинителство е внатрешна карактеристика која се врзува за организациони претпоставки на јавното обвинителство, а независноста е поврзана со неговите функционални релации. Всушност, не може да се зборува за независно јавно обвинителство доколку тоа не е самостојно и сите карактеристики на самостојноста се карактеристики и на независноста на јавното обвинителство, а независноста може да има и свои сопствени обележја. Независноста на јавното обвинителство е поделена на видови и тоа институционална, функционална, политичка, индивидуална и материјална. Поставени се прашања дали е можна и дали е потребна заложбата за апсолутна независност на јавното обвинителство од аспект на негово основање и функционирање и какви се механизмите на контрола кои ја гарантираат независноста како принцип.

Третата глава во вториот дел на трудот се однесува на оформување на јавнообвинителската функција во која освен прогонот на сторители на кривични дела влегуваат и гарантната, заштитната и контролната функција. Јавниот обвинител е должен да го гарантира почитувањето на човековите слободи и права во текот на постапката,

јавниот обвинител е должен да ги заштити интересите на сите субјекти во постапката и воедно е должен да го контролира процесот на законско обезбедување на доказите и постапување со субјектите во постапката. Оформувањето на обвинителската функција на ваков начин овозможува и проекција на кој начин и во каква насока ќе се развива јавнообвинителската функција во иднина.

Третиот дел на трудот е посветен на практичните аспекти на јавнообвинителската функција и содржи четири глави. Првата глава во овој дел на трудот е посветена на односот на јавното обвинителство и полицијата. Овој однос станува особено значаен пред непосредната примена на новиот Закон за кривична постапка и кон него се приоѓа низ освртот за концетрацијата и балансот на моќта помеѓу обвинителството и полицијата. Раководната улога на јавниот обвинител во еден многу значаен дел на кривичната постапка ја наметна потребата од анализа на поимот раководење, определување на раководењето по содржина и детектирање на можните грешки и злоупотреби во тој процес. Проширувањето на функцијата на јавниот обвинител особено во делот на контрола на законитоста во обезбедувањето на доказите овозможи градација на овластувањата на јавниот обвинител во овој сегмент и тоа на начин што се препознаваат три контролни потфункции. Првата од нив е создавање на систем за собирање на доказите, втората е селекцијата на доказите и третата е градење на доказите од страна на јавниот обвинител.

Во овој дел на трудот е посветено внимание и на креирањето на јавнообвинителска политика на постапување која има за цел да обезбеди еднаквост и рамноправност во кривичното постапување, но и да изврши влијание врз нормативниот дел од казнено постапување со цел да се донесат, да се изменат или да се укинат нормативни решенија.

Втората глава од третиот дел на трудот е посветена на односот на јавниот обвинител и жртвата, што претставува еден од забележливите трендови на менување на јавнообвинителската функција во европските земји. Значењето на овој однос овозможува да се разбере зошто е потребно јавниот обвинител да има прецизни, законски обликувани права и обврски кон жртвата. Заштитната функција јавниот обвинител доминантно ја остварува преку односот со жртвата.

Третата глава во овој дел на трудот се однесува на односот на јавниот обвинител и судот. Со оглед на тоа што јавнообвинителската функција од раководна се менува во странечка на главната расправа, се наметнуваат прашања што тоа всушност значи за самата функција и како во практичниот судски живот тоа треба да функционира. Истакнати се моментите кои го определуваат јавниот обвинител како рамноправна странка пред судот и посветено е внимание на процесот на докажување од страна јавниот обвинител на главната расправа. Улогата на јавниот обвинител пред повисоките судски инстанци е анализирана од аспект на позитивни и негативни влијанија на надредените обвинителски и судски структури во постапувањето по конкретни предмети. Голем број на неконзистентности и немање на прецизни критериуми за одлучување пред повисоките судски инстанци штетно влијаат на јавноообвинителското постапување и на начелата на постапката за брзо, ефикасно, економично и сигурно постапување.

Четвртата глава од третиот дел на трудот е посветена на новиот профил на носител на јавнообвинителска функција. Многу важно е прашањето кој може, на каков начин и под какви услови може поединец да извршува јавнообвинителска функција.На ова прашање му е посветено внимание низ четири потточки и тоа: карактеристики на носителот на јавнообвинителската функција, свесност на јавниот обвинител за статусот и

својството во одредени фази на постапката, должност на јавниот обвинител за осознавање и развивање на принципот на правичност и етичко и рационално обликување на јавнообвинителската функција.

## II. Оцена на докторската дисертација

Кандидатката м-р Лидија Раичевиќ се определила да истражува една особено актуелна тема, во време која јавното обвинителство во Република Македонија е соочено со еден од најголемите предизвици во својата историја – да биде носител на големата реформа на казненоправниот систем. Не само што се менува улогата на јавното обвинителство во казнената постапка со менување на нејзиниот модел, туку сериозно се трансформира и улогата на оваа организација во уставниот систем и политичкото уредување, кај нас и во светот. Откако се прикажани сите релевантни ставови во домашната и странската литература, а рака на срце, за оваа трансформација е релативно малку пишувано, кандидатката дава неспорен и автентичен придонес во правната мисла по однос на ова комплексно правно и политичко прашање.

Кандидатката пишува јасно и академски, а трудот е убаво и прегледно систематизиран, што го прави лесен за читање и разбирање. Применетата теоретска рамка воедно го синтетизира и долгогодишното практично искуство на кандидатката, а применетиот методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на наодите. Оттука, Комисијата оценува дека се работи за самостоен и значаен научен труд кој дава неспорен придонес во правна литература не само кај нас, туку и пошироко, а истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област.

## III. Заклучок и предлог

Имајќи ја предвид изнесената оценка за вредноста на докторската дисертација, солидниот научен пристап, способноста за научна анализа и јасниот критички став конзистентен со поставената теоретска рамка, Комисијата оценува дека се работи за самостоен научен труд кој претставува сериозен придонес не само во сферата на Казненото право, туку и пошироко, во сферата на уставното и споредбеното право и ја изразува способноста на кандидатката да се занимава со научна работа.

Врз основа на изложената оценка, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да го усвои овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Лидија Раичевиќ, со наслов „Улогата на јавниот обвинител во казненоправниот систем“.

**КОМИСИЈА:**

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.
2. Проф. д-р Методија Каневчев, с.р.
3. Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.

4. Проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ, с.р.
5. Проф. д-р Никола Тупанчески, с.р.

# **Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА И КНИЖЕВНА ХЕРМЕНЕВТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и деветта редовна седница одржана на 30.10.2013 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Марија Ѓорѓиева Димова во звањето вонреден професор по предметите *теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика*, во состав: акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Елизабета Шелева, редовен професор и д-р Славица Србиновска, редовен професор. Откако на ден 5.11.2013 година ги примивме решенијата за избор на членови на Рецензентската комисија, придружени со копија од *Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (усвоен на 26.06.2013) во Скопје, како и со другите конкурсни материјали (биографија, трудови на кандидатот и пополнет образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање), го подготвивме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### 1. **Основни информации за конкурсот:**

На конкурсот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по предметите теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика, објавен во весникот *Вечер* на 8.10.2013 година, се има пријавено кандидатот д-р Марија Ѓорѓиева Димова, сегашниот доцент по предметите теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика, при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Документацијата приложена од кандидатката е во согласност со одредбите од конкурсот.

### 2. **Основни информации за кандидатката:**

Марија Ѓорѓиева Димова е родена 1973 година. Гимназија завршила во родниот град. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје (со среден успех од 9,76), на Катедрата за општа и компаративна книжевност, во 1997 година, со дипломската работа на тема *Современи теории на раскажување*. Во текот на студиите е прогласувана за најдобар студент на матичниот Факултет, континуирано, во текот на две учебни години - 1994/1995 и 1995/1996 - за што ги има добиено наградите: *Најдобар студент на Универзитетот* - од Филолошкиот факултет „Блаже Конески", награда под покровителство на Владата на Р. Македонија, како и наградата "26 Јули" од Фондацијата „Френк Харкорд Манинг" од Лондон, што ја добиваат шесте најдобри студенти на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" од областа на архитектурата, општествените науки и уметностите. М. Ѓорѓиева ги завршила постдипломските студии на насоката „Наука за книжевност" при Филолошкиот факултет „Блаже

Конески" во Скопје. Магистрирала на 10.3.2003 година, со тезата *Модели на интертекстуалност во романот.* Докторската дисертација *Историографската метафикција во романот (толкувачки модели)* ја пријавила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на 22.9.2004 година и ја одбранила на 9.10.2008 година. Магистерската и докторската теза ги работела под менторство на академик Катица Ќулавкова. На 8.4.2009 година, на XX редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, избрана е во звањето доцент по предметите *теорија и методологија на книжевноста* и *книжевна херменевтика*.

**3. Наставна дејност на кандидатката**:

Во периодот 1997-2004 година, д-р Марија Ѓорѓиева Димова работи како професор по македонски јазик и литература во средното образование, кога се стекнува со практично искуство во наставата и методиката на наставата по книжевност. На 1.3.2004 година, Марија Ѓ. Димова е избрана во звањето асистент по предметот *Теорија и методологија на проучувањето на книжевноста* при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Од академската 2004/2005 год., Марија Ѓ. Димова изведува и вежби по предметот *книжевна херменевтика со креативно пишување*. Според актуелните наставни планови, делот во областа на креативното пишување се изведува во форма на интерактивна настава. Од учебната 2005/2006 година држи вежби по предметот *теорија и методологија на книжевноста* според ЕКТ-системот, или прецизно на курсевите: *теорија на книжевноста 1 и 2, теорија на книжевните дискурси 1 и 2*, при што соработува непосредно со проф. К. Ќулавкова.

Од учебната 2008/2009 е вклучена во наставата по предметите: *книжевна херменевтика* (курс: креативно пишување 1,2), *теориски основи на методиката на наставата по компаративна книжевност, практика на методиката на наставата по компаративна книжевност* и *историографска метафикција*. Во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година е вклучена во наставата од вториот циклус студии со изборниот предмет *книжевност и историја* (15 часа во летниот семестар). Член е на Советот за трет циклус- докторски студии во чиишто рамки е кореализатор на предметот *пародијата во контекст на постмодернистичките книжевни и уметнички практики* (носител: акад. Ќулавкова). Таа држи и настава за студените на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје кои го слушаат предметот *теорија на книжевноста* (2+0).

Како асистент по предметите *Ттеорија и методологија на книжевноста* и *книжевна херменевтика со креативно пишување*, д-р Марија Ѓ. Димова била вклучена во наставата со студентите од прва до четврта година (од првиот до осмиот семестар, зависно од потребите во дадената академска година). Таа има изведувано вежби и други наставни активности со студентите, по следниве субдисциплинарни подрачја: увод во теоријата на книжевноста, теорија на книжевните дискурси (фикционални и нефикционални видови), теорија на лирската поезија, стилистика, книжевна семиотика, увод во книжевната херменевтика со практична интерпретација на романескни, раскажувачки и драмски текстови, како и вежби по креативно пишување. Таа држела вежби по широк спектар книжевно-теориски прашања, вклучително и по креативно

пишување. Д-р Ѓорѓиева ги применува во наставата референтните научни и интерпретативни методи, меѓу кои - постструктурализмот, семиотиката, новоисторицизмот и постколонијализмот, интертекстуалниот и херменевтичко-рецепционистичкиот пристап, потоа елементи од теоријата на метафикционалноста и од театролошките стратегии (при толкувањето драмски текстови).

Како наставник, Марија Ѓ. Димова ги исполнува работните обврски совесно и одговорно, часовите ги одржува редовно, креативно и методично, со висока смисла за педагошка комуникација со студентите.

Во рамките на доцентскиот стаж, д-р Ѓ. Димова била **ментор на една дипломска работа** на тема: *Ревизионистички постапки во историографската метафикција,* изработена од Марица Алексовска (решение бр. 19323/67 од 10.2.2010). Била член на Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд *Симболичкиот систем во поетското дело Мисневија од Џелалетин Руми*, изработен од м-р Сејдула Алили (решение бр. 09-1551/8 од 23.9.2011 и решение бр. 09-1551/10 од 17.1.2012).

**Била член на четири комисии за оцена и одбрана на магистерски труд:**

*1. Интертекстуалната иронија како постапка на очудување во модернистичкиот и постмодернистичкиот расказ,* изработен од Ненад Јолдески (решение бр. 09-1816/7, 12.2.2013; решение бр. 09-1816/8, 27.3.2013);

*2. Митскиот, усниот и сакралниот интертекст во поезијата на Славко Јаневски*, изработен од Гордица Величковска (решение бр. 09-640/8 12.2.2013; решение бр. 09-640/6, 27.3.2013);

3. *Стилистички обрасци во современиот роман (низ примери од македонскиот роман)*, изработен од Валентина Петрушева (решение бр. 09-557/6, 24. 4. 2012; решение бр. 09-557/7, 4.6.2012);

4. *Категориите епски јунак и хронотопот во три средновековни епа: Песна за Роланд, Слово за полкот Игорев, епскиот циклус за Крале Марко*, изработен од Кристина Димовска (решение бр. 09-537/7, 21.3.2012).

**Била член во пет комисии за одбрана на дипломски труд:**

1. *Интермедијални релации меѓу драмата и театарот*, изработен од Милош Андоновски (решение бр. 09-1/ 267 од 7.9.2012);

2. *Руско – македонски книжевни релации (Сергеј Есенин, Александар Блок и Борис Пастернак во релација со Блаже Конески)*, изработен од Николина Скрческа (решение бр. 09-1/6 од 10.01.2012);

3. *Лавиринтот низ призма на творештвото на Хорхе Луис Борхес,* изработен од Бојана Богдановска (решение бр. 0933/264 од 9.9.2011);

4. *Постмодернизмот во македонската книжевност преку делата на Драги Михајловски*, изработен од Ана Станковска (решение бр. 09-32/262, од 29.9.2011);

5. *Драмите на Семјуел Бекет перцепирани низ призма на теоријата на играта,* изработен од Билјана Стамова (решение бр. 09-1300/1, од 18. 9. 2009)

### 3. 1. Други активности во склоп на факултетската дејност

Доц. д-р Марија Ѓ. Димова е во континуитет вклучена во бројни дополнителни активности во рамки на факултетската дејност. Ќе наведеме неколку податоци: таа ја врши функцијата секретар на Катедрата за општа и компаративна книжевност во неколку учебни години (2004/2005, 2005/2006, 2006/2007, 2009/2010). Во

периодот 2004-2008 год. е ангажирана како технички уредник на електронското компаратистичко списание *Мираж,* а потоа и како негов уредник, каде што соработува со колегите компаратисти и студентите. Во два мандата е член на Претседателството на Друштвото на компаратистите на Македонија (2004-2008). По повод одбележувањето на 25-годишнината од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност (октомври, 2006), назначена е за секретар на Одборот за одбележување на јубилејот. Како член на Редакцискиот одбор има учествувано во подготовка на *Годишниот зборник на Филолошкиот факултет* „Блаже Конески” (книга 34, 2008). Учествувала во работата на повеќе факултетски комисии и работни тела.

Членува во неколку национални и меѓународни асоцијации: Друштвото на компаратисти на Македонија, Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AICL/ICLA), Европската мрежа за компаративни истражувања (REECL/ENCLS) Reseau europeen d'etudes litteraires comparees/European Network for Comparative literaryStudies) и Балканската мрежа за култура и културолошки студии (Balkan Network for Culture and Cultural Studies).

## 4. Научна дејност на кандидатката:

Д-р Марија Ѓорѓиева Димова има учествувано, во својство на соработник, во неколку научноистражувачки проекти на значајни научни институции во земјава:

- во меѓународниот научноистражувачки проект *Балканска слика на светот* на Македонската академија на науките и уметностите и на Полската академија на науките;
- во научноистражувачкиот проект на МАНУ - *Книжевно теориски поимник* (2004-2007).
- во европскиот научноистражувачки проект на МАНУ – *Интерпретации,* во делот посветен на културолошката и компаратистичко-интердисциплинарна проблематика „Меморијата и уметноста” (2007);
- во европскиот научноистражувачкиот проект на МАНУ – *Интерпретаци,* во делот посветен на проблематиката на современата теорија на книжевноста во европски рамки – „Нови поими на книжевната теорија” (2008-2009).
- во научноистражувачкиот проект *Теорија на интертекстуалноста,* при Катедрата за општа и компаративна книжевност (1998-2000);
- во завршната фаза од проектот за развој на високото образование ХЕСП, изведен во партнерство меѓу Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет и Катедрата за компаративна книжевност на Сорбона Нова, Универзитетот 3 во Париз, Франција. При тоа, таа учествувала и со својот труд „Интеракција на интенциите”, објавен во хрестоматијата од областа на книжевната херменевтика *Дијалог на интерпретации*, приредена од професорите К. Ќулавкова, Жан Бесиер и Филип Дарос (Скопје: Ѓурѓа, 2005, 159-185);
- *New Literary and Hermeneutics, Интерпретации: европски проект за теорија и херменевтика* МАНУ (2010-2011) (раководител академик К. Ќулавкова);

- *Интерпретативни стратегии,* МАНУ (2013-2014) (раководител академик К. Ќулавкова);
- учествувала во неколку работни групи при Бирото за развој на образованието за изработка на десет наставни програми за средното стручно образование (двегодишно и тригодишно): наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература за I, II, III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-628/1 од 22. 4. 2013); наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература I, II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-633/1 од 22.4.2013); наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I,II,III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-640/1 од 22.4.2013); наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I,II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-638/1 од 22. 4. 2013).

Марија Ѓ. Димова претходно има учествувано и во други истражувачки проекти: едниот во рамките на ФАРЕ - програмата за реформа и обнова на средното стручно образование во Македонија (1997-1999), а другиот во рамките на издавањето „Книги од македонски автори на Брајово писмо” (2002), во организација на Здружението на слепи лица и со поддршка на Институтот „Отворено општество – Македонија“ и Швајцарската агенција за развој.

### 4.1. Учество на научни конференции

Д-р Ѓорѓиева има учествувано, со авторски реферат, на неколку научни работилници, конференции и собири:

- *Македонскиот роман кон крајот на XX век, XXXI Научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Охрид, 16-17.8.2004 (реферат: „Македонскиот роман низ призма на постмодернистичката интертекстуалност“);
- *Македонскиот расказ*, Меѓународен научен собир, Институт за македонска литература, Скопје, 13-14.5.2005 (реферат: „Вакантната цитатност во современиот македонски расказ“);
- *Балканската слика на светот*, Меѓународна научна конференција, МАНУ/ПАН, Скопје, 5-6.12.2006 (реферат: “Сликата на странецот/ сликата за странецот во балканските литератури”);
- *Компаративните студии денес*, Научна конференција по повод 25-годишнината од основањето на Катедрата за ОКК, Скопје, 24.10.2006 (реферат: „Влијанието и интертекстуалноста”);
- *Меморија и интерпретација*, Меѓународна научна конференција, МАНУ (под покровителство на УНЕСКО), Скопје, 16-17.11.2007 (реферат: „Книжевност, историја, меморија”);
- *Одисеи*, Научна работилница на Друштвото за компаративна книжевност/Друштво на класични филолози „Антика“, Скопје, 1. 6. 2009 (реферат: „Чиј глас е овој?”);
- *Осма полско-македонска меѓународна научна конференција,* по повод 50 години од полонистиката во Македонија, Филолошки факултет „Б. Конески”,

Скопје, 23-24.10.2009 (реферат: „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза на В. Гомбрович”);

- *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморија,* Меѓународна научна работилница, Скопје, МАНУ, 25.11.2009 (реферат: „Топосот фигури на меморија низ мнемоничка оптика”);
- *Chrześcijański Wschód i Zachód: formy dialogu, wzory kultury, kody pamięci,* Меѓународна научна конференција, Познањ, 21-22.10.2010 (реферат: *„Книжевност и историја: мнемонички дискурси”*);
- *V македонско-чешка меѓународна научна конференција,* Филолошки факултет „Блаже Конески”- Скопје, 17-18.5.2012 (реферат: „Меморијата на романот - есеите на М. Кундера”);
- *Творештвото на Рацин во современ контекст,* Симпозиум на 49–те Рацинови средби, Велес,15.6.2012 (реферат: „Контекстуалните селидби на Рацин”);
- *Културна меморија,* Меѓународна научна конференција, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 5-7.9.2013 (реферат: „Романот и неговите мемории”);
- *IV меѓународен научен собир Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*, Охрид, 27-29.9.2013 (реферат: „Теоретската фикција како толкувачки модел – романите на П. Павличиќ и В. Андоновски”).

## 5. Објавени книги, научни трудови и др. текстови:

Врз основа на добиената документација, можеме да заклучиме дека кандидатката Марија Ѓ. Димова, во периодот од последниот избор во звањето доцент до пријавата на конкурсот за вонреден професор, има објавено научни книги, студии, есеи и критики во форма на авторски книги, во склоп на неколку референтни хрестоматии, и во повеќе стручни и научни списанија. Ќе ги наведеме позначајните текстови, класифицирани во неколку категории:

### 5. 1. Авторски книги:

1. *Модели на интертекстуалност* во романот. Скопје: Три, 2003.
2. *Метатекстови*. Велес: Графопринт, 2008.
3. *Интенција и интерпретација*, Велес: Графопринт, 2011.
4. *Повторната средба на Клио и Калиопа*, Скопје: Три, 2012.

### 5. 2. Одделни студии и есеи во научни и стручни хрестоматии, зборници и списанија:

- „Македонскиот роман низ призмата на постмодернистичката интертекстуалност”, *Зборник трудови од XXXI научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Скопје*,* 2005, сс. 327-343;
- „Моќта на препознавањето”, *Мираж/Мирагe* бр. 11, Скопје, 2005. Достапно на <www.mirage.com.mk>;
- „Поетскиот завал на животот”, *Современост*, Скопје, 2005, бр. 4, сс. 157 – 162;

- „Сликата на странецот/сликата за странецот во балканските литератури". *Балканска слика на светот*, приреден од К. Ќулавкова. Скопје: МАНУ, 2006, сс. 191-208;
- „Промискуитетот на интертекстуалноста". *Спектар* бр. 47. Скопје: Институт за македонска литература, 2006, сс. 131-137;
- „Толкувањето како совладување на дистанцата". Навраќање кон романот 'Покана на смртна казна' од Владимир Набоков. *Современост* бр. 1, Скопје: 2006, сс. 87-93;
- „Метафикција - од параноја до институционализација", *Мираж/Мираге*. Скопје, 2006, бр. 15. Достапно на < www.mirage.com.mk>;
- „Интертекстуални варијанти во современиот македонски расказ", *Македонскиот расказ*, Скопје: Институт за македонска литература, 2007, сс. 123-133;
- „Влијанието и интертекстуалноста – концептуални ин-верзии", *Книжевен контекст,* Скопје: Институт за македонска литература, 2007, сс. 81-88;
- „Помеѓу континуитетот и иновацијата (за актуелноста на еден жанр)". *Мираж* бр. 18, Скопје, 2007. Достапно на < www.mirage.com.mk>;
- „Историографска метафикција", *Поимник на книжевната теорија*, прир. Катица Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2007, сс. 227-228;
- „Метафикција", *Поимник на книжевната теорија,* прир. Катица Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2007, сс. 316-318;
- „Интерпретативни рестрикции". *Мираж* бр. 19, Скопје: Филолошки факултет, 2008. Достапно на < www.mirage.com.mk>;
- „Книжевност, историја, меморија". *Интерпретации,* специјален том посветен на *Меморијата и интерпретацијата*, прир. од Катица Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2008, сс. 135-149;
- „Романот како машина за создавање интерпретации", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Б. Конески" во Скопје, 2008, бр. 34 (129-146).

**Трудови по изборот во звањето доцент:**

- „Пишувањето роман, пишување за романот", *Прилози/Цонтрибутионс* 1-2, сц. 505-520. (посветен на акад. Милан Ѓурчинов), Скопје: МАНУ, 2009;
- „Романескни и-стории: за една реафирмација на односот книжевност-историја", *Годишен зборник* на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, Скопје, 2009, книга 35, сс. 243-256;
- „Толкување на романот, романот како толкување", *Славистички студии* бр. 13, Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, 2009, сц. 300-312;
- „Коментаторски варијации", *Мираж,* Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје ,2009, бр. 22 (достапно на www.mirage.com.mk);
- „Де-мистификации и ре-визии на историјата", *Книжевен контекст,* Скопје: Институт за македонска литература, 2009, сс. 43-51;
- „Толкувањето меѓу текстот и контекстот", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2010, книга 36, сс. 131-147;
- „Теориски перформации во фикцијата: конструктивистичките рефлексии во романот *Александар и смртта* на Слободан Мицковиќ", *Прилози/Цонтрибутионс* бр. XXXV 1, Скопје: МАНУ, 2010, сс. 97-117;

- „Мнемонички импликации на топосот", Philological studies. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје/Пермский Государственный Университет-Россия/Univerza v Ljubljani/Sveučilište u Zagrebu, 2010, вол. 2. (достапно на www.philologicalstudies.org.mk);
- „Чиј глас е овој?" *Одисеи за Одисеја*. Скопје: Друштво на класични филолози Антика/Друштво за компаративна книжевност, 2010, сц. 93-107;
- „Наративни мелиорации на историјата", *Спектар*, Скопје: Институт за македонска литература, 2010, год. 28 (бр. 56), сц. 129-145;
- „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза", *Folia Philologica Macedono - Polo*nica, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје , 2011, том 8, сц. 273-282;
- „Constructivism and Narrative Fiction", *New Literary Theory and Hermeneutics. Interpretations: European Research Project for Poetics & Hermeneutics, Ed.* by Katica Kulavkova & Natasha Avramovska, Skopje: MANU, 2011, Volumes No. 4-5, pp. 263-275;
- „Пародиски мимикрии", *Славистички студии* бр. 14, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2011, сс. 181 – 201;
- „Intertekstualne varijante u savremenoj makedonskoj priči"/„Intertextual Variants in Recent Macedonian Short Story", *Folia linguistica et litteraria. Institut za jezik i knji*ževnost Filozofski fakultet Nikšić, Univerzitet Crne Gore, 2011, Issue 3/4 pp. 190-199;
- „Зошто историографска метафикција? (за атрактивноста на еден жанр)", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет, 2011, книга 37, сс. 459-468;
- „Книжевност и историја: мнемонички дискурси", Chrze*ścijański Wschód i Zachód: formy dialogu, wzory kultury, kody pamięci*, Poznań, Uniwersytet Im. Adama Mickiewicza W Poznaniu, Instytut Filologii Slowiańskiej, 2012, сс. 339-352;
- „Интердискурзивни варијации: односот книжевност – теорија"/ „Interdiscursive variations: the literature – theory relation", Pozna*ńskie Studia Slawistyczne*, Intersemiotyczność Poznań: Instytut Filologii Slowiańskiej Adam Mickiewicz University Press, 2012, nr. 2, pp. 155-168;
- „Романескните тематизации и проблематизации на историјата", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2012, книга 38, сс. 449-461;
- „The Narrative Asylums of Exile", Literary Dislocations. *Ed.* by S.S. Elzeser/V. Martinovski, *Skopje*: Institute of Macedonian Literature, 2012, pp. 169-179;
- „Петербург – тетовиран град, роман палимпсест", *Петербург* Андреј Бели, Скопје: Три, 2012, сс. 519-528 (поговор кон македонскиот превод);
- „Антологијата како варијанта на интерлитерарна рецепција"/„The Antology as a Variant of Interliterary Reception", *Блесок/Blesok*, 2012, бр. 84 (достапно на www.blesok.com.mk);
- „Де-митологизацијата на традицијата како една афирмација на односот текст-метатекст", *Славистички студии,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2013, бр. 15-16, сс. 243-253;
- „Контекстуалните селидби на Рацин", *Алманах на 49 Рацинови средби,* Велес: Општина Велес, 2013, сс. 56-71;

- „Книжевна теорија, пак?”, *Мираж,* Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје, 2013, октомври, бр. 29 (достапно на www.mirage.com.mk).

### 5.3. Преводи на научни/стручни книги и делови од книги:

- Јуриј Михајлович Лотман. *Семиосфера*. Скопје: Издавачки центар Три. 2006, 320 с;
- Ренате Лахман. „Мнемотехника и симулакрум”. *Мираж/Mirage* бр. 9 (2004);
- Владимир Бити. „Прекрижени лик”. *Мираж/ Mirage* бр. 12 (2005).

### 5.4. Констатации на Комисијата за објавените трудови на кандидатката:

Во врска со објавените текстови на д-р Марија Ѓорѓиева Димова, Комисијата смета дека станува збор за трудови со научен и стручен карактер, во кои таа пројавува интерес за теоријата на романот и на расказот, за теоријата на интертекстуалноста, и во тие рамки, за историографската и другите облици на метафикции и метатекстови. Исто така, нагласен е интересот за толкување на македонската книжевност во компаратистичко-балканистички и поширок контекст. Методолошки и херменевтички посматрано, д-р Ѓорѓиева Димова ги контекстуализира своите интерпретации во насока на компаративните културни и историски проучувања (на пр., текстовите посветени на балканската слика на светот и книжевната меморија). Следејќи ја востановената универзитетска практика, Комисијата констатира дека објавените научни и стручни трудови на кандидатката, објавени во периодот од претходниот избор до актуелниот, се одликуваат со високи научни стандарди.

## 6. Заклучок на Рецензентската комисија:

При донесувањето на својот заклучок, Рецензентската комисија ги имаше предвид одредбите на *Правилникот* за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, според кој, за вонреден професор може да биде избрано лице кое има: научен степен - доктор на науки од научната област во која се избира; самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во публикации, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници и способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

Кандидатката за вонреден професор, д-р Марија, Ѓорѓиева Димова, доцент на Катедрата за општа и компаративна книжевност, ги исполнува наведените услови од *Правилникот*, по сите основи.

## 7. Предлог на Рецензентската комисија:

Врз основа на изнесените констатации за образовната, наставната, педагошката и научната работа на кандидатката за вонреден професор, Рецензентската комисија во состав: акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Славица Србиновска, редовен професор и д-р Елизабета Шелева, редовен професор, има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет

„Блаже Конески" да ја избере доцент д-р Марија Ѓорѓиева Димова во звањето **вонреден професор** по предметите *теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика*.

**Рецензентска комисија**

Акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Елизабета Шелева, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марија Ташко Ѓорѓиева Димова**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје**

(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: книжевност – општа и компаративна книжевност**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус студии (предавања) | |
| 1 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 1<br>(4+0) зимски семестар 2009-10 | 2,4 |
| 2 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2<br>(4+0) летен семестар 2009-10 | 2,4 |
| 3 | Книжевна херменевтика 2:креативно пишување 2<br>(2+0) летен семестар 2008-09 | 1,2 |
| 4 | Практика во наставата по компаративна книжевност<br>(2+2) летен семестар 2008-09 | 2,1 |
| 5 | Теорија на книжевноста (Филозофски факултет - Институт за класични студии) (2+0) зимски семестар 2009-10 | 1,2 |
| 6 | Книжевна херменевтика 1: толкување современи драмски текстови<br>семестар (2+0) зимски семестар 2009-10 | 1,2 |
| 7 | Теорија и методологија на книжевноста: историографска метафикција<br>(2+0) летен семестар 2009-10 | 1,2 |
| 8 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност1<br>(4+0) зимски семестар 2011-12 | 2,4 |
| 9 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2<br>(4+0) летен семестар 2011-12 | 2,4 |
| 10 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 1 (4+0) зимски семестар 2011-12 | 2,4 |
| 11 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 2 (4+0) летен семестар 2011-12 | 2,4 |
| 12 | Историографска метафикција (2+0) летен семестар 2011-12 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност1<br>(4+0) зимски семестар 2012-13 | 2,4 |
| 14 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2<br>(4+0) летен семестар 2012-13 | 2,4 |
| 15 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 1 (4+0) зимски семестар 2012-13 | 2,4 |
| 16 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 2 (4+0) летен семестар 2012-13 | 2,4 |
| 17 | Книжевна херменевтика: книжевна херменевтика 1<br>(6+0) зимски семестар 2012-13 | 3,6 |
| 18 | Книжевна херменевтика: книжевна херменевтика 2<br>(6+0) летен семестар 2012-13 | 3,6 |
| 19 | Книжевна херменевтика: креативно пишување 1<br>(2+0) зимски семестар 2012-13 | 1,2 |
| 20 | Книжевна херменевтика: креативно пишување 2<br>(2+0), летен семестар 2012-13 | 1,2 |
| 21 | Историографска метафикција (2+0) летен семестар 2012-13 | 1,2 |
| 22 | Методика на наставата по книжевност 1<br>(2+2) зимски семестар 2012-13 | 2,1 |
| 23 | Методика на наставата по книжевност 2<br>(2+2) летен семестар 2012-13 | 2,1 |
| | Одржување на настава од втор циклус студии | |
| 24 | Книжевност и историја летен семестар 2012-13 (15 часа) | 0,75 |
| 25 | Книжевност и историја летен семестар 2011-12 (15 часа) | 0,75 |
| | Одржување на настава од прв циклус студии (вежби) | |
| 26 | Теорија и методологија на книжевноста 2: теорија на книжевност 2 (0+2) летен семестар 2008-09 | 0,9 |
| 27 | Теорија и методологија на книжевноста 4: теорија на книжевни дискурси 2 (0+2) летен семестар 2008-09 | 0,9 |
| 28 | Подготовка на нов предмет (предавања): историографска метафикција | 1 |
| 29 | Ментор на дипломска работа (1)<br>Марица Алексовска (19323/67,10.2.2010) | 0,2 |
| 30 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1)<br>м-р Сејдула Алили (09-1551/8, 23.9.2011; 09-1551/10, 17.1.2012). | 0,5 |
| 31 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4)<br>Ненад Јолдески (09-1816/7,12.2.2013; 09-1816/8, 27.3.2013)<br>Гордица Величковска (09-640/8,12.2.2013; 09-640/6, 27.3.2013)<br>Валентина Петрушева (09-557/6,24.4.2012; 09-557/7, 4.6.2012)<br>Кристина Димовска (09-537/7, 21.3.2012) | 1,2 |
| 32 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | работа (5)<br>Милош Андоновски ( 09-1/ 267, 7.9.2012<br>Николина Скрческа (09-1/6, 10.01.2012)<br>Бојана Богдановска (0933/264, 09.9 2011)<br>Ана Станковска (09-32/262, 29.9.2011)<br>Билјана Стамова (09-1300/1, 18.9.2009) | |
| 33 | Консултации со студенти 2008/09 (30 студенти) | 0,06 |
| 34 | Консултации со студенти 2009/10 (30 студенти) | 0,06 |
| 35 | Консултации со студенти 2011/12 (30 студенти) | 0,06 |
| 36 | Консултации со студенти 2012/13 (30 студенти) | 0,06 |
| | **Вкупно** | **54,04** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Учесник во научен проект: | |
| 1 | *New Literary Theory and Hermeneutics*. Interpretations: European Research Project for Poetics & Hermeneutics, Macedonian Academy of Sciences and Arts, 2010-2011 | 3 |
| 2 | *Интерпретативни стратегии*, Одделение за лингвистика и литературна наука, МАНУ (2013-2014) | 3 |
| | Објавени трудови | |
| | Монографии | |
| 3 | *Интенција и интерпретација*. Велес:Графопринт, 2011 ISBN 978-608-65383-0-9 | 8 |
| 4 | *Повторната средба на Клио* и *Калиопа*. Скопје:Три, 2012<br>ISBN 978-608-230-097-9 | 8 |
| | Дел од монографија | |
| 5 | „Constructivism and Narrative Fiction", New Literary Theory and Hermeneutics, Interpretations*: European Research Project for Poetics & Hermeneutics*. *Ed*. by Katica kulavkova/Natasha Avramovska, Skopje: MANU, 2011, volumes No. 4-5, 263-275. ISBN 978-608-203-066-1 | 4 |
| | Трудови објавени во научно/стручно списание | |
| 6 | „Толкување на романот, романот како толкување", *Славистички студии*. Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, 2009, бр. 13, стр. 300-312. | 4 |
| 7 | „Пишувањето роман, пишување за романот", *Прилози/Contributions* (посветен на акад. д-р Милан Ѓурчинов),Скопје:МАНУ, 2009, бр. 1-2, стр. 505-520. | 4 |
| 8 | „Коментаторски варијации", *Мираж*, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, 2009, бр. 22 (достапно на | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | www.mirage.com.mk) | |
| 9 | „Де-мистификации и ре-визии на историјата", *Книжевен контекст,* Скопје:Институт за македонска литература, 2009, стр.43-51 | 4 |
| 10 | „Теориски перформации во фикцијата: конструктивистичките рефлексии во романот Александар и смртта на Слободан Мицковиќ", *Прилози/Contributions*, Скопје: МАНУ, 2010, бр. XXXV 1, стр. 97-117 | 4 |
| 11 | „Пародиски мимикрии", *Славистички студии.* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2011, бр. 14, стр. 181 – 201. | 4 |
| 12 | „Де-митологизацијата на традицијата како една афирмација на односот текст-метатекст", *Славистички студии,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2013, бр.15-16, стр.243-253. | 4 |
| 13 | „Книжевна теорија-пак?" *Мираж*, Филолошки факултет „Блаже Конески" -Скопје, 2013, бр. 29 (достапно на www.mirage.com.mk) | 4 |
| | Трудови објавени во стручно/научно/популарно списание со меѓународен уредувачки одбор | |
| 14 | „Наративни мелиорации на историјата", *Спектар*, Скопје: Институт за македонска литература, 2010, год. 28 (бр.56), стр.129-145. | 3 |
| 15 | „Мнемонички импликации на топосот", Philological studies. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје/Пермский Государственный Университет-Россия/Univerza v Ljubljani/ Sveučilište u Zagrebu, 2010, vol.2. (достапно на www.philologicalstudies.org.mk). | 3 |
| 16 | „Intertekstualne varijante u savremenoj makeonskoj priči"/„Intertextual Variants in Recent macedonian Short Story". *Folia linguistica et litteraria.* Institut za jezik i književnost Filozofski fakultet Nikšić, univerzitet Crne Gore, 2011, Issue ¾, pp.190-199. | 3 |
| 17 | „Антологијата како варијанта на интерлитерарна рецепција"/„The Antology as a Variant of Interliterary Reception", *Блесок/Blesok*, 2012, бр. 84 (достапно на www.blesok.com.mk). | 3 |
| 18 | „Интердискурзивни варијации:односот книжевност–теорија"/ „Interdiscursive variations: the literature – theory relation", Pozna*ńskie Studia Slawistyczne,* Intersemiotyczno*ść*. Poznań: Institut Filologii Slowiańskiej Adam Mickiewicz University Press, 2012, nr. 2, pp.155-168. | 3 |
| | Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир | |
| 19 | „Чиј глас е овој?" *Одисеи за Одисеја.* Друштво на класични филолози Антика/Друштво за компаративна книжевност, Скопје, 2010, стр. 93-107 | 2 |
| 20 | „Книжевност и историја: мнемонички дискурси", | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Chrześcijański *Wshód i Zachód: formy dialogu, wzory kultury, kody pamięci*, Poznań, Uniwersytet IM. Adama Mickiewicza W Poznaniu, Instytut Filologii Slowiańskiej, 2012, стр. 339-352. | |
| 21 | „The Narrative Asylums of Exile", Literary Dislocations, Ed. by S.S.Elzeser/V.Martinovski, Skopje: Institute of Macedonian Literature, 2012, pp.169-179 | 2 |
| 22 | „Контекстуалните селидби на Рацин", *Алманах на 49 Рацинови средби,* Велес: Општина Велес, 2013, стр. 56-71. | 2 |
| 23 | „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза", Folia Philologica Macedono - *Polonica*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2011, том 8, стр. 273-282 | 2 |
| | Труд објавен во Зборник на трудови на в.о.институција | |
| 24 | „Романескни и-стории: за една реафирмација на односот книжевност-историја". *Годишен зборник* на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 2009, книга 35, стр.243-256. | 2 |
| 25 | „Толкувањето меѓу текстот и контекстот", *Годишен зборник* на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 2010, книга 36, стр. 131-147. | 2 |
| 26 | „Зошто историографска метафикција? (за атрактивноста на еден жанр)", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2011, книга 37, стр. 459-468. | 2 |
| 27 | „Романескните тематизации и проблематизации на историјата" *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2012, книга 38, стр. 449-461. | 2 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| 28 | „Чиј глас е овој", Научна работилница *Одисеи*, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 1.6.2009. | 1 |
| 29 | „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза на Витолд Гомбрович", *Осма полско-македонска научна конференција* по повод 50 години од полонистиката во Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 23-24.10.2009 | 1 |
| 30 | „Топосот фигури на меморија низ мнемоничка оптика", Меѓународна научна работилница *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморија*,Скопје, МАНУ, 25.11. 2009 | 1 |
| 31 | „Книжевност и историја: мнемонички дискурси", *Меѓународна научна конференција Chrześcijański Wschód i Zachód: fory dialogu, wzory kultury, kody pamięci,* Познањ, 21-22.10.2010. | 1 |
| 32 | „Меморијата на романот (есеите на М.Кундера)", *В македонско - чешка меѓународна научна конференција*, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 17-18.5.2012. | 1 |
| 33 | „Контекстуалните селидби на Рацин", Творештвото на Рацин во современ контекст, *Симпозиум на 49-тите Рацинови средби,* Велес, 15.6.2012 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | „Романот и неговите мемории (*Книга за Тара* на З.Лешиќ)”, *Културна меморија.* Меѓународна научна конференција, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 5-7.9.2013 | 1 |
| 35 | „Теоретската фикција како толкувачки модел (во романите на В.Андоновски и П.Павличиќ)”, *ИВ меѓународен научен собир „Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски“*, Охрид, 27-29.9 2013. | 1 |
| | **Вкупно** | **99** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | |
|---|---|---|
| | Поглавје во книга | |
| 1 | „Петербург – тетовиран град, роман палимпсест”,*Петербург* Андреј Бели, Скопје:Три, 2012, стр.519-528 (поговор кон македонскиот превод). | 3 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Уредник на е-компаратистичко списание *Мираж* | 2 |
| 2 | Член/претседател на granted пописни комисии (4) | 2 |
| 3 | Комисија за приговори за упис на нови студенти на Филолошки факултет за учебната 2013-2014 | 0,5 |
| 4 | Член на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија | 1 |
| 5 | Член на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AICL/ICLA) | 1 |
| 6 | Член на Европската мрежа за компаративни истражувања (REECL/ENCLS Réseau européen d'études littéraires comparées/European Network for Comparative Literary Studies) | 1 |
| 7 | Член на Балканската мрежа за култура и културолошки студии/ Балкан Нетњорк фор Цултуре анд Цултурал Студиес | 1 |
| 8 | Член на работна група при Бирото за развој на | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература за I, II, III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-628/1 од 22.4.2013) | |
| 9 | Член на работна група при Бирото за развој на образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература I и II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-633/1 од 22.4.2013) | 3 |
| 10 | Член на работна група при Бирото за развој на образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I, II, III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-640/1 од 22.4.2013) | 3 |
| 11 | Член на работна група при Бирото за развој на образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I и II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-638/1 од 22.4.2013) | 3 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **23,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 54,04 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 99 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 23,5 |
| **Вкупно** | **176,54** |

**Рецензентска комисија**

Акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Елизабета Шелева, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "КОНЦЕПТОТ НА ФРАНКОФОНИЈАТА, ВРЕДНОСТИТЕ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА И ОДНОСОТ КОН АРАПСКАТА ПРОЛЕТ 2011" ОД М–Р ЛИМАН АВДИУ ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ.

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања – Универзитет "Св. Кирил и Методиј", број 02 – 1306 / 5 од 16. 10. 2013 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од областа на социолошките науки со наслов "Концептот на франкофонијата, вредностите на надворешната политика на Република Франција и односот кон Арапската пролет 2011", пријавена од страна на кандидатот м - р Лиман Н. Авдиу. Во својство на членови на оваа Комисија, по прегледот на дисертацијата до Научниот совет на ИСППИ при УКИМ го понесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Приказ на содржината на дисертацијата

Прегледаната дисертација на вкупно 383 страници содржински е структурирана и составена од: апстракт (на македонски и на англиски јазик), вовед, три потесно содржински глави, заклучок, прилози и библиографија.

Во воведот, кандидатот посебно истакнува дека преку франкофонскиот концепт на мондијализација и преку франкофонијата како меѓународна организација, Франција го отсликува републиканскиот идеал на слобода, правда и солидарност кои претставуваат и вредности на Францускатa Република и се рефлектираат како фундаментални принципи на надворешната политика на Француската Република, како и вредности промовирани од страна на франкофонијата, која служи многу повеќе за ширење на француското влијание, како во поранешните француски колонии, кои, се разбира, скоро сите се членки на франкофонијата, така и во другите земји, кои се зачлениле или заради "културни причини", или заради "геополитички" причини. Оваа темелна и суштинска определба на француската надворешна политика се става во корелација со практично – политичкиот однос на надворешната политика на Француската Република кон Арапската пролет 2011, при што се дава одговор на есенцијалното прашање за улогата на Француската Република пред, за време и по овие протести и "војни" во горенаведените земји, познати со името Арапска пролет 2011 - дали Франција останала доследна во нејзината надворешна "деголистичка" политика кон земјите на Магреб и Блискиот Исток, т.е. дали француската политика во однос на арапската пролет ги почитува нејзините вредности или во име на прагматизмот не ги почитува тие определби и на каков начин француската надворешна политика се справува со горенаведените предизвици на 21 век.

Во првата глава со наслов "Концептот на франкофонијата", кандидатот детално се задржува на елаборација, документирање и аргументирање на поодделните конкретни тематски прашања на идентификација и дефинирање на франкофонијата, карактеристиките, сличностите и разликите меѓу франкофонската мондијализација и трансатлантската глобализација, потеклото

на франкофонијата, глобалниот статус на францускиот јазик, зачетоците на политичката франкофонија ( La Francophonie politique ), институциите и операторите на франкофонијата, конференциите (самитите) на франкофонијата, целите и мисиите на франкофонијата и франкофонијата денес. Притоа, кандидатот јасно и прецизно повлекува дека глобализацијата се дефинира како унидимензионален процес зад кој се крие еден идеолошки проект, кој преку англискиот јазик како единствен светски јазик е заинтересиран да ги организира времето и просторот во полза на економските интереси. Обратно, франкофонската "мондијализација", сврзана за идејата на планетаризација на општествените односи во светот, упатува на еден историски мултикаузален процес пренесен преку повеќе економски механизми, но исто така и политички, културни, информатички, социјални и др. кои можат да подразбираат различни флуктуации.

Во втората глава со наслов “Вредностите на надворешната политика на Француската Република“, кандидатот, меѓу другите, детално ги обработува поодделните тематско – содржински прашања на територијалната организација на Франција, културното наследство, економијата, транспортот, дефинирањето на поимот дипломатија и надворешна политика, надлежностите во доменот на надворешната политика (Министерството за надворешни работи, делегираните министри), вовед во вредностите на надворешната политика, влијанието на Француската револуција и важноста на човековите права, "Величината” ( "La Grandeur" ) , независноста на Charles de Gaulle и ”Големата политика”( "La Grande politique" ) ,  или ”soft power” на францсуки начин, политиката на глаголот и симболите, француската надворешна политика во меѓународниот контекст, приоритетите на француската надворешна политика, француската доктрина, адаптираната стратегија на новиот меѓународен контекст, европската конструкција како средство за обезбедување на мирот, Европа како неопходен хоризонт, дејствувањето за мирот, безбедноста и човековите права во светот, придонесот во организацијата на една глобализација (мондијализација) која обезбедува одржлив и рамномерен развој на планетата, соработката за развојот: француската визија за контролирана глобализација и сл. на ова.

Во третата глава со наслов “Односот на надворешната политика на Француската Република кон Арапската пролет 2011“, глава која може со целосно право да се третира како клучна глава на дисертацијата со оглед и во согласност со конкретната нејзина тема и конкретниот нејзин наслов, кандидатот изразито детално, темално и студиозно се задржува и ги акцентира поодделните тематско – содржински прашања на арапскиот свет и арапската политика на Франција ( арапскиот свет, арапската цивилизација, арапската преродба, предизвикот на единството на арапскиот свет, арапската политика на Франција е содржана во географијата и историјата, визијата на генерал де Гол, медитеранската политика како супститут на арапската политика, заживувањето на арапската политика на Франција,  улогата на Франција во арапскиот свет, француско - арапската политика, Западот и арапскиот свет ) , Арапската пролет 2011 (изразувањето на гневот во Арапската пролет 2011, специфичностите  на овие немири, улогата на исламот во овие движења, почетокот на исламизмот, стравот на западниот свет од исламот, “арапската исклученост“ и предизвикот на демократијата во арапскиот свет, компатибилноста на исламот со демократијата, улогата на социјалните мрежи во Арапската пролет 2011), односот на Франција кон Арапската пролет 2011

(економските, финансиските и социјалните последици на Арапската пролет 2011, новата геополитичка состојба, афирмацијата на Турција како нова сила, иранската закана, враќањето на Русија и засиленото присуство на Кина) и француската политика и арапската пролет (дејствувањето на Франција во либискиот конфликт, преглед на сегашната состојба).

Во оваа глава, кандидатот посебно нагласува дека од крајот на 80-тите години дојде до забрзување на светските превирања во сите домени. На економски план, глобализацијата на економските размени се забрзува, и истовремено, се појавуваат нови индустриски сили, особено Кина и Индија. На политички план, распадот на советскиот блок доведе до нов пејзаж на меѓународната политика, означен од хегемонијата на една суперсила и унилатерализам кој ја достигна својата највисока точка за време на војната во Ирак во март 2003 година. На правен план, една од манифестациите на унилатерализмот на САД се состои во арбитрарно ревидирање на меѓународното право, игнорирајќи ја Организацијата на Обединетите нации или редуцирајќи ја во подредена улога, во еден вид на ”комора за снимање на диктатите на Вашингтон". Постепено, фундаменталните принципи на ОН не се почитуваат, особено тие кои се однесуваат на правото на суверенитет и еднаквост на државите, принципот на неинтервенција и немешање во внатрешните работи на една држава, принципот на забрана на користење на закана или употреба на сила и т.н.

Во вакви услови, глобализираниот свет не е повеќе сигурен и мирен. Само наивните би можеле да замислат едно лубезно ”планетарно село", кое што живее среќно под убавиот закон на пазарот. Вистина е дека глобализацијата не ги избриша конфликтите на интереси меѓу нациите. Имаме многубројни примери: тешкото ривалство кое ги спротивставува САД и новите сили во Азија (особено Кина и Индија), особено за контрола на суровините и кинеско / американското ривалство кое се појави во регионите богати со нафта (особено во Африка и Блискиот Исток) и други закани сврзани за еден евентуален ”судир на цивилизации" предизвикан од тие кои неправедно го напаѓаат исламот као религија, и т.н.

Понатаму во оваа глава кандидатот подвлекува дека Блискиот исток е од централно значење во рамките на големите современи предизвици. Меѓутоа, само една група на силни земји тука имаат глобална и постојана политика. Освен Русија која никогаш не се откажала од нејзината присутност во регионот и Кина која бара да обезбеди енергетски резерви, најактивни држави се САД и Франција. Секоја од нив има динамична политика на Блискиот Исток, но сигурно е и дека природата на филозофијата на овие две политики се длабоко различни, додека нивните цели се исти, што се докажува со нивниот видлив заеднички ангажман во Либија и сега во Сирија со унисониот став за воено интервенирање во оваа земја. Како пример на оваа разлика може да се наведе фактот дека Франција води една “арапска политика“, што укажува на тоа дека Франција одигрува дна специфична улога во овој регион кој се простира од Мароко до Арапскиот Залив, додека, пак, САД ја поставуваат својата политика во една поширока непрецизна средноисточна политика ( *Middle East* ). Значи, Франција е единствена голема сила која заради (историски, географски, политички, економски, трговски и финансиски причини има една арапска политика, што значи дека таа го смета арапскиот свет како значаен и привилегиран партнер. Затоа, не се зборува за политиката на Франција

во Блискиот Исток, туку за арапската политика на Франција, која има едно сосема друго значење.

Во заклучокот на дисертацијата, кандидатот сублимирано, концентрирано и компресирано повторно ги акцентира најважните сознанија и заклучоци содржани во претходните нејзини страници. Тука посебно силно кандидатот подвлекува дека и покрај тоа што француската надворешна политика се приближува многу до политиката што се води од главните западни сили, сепак таа се разликува со постојана грижа на Франција за сочувување на нејзината независност и суверенитет. Нејзините дипломатски успеси и овозможуваат да ги заштити нејзините интереси и да се здобива со почит и влијание во рамките на меѓународната заедница за време на Студената војна. Крајот на Студената војна го трансформира светот, а со тоа се менува и политичкиот контекст на француската надворешна политика. Почнувајќи од 90-тите години од 20 век, Франција ја адаптира нејзината надворешна политика согласно со новата меѓународна политичка состојба. Во почетокот на 21 век, додека светот се соочува со нови предизвици, Франција е принудена да ја приспособи својата надворешна политика со цел да го задржи ”рангот”, како во однос на развојот на европската интеграција, така и во однос на другите простори во светот. Сепак, приспособувањето на француската надворешна политика од Париз не се коси со извонредниот континуитет со француската надворешна политика. И понатаму кандидатот заклучно потенцира дека во однос на Арапската пролет 2011, Франција не ги почитува своите определби кои произлегуваат од нејзините вредности кои ги брани и промовира со сета сила на меѓународната политичка сцена  и кои по длабоко убедување на кандидатот служат само за потврдување и промовирање на ”величината” на Франција како важен актер во меѓународниот систем. Напорите на Франција во контекст на новата дипломатија имаат за цел да го воспоставуваат повторно влијанието на Франција преку новите демократии во Магреб, и покрај тоа што стравот од исламистите се уште постои.

Во делот “Прилози“, кандидатот ги поместува следниве прилози: Прилог 1: Државите и владите - членки на франкофонијата – светот на франкофонијата ( 57 држави и влади - членки и 20 наблудувачи ) , Прилог 2: Хронолошки преглед на развојот на франкофонијата, Прилог 3: Статус и датум на приклучување на 77 држави и влади на Меѓународната организација на франкофонијата, Прилог 4: Институционалното организирање на франкофонијата, Прилог 5: Органиграм на франкофонијата, акроними и значења, Прилог 6: Најважни документи на франкофонијата, Прилог 7: Најважни интернет - страници на франкофонијата, Прилог 8: Карта на Франција со прекуморските територии, Прилог 9: Органиграм на Министерството за надворешни работи и европски прашања, Прилог 10: Надлежни политичари за надворешната политика во Петтата Република ( од 1959 до денес ) , Прилог 11: Предности и слабости на француската моќ, Прилог 12 : Арапскиот свет, Прилог 13: Арапските земји од Магреб до Машрек, Прилог 14: Општа хронологија на Арапската пролет 2011 и Прилог 15: “Арапска пролет“ : хронологија за секоја земја.

На крајот на дисертацијата се наоѓа користената и референцираната литература при нејзиното пишување со точно 200 библиографски единици во печатен и во електронски формат.

2. Оцена на дисертацијата

Комисијата цени дека одбраната и дефинираната тема заедно со нејзиниот конкретен наслов е исключително актуелна и подобна тема за изработка на докторска дисертација од областа на социолошките науки, и посебно од областа на политичката социологија на современите меѓународни политички односи. Воедно, за жал, тоа е тема која е сосема ретко присутно на каков било начин и во каква било форма во рамките на македонската академска / универзитетска заедница.

Генерално гледајќи и разбирајќи ја оваа тема, таа е тема која на сосема директно, непосредно и, секако, длабоко суштествено ниво ја проблематизира целата палета на комплексни и сложено вкрстени релации меѓу полот на корпусот на општествени вредности, вклучително и вредносните системи на кои барем декларативно и идеолошки препарирано се поставени одредени надворешнополитички системи и нивни конкретни политички креации и дизајни, и полот на (дневно)политичкиот прагматизам и утилитаризам во неизбежниот судир со бескрупулозната и безмилосната релевантност на детерминантата на крајно реалната и тврдата структура и констелација на севкупна моќ на меѓународната политичка сцена.

Токму овој судир меѓу тие два пола на специфичен начин ја карактеризира, ја обременува и ја фрустрира, дури и ја депримира, и надворешната политика на Република Франција. Овие белези на современата, денешната, актуелната француска надворешна политика скоро на парадигматски начин се изразуваат, се потврдуваат и се

(само)аргументираат на полето на француската надворешна политика во однос на Арапската пролет 2011.

Во оваа смисла, суштински интересна и воедно со изразито мека пластичност на својата феноменолошка страна е маркантно гласната каденца која ја употреби француската дипломатија, манифестирајќи ја својата радикална воинственост во рамките на современите меѓународни политички односи. Радикалност и гласност, кои всушност, првенствено и доминантно се израз на сопствената инфериорност. Воопшто не може да остане незабележана таа воинственост која очигледно дека на одреден начин и во специфична смисла е суштински и есенцијално своја единствена цел: кога веќе не може да ја експлицира, да ја демонстрира и да ја аргументира својата меѓународно – политичка релевантност на нивото и во полето на практичната и материјалната политика, тогаш неминовно остануваат, со статус и својство на виртуелна (само)компензација и (само)сатисфакција и како своидна маска за покривање и криење на лицето на сопствената меѓународнополитичка нерелевантност и инфериорност, лесно забележливите високи пропагандно – маркетиншки тонови на надворешната политика.

Комисијата цени дека вака определената суштинска и есенцијална вредност на темата на оваа докторска дисертација од областа на социолошките науки (политичка социологија на меѓународните политички односи), кандидатот во неговиот труд конкретно ја дефинира и ја операционализира на сосема успешен начин и на целосно соодветно ниво на потребната и нужната академска зрелост. Поконкретно, ова значи и подразбира определување и дефинирање на предметот на истражувањето преку специфично фокусирање и проблематизирање на концептот на франкофонијата како меѓународна организација и нејзините мисии, на вредностите на надворешната политика на Република Франција и на односот кон Арапската пролет 2011, при што предметно средишно се проблематизира на концептот на современата француска надворешна политика, нејзините декларирани вредности и принципи вкрстени и во судир со нејзините базични практично – политички определби и акции. На крајот може да се заклучи дека и покрај тоа што Французите се многу приврзани на републиканските идеали и вредности на слобода, човекови права и демократија врз кои се базира ( и ) француската надворешна политика, сепак заради прагматични причини, практично - политичките определби и акции на современата француска надворешна политика, особено во односот кон Арапската пролет 2011 не кореспондираат со нејзините декларирани вредности и принципи.

Воедно, и во оваа смисла зборувајќи, Комисијата цени дека кандидатот сосема успешно го владее и го употребува во неговата дисертација поимно – категоријалниот инструментариум на социолошките науки и, посебно, на политичката социологија (политичката социологија на меѓународните политички односи) како една од бројните посебни социолоши дисциплини.

Овие се најкрупните, најкардиналните и најкруцијалните темелни пооделни оценки на Комисијата врз база на кои таа ја гради, ја

документира и ја аргументира својата генерална оценка како забележително позитивна оценка за оваа докторска дисертација.

3. Предлог до Научниот совет на ИСППИ при УКИМ

Комисијата му предлага на Научниот совет на ИСППИ при УКИМ да го прифати овој извештај, се разбира првенствено да ја прифати позитивната оценка за прегледаната дисертација што тој ја содржи, и да ја овласти Комисијата да ја закаже и да ја одржи одбраната на дисертацијата.

К О М И С И Ј А

1. Проф. д – р Славејко Сасајковски с. р.
2. Проф. д - р Ружица Цацаноска с. р.
3. Проф. д - р Петар Атанасов с. р.
4. Проф. д - р Ганка Цветанова с. р.
5. Проф. д - р Мирјана Сланинка Динева с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК "ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА" од АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СТАНИСЛАВА ЛАЗАРЕВСКА И ПРОФ. Д-Р МИЛЕ ПОСТОЛОВСКИ

На својата II седница одржана на 12. VI 2013 година, Наставно-научниот совет (ННС) на Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ), со одлука бр. 02-1310/10 (од 12. VI 2013 год.), ме определи за рецензент на ракописот за уцебник под работен наслов ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА од авторите проф. д-р Станислава Лазаревска и проф. д-р Миле Постоловски.

Според Одлуката на Наставно-научниот совет и деталното разгледување на ракописот, го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот ракопис на учебникот „Општа ентомологија" е наменет за студентите на додипломските студиските програми: заштита на растенија-фитомедицина, поледелство, градинарство и цвеќарство, овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, екоземјоделство на ФЗНХ во Скопје и дисперзираната студиска програма производство и преработка на тутун на ФЗНХ во Прилеп, со фонд на часови 3 + 2 и 6 кредити согласно со европскиот кредит-трансфер систем. Освен на овие студиски програми, тој може да се користи за предметната програма земјоделска ентомологија со зоологија на на постдипломската студиска програм за фитомедицина со 4 ЕКТС-кредити.

Ракописот „Општа ентомологија" е напишан и обработен компјутерски со нормален пород на 251 страница, во кој има 80 фотографии и 1 табела. Користената литература ја сочинуваат 117 библиографски единици и 76 веб единици.

Материјалот ги содржи следниве 8 поглавја:

- Ентомологија и развој на научната мисла
- Морфологија на инсектите
- Внатрешна градба на инсектите
- Размножување и развиток кај инсектите
- Екологија на инсектите
- Семиохемикалии од инсекти и комуникации
- Методи за контрола на инсектите
- Литература, како и еден прилог.

Во поглавјето "Ентомологија и развој на научната мисла", авторите даваат хронолошки приказ на развојот на ентомологијата како биолошка и зоолошка дисциплина. Потоа тие ги анализираат литературните податоци од проучувањата на инсектите пред новата ера, па сé до денес. Изнесени се најзначајните теории за постанокот на инсектите, како нивниот развиток и адаптирање кон промените на климата во изминатите геолошки периоди. Претставени се релациите човек и инсекти. Освен тоа, истакнати се нивните основни карактеристики со кои тие се

разликуваат од останатите членконоги, како и нивното систематско место со останатите класи од колото *Arthropoda*.

Второто поглавје ”Морфологија на инсектите или надворешна градба”, инсектите се одвоени во посебна група животни според своите морфлошки специфичности. Опишани се главните регии од телото на инсектите: глава, гради и стомак, потоа нивната градба и екстремитетите и додатоците кои се наоѓаат на овие основни делови од телото. Особено акцент е даден на усните апарати и штетите што настануваат кај растенијата, како последица на нивната исхрана. Потоа градба на нозе и крила, која е најчеста таксономска карактеристика по кои се врши детерминација на видовите инсекти. На крајот е опишана градбата на стомакот со додатоците кои се појавуваат на него, а особено внимание е посветено на гениталните додатоци. Исто така, опишани се и многу други специфичности кај инсектите, како производство на звук - стридулација. Потоа градба на кожа со додатоци, боја на телото и жлезди со надворешно лачење кај инсектите.

Во поглавјето „Анатомија или внатрешна градба” опишани се трите синуси кои се наоѓаат во телото на инсектот, а во кои се сместени различни системи и органи, нивната функција и значење за нормалното функционирање на единките. Претставена е градбата на мускулниот систем, системот на органи за варење на храната, крвонсониот систем, системот за дишење, нервниот систем со жлездите за внатрешно лачење (ендокрините жлезди и хормоините кои тие ги излачуваат) и сетилните органи и која е нивната функција. Функционирањето на сите системи е регулирано од нервниот систем и од хормоните кои се излачуваат од ендокрините жлезди. Опишана е појавата на биолуменисценција.

Авторите во поглавјето „Размножување и развиток” детално ги опишуваат половите клетки и начините на размножување на инсектите. Обработени се фазите во развитокот на инсектите, односно ембрионалниот, постембрионалниот и постметаболичниот развиток. Опишани се фазите при ембрионалниот развиток од оплодувањето, браздењето на јајце - клетката, формирањето на ембрионалните листови, формирањето на органи на ларвата, сегментацијата на нејзиното тело, бластокинеза, потоа постембрионалниот развиток од пилење на ларвата и земање на првата храна, растење и преслекување на ларвата; метаморфозата, односно преобразбата на инсектите. Детално се опишани стадиумите на развој кај хемиметаболичните, неометаболичните и холометаболичните инсекти. Опишани се различните типови ларви, нивниот начин на живот, исхрана, место на живеење, штетност за културните растенија. Опишан е стадиумот кукла кај холометаболичните инсекти, процесите на куклењето, должината на стадиумот кукла, типовите кукли, местотата на куклење. Претставен е и стадиумот имаго, активностите на возрасните единки, свадбениот лет, роење, парењето, полагањето јајца и грижата за потомството. Во оваа поглавје се обработени појавите на прекини во развитокот на инсектите (хибернација, естивација и дијапауза, како и појавата и типови на диморфизам и полиморфизам кај инсектите).

Во поглавјето „Екологија на инсектите” се обработени поимите: популација, ентомоценоза и агробиоценоза. Потоа се дадени атрибутите на популацијата, како што се густина, просторен распоред, стапка на наталитет и моратaлитет, возрасна структура, динамика, потенцијал на растење и тек на растење и одржување на популацијата. Разработени се основните карактеристики на биоценозата, со

нејзиниот квалитативен и квантитативен состав, абудантност, доминантност и константност. Дадена е дефиниција за еколошка валенца. Објаснето е влијанието на абиотските и биотските фактори. Од абиотските фактори објаснето е влијанието на температурата, влажноста, светлината, облачноста, ветерот, атмосферскиот притисок, едафските услови врз инсектите. Додека, пак, од биотските, количината и квалитетот на храната, биотските односи - хомеотипски и хетеротипските односи, како паразитизам, предаторство и предизвикувачи на заболувања од микроорганизми. Разработено е и влијанието на антропогениот фактор врз популациите на инсектите. Влијанието на еколошките фактори може да доведе до промени во бројноста на инсектите и до нивна масовна појава.

Во учебникот е воведено и поглавјето „Семиохемикалии од инсекти и комуникации". Дефиниран е поимот семиохемикалии и нивна класификација на феромони и алелохемикалии. Укажано е дека олфакторната комуникација помеѓу инсектите и помеѓу инсектите и другите живи организми (растенија и животни) во биоценозите се базира на семиохемикалиите. Дефинирана е хемиската структура на феромоните и нивната променливост во средината како резултат на променливата хемиска структура. Објаснети се и методите за екстракција на семиохемикалиите од живите организми. Особено добро е разработена експлоатацијата на семиохемикалиите, при што се истакнати мониторингот, масовното ловење, спречувањето на копулацијата и збунувањето и укажано е на нивното особено значење во заштитата на растенијата од штетните видови инсекти. Авторите истакнуваат дека семиохемикалиите, особено феромоните, наоѓаат широка примена во системите за интегрална заштита на културите, пред сé заради нивната нетоксичност и безбедност за животната средина.

Последното поглавје „Методи за контрола на инсектите" содржи голем број на мерки, кои се применуваат во одржување на популацијата на штетните видови инсекти под економскиот праг на штета. Интегралната заштита е истакната како економски и еколошки оправдан систем од мерки кои се применуваат на компатибилен начин и се базираат на мониторингот и превенција. Превентивата се потпира на законски, агротехнички мерки, како и избор и селекција на отпорни сорти. Во ова потпоглавје се разработени и генетски модифицираните организми (ГМО), кои наоѓаат практична и оправдана примена во заштитата на растенијата. Контролата на штетните инсекти започнува по надминување на економскиот праг со примена на механички, физички, биолошки, биотехнички и хемиски мерки. Извршена е дефиниција и класификација на пестицидите, како и на инсектицидите.

Детално се разработени инсектицидите според хемиската природа. Укажано е на отровноста и отфрленоста на органохлорираните јаглеводороди, органските азотни соединенија и неорганските соединенија на арсенот. Во понатамошниот материјал се истакнуваат инсектицидите, одобрени за примена во земјоделското производство, и тоа: органофосфорни инсектициди, карбамати, инсектициди од растително потекло и синтетизираните пиретроиди, ним инсектицидите, неоникотиноидите, бензолните уреати (IGR), диафентиурони, подржувачите на јувенилниот хормон, антагонисти на хормонот за пресвлекување, пиметрозини, фенилпиразоли, пироли, пиразоли, пиридазинони, оксадиазини, антрилични

диамиди, препарати на база на *Bacillus thuringiensis*, спинозини, органосулфурни соединенија, квиназоли, антибиотици, инсектицидни минерални масла, фумиганти, репеленти, неоргански инсектициди, синергисти или активатори. Во понатамошната разработка на инсектицидите објаснета е нивната формулација, претставени се начините на апликација: прскање, оросување, запрашување, растурање гранули, задимување, замаглување, фумигација, инјектирање во почва, авиоапликација. Поглавјето ги опфаќа и токсиколошките мерки, објаснета е токсичноста за луѓето, животните, дивечот и рибите и пчелите, а се зборува и за фитотоксичноста.

Ракописот има голем број на литературни податоци, дел од нив како резултати во истражувањата на авторите, потоа истражувачи од странство, кои се цитирани во текстот и хронолошки подредени во поглавјето литература. Притоа се дадени 117 библиографски единици или 76 веб страници.

Во последниот дел од ракописот даден е прилог во кои авторите ги изнесуваат правила за традиционално читање на латинскиот јазик.

## ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕНЗЕНТОТ

Предложениот ракопис со наслов ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА од авторите проф. д-р Станислава Лазаревска и проф. д-р Миле Постоловски, е прво издание на македонски јазик што ја третира оваа област, а е во согласност со наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје. Според концепциската поставеност, обемот, начинот на презентирање, сеопфатноста и литературната поткрепа, се категоризира како учебник.

Сметам дека ќе биде од големо значење не само за студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна, туку и за бројни стручњаци кои професионално се занимаваат со заштитата на растенијата.

Земајќи го предвид гореизнесеното образложение, имам чест на ННС на ФЗНХ да му го препорачам печатењето на учебникот под наслов ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА од авторите проф. д-р Станислава Лазаревска и проф. д-р Миле Постоловски.

Рецензент

Проф. д-р Стерија Начески, с.р.

УКИМ, Шумарски факултет - Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК "ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА" од АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СТАНИСЛАВА ЛАЗАРЕВСКА И ПРОФ. Д-Р МИЛЕ ПОСТОЛОВСКИ

На својата II седница одржана на 12. VI 2013 година, Наставно-научниот совет (ННС) на Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ), со одлука бр. 02-1310/10 (од 12. VI 2013 год.), ме определи за рецензент на ракописот за уцебник под работен наслов ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА од авторите проф. д-р Станислава Лазаревска и проф. д-р Миле Постоловски.

Според Одлуката на Наставно-научниот совет и деталното разгледување на ракописот, го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот ракопис за рецензирање е наменет за додипломските студиски програми: заштита на растенија-фитомедицина, поледелство, градинарство и цвеќарство, овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, екоземјоделство на ФЗНХ во Скопје и студиската програма тутун на ФЗНХ во Прилеп, со фонд на часови 3 + 2 и 6 кредити согласно со европскиот кредит-трансфер систем.

Исто така, доставениот ракопис може да се користи за предметот земјоделска ентомологија со зоологија на постдипломската студиска програма за фитомедицина со 4 ЕКТС-кредити.

Ракописот „Општа ентомологија" е напишан на 251 страници, компјутерски обработен текст со нормален пропред, во кој има 80 фотографии и 1 табела. Користената литература се состои од 117 библиографски единици и 76 веб единици.

Материјалот 8 поглавја и еден прилог.

Основни поглавја се:

- Ентомологија и развој на научната мисла
- Морфологија на инсектите
- Внатрешна градба на инсектите
- Размножување и развиток кај инсектите
- Екологија на инсектите
- Семиохемикалии од инсекти и комуникации
- Методи за контрола на инсектите
- Литература.

Во поглавјето "Ентомологија и развој на научната мисла", авторите даваат хронолошки приказ на развој на ентомологијата како биолошка и зоолошка дисциплина. Претставени се резултатите од проучувањата на инсектите пет век пред новата ера и развојот на ентомологијата во двеилјадагодишниот период од новата ера. Поглавјето ги обработува и теориите за постанокот на инсектите и нивниот развој во геолошките ери, адаптирањето на инсектите и нивните основни

карактеристики. Претставени се релациите помеѓу човекот и инсектите, основните карактеристики на инсектите, нивното систематско место и најблиските класи членконоги.

Во второто поглавје ”Морфологија на инсектите”, тие се дефинирани како посебна група животни со свои морфолошки специфичности. Детално се опишани деловите на телото на инсектите, нивното потекло и развој во текот на еволуцијата. Истакнато е познавањето на морфологијата како основа за разјаснување на многу биолошки процеси и феномени кај инсектите. Детално се опишани главните регии: глава, гради и заден дел- стомак. Укажано е на важноста на таксономските карактери на телото во детерминацијата на видовите. Особено добро се опишани усните апарати и штетите што настануваат кај растенијата, како последица на нивната исхрана. Исто така, опишани се и многу други специфичности кај инсектите како стридулација, бојата на телото, излачените материи како резултат на постоење на бројни творби на телото.

Во поглавјето „Внатрешна градба на инсектите”, претставена е анатомската градба. Опишани се сите системи во организмот, нивната функција и значење за нормалното функционирање. Претставени се мускулниот систем, системот на органи за варење, крвниот систем, системот за дишење, нервниот систем со жлездите за внатрешно лачење и сетилните органи. Опишана е појавата на биолуменисценција. Авторите истакнуваат дека познавањето на внатрешната градба и функционирањето на органите помага во објаснување на многу појави во однесувањето на инсектите.

Размножувањето и развитокот кај инсектите е детално презентиран во истоименото поглавје. Опишани се органите за репродукција и половите клетки, претставени се начините на размножување на инсектите, објаснети се фазите на ембрионалниот и постембрионалниот развој. Детално се опишани стадиумите на развој кај хемиметаболичните, неометаболичните и холометаболичните инсекти. Опишани се различни типови ларви, нивниот начин на живот, исхрана, место на живеење, штетност за културните растенија. Дефиниран е стадиумот кукла кај холометаболичните инсекти, процесите на куклењето, должината на стадиумот кукла, местото на куклење. Претставен е и стадиумот имаго, активностите на возрасните единки, свадбениот лет, парењето, полагањето јајца и грижата за потомството. Во ова поглавје се обработени и појавите на прекини во развојот на инсектите и полиморфизмот.

Во поглавјето „Екологија на инсектите” се зборува за значењто на екологијата како научна дисциплина и предметот на нејзино проучување, како и развојот на научната мисла кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Разработени се поимите: популација, биоценоза, ентомоценоза и агробиоценоза. Дефинирани се параметрите кои ја одредуваат популацијата: абудантност, динамика на популација, стапка на наталитет и морталитет, возрасна структура, дистрибуција и ареал на простирање. За таа цел разработени се дел од методите кои се користат за собирање и колекционирање на инсектите. Во поглавјето е дефиниран и поимот биоценоза - ентомоценоза и параметрите кои ја одредуваат: квалитативен и квантитативен состав, доминантност, константност. Објаснето е влијанието на абиотските и биотските фактори, а разработено е и влијанието на антропогениот фактор врз популациите на инсектите. Укажано е дека влијанието на еколошките

фактори е холоцено и може да доведе до промени во бројноста на инсектите и до нивна масовна појава.

Во учебникот е воведено и поглавјето „Семиохемикалии од инсекти и комуникации". Дефиниран е поимот семиохемикалии и дадена е нивна класификација на феромони и алелохемикалии. Укажано е дека олфакторната комуникација помеѓу инсектите и помеѓу инсектите и другите живи организми (растенија и животни) во биоценозите се базира на семиохемикалиите. Дефинирана е хемиската структура на феромоните и нивната променливост во средината како резултат на променливата хемиска структура. Објаснети се и методите за екстракција на семиохемикалиите од живите организми. Особено добро е разработена експлоатацијата на семиохемикалиите, при што се истакнати мониторингот, масовното ловење, спречувањето на копулацијата и збунувањето и укажано е на нивното особено значење во заштитата на растенијата од штетните видови инсекти. Авторите истакнуваат дека семиохемикалиите, особено феромоните наоѓаат широка примена во системите за интегрална заштита на културите, пред сé заради нивната нетоксичност и безбедност за животната средина.

Последното поглавје „Методи за контрола на инсектите" опфаќа широк сет на мерки, кои се применуваат во одржување на популацијата на штетните видови инсекти под економскиот праг на штета. Интегралната заштита е истакната како економски и еколошки оправдан систем од мерки кои се применуваат на компатибилен начин и базираат на мониторингот и превенција. Превентивата се потпира на законски, агротехнички мерки, како и избор и селекција на отпорни сорти. Во ова потпоглавје се разработени и генетски модифицираните организми (ГМО), кои наоѓаат практична и оправдана примена во заштитата на растенијата. Контролата на штетните инсекти започнува по надминување на економскиот праг со примена на механички, физички, биолошки, биотехнички и хемиски мерки. Извршена е дефиниција и класификација на пестицидите, како и на инсектицидите. Детално се разработени инсектицидите според хемиската природа. Укажано е на отровноста и отфрленоста на органохлорираните јаглеводороди, органските азотни соединенија и неорганските соединенија на арсенот. Во понатамошниот материјал се истакнуваат инсектицидите, одобрени за примена во земјоделското производство, и тоа: органофосфорни инсектициди, карбамати, инсектициди од растително потекло и синтетизираните пиретроиди, ним инсектицидите, неоникотиноидите, бензолните уреати (IGR), диафентиурони, поддржувачите на јувенилниот хормон, антагонисти на хормонот за пресвлекување, пиметрозини, фенилпиразоли, пироли, пиразоли, пиридазинони, оксадиазини, антрилични диамиди, препарати на база на *Bacillus thuringiensis*, спинозини, органосулфурни соединенија, квиназоли, антибиотици, инсектицидни минерални масла, фумиганти, репеленти, неоргански инсектициди, синергисти или активатори. Во понатамошната разработка на инсектицидите објаснета е нивната формулација, претставени се начините на апликација: прскање, оросување, запрашување, растурање гранули, задимување, замаглување, фумигација, инјектирање во почва, авиоапликација. Поглавјето ги опфаќа и токсиколошките мерки, објаснета е токсичноста за луѓето, животните, дивечот и рибите и пчелите, а се зборува и за фитотоксичноста.

Ракописот изобилува со литературни податоци, дел од нив како резултати во истражувањата на авторите, но и на значителен број истражувачи од странство,

правилно цитирани во текстот и наведени во поглавјето „Литература" као библиографски единици (117) или веб страници (76).

Последен дел од ракописот е прилог со правила за традиционално читање на латинскиот јазик.

## ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕНЗЕНТОТ

Предложениот ракопис со наслов ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА од авторите проф. д-р Станислава Лазаревска и проф. д-р Миле Постоловски е во согласност со наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Според концепциската поставеност, обемот, начинот на презентирање, сеопфатноста и литературната поткрепа, се категоризира како учебник. Сметам дека ќе биде од големо значење не само за студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна, туку и за бројни стручњаци кои професионално се занимаваат со заштитата на растенијата.

**Земајќи го предвид гореизнесеното образложение, имам чест на ННС на ФЗНХ да го препорачам печатењето на учебникот под наслов ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА од авторите проф. д-р Станислава Лазаревска и проф. д-р Миле Постоловски**

Рецензент

Проф. д-р Слободан Банџо, с.р.

Земјоделски институт - Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАДИНАРСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на XXXXVII седница донесе Одлука за формирање на Комисија за избор на соработник во звањето асистент на научната област градинарство.
Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Ѓорѓи Мартиновски,проф.д-р Рукие Агич и проф.д-р Слободан Банџо, до Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 10.X 2013 година во весниците "Утрински весник" и "Коха" за избор на еден асистент на научната област градинарство, се пријави кандидатот м-р Афродита Ибушоска.

### *Податоци за кандидатот*

Кандидатката м-р Афродита Ибушоска е родена на 16.9.1978 година во Битола.Средно образование завршила во ЗУЦ "Кузман Шапкарев" во Битола. Во 2006 година дипломирала на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, на насоката преработка на анимални производи, при што се стекнала со стручниот назив инженер по биотехнологија – биотехнолог. Од ноември 2006 година се вработила во Земјоделскиот институт во Скопје како помлад соработник во Одделението за градинарство. Во учебната 2008 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, група: генетика и селекција на градинарски растенија. На 20.6.2013 го одбранила својот магистерски труд под наслов: "Оцена на генетскиот диверзитет на македонски локални популации грав (*Phaseolus vulgaris*)," при што се здобива со називот магистер на земјоделски науки.
Кандидатката м-р Афродита Ибушоска зема активно учество во научноистражувачката и апликативната работа на одделението за градинарство, главно фокусирана во селекцијата и одржувањето на градинарски генетски ресурси и сортови испитувања кај градинарските култури.
Во текот на работењето се усовршува и го надградува своето знаење. Зема учество во меѓународниот проект за генетски ресурси SEED NET во периодот од 2006 до 2010 година.
Во текот на 2009 година, во период од 3 недели, престојува во Кметијскиот институт во Љубљана, Р. Словенија. За време на нејзиниот престој се запознава со основите на молекуларните техники, како и нивната примена кај земјоделските култури. При оваа посета ги совладува основните принципи на PCR (полимераза верижна реакција), како и лабораториските принципи при изведување на истата техника. Исто така работи на изолација на ДНК кај културата *Phseolus vulgaris* како и користењето на SSR маркерите со цел одредување на диверзитетот кај земјоделските култури.

Во периодот 22-26.09.2013 година престојувала во Едрене, Р. Турција, во рамките на проектот "Развој на производството и квалитетот на ориз во Р.Македонија", под покровителство на Владата на република Турција, односно преку турската агенција за соработка и координација "ТИКА".
Се јавува како автор и коавтор на повеќе трудови :

**1.** **Ibusoska Afrodita**,Agic Rukie,Bogevska Zvezda, Ristovska Biljana 2012: Yield and yield components of newly tomato hybrids in Republic of Macedonia. International Symposium for Agriculture and Food, XXXVII Faculty- Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viniculture and Wine Production, VII Symposium for Vegetable and Flower Production, 2012, Skopje, Macedonia pp: 451-460.

**2.** Bogevska Zvezda, Agic Rukie, Ristovska Biljana, **Ibusoska Afrodita**, Davitkovska Margarita, Iljovski Igor. 2012: Agronomic traits of some newly pepper varieties and hybrids in Republic of Macedonia, International Symposium for Agriculture and Food, XXXVII Faculty- Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viniculture and Wine Production, VII Symposium for Vegetable and Flower Production, Skopje, Macedonia, pp: 491-502.

**3.** Agic Rukie, Bogevska Zvezda, **Ibusoska Afrodita**.2013. Comparison of several watermelon (*Citrullus lanatus thunb.*) hybrids in the Republic of Macedonia. II Međunarodni simpozijum i xviii naučno-stručno savjetovanje agronoma Republike Srpske (во печат).

**4.** R. Agic, G. Popsimonova, S. Kratovalieva, **A. Ibusoska**, M. Davitkovska, B. Ristovska, D. Jankulovski, M. Jankulovska, I. Iljovski, Z. Bogevska and J. Ibraim 2012: Assessment of Genetic Diversity among Macedonian Tomato, (*Lycopersicon esculentum* Mill.) Landraces, Proc. Vth Balkan Symp. on Vegetables and Potatoes Eds.: A. Balliu and N. Gruda, Acta Hort. 960, ISHS 2012.

**5.**G. Popsimonova, R. Agic, **A. Ibusoska**, M. Davitkovska, B. Ristovska, I. Iljovski, S. Bandzo and G. Georgievski, 2012: Greenhouse Production in Macedonia - Challenges and Opportunities, Proc. Vth Balkan Symp. on Vegetables and Potatoes, Eds.: A. Balliu and N. Gruda, Acta Hort. 960, ISHS 2012.

**6.**R. Agic, G. Popsimonova and Z. Bogevska, M. Davitkovska, B. Ristovska, **A. Ibusoska** I. Iljovski and G. Georgievski, 2012: Perspectives of the Organic Production in Macedonia, Proc. Vth Balkan Symp. on Vegetables and Potatoes, Eds.: A. Balliu and N. Gruda, Acta Hort. 960, ISHS 2012.

**7.** Агич Рукие, Мартиновски Ѓорѓи, Богевска Звезда, Божиновска Ранкица, Давитковска Маргарита, **Ибушоска Афродита**, Иљовски Игор 2011: Превенција од проникнување на кромидот во текот на чувањето со примена на ретардант за пораст во Гостиварско (Р. Македонија).

**8.** Iljovski Igor, Bogevska Zvezda,Davitkovska Margarita, Ristovska Biljana,Stojkoska Dijana,Ilik Popov Stanko,**Ibusoska Afrodita**, Ibaraim Jaska. 2012. Effect of light and artificial lightning in the production of some flower species. International Symposium for Agriculture and Food, XXXVII Faculty- Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viniculture and Wine Production, VII Symposium for Vegetable and Flower Production, 2012, Skopje, Macedonia pp: 431-436.

Зема учество на повеќе научни собири:

**1.**Rukie Agic, Gafur Ajruli, Gordana Popsimonova, Sonja Ivanovska, Suzana Kratovalieva Mirjana Vasić, Jelica Gvozdanović Varga, Mirjana Jankulovska, **Afrodita Ibusoska**. 2009: Divergence of bean landraces (*Phaseoulus vulgaris* L.) according to the traits of grain 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, str. 84. Eucarpia *Book of abstracts*.

**2.**Rukie Agic, Gordana Popsimonova, **Afrodita Ibusoska**, Zvezda Bogevska: Utilization of Onion Landraces in the Republic of Macedonia for Dehydration and Chilling 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia. Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, 2009, *Book of abstracts*.

**3.**Marko Maras, Rukie Agic, Gordana Popsimonova, **Afrodita Ibusoska**, Sonja Ivanovska, Vladimir Meglic. 2009: Evaluation of diversity among Macedonian common bean landraces using morphological and molecular data, Joint congress of the Slovenian Biochemical Society and the Genetic Society of Slovenia, Book of abstracts. 20-23.September.

**4.**Rukie Agic, Danail. Jankulovski, Gordana. Popsimonova, Suzana Kratovalieva, Zvezda Bogevska, Margarita. Dimovska, **Afrodita Ibusoska** ,2007. Vegetable genetic resources activities in the R. of Macedonia, International Research Conference, Plant Genetic Stocks-The Basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv.

Ги владее англискиот, албанскиот и турскиот јазик и поседува компјутерски вештини.

### ***Заклучна оцена и предлог***

Врз основа на целокупната досегашна активност и постигнатите резултати, може да се заклучи дека кандидатката м-р Афродита Ибушоска во целост ги исполнува условите на конкурсот. Погоре изнесените податоци укажуваат на тоа дека м-р Афродита Ибушоска, во досегашниот период што го помина на Земјоделскиот институт во Скопје беше активно вклучена во научноистражувачката работа на Институтот. Кон извршувањето на работните обврски пристапувала многу сериозно и нив ги извршувала совесно, навремено, стручно и одговорно. Паралелно со тоа, успешно работела на сопственото научно и стручно усовршување и веќе покажала исклучителни резултати во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Спред претходно изнесеното, а во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и врз основа на личното познавање на кандидатката и искуствата во соработката со неа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, кандидатката м-р Афродита Ибушоска да биде избрана во звањето асистент на научната област градинарство при Земјоделскиот институт.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски с.р

Проф. д-р Рукие Агич  с.р

Проф. д-р Слободан Банџо с.р

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРЕТМАНОТ НА ЖРТВАТА ВО СЛУЧАЈОТ НА МАСОВНИТЕ СИЛУВАЊА ВО ВНАТРЕШНИТЕ СУДИРИ ПРЕД МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА“ ОД М-Р АЈТЕН РАМАДАНИ ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Правниот факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата одржана на 1.11.2013 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Третманот на жртвата во случајот на масовните силувања во внатрешните судири пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија“, од кандидатката м-р Ајтен Рамадани, во состав: проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Никола Тупанчески и доц. д-р Елена Михајлова.
По разгледувањето на доставениот труд, Комисијата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I
## СТРУКТУРА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторскиот труд со наслов „Третманот на жртвата во случајот на масовните силувања во внатрешните судири пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија“ од кандидатката м-р Ајтен Рамадани е составен од вовед, четири поглавја и заклучок, обработени на вкупно 250 страници текст, со вкупно 415 фусноти. Списокот на користена литература е составен од 231 библиографска единица (книги, статии, меѓународни документи и судски пресуди).

Во **воведот,** кандидатката прави осврт на самиот карактер на оружените конфликти. Имено, од последната четвртина од 20 век се случуваат промени во природата на војната. За сметка на меѓудржавните конфликти или војни кои стануваат помалкубројни, драматично расте бројот на внатрешните оружени конфликти. Главно, внатрешните конфликти се дефинирани како конфликти во рамките на една држава или конфликти чии завојувани страни припаѓаат на една и иста држава и оваа држава е сцената на конфликтот. Ова значи дека завојуваните страни делат една иста држава, тие биле родени и израснати таму, или дури се и соседи. Во рамките на внатрешните вооружени конфликти, посебен предизвик за меѓународното право денес се т.н. конфликти на идентитети, како конфликти во кои групниот идентитет станува централна точка. Правилата на меѓународното хуманитарно право потешко се применуваат во овие типови на конфликти кои се екстремно насилни и чии најчести (ако не и примарни) жртви се цивилите, жените и децата. Всушност, поради идентитетскиот карактер на

конфликтите, цивилното население не се смета за случајна или колатерална штета, туку намерно се цели кон негово репресирање до геноцид.
Всушност, цивилното население во етничките војни го носи најголемиот ризик. Во оваа смисла, жените се особено ранливи на уништувачките ефекти на новите форми на војување. Феминистичките студии јасно истакнуваат дека родовно-базираното насилство е оружје кое се користи во војна. Па така, животите на жените за време на оружен конфликт се менуваат паралелно со промената на самата природа на конфликтите која се случува последниве триесетина години. Додека меѓудржавните војни се намалуваат, новите видови на конфликти засновани на етнички, расни, религиозни, или со еден збор, културни разлики, создадоа драстични последици за жените. Тука доаѓаат до израз културните, религиозните и националните идеологии за контрола над жената кои се втакени во самите социјални норми на групите. Овие идеологии се родово засновани и низ нивната призма може да се разбере како жените се жртвувани за време на ваквите конфликти споредено со војните воопшто.
**Првото поглавје** од трудот го анализира сексуалното насилство во текот на војната. Всушност, силувањето е најчеста форма на сексуално насилство и жените се силувани и во нормални времиња на мир и во време на војна. Силувањето е прикажување на моќ, начин на утврдување на авторитет и доминација. Тоа е средство за докажување на машката доминација со употреба на физичка сила. Во оваа анализа ќе се обидеме силувањето да го прикажеме како израз на машката доминација и резултат од патријархалната субординација на жените која е карактеристична за општествениот ред помеѓу половите. Во таквиот контекст, силувачот ја користи својата социјално одредена доминантна улога. Мажите силувачи ја докажуваат својата физичка доминација и и ја покажуваат на жртвата нејзината потчинетост во исто време. Патријархалната претпоставка дека мажите ги поседуваат телата на жените исто така се докажува со силувањето. Секоја моќ која може да и припаѓа на жената е целокупно одречена низ актот на силувањето. Жртвата е исполнета со апсолутна немоќ и терор.
Првото поглавје продолжува со анализа на силувањето кое се појавува во текот на војните. Многубројни автори ги анализираат функциите на масовните силувања во текот на оружениот конфликт. Класичните објаснувања секогаш се осврнуваат на две примарни функции кои силувањето ги има за време на војна: како алатка за деморализација на непријателот и како воен трофеј (плен). Врз основа на ова објаснување, случаите на силување во војна стануваат неминовни. Завојуваните страни го користат силувањето како инструмент за деморализација на своите непријатели, во исто време користејќи го и за да се подигне моралот на сопствените трупи. И во двата случаја, жените стануваат само инструмент и ова ја сведочи идеолошката конструкција на жените како предмети за искористување и манипулација од страна на мажите: нивните тела се само средство за задоволство на мажите. Сепак, силувањето во војна има и друга цел. Тоа се користи за да се уништи целокупната заедница на непријателот. Како што истакнавме и претходно, промената на природата на конфликтите од меѓународни во внатрешни конфликти направи цивилното население да биде примарна мета на вооружениот конфликт. Во меѓународните војни, примарни учесници во конфликтот се редовните армии на завојуваните страни, главно мажи; но во внатрешните војни, цивилите стануваат и примарен учесник и мета, а жените и

децата ја сносат најголемата штета. Во оваа смисла, силувањето не само што ги деморализира жените, туку исто така ги деморализира и непријателските трупи. Доминантната идеологија ги прикажува жените како припадност на мажите; на таткото или сопругот. Со силувањето на жените за време на војна, силувачите ги напаѓаат жените кои им припаѓаат на мажите, и со тоа ја напаѓаат самата заедница или општество. Гледајќи или знаејќи дека нивните жени, нивната чест се силувани, моралот на непријателските трупи е скршен, и попушта нивниот отпор. Оттука, силувањето станува психолошка тактика на војната од страна на мажите против мажите. Силувањето се користи за да се испорача одредена порака од една група на мажи до друга; телата на жените стануваат инструмент за комуникација. Всушност, за време на етничките конфликти, сексуалните злоупотреби и понижувања го достигнуваат својот врв, бидејќи конфликтот помеѓу мажите базиран на етнички и национални разлики и непријателството ја прават жената примарна мета.

Сѐ на сѐ, силувањето за време на војна постои; тоа е познато и дури и прифатено. Фактот дека повеќето од жените жртви на сексуалното насилство не сакаат да зборуваат за нивното ужасно искуство исто така го прави силувањето во војна тешко да се докаже. Во почетокот на граѓанската војна во Југославија се гледаше како конфликт помеѓу различни етнички групи кои живеат на иста територија, но кога првите вести за масовните силувања и други ѕверства стигнаа до јавноста со сведоштва на жените во бегалските кампови, масовните силувања во Босна и Херцеговина беа откриени. Полека почна да станува јасно дека силувањето и другите форми на сексуално насилство за време на војната се политички и/или воено креирани. Ова сознание се потврди набрзо со геноцидот во Руанда, каде што исто така силувањето беше користено како средство за уништување на цела една популација. Всушност, со обзнанувањето на масовните силувања во Босна и потоа во Руанда, се промени концептуализацијата на военото силување. Претходно, силувањата во војна беа опишани како сексуално мотивиран придружен ефект од војната, но денес силувањето во војна е опишано како политички мотивиран акт и сериозно злосторство.

По демонстрирањето на тоа како родовите улоги се прекроени во согласност со националистичките идентитети, детално се анализира подложноста на жените на насилство како воена стратегија во два конкретни случаи. Имено, првото поглавје понатаму продолжува со прикажување на случите на масовно силување во двата оружени конфликти, оној во поранешна Југославија и оној во Руанда. Искуствата на жените во Босна и Херцеговина и во Руанда го нагласија фактот дека за време на војната, човековите права на жените се драматично нарушени. Силувањето, разните сексуални злодела и присилената бременост се дел од нарушувањата на кои жените се изложени поради нивниот родов идентитет. Крајната цел на ова поглавје е да се подвлечат вистинските карактеристики на искуството на жените во Босна и Руанда и да се истакнат и разберат процесот и силите на употребата на сексуалното насилство кон жените во етничките војни.

Етничкото чистење, односно геноцидот во Босна и Руанда не се првите случаи во кои жените страдале од насилство. Сепак, овие конфликти го направија сексуалното насилство кон жената видливо и јавно, и го свртеа вниманието на меѓународното јавно мислење за човековите права на жените за време на конфликтот. Воочената промена на самата природа на современите војни - каде

што цивилите беа главните „воени загуби“, жените и децата станувајќи посебно ранливи на сексуални злоупотреби, даде чувство на итност на прашањата за сексуалното насилство. Шокирачките сексуални злосторства како централни карактеристики на војната во Југославија и војната во Руанда излегоа на виделина. Стана јасно дека силувањето беше користено како средство на војување и беше дел од етничкото чистење кое ги придружуваше овие војни. Во обете нив, незамисливи сексуални злосторства беа сторени како дел од официјалните политики на војната. На пример, од анализата на сведоштвата на жртвите на силување од Босна - Фоча, Горажде, Вишеград, Братунац, Сребреница, Власеница, Приједор, Кључ, Бос, Петровац и Велика Кладуша можеше да се заклучи дека сите силувања, без разлика каде се направени, го имаат истиот модалитет: во собирните центри е организирано одвојувањето на жените и девојките и нивно сместување во подготвени простории; посебно подготвени простории определени за силување; силувања во групи, по 7 до 10 души злоставуваа една жртва; некои од силуваните жени се убиени по изживувањата врз нив, обично од пијаните и разулавени злосторници; многу девојки се силувани во присуство и пред очите на своите родители или браќа; женските деца од пет до петнаесет години се силувани на многу тежок начин после што често се и убивани (масакрирани) како врв на некаква некрофилска страст на злосторниците; поради енормните психолошки трауми, многу силувани девојки извршија самоубиство. Како и во поранешна Југославија, и во Руанда жените честопати беа држени одвоено, во посебни места, каде што беа тепани и постојано групно силувани со денови. Некои од жените беа земени како сексуални робови и држени од Хуту војниците со години. Во многу од жените беше пенетрирано и со предмети од сите видови - копја, цевки од пиштоли, шишиња, стапови од дрва од банани. Сексуалните органи на жените беа сакатени со мачети, со врела вода и киселина, и нивните гради исто така беа сечени. Бремените жени беа отворани со нож и фетусите беа вадени од нивните тела. Страдањето на жените од Босна и Херцеговина и Руанда навистина стана пресвртница во смислата дека признавањето на силувањето како средство на војната доби правна важност во Трибуналите за поранешна Југославија и Руанда, каде што силувањето беше гонето како воено злосторство, злосторство против човештвото и геноцид.

Трудот во следното или **второ поглавје** накратко се задржува на еволуцијата на злосторството силување во меѓународното право. Всушност, еволуцијата на делото силување во меѓународното право, вклучувајќи ги и останатите акти на сексуално насилство, може да бидат интерпретирана како транзиција од негова невидливост кон видливост. Притоа, вообичаено се истакнува дека можат да се разликуваат четири одделни фази во историскиот развој на меѓународноправните правила за силувањето во текот на војна или: (1) од античко време до Втората светска војна; (2) периодот на Втората светска војна и етаблирањето на трибуналите во Нирнберг и Токио во 40-тите; (3) воспоставувањето на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (ICTY) и Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда (ICTR) во 90-тите години; (4) воспоставувањето на Меѓународниот кривичен суд (ICC) во 1998 година. Историскиот развој на меѓународната правна рамка и третманот на силувањето како кривично дело според меѓународните правила, сè до

етаблирањето на трибуналите за поранешна Југославија и Руанда, на материјално и процедурално ниво е накратко опишан во второто поглавје.
Она што може да се заклучи од овој дел од трудот е дека дури со усвојувањето на женевските конвенции во 1949 година, силувањето и другите сексуални злодела влегоа во фазата на видливост. Сексуалните злосторства повеќе не беа замаглени. Меѓународното право признава дека сексуалните злосторници мора да бидат гонети. Како и да е, овие обврски се изразени низ една проблематичната формулација - „заштита на честа“, која сексуалните деликти ги врзува за историскиот патријархален багаж според кој тие се инфериорни дела или дела на сопственост, пљачки и грабежи, дела против општествената и семејна чест, наместо да бидат формулирани како дела против телото и достоинството на жената која била нападната.
Меѓународните договори и другите акти усвоени во периодот по женевските конвенции исто така не успеваат да обезбедат ефективни и оперативни средства за осудување и искоренување на сексуалните злосторства во меѓународната арена. Вистинската промена почнува да се случува со етаблирањето на трибуналите за поранешна Југославија и Руанда.

Како што ќе биде покажано понатаму во **третото** или централно поглавје, Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (ICTY) направи голем прогрес во поглед на третманот на сексуалните злосторства во текот на војна во меѓународното право. Сексуалните злосторства повеќе не беа сметани за злосторства кои се потчинети на другите сериозни дела, туку беа третирани како независни меѓународни злосторства. Статутот на Трибуналот, заедно со оној за Руанда, експлицитно го вклучија силувањето како злосторство против човештвото. Трибуналот за Руанда дополнително го вклучи силувањето како воено злосторство, поконкретно како „злодела против личното достоинство“ во повреда на заедничкиот член 3 од женевските конвенции.
Судската практика на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда е фундаментална во дефинирањето на злосторствата на сексуално насилство во меѓународното право. Јуриспруденцијата на двата трибунала исто така игра важна улога во воспоставувањето на статусот на сексуалното насилство како воено злосторство, злосторство против човештвото и акт на геноцид.
Со воспоставувањето на трибуналите не е унапредено единствено материјалното меѓународно кривично право. Обата статута исто така вклучуваат определени нови процедурални правила за сексуалното насилство кои ги земаат предвид чувствителностите поврзани со сведочењето на жртвите на сексуално насилство и тие се детално приложени во третото поглавје. Така, на пример, со цел да се зголеми учеството на жртвите на сексуално насилство во судските постапки беа развиени Правила на процедурата и докажувањето (RPE) заеднички за обата трибунала, и тоа: правилото 96 - кое наведува дека сведоштвото на жртвата на сексуално насилство не треба да биде потврдено, дека согласноста не е прашање кога се вклучени принудни околности и дека докази за претходно сексуално однесување не се дозволени; член 22 од Статутот на ICTY, односно член 21 од Статутот на ICTR и правилата 69, 75 и 79 (за заштитните мерки во текот на судските постапки насочени кон заштита на приватноста на жртвите и сведоците, достоинството и безбедноста) и правилото 34 (за Единицата за жртви и сведоци,

која може да препорача заштитни мерки за жртвите и сведоците и да обезбеди советување и поддршка, особено за жртвите и сведоците на сексуално насилство). Правилото 34 исто така истакнува дека должно внимание, при назначувањето на кадарот, ќе биде дадено на вработувањето на квалификувани жени. Ова е друг пример на значењето кое трибуналите го придаваат на вклучувањето на жените како истражувачи и обвинители во случаите на силување и сексуален напад.

**Четвртиот дел** продолжува понатаму и го претставува влијанието на Меѓународниот кривичен суд (ICC) врз сите аспекти на сексуалните злосторства во текот на конфликтите. Вистинскиот пробив во меѓународното гонење на сексуалното насилство се случи со воспоставувањето на трибуналите за поранешна Југославија и Руанда. Нивното постоење направи значителен придонес во развојот на правото и процедурата поврзана со сексуалното насилство. Но, практиката пред трибуналите исто така покажа тешкотии и пукнатини во поглед на судското гонење на сексуалното насилство на меѓународно ниво. Таквиот увид беше корисен во текот на преговорите за Меѓународниот кривичен суд како би се развиле материјални и процедурални одредби кои обрнуваат повеќе внимание на интересите на жртвите на сексуалното насилство. Всушност, во текот на истиот период во кој ICTY и ICTR продолжија да објавуваат значајни правни преценденти и постепено се повеќе да ги вклучуваат сексуалните злосторства во традиционалните категории на злосторства, беше донесен и Римскиот статут. Со него се воспостави Меѓународниот кривичен суд (ICC) како прв постојан меѓународен кривичен суд во историјата. Римскиот статут претставува широк консензус на 113 земји и го рефлектира насобраното правно искуство на ad hoc трибуналите. Тој се смета за модерен кодекс на меѓународното кривично право, кој исто така се справува со сексуалните злосторства во меѓународното право. Имено, Римскиот статут експлицитно ги признава родовите дела и ги укотвува сексуалните злосторства во рамките на некои од постојните традиционални категории на злосторства. Тие се јасно признати како физички и психички повреди и посебната нега за жртвите на сексуалните злосторства е дел од меѓународното право. Сепак, меѓународните материјални и процедурални правила во оваа област сè уште се релативно нови, и најверојатно ќе поминат низ уште многу предизвици. Иако предмет на истражување на се сексуалните злосторства во рамките на трибуналите за поранешна Југославија и Руанда, Меѓународниот кривичен суд како израз на новото status quo не може да биде заобиколен или барем накратко претставен во делот на третманот на родовите деликти. Дополнително, работата на Меѓународниот кривичен суд во еден дел се одвива паралелно со функционирањето на трибуналите, поради што критичкиот осврт на нивната работа во *заклучокот* на трудот налага вклучување на, како и повлекување паралели со Меѓународен кривичен суд.

Целта на трудот е да покаже дека признавањето на сериозноста на силувањето како злосторство во меѓународното право драматично порасна во последните дваесетина години, во најголема мера преку кривичното гонење и јуриспруденцијата на меѓународните трибунали за поранешна Југославија и Руанда. Како резултат на напредокот кој произлезе од ICTY и ICTR, силувањето може да биде кривично гонето како подвид на воено злосторство, како злосторство против човештвото или како геноцид. Со создавањето на

Меѓународниот кривичен суд (ICC) свеста и сензитивноста кон злосторството силување продолжува и понатаму да расте.

**Во заклучокот** се содржани крајните согледувања на кандидатката во форма на научни проценки за проблематиката на меѓународноправниот третман на сексуалните деликти во оружени судири. И покрај напредокот од изминатите две децении во меѓународноправните правила за силувањето, ова дело не може да биде гонето на меѓународно ниво како злосторство самото по себе, како дел од jus cogens нормите на меѓународното право. Во оваа смисла, вообичаено се аргументира дека силувањето треба да биде предвидено како посебно меѓународно злосторство, а не како подвид на друго злосторство. Неуспехот силувањето да се дефинира како посебно дело, сметаат тие, допушта сериозното насилство кое тоа го сочинува да биде видено како „помало“ дело.

Точно е дека гонењето на силувањето како подвид на некое друго дело, го прави делото силување да изгледа помалку посебно или издвоено. Но, неговото вклучување во рамките на категориите на воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид од друга страна, пак, привлекува внимание на ужасната природа на делото. Овој труд ќе покаже дека силувањето не било отсекогаш признато како сериозно дело какво што и е. Всушност, сè до дваесеттиот век силувањето било нашироко сметано за „плен на војната“ и сè до формирањето на трибуналите за поранешна Југославија и Руанда, злосторниците не се гонети и осудувани за делата на силување. Вклучувањето на силувањето во злосторствата кои се универзално признати како најсериозни злодела на човештвото покажува признание на фактот дека силувањето е подеднакво тешко. Можеби во иднина, злосторството силување ќе добие самостоен статус во меѓународното право.
Во меѓувреме, кандидатката заклучува дека Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда ги поставија основите за процесуирање на силувањето во оружени конфликти. Тие создадоа алатки за ефективно гонење на делото и казнување на злосторниците кои сториле силување и други родово поврзани злосторства.

## ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд под наслов „Третманот на жртвата во случајот на масовните силувања во внатрешните судири пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија“ од кандидатката м-р Ајтен Рамадани обработува мошне интересна тема, прикажувајќи го процесуирањето на случаите на масовни силувања пред меѓународните кривични трибунали како резултат, но и дополнителен придонес за натамошно деконструирање на штетните стереотипи и практики кои резултираат во ендемска маргинализација на жените и систематска незаинтересираност или рамнодушност кон делата кои им се сторени.

Структурата на трудот е избалансирана. Материјата во сите главни аспекти е исцрпно, детално и мошне темелно презентирана според логичен редослед.

Во рамките на утврдениот предмет, реализираното истражување и направените анализи, кандидатката ја обработува широката проблематика не само прегледно, туку многу попродлабочено, отворајќи бројни дилеми и прашања,

притоа давајќи сопствени одговори и констатации, т.е сугерирајќи сопствени ставови и видувања.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд. Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој докторски труд.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата со задоволство едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да и овозможи на кандидатката м-р Ајтен Рамадани да пристапи кон јавна одбрана на својот докторски труд.

**КОМИСИЈА**

**1. Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.**

**2. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**

**3. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.**

**4. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.**

**5. Доц. д-р Елена Михајлова с.р.**

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од VII-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 5.12.2013 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор |
|---|---|---|---|
| Татјана Наумче Дамјановска | Биологија на црешовата мува *Rhagoletis cerasi* L во Охридско | Biology of the European cherry fly, *Rhagoletis cerasi* L near Ohrid | Проф. д-р Станислава Лазаревска |
| Јана Љубомир Таскова | Поленски атлас од позначајните медоносни растенија во источниот регион на Република Македонија | Pollen atlas of the more important honey plants in the Eastern region of the Republic of Macedonia | Проф. д-р Хрисула Кипријановска |
| Ристо Петар Христов | Квалитетни својства на сортите Палиери и Молдавија во Тиквешкото виногоорје | Quality characteristics of Palieri and Moldavia variety in Tikves wine district | Проф. д-р Звонимир Божиновиќ |
| Марија Горги Христова | Користење на претпристапните ИПАРАД фондови за развој на земјоделството во Струмица | Using the pre-accession IPARD funds and their influence on the agricultural development in Strumica area for the period 2007-2013 | Проф. д-р Јован Аждерски |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на 2 СЕДНИЦА одржана на 28.11.2013 година**

| **Ред. бр.** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | **ТЕМА** | **МЕНТОР** |
|---|---|---|---|
| 1. | Бесим Хасалари | Организирањето како менаџерска функција на безбедносниот сектор со посебен осврт на военото образование и обука во Република Македонија | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 2. | Дарка Петрушевска | Влијанието на концептот на ран детски развој врз системот на заштита на децата во Република Македонија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 3. | Љубомир Гајдов | Филозофските основи на синергетската лидерска теорија на Исак Адижес | проф. д-р Бранислав Саркањац |
| 4. | Стојна Атанасовска-Димишковска | Социјалните услуги за реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе во Република Македонија | доц. д-р Иван Трајков |
| 5. | Марија Тодоровска | Идентификација, трудова експлоатација и заштита на тргуваните лица во Република Македонија | доц д-р Софија Георгиевска |
| 6. | Маја Варошлија | Ризик фактори во семејството и трудова експлоатација на деца | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 7. | Јагода Насковска | Квалитет на живот на деца без родители и/или родителска грижа сместени во СОС Детско село и згрижувачки семејства во град Скопје | доц. д-р Иван Трајков |
| 8. | Елена Чалческа | Влијанието на социјалните вештини врз квалитетот на работа кај лицата вработени во невладиниот сектор | доц д-р Софија Георгиевска |
| 9. | Лидија Стојчевска | Контролни механизми на работата на полицијата на Република Македонија со осврт на внатрешната контрола | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 10. | Марина Тунева | Улогата на мировното новинарство во претставувањето на активностите на меѓународните актери во Република МАкедонија во 2001 година | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 11. | Дарко Маџоски | Поставеноста и функционирањето на управувањето и раководењето со полицијата на Република Македонија | проф. д-р Зоран Нацев |
| 12. | Анита Азеска | Стилови на одлучување и димензии на личноста на директори на основни и средни училишта и директори во банки | доц. д-р Билјана Блажевска - Стоилковска |
| 13. | Дамир Ланг | Документите на Европската унија во контекст на европската историја | проф. д-р Маргарита Пешевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Борче Николов | Нереволуционерните методи на Македонската револуционерна организација (1893-1908) | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев |
| 15. | Ристе Николов | Професионално согорување (Burnout) кај социјалните работници во тимовите за третман на наркозависници | доц. д-р Иван Трајков |
| 16. | Лулзиме Ќоку | Проблемите и предизвиците на процесот на евроинтеграција на Република Албанија | проф. д-р Билјана Ванковска |
| 17. | Ленче Ѓорѓиевска | Социјалната одговорност на претпријатијата во Европската унија и Република Македонија | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 18. | Марија Момироска | Потреба за самоактуализација и задоволство од работа на вработени во производна дејност | проф. д-р Елисавета Сарџоска |
| 19. | Јасмина Гоцевска | Социјалната интеракција и комуникацијата меѓу вработените лица во производните и образовните работни организации | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| 20. | Стојан Ѓуровски | Човечките ресурси и финансирањето во малите и средни претпијатија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 21. | Бојана Илиќ | Методи на учење и поучување во наставата по странски јазици | проф. д-р Снежана Адамческа |
| 22. | Виолета Спасова | Организација и финансирање на предучилишното воспитание и образование | проф. д-р Лена Дамовска |
| 23. | Елизабета Марковска-Ставревска | Менаџирање на имплементацијата на ИКТ во наставата во средните училишта | проф. д-р Вера Стојановска |
| 24. | Емилија Туфа | Партиципативниот пристап на лидерот во функција на ефективно имплементирање на промените во средните училишта | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 25. | Сашо Вилев | Придонесот на детективските агенции во градењето на безбедносниот систем на Република Македонија | проф. д-р Оливер Бакрески |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ГЕРМАНСКО ЈАЗИЧНА КНИЖЕВНОСТ, ПРЕВЕДУВАЊЕ ОД ГЕРМАНСКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО И ТОЛКУВАЊЕ ОД ГЕРМАНСКИ НА МЕКДОНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и деветта редовна седница одражана на 30.10.2013 година нè избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Зорица Николовска за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите: **германско јазична книжевност, преведување од германски на македонски јазик и обратно и толкување од германски на македонски јазик и обратно.** Благодарејќи за укажаната доверба, чест ни е да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите: **германскојазична книжевност, преведување од германски на македонски јазик и обратно и толкување од германски на македонски јазик и обратно** објавен во весниците *Двеник* и *Коха* на 25.10.2013 година, се пријави д-р Зорица Николовска, вонреден професор на Катедрата за германски јазик и книжевност и на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, која конкурира за областите наведени во конкурсот. Кон пријавата д-р Зорица Николовска приложи био-библиографија, образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање, уверение за државјанство, како и докази за исполнетост на општите и посебните услови.

### А) Биографски податоци

Д-р Зорица Николовска е родена на 3.9.1964 во Скопје, Р. Македонија. Првите четири одделенија од основното училиште таа ги завршила во Минхен, СР Германија, а потоа посетувала основно училиште и гимназија во Скопје, каде што по матурирањето во 1983 година, се запишала како студентка на Катедрата за германски јазик и книжевност, а како втор предмет студирала македонски јазик. Наставата во шестиот и осмиот семестар (вкупно една учебна година) од студиите, таа ја посетувала на Одделението за германски како странски јазик на Универзитетот „Мартин Лутер" во Хале/Витенберг, поранешна ГДР, во рамките на партнерството меѓу тој германски Универзитет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 1987 година, д-р Николовска ги завршила студиите со просечна оценка 9,48 и се здобила со дипломата професор по германски јазик и книжевност со македонски јазик.

На Катедрата за германски јазик и книжевност д-р Николовска работи од 1988 година, прво како стажант, од 17.2.1988 година, и помлад асистент, од 5.7.1989

година, а од 26.3.1997 година била ангажирана како асистент по предметот германска книжевност.

Постдипломските студии д-р Николовска ги завршила на Филолошкиот факултет во Белград, Р. Србија, насока: германска книжевност на 5.3.1996 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов: *Мотивите на бајка и мит во циклусот раскази „Три жени“ од Роберт Музил,* под менторство на реномираниот германист проф. д-р Слободан Грубачиќ. Во рамките на постдипломските студии, како стипендистка на ДААД, таа остварила едногодишнен студиски престој (1993/1994 година) на Универзитетот „Хајнрих Хајне” во Диселдорф, СР Германија, кадешто истражувала за својот магистерски труд и едновремено посетувала предавања од областа на поновата германскојазична книжевност.

На 11.12.2003 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Зорица Николовска ја одбрани докторската дисертација под наслов: *Распаѓањето на Хабсуршката Монархија во австрискиот роман од првата половина на 20 век,* со што се стекна со титулата доктор на филолошки науки. Според стојалиштето на Рецензентската комисија, во оваа обемна студија станува збор за првокласен научен труд, чија тематика досега во истражувачката традиција со таква темелност не е обработувана.

Од 12.5.2004 година таа работи како доцент, а од 8.4.2009 година како вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, звање во кое работи и денес. Д-р Николовска била раководителка на Катедрата за германски јазик и книжевност во четиригодишен период (15.9. 2007-15.9.2011).

**Б) Наставно-образовна дејност**

Во наставата д-р Зорица Николовска досега била ангажирана со предавања и вежби по предметите германскојазична книжевност, германска цивилизација, консекутивно толкување од германски на македонски јазик и обратно и преведување од германски на македонски јазик и обратно. Нејзината наставно-образовна дејност соодветствува со фокусот на нејзиниот научен интерес.

Како асистентка по предметот германскојазична книжевност, д-р Николовска држела вежби по предметите германскојазична книжевност во третата и четвртата студиска година, современ германски јазик (вежби по преведеување од германски на македонски јазик) и германска цивилизација. Освен на матичниот Факултет, таа по потреба била ангажирана и на нематичните факултети.

По нејзиниот избор во звањето доцент во 2004 година, д-р Николовска ги презела предавањата по германскојазична книжевност, а и од самото основање на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, таа активно учествува во наставата по предметите консекутивно толкување од германски на македонски јазик и обратно и преведување од германски на македонски јазик и обратно.

Од нејзиниот избор во звањето вонреден професор во 2009 година, д-р Николовска изведува предавања и вежби по предметите германскојазична книжевност на Катедрата за германски јазик и книжевност, консекутивно толкување од германски на македонски јазик и обратно и преведување од германски на македонски јазик и обратно на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје.

Веќе повеќе години наназад д-р Николовска учествува во наставата на вториот циклус студии по конференциско толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, држејќи ја наставата по конференциско консекутивно толкување од македонски на германски јазик. Во рамките на соработката со Генералниот директорат за толкување при Европската комисија во Брисел наменета за мастерските студии по конференциско толкување при Филошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, д-р Николовска активно учествува во работилниците на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје заедно со педагошките асистенти од Брисел. Од 16. до 20.7.2012 година, д-р Николовска учествувала во семинарот за обука на наставниците по конференциско толкување „Training for Trainers” („Обука за обучувачи”) во Брисел, во организација на Генералниот директорат за толкување при Европската комисија.

На 5.7.2013 година д-р Зорица Николовска е акредитирана за ментор за докторските студии на студиската програма наука за книжевност – германска книжевност. Наставно-образовната дејност на д-р Зорица Николовска опфаќа и менторство на еден докторски труд на Филолошкиот факултет, коменторство на еден докторски труд при ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје, менторство на три мастерски труда како и менторирање голем број на дипломски трудови од областа на германскојазичната книжевност и транслатологијата.

Освен тоа, на вториот циклус студии д-р Николовска ги подучува предметите: *Женското писмо во германскојазичната книжевност* – наука за книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје, додека, пак, на третиот циклус студии што се акредитирани, таа ги предава следниве предмети: *емоциите како поетолошки дискурс во германскијазичното писмо* и *интеркултурно проучување на германскојазичната книжевност.*
Квалификацијата на д-р Николовска како академски наставник е неоспорна. На своите предавања и вежби таа остварува успешна синтеза од научна иновација и дидактичко пренесување на содржините. Д-р Николовска разви еден нов концепт за практична работа врз книжевните текстови на германски јазик преку примената на најсовремените научни методи и техники со што таа битно придонесува за успехот кај студентите. Меѓу студентите таа ужива углед поради нејзината стручна компетентност, педагошка умешност и дидактичка верзираност.

## **В) Стручно-научна дејност**

Во периодот од нејзиниот последен избор до денес, д-р Зорица Николовска ја унапреди својата научна квалификуваност. Во текот на студиите и подоцна, додека работи на Катедрата за германски јазик и книжевност таа учествувала на бројни научни домашни и странски меѓународни научни конференции, семинари и работилници, пред сè на научно-стручни манифестации од областа на современата германскојазична книжевност и од областа на транслатологијата.

По изборот за вонреден професор, научноистражувачката дејност на д-р Зорица Николовска опфаќа една монографија и бројни научни трудови од областа на германистичката книжевна наука, како и од областа на транслатологијата. Со

монографијата *Распаѓањето на хабсбуршкиот во романескниот свет,* во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје, од 2012 година, д-р Николовска ги докажа своите способности како самостоен истражувач на книжевната наука и историја, како извонреден познавач специјално на австриската книжевност и едновремено како суптилен и методски изверзиран книжевен толкувач. Предмет на оваа монографска публикација е анализата и интерпретацијата на поетолошките и филозофските основи и импликации за приказот на политичките и социјалните пресврти во централните австриски романескни дела на Роберт Музил, Херман Брох и Јозеф Рот. Во фокусот на научната аналаиза во оваа монографија се најзначајните автори на класичната модерна книжевност на германски јазик, каде што не само што сеопфатно е иследена обемна научна литература, туку се пренесуваат и најмодерните методолошки, херменевтички и романескно-теоретски принципи и тоа врз еден исклучително комплексен книжевен корпус. Овој труд заслужува посебно внимание пред сè од аспект на австриската книжевна историјата, историјата и теоријата на модерниот роман како и од аспект на толкувањето на функцијата на еден историско-политички комплекс.

Од богатата библиографија на д-р Николовска би ги издвоиле следниве трудови:

„Die Reise als Selbsreflexion der globalisierten Welt und geistiges Exil. Aspekte der Interkulturalität mit dem österreichischen Kulturraum am Beispiel der mazedonischen zeitgenössischen AutorInnen". Во: Tagungsband der 2. Jahreskonferenz des SOEGV *Mobilitätund Kontakt: Deutsche Sprache, Literature und kultur in ihrer Beziehung zumsüdosteuropäischen Raum,* Hrsg. S. Kabic/G.Lovric, Zadar, 2009, стр. 341-347.

„Мерење на границите – интеркултурните аспекти меѓу македонската и австриската книжевност", во: XXXVI научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 24. и 25. август 2009) - Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј, 2010, стр.199-204.

„Пледоаје кон поимот *австриска книжевност*", Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2010, стр. 433-442.

„Mazedonisch". Во: Deine Sprache – meine Sprache. Handbuch zu 14 Migrationssprachen und zu Deutsch; (коавторство со Н. Аврамовска и Н. Селими), Lehrmittelverlag Zürich, 2011. 69-83.

„Ich fühle, ajso bin ich: narrative und strukturelle Dimensionierung weiblicher Emotionalität in Robert Musils Drei Frauen". Во: Tegungsband der 3. Jahreskonferenz des SOEGV: Nomen est omen – Name und Identität in Sprache, Literatur und Kultur, Philologische Fakultät „Blaže koneski"-Skopje, 2011, стр. 153-167.

„Hommage to Christa Wolf – A Feminist Deconstruction and Reconstrucion of the Cassandra Myth", Во: Context/Контекст, 2012, Skopje, стр. 57-63. УДК 316.643.3:305-055.2):821.112.2-31.

Во фокусот на научното истражување на д-р Николовска исто така е и транслатологијата. Освен што таа активно учествува во наставата по преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, овој научно-истражувачки интерес на д-р Николовска е поткрепен со околноста што таа повеќе

од петнаесет години активно се занимава со преведување на книжевни и стручни дела, како и со толкувачка дејност. Авторка е на повеќе поговори кон книжевни преводи, како што се:

Поговор кон преводот на драмите: *Посетата на старата дама* и *Физичари* од Ф. Диренмат под наслов: „Отчовечувањето во сатиричните трагикомедии на Фридрих Диренмат" заедно со Петар Рау. Едиција: Ѕвезди на светската книжевност том 359 , Магор, Скопје, 2012.
Поговор кон преводот на *Касандра* од К. Волф под наслов: „Феминистичка демитологизација на *Касандра* на Криста Волф". Едиција: Ѕвезди на светската книжевност том 532 , Магор, Скопје, 2013.
Поговор кон преводот на драмите *Опера за три гроша* и *Мајката Храброст и нејзините деца* од Бертолд Брехт, под наслов: *Епскиот театар на Бертолд Брехт*. Едиција: Ѕвезди на светската книжевност том 250, Магор, Скопје, 2013.

Поговор кон преводот на романот *Хомо Фабер* од Макс Фриш, под наслов: *Човекот како креатор - идентитетите како можности*. Едиција: Ѕвезди на светската книжевност , Магор, Скопје, (во печат).

Поговор кон преводот на романот *Заблудите на питомецот Терлес* и циклусот раскази *Соединувања - Совршенството на љубовта и Искушението на тивката Вероника* од Роберт Музил. Едиција: Ѕвезди на светската книжевност том 235, Магор, Скопје (во печат).

Д-р Зорица Николовска спаѓа во редот на малкумината компетентни и изверзирани преведувачи на книжевни дела од германски јазик во Македонија. Таа превела околу дваесетина романи, раскази и поетски дела од германски јазик и повеќе книжевно-теоретски и стручни статии од кои би ги издвоиле, пред сè, преводите на следниве книги:

Балади Гете/Шилер", (препев на баладите на Шилер „Жеравите на Ибик" и „Нуркачот"), Сигмапрес, Скопје, 2000.
„Кос" и „Човек без карактер" од Роберт Музил. Во: Мајсторски раскази, Сигмапрес, Скопје, 2000.
„Фантастични раскази од Е. Т. А Хофман", Македонска книга, Скопје, 2002.
Роберт Музил: Три жени, Магор, Скопје, 2008.
Михаел Енде: Момо, Икона, Скопје, 2012.
Кирстен Боје: Со раѓањето на Јакоб сè се смени. Икона, Скопје 2013.

Своите теоретски познавања и вештини таа ги усовршувала на бројни активности од областа на теоријата и практиката на траслацијата. Од транслатошките научни трудови на д-р Николовска би ги споменале следниве:

Übersetzungsasppekte der Emotionalität in der Kinder-und Jugendliteratur am Beispiel der makedonischen Übersetzung von Michael Endes *Momo*. Во: Emotionen in Sprache und Kultur, (Hrsg.) polajnar, Janja Ljubljana, 2012, стр. 346-351.

Транслаторско-културолошките аспекти на расказот ПЕСНА од Блаже Конески во преводот на германски јазик, „Гралис-Мак-Проект”, Грац, Австрија. Електронско списание: http://www-gewi.kfunigraz.ac.at/gralis/projektarium/Mak-Korpus/Symposien.html

Во рамките на проектот PHARE TEMPUS S-JEP 12261-97 во чии рамки била етаблирана Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет, д-р Николовска работела во изработката на наставните планови и програми, а во рамките на овој проект и преку соработката со Институтот за толкување и преведување во Хајделберг, таа во два наврата остварила студиски престои.

Учеството на научни конференции на д-р Николовска опфаќа манифестации во земјата и во странство. Од периодот на нејзиниот избор во звањето вонреден професор во 2009 година би ги издвоиле научните годишни конференции на Здружението германисти на Југоисточна Европа (во кои таа зема континуирано учество од самото основање на ова здружение во 2007 година), и тоа во Охрид (2009), Блед (2011), Тирана (2012), Приштина (2013). Д-р Николовска зеде активно учество и на Меѓународниот проект за размена на професори и студенти, како и размена на искуства и наставни практики во областа на конференциското толкување со Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Софија, Република Бугарија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Република Македонија, финансиран од европските институции (Grant Ageement for an Action EP 04/2012-2013) и кофинансиран од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје (март и април 2013).

Од својот последен избор во звањето вонреден професор, д-р Николовска учествувала во повеќе меѓународни проекти: таа е членка на научниот штаб во рамките на меѓународниот проект за изработка и издавање на *Првиот германско-македонски/македонско-германски идиоматско-фразелошки речник*, со учество на научници и институции од Р. Македонија, СР Германија и др. европски земји. Натаму д-р Николовска е раководителка на работната група *Книжевност, наука за книжевност, книжевна идиоматика и цитати од литературата,* во рамките на Меѓународниот проект за изработка на новите изданија на Големиот научен македонско-германски/ германско-македонски речник, а членка е и на советодавниот научен одбор на Институтот за германско-македонски односи (СР Германија/Р. Македонија) во рамките на меѓународниот проект за соработка со книжевно-научните оддели на германистичките катедри на македонските универзитети.

**Г) Стручно-апликативна дејност**

Во стручно - апликативната дејност на д-р Зорица Николовска би го издвоиле нејзиното коавторство во изработката на лексиконот „Deutsch-makedonisches/ Makedonisch-deutsches idiomatisch/phraseologisches Lexikon”, 2013, кој е во фаза на подготовка, како и коавторството во изработката на *Тематската енциклопедија за творештвото на Томас Ман том I, „Романската култура во делата на Томас Ман (Thematische Thomas-Mann-Werkenzyklopädie. Band I: Die Romania im Werk von Thommas Mann).*

Д-р Николовска била претседател на Комисијата за предлагање на издавање на одобрение за употреба на учебници по германски јазик за шесто одделение во деветгодишното основно образование (втор странски јазик), при Педагошката служба на Министерството за образование на РМ, на 15.4.2011 година, како и независен читач на тестовите за државната матура за предметот германски јазик за учебните 2010/2011/2012 години за потребите на Државниот испитен центар при Министерството за образование на РМ. Таа ја извршувала функцијата раководителка на Катедрата за германски јазик и книжевност во два мандата, 15.9.2007-15.9.2009 и 15.9.2009-15.9.2011 година. Од посебен интерес за унапредување на македонската германистика претставува функцијата на д-р Николовска како претседател на Здужението на германисти на Југоисточна Европа (SOEGV), што таа ја извршува од 19.10.2013 година. На тоа претходи нејзиното раководење со организацискиот одбор на 3. меѓународна годишна конференција на Здружението на германисти на Југоисточна Европа: Nomen est omen – Name und Identität in Sprache, Literatur und Kultur. Охрид, 28.-30.10.2009 година, како и нејзиното членување во одборот на ова Здружение.

Д-р Николовска учествувала во комисии за избори во звање на соработници и наставници на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, таа е членка на ДААД-АЛУМНИ-клубот на Македонија од 2009 до 2013 година и членка на Одборот на Здружението на преведувачи на Р. Македонија од 2010 година.

## ЗАКЛУЧОК

По анализата на доставениот материјал, Рецензентската комисија констатира дека д-р Зорица Николовска на извонреден начин ги исполнува критериумите за избор во звањето редовен професор. Таа се стекна со исклучителен углед како академски наставник и научник-германист. Во академската настава таа докажа дека поседува исклучителна способност на студентите во сите студиски години на еден прикладен начин да им ги презентира книжевните и транслатолошките феномени и научните пристапи со подеднакво разбирлив и мотивирачки јазик и терминологија, дури и тогаш кога станува збор за теми и теориски концепти со значителна комплексност и највисоко интелектуално ниво. Таа се стекна со голем углед како германистички книжевен научник и транслатолог, не само во национални рамки, туку сосема јасно и меѓу меѓународните научници. Меѓу стручњаците-германисти, посебно во германските и австриските универзитети, таа важи за интересна и со задоволство е поканувана колешка. Во ова својствок, таа многу успешно учествувала и учествува во сите клучни меѓународни дискусии во рамките на стручните конференции, проекти и публикации. Посебно кога станува збор за нејзините специјални научни области, во прв ред како специјалист и истражувач на австриската германскојазична книжевност, таа се вбројува во врвната група научници. Поради нејзиното реноме како универзитетска професорка, д-р Зорица Николовска е вклучена во бројни тела во рамките на научните проекти, но и во научно-стручните, дидактичките и методски ориентираните комисии и институции. Нејзините познавања и совети на ова ниво се многу драгоцени. Како на матичната Катедра за германски јазик и книжевност, така и на Катедрата за преведување и толкување, таа е мошне активна колешка, која енергично придонесува за зголемување на академското и

научното реноме на двете универзитетски институции, а со тоа и на матичниот Факултет и целокупниот Универзитет. На ова место на самиот крај не би сакале да испуштиме да потенцираме дека нејзината стручна компетентност се заснова на синтезата којашто особено ја карактеризира нејзината личност. Всушност, станува збор за синтезата од сјајна интелектуалност, емпатично наклонета емоционалност и длабока хумана ориентираност.

Со оглед на горекажаното, а имајќи ги предвид сите релевантни аспекти, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да ја избере **д-р Зорица Николовска** во звањето редовен професор по предметите: **германскојазична книжевност, преведување од германски на македонски јазик и обратно и толкување од германски на македонски јазик и обратно.**

Рецензентска комисија

Д-р Петар Рау, визитинг-професор, с. р.

Д-р Ранка Грчева, редовен професор во пензија, с. р.

Акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с. р.

Прилог: Обрзаец кон извештајот за избор на д-р Зорица Николовска во звањето редовен професор.

**ОБРАЗЕЦ АНЕКС 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ: РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

Кандидат: **Зорица Александар Николовска**

Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**
**Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје**

Научна област: **германскојазична книжевност, преведување од германски на македонски јазик и обратно и толкување од германски на македонски јазик и обратно**

**ЗОРИЦА НИКОЛОВСКА**
**1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
**ОБРАЗЕЦ 1**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| **1.1.1.** | **2009 летен семестар** | |
| 1.1.1.1. | Германскојазичниот роман и расказ на 20. век (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.1.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.1.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.1.4. | Преведување од германски на македонски јазик 5 (0+3) (3x15x0,03=45x0,03=1,35) | 1,35 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2008/2009 летен сем. **5,25** | |
| **1.1.2.** | **2009/2010 зимски семестар** | |
| 1.1.2.1. | Епохи на германскојазичната поезија – (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.2.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.2.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2009/2010 зимски сем. **3,90** | |
| **1.1.3.** | **2009/2010 летен семестар** | |
| 1.1.3.1. | Германскојазичниот роман и расказ на 20. век (2+2) – (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.3.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.3.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2009/2010 летен сем. **3,90** | |
| **1.1.4.** | **2010/2011 зимски семестар** | |
| 1.1.4.1. | Епохи на германскојазичната поезија – (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.4.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.4.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2010/2011 зимски сем. **3,90** | |
| **1.1.5.** | **2010/2011 летен семестар** | |
| 1.1.5.1. | Германскојазичниот роман и расказ на 20. век (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.5.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.5.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2010/2011 летен сем. **3,90** | |
| **1.1.6.** | **2011/2012 зимски семестар** | |
| 1.1.6.1. | Епохи на германскојазичната поезија – (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.6.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.6.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2011/2012 летен сем. **3,90** | |
| **1.1.7.** | **2011/2012 летен семестар** | |
| 1.1.7.1. | Германскојазичниот роман и расказ на 20. век (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.7.2. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.7.3. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 4 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| | Вкупен бр. бод. наст. прв циклус 2011/2012 летен сем. **3,90** | |
| **1.1.8.** | **2012/2013 зимски семестар** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.8.1. | Германскојазична книжевност 3 (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.8.2. | Епохи на германскојазичната поезија – (2+2) (2x15x0,04=30x0,04=1,2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 2,10 |
| 1.1.8.3. | Консекутивно толкување од германски на македонски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
| 1.1.8.4. | Консекутивно толкување од македонски на германски јазик 3 (0+2) (2x15x0,03=30x0,03=0,9) | 0,90 |
Кандидатката м-р Јелена Ристиќ, дипл. град. инж. од Скопје, Република Македонија, е редовен студент на докторските студии во ИЗИИС, односно на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Таа, во моментов работи како млад истражувач на научен проект. Своето средно образование го завршила во гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин“ во Скопје, математичка насока, со средна оценка 5,00. Дипломирала на Градежниот факултет во Скопје, конструктивна насока, како прва во својата генерација, со средна оценка 9,86, а потоа ги завршила и постдипломските студии на иститот Факултет со средна оценка 10,00. Пред запишувањето на докторските студии вкупно има освоено 311 ЕКТС-кредити. На докторските студии во ИЗИИС се запишува на 1.12.2011 година. Била корисник на стипендија од претседателот на Република Македонија во 2005 година, како и корисник на државната стипендија во периодот од 2005 до 2009 година (за време на додипломските студии) и од 2009 до 2010 година (за време на постдипломските студии). Имала три престои во странство: првиот во јуни 2006 година на Универзитетот во Касел, Германија, како корисник на едномесечна стипендија, потоа во јуни 2008 година на Рурскиот универзитет во Бохум, Германија, со едномесечна стипендија и на крајот, во септември 2009, уште еднаш на Рурскиот универзитет во Бохум, Германија, како корисник на едномесечна стипендија.

Планираните истражувања во рамките на предложената докторска дисертација м-р Јелена Ристиќ ги реализира како стипендист на НАТО-програмата „Наука за мир”. Таа е

истовремено и учесник, како млад научен истражувач, во реализацијата на меѓународниот научноистражувачки проект: *Сеизмичко унапредување на мостовски конструкции во југоисточна Европа со примена на иновативни технологии, SfP: 983828,* кој се реализира во најголем дел во УКИМ-ИЗИИС. Кандидатот континуирано и активно учествува во сите фази од проектот во текот на трите години на реализација. Како резултат на својата научна активност веќе има публикувано значаен број на научни трудови на важни меѓународни собири, меѓународни конференции, на последната Европска конференција за земјотресно инженерство одржана 2010 година, на последните две светски конференции од областа на земјотресното инженерство одржани 2008 и 2012 година, итн.

Кандидатката активно го говори англискиот јазик, а исто така се служи и со германскиот јазик. Се служи со пресонални компјутери, посебно работејќи на софистицараните софтверски пакети како што се: SAP2000, Tower, Robot Millenium, CSICol, AutoCAD и др.

Во продолжение е приложена листата на публикувани научни и професионални трудови на кандидатката м-р Јелена Ристиќ.

**Публикувани научни и професионални трудови**
**Кандидат: м-р Јелена Ристиќ, дипл. град. инж.**


1. Ристиќ, Ј., и други. (2007). „Анализа на влијанието на вертикалната компонента на сеизмичкото забрзување при проектирање и санација на свлечиште во флишни наслаги”, Прв интернационален конгрес „Георекс”, 26-29.4.2007. Рударско-геолошки и градежен факултет, Тузла, Босна и Херцеговина.
2. Ристиќ, Д., Иемура, Х., Ристиќ, Ј., (2008). „Иновативен сеизмички систем за изолација на згради ефикасен за целосна контрола на сеизмичката енергија”, 14. Светска конференција за земјотресно инженерство, Пекинг, Кина, 12-17 октомври 2008.
3. Ристиќ, Ј., (2008). „Современо димензионирање на армирано бетонски и композитни конструкции и пресеци базирано на Еврокод”, финален труд како резултат на едномесечен престој на Рурскиот универзитет во Бохум, Германија, 21 август 2008.
4. Ристиќ, Ј., (2009). „Динамичка и сеизмичка анализа на армирано бетонска мостовска конструкција”, дипломска работа, ментор: проф. д-р Елена Думова-Јованоска, Катедра за теорија на конструкции, Градежен факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, Р. Македонија
5. Ристиќ, Ј., (2009). „Компаративна анализа на динамичките карактеристики и сеизмичкиот одговор на армирано бетонски мостови со 8 и 16 распони со пресметка на капацитет на носивост и анализа на сигурност на критичните попречни пресеци на средните столбови”, финален труд како резултат на едномесечен престој на Рурскиот унивезитет во Бохум, Германија, 9 октомври 2009.
6. Ристиќ, Ј., Думова-Јованоска Е., (2010). „Современ концепт за анализа на сеизмичката стабилност на АБ мостови со неопренски лежишта потврден со експериментално верифицирани теоретски модели”, Прв национален симпозиум „Теориски и експериментални истражувања на конструкциите и нивна примена во градежништвото” (ТЕИК 2010), Ниш, Србија, 18-19 март 2010.
7. Ристиќ Д., Ристиќ, Ј., (2010). „Иновативен GOSEB-LB само-адаптирачки систем за сеизмичка изолација применлив за сеизмичка заштита на вообичаени и многу долги

мостови”, 14. Европска конференција за земјотресно инженерство, Охрид, Р. Македонија, 30 август – 3 септември 2010.

8. Ристиќ, Ј., Думова-Јованоска Е., (2010). „Сеизмичка анализа на АБ мостовска конструкција со неопренски лежишта спроведена со користење на експериментално потврдени унапредени модели”, 14. Европска конференција за земјотресно инженерство, Охрид, Р. Македонија, 30 август – 3 септември 2010.

9. Ристиќ, Ј., (2011). „Компаративна сеизмичка анализа на армиранобетонска мостовска конструкција со примена на важечките Македонски прописи и Еврокодови”, магистерски труд, 8.7.2011, Ментор: проф. д-р Елена Думова-Јованоска, Катедра за теорија на конструкции, Градежен факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, Р. Македонија

10. Ристиќ Ј., Думова-Јованоска Е., (2011). „Pushover анализа на АБ мостовска конструкција со примена на Еврокод 8”, 14. Симпозиум на ДГКМ, Струга, Р. Македонија, 28.9-1.10.2011.

11. Ристиќ Д., Ристиќ Ј., (2011). „Seismically safe cities of the future with advanced innovations and education: New ML-MD seismic response modification system”, Innovation as a Function of Engineering Development, IDE 2011, Ниш, Србија, 25-26.11.2011.

12. Ристиќ Ј., Думова-Јованоска Е., (2011). „Pushover analysis of RC bridge structure using Eurocode 8 regulations”, Innovation as a Function of Engineering Development, IDE 2011, Ниш, Србија, 25-26.11.2011.

13. Ристиќ Д., Ристиќ Ј., (2012). „Advanced 2G3 seismic isolation concept for efficient seismic uppgrading of bridges in South East Europe”, GTZ 2012, Тузла, Босна и Херцеговина, 7-9.6.2012.

14. Ристиќ Д., Уве Д., Ристиќ Ј., (2012). „Advanced ML-MD GOSEB Seismic Isolation System for Efficient Seismic Protection of Bridges in South East Europe”, 9th German-Japanese Bridge Symposium, Кјото, Јапонија 10-11.9.2012.

15. Ристиќ Д., Ристиќ Ј., (2012). „New Integrated 2G3 Response Modification Method for Seismic Upgrading of New and Existing Bridges”, 15$^{th}$ WCEE, Лисабон, Португалија, 24-28.9.2012.

16. Ристиќ Д., Христовски В., Ристиќ Ј., (2012). „Advanced Method for Efficient Seismic Upgrading of Bridges Based on Integrated CET-Bridge State Diagnosis Concept – Initial Phase 1”, 15$^{th}$ WCEE, Лисабон, Португалија, 24-28.9.2012.

17. Ристиќ Д., Христовски В., Ристиќ Ј., (2013). „Shaking Table Test of New Seismic Isolation System For Bridges Based on ML-MD-H Type Energy Dissipation Devices (EDD): Part III”, SE-50EEE, Скопје, Р. Македонија, 29-31.5.2013.

18. Ристиќ Д., Плана Н., Мисини М., Ристиќ Ј., (2013). „Practical Cost Effective CESI-K1-SF Seismic Isolation Technology for Efficient Seismic Protection of Bridges”, - SE-50EEE, Скопје, Р. Македонија, 29-31.5.2013.

19. Ристиќ Д., Кокаланов Ѓ., Морина К., Ристиќ Ј., (2013). „Seismic Protection of Buildings With Optimized GB-SI-VB Seismic Isolation System”, - SE-50EEE, Скопје, Р. Македонија, 29-31.5.2013.

20. Ристиќ Ј., (2013). „Нов концепт за модификација на сеизмички одговор применлив како ефикасен метод за сеизмичка заштита на мостовски конструкции – дел 1”, Годишна конференција, Школа за докторски студии, УКИМ, Скопје, Р. Македонија.

21. Ристиќ Ј., (2013). „Важност на примена на нелинеарна анализа при современо проектирање на сеизмички изолирани мостови”, 15. Симпозиум на ДГКМ, 18-21.9.2013, Струга, Р. Македонија.

22. Ристиќ Д., Христовски В., Ристиќ Ј., (2013). „Нов верифициран метод за сеизмичко унапредување на мостови базиран на современ концепт за дијагностика”, 15. Симпозиум на ДГКМ, 18-21.9.2013, Струга, Р. Македонија.

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА И КАНДИДАТКАТА

Врз основа на горенаведеното, може да се заклучи дека: (1) кандидатката м-р Јелена Ристиќ, со оглед на нејзината досегашна активна професионална и истражувачка дејност, како и мотивираноста за понатамошно усовршување е подобна да пристапи кон изработка на докторска дисертација и (2) предложената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов *Напредна технологија за сеизмичка заштита на мостовски конструкции со примена на нов систем за модификација на сеизмичкиот одговор* ќе претставува значаен придонес во областа на сеизмичката заштита на мостовските конструкции, посебно во проектирањето, предложувајќи практични аналитички модели, поткрепени со експериментални истражувања и верифицирани со софистицирани анализи по методот на конечни елементи.

Чест ни е да му предложиме на Научниот совет на ИЗИИС-УКИМ во Скопје да ја прифати кандидатката м-р Јелена Ристиќ како подобна за изработка на докторската дисертација со работен наслов *Напредна технологија за сеизмичка заштита на мостовски конструкции со примена на нов систем за модификација на сеизмичкиот одговор*.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Виктор Христовски, претседател, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.
2. Проф. д-р Михаил Гаревски, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.
3. Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, член, ИЗИИС-УКИМ, Скопје, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и деветта редовна седница одржана на 3.10.2013 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на м-р Гордана Алексова на конкурсот за виш лектор по предметот современ македонски јазик, објавен во весникот *Вечер* од 14.-15. 9. 2013 година. Му благодариме на Наставно-научниот совет за укажаната чест и го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс се пријави м-р Гордана Алексова, виш лектор при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

Гордана Алексова е родена 1963 година во Скопје, каде што го оформила и целокупното образование. Во 1981 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на групата македонски јазик – еднопредметна и дипломирала во 1985 година. Од февруари 1986 година работела како стажант на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици и изработила стажантски труд под наслов *Трансферзално истражување на усвојувањето на литературната норма низ пишаната форма на јазикот.* Од октомври 1987 година е во редовен работен однос на Факултетот, како помлад асистент. Од 1994 до 2006 година работела како асистент, а од 2006 година е виш лектор при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

За време на студиите учествувала на студентски дијалектолошки испитувања во Полска, како и во меѓууниверзитетската студентска размена со Универзитетот во Воронеж, Русија. Во 1987 година ја посетувла Летната школа по руски јазик на Семинарот за руски јазик во Москва.

Во 1987 година, Гордана Алексова се запишала на постдипломски студии по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје, а во 1993 година го одбранила магистерскиот труд *Лингвостилистички пристап во наставата по македонски јазик*, под менторство на проф. д-р Ружа Паноска. Од него, а и од библиографските единици од овој период, може да се забележи дека тежиштето на својот научен интерес кандидатката го става на теоријата и практиката на наставата по македонски јазик, при што го негува и постојано го дополнува својот интерес за поширока научна област – современиот македонски јазик. Тоа е и разбирливо, зашто работата врз методичката проблематика е во постојана интеракција со содржините од современиот јазик. Во ноември 2008 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје ја прифати за изработка докторската дисертација на Алексова, пријавена со наслов *Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите наставни системи.*

Од вработувањето на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, Алексова била вклучена во вежби по предметите: методика на наставата по македонски јазик, современ македонски јазик I и II за студентите од другите студиски групи на Филолошкиот факултет, морфологија на македонскиот јазик, граматика на македонскиот јазик 1,2,3,4,7,8 (ПИТА) и култура на говорот на факултети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Била и сѐ уште е реализатор на курсевите по практика на наставата по македонски јазик 1 и 2 и современ македонски јазик 1-8 (ПИТА). Активно учествува во организирањето и во реализацијата на хоспитациите по предметите методика на наставата по македонски јазик 2 и практика на наставата по македонски јазик 2 во основни и средни училишта во Скопје, како и во изведувањето на практичните испити по овие предмети.

На научни средби и конференции, м-р Гордана Алексова учествувала, претежно, со трудови од областа на методиката, но и од областа на современиот македонски јазик и лингвостилистиката. Редовно учествува на семинари и советувања по македонски јазик, најчесто како предавач и обучувач за наставниците во основното и во средното образование, како и во активностите на Сојузот на друштвата за македонски јазик. Изготвува тестови и вклучена е во реализацијата на општинските и на државните натпревари по македонски јазик за основното и за средното образоване. Долгогодишен активен член е на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик, а во моментов ја извршува функцијата претседател на Сојузот.

Била член на Организацискиот одбор на Шестиот научен собир на млади македонисти. Била член на Организацискиот одбор и модератор на јавната трибина *Статусот на македонскиот јазик во наставата* во рамките на манифестацијата: *2008 – година на македонскиот јазик*. Во повеќе наврати била член на Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

М-р Гордана Алексова е долгогодишен лектор на Летната школа по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид. Од 1995 до 1999 година работела како лектор по македонски јазик на Едебијат - факултетот на Истанбулскиот универзитет. Неколкупати ја изведувала наставата по македонски јазик за странски студенти што се запишуваат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во знак на признание за посебен придонес во работата, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и за афирмација на македонистиката во земјата и во странство, Алексова е добитник на Плакета од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, во 2003 година Алексова учествувала во обуката за преведувачите од албански јазик, вработени во Собранието на РМ.

Алексова учествувала во проекти и во обуки од областа на активната настава, организирани од Министерството за образование на РМ, како на пример, проектот за Националната програма за основното образование (за полуматурата). Била претседател на работната група за предметот македонски јазик и активно учествувала во проектот Државна матура, при што особено треба да се истакне нејзината активност при изготвувањето на испитната програма за матурскиот

испит, на пилот-тестот по македонски јазик за државната матура, во изготвувањето на критериумите за вреднување на резултатите од државниот матурски испит, во обучувањето на средношколските професори за оценување на тестот од државната матура итн. Работата на м-р Гордана Алексова во двата горенаведени проекта била проследена со нејзино активно учество на бројни семинари и обуки за изработка на наставни програми и на тестови по јазик за основното и за средното образование, организирани за потребите на проектите, а реализирани од проектните партнерски страни од Холандија.

При Министерството за образование на РМ, м-р Гордана Алексова повеќекратно била член или претседател на Комисијата за стручниот државен испити по предметот македонски јазик за основното и за средното образование. Била член на комисии за оценување учебници по македонски јазик за основното образование при Министерството за образование и наука на ПМ, како и при издавачката куќа "Просветно дело" - Скопје.

Во 2006 год., Алексова учествувала во организирањето и реализацијата на научно-стручната екскурзија по предметот методика на наставата по македонски јазик во Р. Албанија, за студентите од групите македонски јазик и македонска книжевност, при што се соработувало со неколку основни училишта во Мала Преспа, каде што се изведува настава по македонски јазик за учениците од македонска националност.

Во рамките на стручното усовршување, Алексова ги посетувала и добила сертификати од обуките организирани од Филолошкиот факултет во соработка со УСАИД и со Институтот за отворено општество: *Изработка на наставни планови и програми според Болоњската декларација, Креативна настава и учење, Со читање и пишување до креативно мислење, Обука за социјална правда и Примена на информатичко компјутерската технологија во наставата.*

М-р Гордана Алексова учествувала во 4 меѓународни проекти на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, и тоа: УНЕСКО 4643700002 МКД (Меѓународен семинар за формирање на процедури за тестирање според европски стандарди и нивна примена на македонскиот јазик како странски/втор јазик); СЦМ-Ц008Б06 (Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик – МаЛТеЦЦ); ТЕМПУС - ПРОЕКТ 158638-ТЕМПУС-1-2009-1-МК-ТЕМПУС-ЈПЦР (Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски јазик); УНЕСКО и Британски совет – Македонија (Утврдување методологија за немајчин јазик).

Во рамките на активностите на првите три проекти, кандидатката успешно ги завршила тренинг-програмите за изработка на сертифицирани тестови за Б2 и А2 - ниво на познавање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, како и за изработка на студиски програми и на прирачници по македонски јазик како странски. Алексова е дел од овластениот тим на составувачи на тестовите за Б2 ниво на познавање на македонскиот јазик како странски, како и автор на прирачник за изучување на македонскиот јазик како странски на средно рамниште, *Ѕуница*. Како овластен испитувач, учествува и во изведувањето на испитите по македонски јазик како странски.

Во рамките на проектот спроведен во соработка со Министерството за образование и наука на РМ, УНЕСКО и Британскиот совет – Македонија, Алексова била активен учесник во програмите за обука и во работилниците што ги

раководел професор од Универзитетот во Гренич, Обединето Кралство. Алексова е коавтор на прирачникот што е објавен како резултат на активностите на проектот, *Прирачник за наставата по немајчин јазик (за наставниците во основното, средното и високото образование)*.

Алексова била координатор за ЕКТС - наставата при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Во моментов учествува во активностите на стручниот тим за подновеното издание на Правописот на македонскиот јазик.

Кон пријавата за реизбор на местото виш лектор по предметот современ македонски јазик, кандидатката има приложено и список на трудови, од кои може да се забележи дека таа сериозно навлегла во суштината на проблематиките со кои се занимава. Од наведените библиографски единици, десет се хроники, прикази на книги, на научни собири и слично. Во десет статии се третираат содржини од областа на јазичната стилистика, главно, на граѓа од уметничколитературниот стил. Некои од нив се лингвостилистичка анализа на дела на автори од македонската литература, а некои претставуваат функционална врска помеѓу содржините од стилистика и содржините од методика. Дел од овие статии се со следниве наслови: *Блаже Конески и македонската стилистика, За примената на лингвостилистичкиот метод во наставата по македонски јазик, Принципот на системност и последователност низ содржините по стилистика, За некои лингвостилеми во “Пустина”, За некои стилски особености во јазикот на македонската уметничка литература* и *Лингвостилемите во расказите на Драги Михајловски*.

Во триесет статии на м-р Гордана Алексова се обработуваат теми кои се директно поврзани со методиката на наставата по македонски јазик. Во некои од трудовите објавени во периодот на почетокот од истражувачката работа на Алексова, се забележуваат повеќе општи забелешки по определени прашања од областа на методиката, кои се пренесени преку разработката на определени теми од областа на современиот македонски јазик. На пример, во трудот: *Некои особености во врска со конгруенцијата во јазикот на учениците*, авторката се задржува на непочитувањето на правилата за приспособување на реченичните елементи еден кон друг според определени граматички категории, што претставува еден од елементите со кои се нарушува стандардноста во писмената и усната форма од јазикот на учениците. *Осврт на научно-теориската и методската целесообразностна учебниците по граматика во нашите осумгодишни училишта* претставува труд во кој детално се разгледуваат содржините од областа на морфологијата, претставени во форма на наставни единици во учебниците по граматика од петто до осмо одделение. Во него Алексова вешто ги открива слабостите во дидактичкото оформување на овие учебни помагала, а особено се задржува на примерите што го илустрираат нарушувањето на методот на научност во пренесувањето на јазичните факти. Истовремено, нуди и можности за совладување на некои од постојните некоректности, а сè со цел да се привлече вниманието кон содржините од граматика и уште повеќе – тие да ја поттикнат и да ја зајакнат љубовта на учениците кон мајчиниот јазик. Трудовите од овој период во кои се претставени карактеристиките на лингвостилистичкиот метод и аргументите со кои Алексова го претставува како можност за збогатување на наставната практика по предметот

македонски јазик во основното и во средното образование, претставуваат само запознавање со идејата за неговата примена во наставниот процес. Ако овој метод правилно се постави во севкупните рамки на наставата по македонски јазик, тој ќе резултира со квалитет, зашто ја поттикнува креативноста на наставникот при реализацијата на наставните содржини по граматика и по литература, а учениците ги поставува во улога на активни субјекти во сложениот процес на совладување на тие содржини. На тој начин, полесно доаѓаат до израз логичко-мисловните и творечките способности, како и нивниот јазичен и книжевен сензибилитет.

Во трудовите што следат, односно во оние што се објавени по 1993 година, лингвостилистичкиот метод си наоѓа своја оправданост во неговата конкретна примена на определени граматички содржини. Во циклусот *Лингвостилистичкиот метод во моделирањето на наставниот процес по македонски јазик*, објавуван во списанието *Литературен збор* (1993-1995), претставена е апликацијата на овој метод низ моделите на часови по фоностилистика, морфостилистика, синтаксостилистика и лексикостилистика. Секој од нив претставува целосно методички организирана наставна единица, при што се почитуваат принципите и се применуваат методите на современата настава по македонски јазик. Заслужуваат да бидат истакнати и трудовите *Програмските концепции на предметот македонски јазик од 1945 до 1950* и *Ономастиката во наставните програми по македонски јазик за средното образование.* Во првиот, труд Алексова прави анализа на наставните програми по македонски јазик од 1945 до 1950 година. Тие претставуваат први официјални државни документи со кои се пропишуваат обемот, длабочината и редоследот на наставните содржини по овој предмет, бидејќи и првите училишта со наставен јазик македонски датираат од 1944 година. Во трудот се истакнува историската важност на овие документи, а тие се доведуваат во врска со развојот на методиката на наставата по македонски јазик како научна дисциплина. Во вториот труд се предлагаат начини на збогатување на наставниот процес по македонски јазик во средното образование со содржини од ономастиката. Притоа, се истакнува дека тие нема да го оптоварат наставниот план со специјални часови за овие содржини, туку е испланирано нивно поврзување со веќе постојните содржини од областа на современиот јазик, на историјата и на дијалектологијата на македонскиот јазик, на веќе постојните часови за истите содржини.

Во трудовите објавувани по 1996 година, м-р Гордана Алексова разработува проблеми врзани со наставата по македонски јазик во основното и во средното образование, а вниманието го задржуваат насловите *Резултати од едно истражување на состојбите во наставата по синтакса во основното образование* и *Уште еднаш за синтаксата во основното образование (на примери од Граматиките за основното образование).* Во првиот труд, Алексова ги објавува резултатите од анкетата спроведена меѓу ученици и наставници во неколку скопски училишта, а во врска со состојбите во наставата по синтакса. Според авторката, наставата во овој дел од содржините по македонски јазик во основното образование е во криза и бележи низа слабости, а како причини се наведуваат програмски недоследности, како и недоследности во работата на наставниците. Во ист тон продолжува и следниот труд, во кој се изнесуваат методичките и лингвистичките недоследности на содржините по синтакса во учебниците за основното образование.

Во статиите од понов датум (2002 и 2008), *Македонскиот јазик како наставен премет и како јазик во наставата во Република Македонија, За две општествени функции на македонскиот јазик, или: За статусот на македонскиот јазик во образованието* и *Наставата по јазик во функција на јазичната култура на младите,* м-р Гордана Алексова се покажува како солиден познавач и аналитичар на состојбите во наставата по македонски јазик во основното и во средното образование. Во нив, со прецизни процентуални податоци се покажуваат состојби на различни параметри поврзани со оваа општествена проблематика.

Од содржината во трудовите *За наставниот предмет македонски јазик во паралелките со наставен српски, албански или турски јазик* и *Споредба на наставните содржини во учебниците по македонски јазик како мајчин и како немајчин во основното и во средното образование во Република Македонија* (2003 и 2009) може да се забележи дека интересот на м-р Алексова за состојбите во наставата по македонски јазик го окупираат и проблеми поврзани со изучувањето на македонскиот јазик како немајчин, т.е. како јазик на општествената средина. Во статијата *Статусот на Македонците во Албанија,* од повеќе аспекти е претставена состојбата на Македонците во општествениот контекст на Република Албанија, а за нашиов извештај е важно дека се претставени моменти важни за наставата по македонски јазик за ова население.

Трудот насловен како *Придонесот на Ирена Савицка за македонската фонологија* (2009) е интересно „излегување" на Алексова од наставните теми и текст кој ја покажува способноста на авторката да препознае и да селектира релевантни научни факти од сите области на современиот македонски јазик. Во конкретниов случај, се работи за претставување на придонесот на Ирена Савицка – полска лингвистка, фонетичарка, фонолог и балканолог, една од авторите на *Фонологијата на македонскиот стандарден јазик*, за развојот на лингвистичката мисла кај нас на полето на фонологијата. Во трудот Алексова успеала да издвои научни факти од опусот на оваа светски реномирана лингвистка, а со кои се потврдува местото на македонскиот јазик во балканското јазично семејство, поконкретно, во јазичниот Западен Балкан.

Статиите објавувани од 2010 година до денес се доказ за стручното созревање на Алексова во областа на методиката на наставата по македонски јазик како мајчин и како немајчин. Од статиите поврзани со методиката на наставата по македонски јазик како мајчин се издвојуваат следниве: *Граматичката категорија* <u>*залог*</u> *на глаголот како наставна содржина на предметот Македонски јазик во основното и во средното образование, Стилистиката од Граматиката на Конески и наставните содржини по македонски јазик* и *Мултимедијален пристап во наставата по македонски јазик*. Во овие трудови продолжуваме да го следиме интересот на Алексова за наставата по македонски јазик во мултидиспциплинарен контекст. Тука наидуваме на современи идеи за збогатување на наставата, претставени преку функционални форми на поврзување на содржините од современиот македонски јазик, од стилистиката на македонскиот јазик, како и од информатичко-компјутерската технологија со наставните содржини по предметот македонски јазик во основното и во средното образование. Од статиите поврзани со методиката на наставата по македонски јазик како немајчин ќе ги издвоиме следниве: *Наставата по македонски јазик*

*како немајчин - втор или странски (актуелни состојби и перспективи), Современата наспрема традиционалната настава по втор јазик –јазичната вештина слушање, Синтаксичката варијантност на часовите по македонски јазик како странски* и *Од разбирање македонски до разбирање на македонски.* Во сите нив доаѓа до израз зрелоста на искусен лектор, што кандидатката Алексова, несомнено, ја поседува, како и солидното познавање на состојбите во наставата по македонски јазик како странски во Македонија и во странство. Исто така, овие статии зборуваат и за интересот на Алексова за теоријата на усвојувањето странски јазик и резултатите од нејзините проучувања ги гледаме имплементирани во конкретни наставни форми, наменети за изучувањето на различните јазични вештини.

Во прирачникот по македонскиот јазик како странски за средно рамниште, *Ѕуница,* авторката користи модели и форми на претставување на содржините според современата методологија за изработка на учебници од овој тип и покажува високи компетенции за пренесување знаења и вештини од македонскиот јазик.

М-р Гордана Алексова е коавтор на пет учебници по македонски јазик за основното образование, објавувани во периодот од 2001 до 2009 година.

Во сите свои трудови, м-р Гордана Алексова применува соодветна и проверена научна методологија, а сознанијата до кои доаѓа се несомнен придонес за унапредувањето на наставата по македонски јазик и на научната област методика на наставата на тлото на Република Македонија.

Врз основа на изложеното во овој извештај, слободни сме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје да му предложиме м-р Гордана Алексова да биде реизбрана во звањето виш лектор по предметот современ македонски јазик.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Живко Цветковски, с.р.
2. Проф. д-р Димитар Пандев, с.р.
3. Проф. д-р Емилија Црвенковска, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: „ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУКЦИИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ПО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ПО ТУРСКИ, ПО МАКЕДОНСКИ И ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ОСМАН ЕМИН, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, на својата триесет и деветтата редовна седница одржана на 30.10.2013 година, не избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ***Дидактичките инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет по турски, по македонски и по албански јазик и книжевност во основните и средните училишта во Република Македонција****, изработена одм-р Осман Емин.*

Заблагодарувајќи му се на укажаната доверба, имаме чест да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дизертација под наслов ***Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет по турски, по македонски и по албански јазик и книжевност во основните и средните училишта во Република Македонција*** е напишана на 248 страници компјутерски обработен текст.

Трудот е поделен на шест главни раздели, како и *Вовед,* во кој се претставува, меѓу другото, методологијата и целта на истражувањето; Заклучок, *Препораки* и *Библиографија*.

Поставеноста и начинот на кој е структуриран трудот, посебно неговиот стил и содржината, укажуваат на постигнатата научна зрелост на кандидатот и на верното ракување на избраниот предмет на проучувањето.

Важноста на истражувањето на овој труд е од областа на методиката на турски јазик и книжевноста во споредба со методиките по македонски и албански јазик и книжевност. Направена е компарација или споредба меѓу наставните планови и програми за да се откријат предностите или слабостите меѓу нив, како и да се нудат нови модели кои ќе бидат поефикасни. Несомнено, секој индивидуален научноистражувачки труд е создавање на уште една шанса да се види од една нова преспектива она што досега се има постигнато или истражувано. Методичарите по методиката по македонски јазик и книжевност преку многу научни трудови се обиделе или ги истражувале потребите од планирањето и создавањето на програмите кои ќе им помагаат на идните ученици и учители да ги видат од друг агол процесите на образованието.

Докторскиот труд на м-р Осман Емин на сеопфатен начин ги содржи сите показатели кон подобар и поефикасен начин на образование за идните генерации -ученици.

Во воведниот дел, кандидатот ја покажува потребата од квалитетно и напредно образование во нашата држава како услов за подобро и поздраво демократско општество. Како еден од основните стратешки приоритети на нашата држава го претставува образованието на младите генерации и високиот квалитет на воспитно-образовниот систем на земјата. Во насока на изнаоѓање на квалитетно решение, м-р Осман Емин предлага преоценување на поставеноста на системот на образованието, преиспитување на наставните планови и програми и изнаоѓање и применување на постапки за ефикасна настава и успешно учење.

Како еден од условите за квалитетно и успешно учење, кандидатот го претставува изведувањето на наставата на мајчин јазик, за кој потенцира дека е долготраен и сложен процес. Стекнување и репродуцирање нови знаења, дополнување на знаењата, примена на стекнататите знаења во секојдневниот живот, како и развивање на мислата, може да се оствари само со помош на образованието како средство за насочување на младите генерации, вели м-р Осман Емин.

Кандидатот во овој дел од својот труд ја покажува важноста од создавање на квалитетни наставни планови и програми и нивно адаптирање кон тие за кои се наменети и доаѓа до заклучок дека на овој начин може да се дејствува во насока на позитивна промена на однесувањето на поединецот.

М-р Осман Емин во истражувањето особено се осврнува врз наставните програми од првата генерација во повоениот период, па се до денес. Почнувајќи од повоениот период со развитокот, па се до денес, посебно се истакнува дека наставната програма по турски јазик има поминато низ неколку фази. За тоа на какво ниво се наоѓаат наставните планови и програми по предметот турски јазик, кандидатот се обидува да одговори на ова прашање преку компаративна анализа на наставните планови и програми по македонски и по албански јазик и книжевност од ослободувањето, па се до денес. Кандидатот истакнува дека по создавањето на македонската држава во рамките на тогашна Југославија, приоритетна задача било конституирањето на нов социјалистички систем на образованието и воспитанието, што се подразбира нови основи на наставните програми. Во рамките на наставниот план се составува и наставната програма, исто така со систематизација на целите и задачите на наставниот предмет турски јазик, т.е мајчин јазик. Во 1991 година, како резултат од демократските стремежи, направени се промени и во образовниот систем, а исто така и во наставните планови и програми. Во трудот се истакнува дека од повениот период, па се до денес во Македонија, нема објективни претпоставки за посериозна научноистражувачка работа во областа на методиката и наставните програми по предметот турски јазик. Исто така, по 1991 година се поставуваат нови задачи на образованието и воспитанието, што подразбира и нови задачи на наставните програми. По донесувањето на новата законска регулатива за основното и средното образование се следат нови реформи во воспитно-образовните сорджини (наставни планови и програми) и во организацијата на нови форми и методи на работата.

Во делот на докторската дисертација насловен како „Теориски пристап кон проблемот”, кандидатот темелно и поединечно пристапува кон секој елемент на воспитно-образовниот процес. Во овој дел се опфатени, всушност, следниве поглавја: Краток осврт на образованието и напредокот на наставата по турски јазик во Р. Македонија во повоениот период; Значењето на основното и средното образование; Смислата и значењето на мајчиниот јазик; Што е мајчин јазик?; Јазикот како важен фактор во општеството и во образованието; Мајчиниот јазик како образовно-воспитен предмет во основното и во средното образование; Наставни програми по мајчин јазик; Улогата и функцијата на наставните програми; Што се подразбира под програмирање?; Блумова таксономија – таксономија на образовните цели; Развој на наставните планови и програми (курикулумот) во образованието; Основни поими на курикулумот (планирање и имплементација на процесот на образованието и учењето); Основни поими за развој на програмата/курикулумот; Компаративна анализа на модели на наставни програми во образованието, т.е. наставните програми во другите држави; Најприменувани/најраспространети модели на наставни курикулуми во САД; Најприменувани модели на курикулуми во Европа, т.е. модели на курикулуми во Европа; Најприменувани модели на курикулуми во Турција; Модел на курикулум во Македонија; Поим за наставен план; Значење и видови наставни планови; Распоред на предметите во наставниот план; Линеарен распоред на предметите; Концентричен распоред; Комбиниран распоред .

Во делот *Краток осврт на образованието и напредокот на наставата по турски јазик во Републкика Македонија во повоениот период,* м-р Оман Емин, вреднувајќи го образованието како битен фактор кон подобрување на однесувањето на поединците или, пак, директното учење на позитивното однесување на генерациите кои доаѓаат, укажува на многу битен фактор во процесот на образованието, т.е. секој поединец знаењата треба да ги добива на својот мајчин јазик бидејќи на тој начин ќе може подобро да ги разбере и покорисно да ги употреби во секојдневниот живот. Анализирајќи го воспитно-образовниот систем во нашата држава како демократско општество, посебно се задржува на проблемите со кои се соочуваат оние што најдобро ги разбираат информациите, следејќи настава на турски јазик. Тука кандидатот преку анализа на податоци дава слика за тоа како се движела наставата на турски јазик од повоениот период, односно по периоди кога и колку се можело еден поединец да се образува на турски јазик.

Во своето истражување, м-р Осман Емин доаѓа до сознанието дека токму образованието е причина за миграциските процеси на турските фамилии од Република Македонија. Миграцијата се јавува како главен фактор на големиот одлив на ученици кои учат на турски јазик. Самото намалување на бројот на ученици подразбира и намалување на бројот на наставници и бројот на паралелки во основните и средните училишта.

Иселувањето од Република Македонија во Република Турција ја нарушува националната рамнотежа и влијае негативно врз Турците кои живееат во Република Македонија. Иако со иселувањето се намалува бројот на турските ученици, сепак турскиот народ продолжува во насока на зачувување на својот идентитет вложувајќи максимален труд во областа на образованието и културата.

Во насока на ова, кандидатот се повикува на член 48 од Законот за основното и средното образование, *Секој народ има право да се образува на свој мајчин јазик,* како и на новоизменетиот Закон за образование на Република Македонија донесен во 1991 година, кој гласи: *Да се гарантира иднината на децата, да им се даде право на еднакви можности, да им се обезбедат можности за да остават богато наследство на државата. Исто така, учениците да се запознаат со своите потребни карактеристики и општествени надежи, да им се помогне при формирањето лично мислење и донесување на сопствени одлуки.*

Според него, од повоениот период до денес, во Македонија нема објективни претпоставки за посериозна научноистражувачка работа во областа на образованието на турската националност во областа на методиката и наставните програми по предметот турски јазик. Образованието е доживотен процес, постоењето на турски наставници покажува дека во Република Македонија постоела, постои и најверојатно секогаш ќе постои турската националност. Иднината на секој народ секако се наоѓа во рацете на наставниците. Наставникот не е само средство за пренесување на знаења, туку благодарение на него се формира една нова образована генерација се со цел да се создаде генерација која размислува, бара, наоѓа, решава, анализира и синтетизира, истражува и дискутира, вели м-р Осман Емин.

Во неговата анализа за ***значењето на основното и средното образование***, сметајќи ја како самостојна работна организација, ја смета за основа за целокупното натамошно образование. Еден од двата елемента во оваа организација (основното образование) го претставува како квалитетен темел, поради неговите карактеристики на период кога учениците можат или почнуваат насоките кои ги добиваат преку образованието да ги употребува или да ги пријавуваат во реалниот живот. Додека, пак, вториот елемент (средното образование) го наоѓа како подсистем во образовниот систем на земјата. Заклучува дека основното и средното образование им помага на учениците да го запознаат светот околу нив, да ги запознаат човечките односи, да го прошират видикот на своите сознанија, да го збогатат својот емоционален свет и да создаваат работни навики за само образување.

Во делот за ***смислата и значењето на мајчиниот јазик,*** кандидатот се повикува на Крсте Петков Мисирков, кој вели: *Јазикот е средство со кое ние дознаваме што мисли, што чувствува и што сака нашиот собеседник* и додава дека сето тоа би било целосно и вистинско само ако нашиот собеседник го прави тоа на свој мајчин јазик. Пишувајќи за важноста на јазикот во општеството и во образованието кандидатот концизно вели: *Јазикот е тој кој ги сплотува луѓето, ја обединува нацијата, ги врзува луѓето за татковината и ги спојува со минатото.*

***Мајчиниот јазик како образовно-воспитен предмет во основното и во средното образование.*** Мајчиниот јазик како образовен-воспитен предмет претставува исто што и почетната буква во азбуката, односно првата информација или знаење ученикот најдобро ќе ја разбере на свој мајчин јазик, па оттука кандидатот мисли дека тоа е еден од најбитните предмети во воспитно - образовниот процес. Со изборот и програмирањето на содржините во образованието и начинот на формирање поими се создава основа за изградување

научен поглед на светот кај младите генерации. Затоа од особено значење за образованието е наставните програми да имаат научна заснованост, бидејќи спротивното би можело негативно да се одрази врз развојот и позитивните влијанија кои треба да ги постигне училиштето.

Во овој дел од својата анализа, м-р Осман Емин на овој начин ја покажува ***улогата на наставните програми во воспитно-образовниот процес.*** Под пимот ***програмирање,*** кандидатот м-р Осман Емин подразбира организирано влијание врз иднината. Според него, програмирањето се доживува, се менува, се трансформира, се дополнува и се гради со заедничка акција на субјектите, пред се учениците.

Во натамошниот текст од ова поглавје, кандидатот го претставува развојот на програмирањето, како и различностите и сличностите во примената на наставните програми во САД, Европа, Република Турција и во Република Македонија.

Покрај ова, ги пренесува и заклучоците на многу светски и домашни истражувачи во областа на воспитно-образовната наука.

Во вториот дел на оваа дисертација насловен како ***„Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето"***, кандидатот земајќи го образованието како столб на секое општество, додека, пак, наставната програма како патоказ за тоа како тоа најдобро и најкорисно да се оформува, ги следи и ги истражува уште од повоениот период, поточно уште од првото озаконување на првото заседание на АСНОМ, па се до денес. Овој дел од своето истражување го поделил на неколку дела, и тоа:

- Нставни програми од 1945, 2946, 1948 и 1949 година
- Наставни програми од 1952 година
- Наставни програми од 1958 година
- Наставни програми од 1959 и 1960 година
- Наставни програми од 1966 година
- Наставни програми од 1973 година
- Наставни програми од 1981 година
- Наставни програми од 1991 година
- Наставни програми од 1997 година
- Наставни програми од 2007 година
- Иден модел за изготвување наставни програми за основно и средно образование во Република Македонија.

Во поглавјето ***Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините,*** опфатени се: *Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет македонски јазик, по албански јазик и по турски јазик и литература во основните и во*

*средните училишта во РМ; Уредување/конципирање на содржината на наставната програма по наставен предмет по македонски јазик, по албански јазик и по турски јазик и литература во основните и во средните училишта во РМ; Конципирање на содржината на наставната програма по предметот мајчин јазик, т.е. по македонски јазик, по албански јазик и по турски јазик и литература; Содржина на образованието; Избор на содржината на наставната програма по наставен предмет македонски јазик, по албански јазик и по турски јазик и литература во основните и во средните училишта во РМ; Принципи за избор на наставните содржини; Теории за изборот на наставните содржини; Конципирање на наставната програма, т.е. содржината; Евалуација на содржината на наставната програма по наставен предмет македонски јазик, по албански јазик и по турски јазик и литература во основните и во средните училишта во Р. Македонија.*

Накратко, во ова поглавје се изнесени дидактичките инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставните предмети по турски јазик, по македонски јазик и по албански јазик и книжевност, каде што се знае дека содржините во наставните програми може да се сметат за најстара стратегија. Со компарација на овие наставни планови и програми се дава можност да се разгледаат сите предности и недостатоци што постојат во наставните планови и програми по турски, а воедно и по македонски и по албански јазик и книжевност во Р. Македонија.

***Последниот дел*** од трудот претставува ***заклучок, препораки*** и ***библиографија.*** Во ***заклучокот,*** кандидатот м-р Осман Емин ги претставува резултатите од своето истражување. Во овој дел ја покажува неопходноста од што поголемо ангажирање на општествените структури во насока на поголема поддршка на турскиот народ во неговите заложби да создаде што е можно пообразувана, духовно послободна и психички поздрава генерација која нема да се разликува од нивните врсници, т.е од оние со кои заедно расте, учи, другарува и твори.

Во насока на избегнување или отстранување на ваквите негативни појави на дискриминација на младите луѓе, м-р Осман Емин нуди заклучоци и препораки кои треба да се имплементираат во процесот на образованието како и во севкупниот живот.

*Тој вели дека:* Треба да го модернизираме образованието; Државата треба спремно да ги дочека иновациите кои ги носат модерните времиња; Да се формираат комисии кои ќе ги адаптираат новитетите; Да се погледнат и да се истражат наставните програми и на други земји за да се види дали може да се поправи нешто дома; Важноста секогаш да се биде буден во исчекување на промените; Да му се даде повеќе значење на мајчиниот јазик; Да се внимава при изборот на содржините, т.е таа да создава позитивно сфаќање на светот кај поединецот.

Во еден збор искажувајќи го своето видување на општеството, кандидатот се повикува на зборовите на Исмаил Гаспрински, кој вели: *Нашето незнаење е главната причина за нашата заостаната состојба.*

Во трудот, како методи на собирање податоци се користени дескриптивниот и каузалниот метод, како техники се применува историја на случај и анализа на содржината. Од аспект на употребата на разните методолошки дициплини, во

самото истражување се употребени неколку видови на методолошки дициплини, како што се: истражувачка методологија, копаративно-споредбената методологија и други видови на методолошки дициплини.

Во делот ***Библиографија*** е приложен список на латиница и на кирилица, како од домашни така и од меѓународни извори, но и список на користени документи.

**З А К Л У Ч О К**

Од приложениот извештај може да се заклучи дека докторската дисертација ***ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУКЦИИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ПО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ПО ТУРСКИ, ПО МАКЕДОНСКИ И ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,*** изработена од м-р Осман Емин, претставува методолошки издржан труд во кој канидатот целосно ги задоволува и ги надминува барањата поставени во Правилникот за критериумите за рецензија за оцена на една докторска дисертација. Претставениот матријал дава можност и за понатамошни истражувања и анализа во рамките на наведената област.

Со оглед на гореобразложеното, ни претставува чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје да му предложиме да го прифати нашиот извештај и кандидатот м-р Осман Емин да го повика на одбрана на својата докторска дисертација под наслов ***ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУКЦИИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ПО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ПО ТУРСКИ, ПО МАКЕДОНСКИ И ПО АЛБАНСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***.

***Рецензентска комисија***

1. Д-р Севин Алил, вонреден професор, с.р.
2. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.
3. Д-р Виолета Димова, редовен професор, с.р.
4. Д-р Назим Ибрахим, вонреден професор, с.р.
5. Д-р Октај Ахмед, вонреден професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФИНАНСИСКИТЕ ИНОВАЦИИ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ И НИВНО ВКЛОПУВАЊЕ ВО ФИНАНСИСКАТА РЕГУЛАЦИЈА”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАРИЈА ГОГОВА САМОНИКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование, член 241 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана 3.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана докторската дисертација со наслов **Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација**, поднесена од кандидатката **м-р Марија Гогова Самоников**.

По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Материјата елаборирана во докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Гогова Самоников на тема *Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација* е презентирана на вкупно 375 страници, во кои се содржани 338 страници основен текст со инкорпорирани табели, графикони и слики, 12 страници воведни и заклучни согледувања и 25 страници на кои се презентирани содржината и користената литература.
Докторската дисертација тематски е структурирана во седум поглавја:

1. Современи компоненти на финансискиот сектор
2. Современо опкружување на финансискиот сектор
3. Современ пристап на финансиските институции кон финансискиот пазар
4. Финансиските иновации како предизвик пред финансиските институции и финансиското работење
5. Финансиска регулација на финансискиот сектор
6. Импликации на финансиските иновации врз финансиската регулација
7. Состојби и трендови во Република Македонија.

Првиот дел кој гласи *Современи компоненти на финансискиот сектор*, претставува теоретска анализа на постојната структура на финансискиот сектор со

елаборација на финансиските институции, инструменти и пазари. При тоа, институциите се претставени номенклатурно, а не според дејноста на која припаѓаат со цел да се разграничат разликите помеѓу институции кои носат слично име, а вршат економски различни функции. Најнапред, кандидатката ги анализира банките, потоа инвестиционите фондови, заедничките фондови и пензиските фондови, продолжува со анализа на берзите, клириншките куќи, дилерските куќи, брокерските друштва и завршува со осигурителните компании. Врз основа на дескрипцијата може да се согледаат одделните карактеристики на субјектите во функционирањето на финансискиот систем. Додека, пак, инструментите се поделени на класични хартии од вредност (акции и обврзници) и финансиски деривати. Посебен акцент во рамките на докторската дисертација е ставен токму на финансиските деривати.

Во вториот дел кој носи наслов *Современо опкружување на финансискиот сектор*, најнапред се дефинирани двата носечки процеса кои влијаат на современото економско работење - глобализацијата и техничко – технолошката индустрија. Во овој дел, кандидатката, покрај дефинирањето на поимите, дава и анализа на факторите (сопственичките права, правниот систем, корупцијата, квалитетноста на информациите, корпоративното управување и супервизијата) чие имплеменирање придонесува за функционирање на системот во целина под дејство на опкружување кое е глобализирано. Осврнувајќи се на поделбата на системите на системи на развиените земји и системи на земјите во развој, кандидатката истакнува дека земјите во развој поголемиот дел од користите и трансформациите ги имаат насочено кон улогата на пазарот на обврзници и ефикасноста на секундарните финансиски пазари во глобалниот пренос на информации и цени. Таа укажува на тоа дека емпириски покажано, позитивните ефекти на глобализацијата сеуште претежно се јавуваат кај развиените економии, а трудот дава и неколку модели на согледување на ефектите од финансиското посредување во глобализирани услови. Од аспектот на техничко – технолошкото опкружување, кандидатката истакнува дека со развојот на техничко – технолошката индустрија, менаџерските тимови сè повеќе сметаат дека одржливост на растот можат да постигнат преку воведување на нови производи и диференцијација на нивните производи преку услугите, со што би се создале организации кои не само што одговараат на пазарните промени, туку и предизвикуваат промени кои би биле во нивна корист.

Во третиот дел на докторската дисертација, кандидатката врши презентирање на *современиот пристап на финансиските институции кон финансискиот пазар*. Најнапред ги дефинира електронските финансии, услужната дејност во финансискиот сектор и финансискиот маркетинг, како засебни пристапи, клучни за работењето на финансиските институции во современо опкружување. Притоа, таа истакнува дека овие три концепти се носечки пристапи кои се развиле како резултат на изменетите барања на побарувачката на финансискиот пазар, а се проследени со константно зголемување на обемот на електронско работење, односно електронско банкарство и електронско тргување меѓу компаниите. Во продолжение, кандидатката укажува на фактот дека електронскиот трансфер и електронското користење на техничко – технолошкиот развој заземаат се поголем удел во функционирањето на финансиските пазари. Институциите на пазарите калкулираат со различните предности кои им ги нудат различните инструменти,

но сепак треба да се има предвид моментот дека некои од тие инструменти се супститути, а некои се комплементарни. Заклучоците покажуваат дека постои конкретно дефинирање на термините, а електронските финансии континуирано се прошируваат. Земајќи предвид дека финанските инструменти и услуги кои им се нудат на корисниците се специфични и по своите карактеристики: рок, употреба, користење, наметнуваат специфична форма на маркетингшка опфатност, за тие да бидат ефективно искористени.

Во четвртиот дел од докторската дисертација насловен како *Финансиските иновации како предизвик пред финансиските институции и финансиското работење,* кандидатката укажува на тоа дека финансиските иновации се јавуваат поради тоа што, покрај депозитите и заемите, како класични банкарски инструменти во финансиското работење, од 80-тите години на минатиот век се среќаваат финансиските деривати. Притоа, таа истакнува дека развојот на системот оди дотаму што денес постојат инструменти кои се покажаа како скапи играчки на современите финансиски пазари - деривати кои се изведени од други изведени инструменти. Финансиските експерти предупредуваат дека ако затворањето на банките продолжи со темпото што го предизвика кризата од 2007 година, би згаснале огромен број на банкарски институции, а институциите за осигурување на депозитите прогнозираат дека целокупните трошоци за чистење на американскиот банкарски пазар во периодот од 2009 до 2013 година би изнесувал 100 милијарди долари. Поради тоа, денес се вршат промени во методите на работење на банкарските институции, како и промени при нивното мерење и рангирање на истите. На крајот на ова поглавје, кандидатката укажува дека сите евидентирани недоследности од изминатиот период покажуваат потреба од активно следење на предизвиците пред кои се поставени финансиските институции во своето работење.

Во петтиот дел од трудот кој носи наслов *Финансиска регулација на финансискиот сектор* се анализирани структурата на регулацијата, моделите и формите на регулацијата, како и потребата од нејзиното постоење. Се разгледуваат разликите во функционирањето на легислативите во развиените земји и во земјите во развој, при што посебен акцент се става на регулирањето на финансиските деривати. Анализата на оваа глава вклучува согледување на слабостите на регулациите и последиците што настануваат како резултат на тие слабости. Посебно, акцентот е ставен на улогата на финансиските иновации во тековните случувања на финансиските пазари. Од тие причини, даден е историски приказ за создавањето на тела и органи кои стојат зад ефикасната и ефективна супервизија на финансискиот сектор. Кандидатаката истакнува дека регулацијата според Financial Crisis Inquiry Commision (2011 година) покажала слабости во пет потточки, и тоа: експанзијата на банкарските активности, долгорочниот менаџмент на капиталот, проширувањето на опсегот на финансиите, зголеменото прифаќање на ризици и растот на финансискиот сектор.

Шестиот дел од трудот насловен како *Импликации на финансиските иновации врз финансиската регулација* претставува заокружување на целината која ги анализира финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции. Во рамките на овој дел, кандидатката ги разгледува влијанијата на иновациите врз финансиската регулација. Таа истакнува дека без разлика на тоа дали се во форма на електронски финансии, во форма на

финансиски деривати или во форма на меѓународно тргување, иновациите стојат пред регулацијата како предизвик. Најнапред, кандидатката ги истражува електронските финансии од аспект на нивното дефинирање, појава, дејствување, како и промените од аспект на финансиското регулирање. Осврнувајќи се на дериватите како предизвик пред финансиската регулација, таа ги анализира законските акти согласно со кои тие функционираат. Разработката на делот од истражувањето, посветен на меѓународното тргување како предизвик пред регулацијата се однесува на банкарскиот сектор и го истражува работењето според Базелските стандарди и спогодби. Истражувањето е посебно насочено на Базел III стандардите, нивната имплементација и влијание врз економијата.

Седмиот дел од трудот насловен како *Состојби и трендови во Република Македонија* го сублимира предметот на интерес на овој труд на примерот на Република Македонија. Најнапред, кандидатката накратко се осврнува на работењето и надлежностите на некои позначајни финансиски институции вклучени во финансиската регулација во Република Македонија. Во врска со финансиското опкружување и средина на работа на финансиските институции во Република Македонија, кандидатката укажува дека банкарскиот систем и одделните банки се релативно отпорни на влијанието на претпоставените шокови. Во однос на пристапот во работењето, кандидатката укажува дека постои тенденција на усогласување со светските стандарди, македонскиот пазар, сам по себе, не овозможува следење на светските текови. Чекорот на развој има тенденција на следење на електронските унапредувања на системите, но од аспект на услугите и инструментите кои пазарот и институциите ги нудат, Република Македонија е се уште на базично ниво. Осврнувајќи се на регулацијата, кандидатката анализира два домена - домен на регулирање на финансиските институции и домен на регулирање на финансиските активности. Во врска со иднината на финансискиот пазар и регулацијата во Република Македонија, кандидатката прави истражување, поточно повеќекратна корелација на бројот на годишни регулативни промени и нивото на промет на берзата, со извозот во Македонија. Ваквиот избор на варијабли е направен за согледување на поврзаноста на регулацијата со развојот на македонската економија. Секако дека ова истражување е парцијално и вклучува дел од факторите за развој на една економија. Резултатите од истражувањето покажуваат дека менувањето на законите е под влијание на тргувањето на берзата и нивото на извоз, при што ова влијание е поизразено помеѓу извозот и промените на законските акти.

**Оцена на докторската дисертација и предлог**

Врз основа на читањето на дисертацијата, Комисијата ги дава следниве оцени:

- Докторската дисертацијата на тема *Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација* обработува актуелна проблематика од областа на финансиите кое ја истакнува важноста на финансиските иновации како предизвик во работењето на современите финансиски институции и потребата од нивно финансиско регулирање.

- Од методолошки аспект, кандидатката користела релевантни методи врз основа на кои дошла до релевантни заклучоци и ставови за обработената тема.

- Темата е обработена на концизен начин, при што кандидатката користела релевантна домашна и странска литература.

- Презентираната структура на докторска дисертација ја остварува својата основна цел, а тоа е врз основа на анализа на современите пристапи и методи во работењето на финансиските пазари и институции, да го истакне значењето на финансиските иновации во структурата на финансиските инструменти и да укаже на потребата од нивно соодветно регулирање во рамките на финансиската регулација на целокупниот финансики систем.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација на тема ***Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација*** и
2. да ѝ одобри на кандидатката м-р Марија Гогова Самоников јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија за оцена и одбрана**

Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.

Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

Проф. д-р Горан Петревски, с.р.

Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 29.11.2013 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Соња Бошковска | Постапување по претставки и предлози од страна на органите на управата во Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Петранка Анѓелевска | Ефикасноста на менаџмент практиките во компаниите за животно осигурување | Д-р Димитар Гелев |
| Дијана Филимановска | Ликвидност на банките | Д-р Димитар Гелев |
| Наташа Стефановска | Спортско право и правна регулација на спортското обложување во светски рамки | Д-р Димитар Гелев |
| Цветанка Ивановска | Меѓународни правила за стечајна постапка | Д-р Димитар Гелев |
| Елена Костадиновска | Користењето на хипотеката за обезбедување на банкарските побарувања | Д-р Димитар Гелев |
| Сања Минкова | Спецификите на поделената моќ во органот на управување како модел на корпоративна контрола | Д-р Александар Климовски |
| Владимир Трајковски | Економска анализа на договорното и отштетното право со посебен акцент на македонското право | Д-р Ванчо Узунов |
| Синиша Вељаноски | Говорот на омраза во религискиот дискурс | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Лолита Хасани | Политиката на проширување на Европската унија и социјалната инклузија на ромите | Д-р Татјана Петрушевска |
| Шпенд Фидани | Казненоправен аспект | Д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | на лажирање спортски натпревари | |
| Борка Костова | Влијанието на релевантните околности врз одмерувањето на казната во македонската судска практика | Д-р Александра Деаноска трендафилова |
| Биљана Видеска Димитрова | Арбитрабилноста во меѓународното арбитражно право | Д-р Тони Дескоски |
| Петар Димитров | Правен субјективитет и системи на регистрација на трговските друштва - споредбен приод | Д-р Елена Градишки-Лазаревска |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Емилија Китановска | Концептот на признавање на културната различност на Чарлс Тејлор и македонското мултикултурно општество | **доц.д-р Јорданка Галева** |
| Горан Андонов | Геополитичкото значење на државите од јужнокавкаскиот регион во меѓународните односи | **доц.д-р Јорданка Галева** |
| Ана Амбаркова | Преку стратегиски менаџмент на правата од интелектуална сопственост до зголемување на конкурентност кај малите и средните претпријатија | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Кристина Костовска | Апсолутни и релативни причини за одбивање на пријавата на трговската марка во Република Македонија и во Европската унија | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| | | |

# П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана на 28.11.2013 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Виолета Видоевска | *Примена на бионички методи, традиционални технологии и современи трендови во дизајн на иновативен концепт на уред за подготовка на храна* | Проф. д-р Софија Сидоренко |
| Ивана Мишиќ | *Дефинирање на обликот на монтажни објекти за живеење со примена на бионички методи* | Проф. д-р Софија Сидоренко |
| Мартин Петрески | *МИГ/МАГ заварување со полна и полнета жица на конструктивен челик* | Проф. д-р Добре Рунчев |
| Борче Василевски | *Истражување на техничките аспекти на ремонтните работи кај котелски постројки* | Вон. проф. д-р Ристо Филкоски |
| Сашо Димковски | *Подобрување на перформансите на гаснотурбинските постројки на природен гас во когенеративни циклуси со примена на математички модели* | Проф. д-р Славе Арменски |
| Страхил Панев | *Топлински пумпи како обновлив извор на енергија и нивна примена во Република Македонија* | Проф. д-р Ристо Цицонков |
| Мичо Георгиевски | *Истражување на влијанието на технолошките параметри при бризгање на пластични материјали во насока на подобрување на дизајнот на производот* | Проф. д-р Јасмина Чалоска |
| Билјана Настоска | *Врвниот менаџмент и определување на перформансите во претпријатието во насока на забрзан технолошки раз* | Проф. д-р Атанас Кочов |
| Стојанче Милевски | *Вибродинамичка состојба на машините во функција од проактивно одржување* | Вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски |

ПРЕГЛЕД
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА
НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
ЗА УЧЕБНАТА 2012/2013 ГОДИНА

| Ред. бр. | Име на кандидатот | Наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Евгенија Кироска-Петреска | „Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавно здравствен сектор во РМ за примена на стандардот ИСО-15189-2012“ | Проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска |
| 2. | Д-р Александра Шопова | „Знаење, свесност и верувања за хуман папиломавирусите и хуман папиломавирус вакцината кај популацијата во Република Македонија“ | Проф. д-р Розалинда Исјановска |
| | | | |
| 1. | Мери Шапуриќ | "Орално-здравственото однесување и стоматолошка здравствена заштита на постарите лица во Република Македонија-превентивни аспекти" | Проф д-р Фимка Тозија |
| 2. | Сања Димовска-Саздовска | " Евалиација на алгоритамот за скрининг на колоректален карцином во Република Македонија " | Проф.д-р Драган Ѓорѓев |

# П Р Е Г Л Е Д
## на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 31.10.2013 година.

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Даниела Лазарова, дипломиран инженер по хемија | „ЦЕЛУЛАРНО И ПЛАЗМЕНО НИВО НА ОКСИДИРАНИ ПРОТЕИНИ КАКО РИЗИК ФАКТОРИ ВО ПРОГРЕСИЈАТА НА АТЕРОСКЛЕРОЗНИОТ ПРОЦЕС“ | - д-р Јасмина Димитрова-Шумковска, доцент на ПМФ – Скопје. |
| Марјан Матракоски, дипломиран професор по географија | „ТЕМАТСКИ АТЛАС НА ПРИРОДНИТЕ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАРИОВО“ | - д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Владимир Златаноски, дипломиран професор по географија | „ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ НА ВЕШТАЧКИТЕ АКУМУЛАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Благоја Маркоски , редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Славица Мирчевска, дипломиран инженер по математичка економија | „МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ И ОПТИМИЗАЦИЈА, ПРИМЕНА КАЈ МОДЕЛИ НА ЗАЛИХИ СО ДЕЛУМНО ЗАОСТАНУВАЊЕ НА НАРАЧКИТЕ“ | - д-р Ирена Стојковска, доцент на ПМФ – Скопје. |
| Александра Арсовска, дипломиран професор по математика | „ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА СО КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ПРИМЕНА НА КОМПЈУТЕРСКИОТ ПРОГРАМ GeoGebra ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА СОДРЖИНИ НА АНАЛИТИЧКА ГЕОМЕТРИЈА“ | - акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Валентина Стојчевиќ, дипломиран професор по математика | „КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА ФУНКЦИИ“ | - акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Дејан Стефановски, дипломиран инженер по хемија | „СПОРЕДБА НА ПРОТЕИНСКИТЕ ПРИМАРНИ СТРУКТУРИ НА НЕКОИ АМИЛАЗИ“ | - д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Зорица Рајчановска, дипломиран инженер по хемија | „РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА МЕТОДИ ЗА ЕКСТРАКЦИЈА СО СОРПЦИСКА МЕШАЛКА, ТЕРМАЛНА ДЕСОРПЦИЈА И ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНОХЛОРНИ ПЕСТИЦИДИ ВО ПОВРШИНСКИ И ПОДЗЕМНИ ВОДИ“ | - д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата шеста седница одржана на 8.11.2013 година, со решение бр. 02 - 2309/3, од 20.11.2013 година, одреди членови на Рецензентската комисија во состав: д-р Лазар Сиваков, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Весна Рафајловска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Ѓорѓи Мартиновски, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за преглед и оцена на наставно-образовните**,** научноистражувачките и други активности, пристигнати на конкурсот за избор во звањето редовен професор во научната област преработка на овошје и зеленчук, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Врз основа на распишаниот конкурс во дневните весници „Дневник” и „Коха” од 25.10.2013 година, од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Комисијата ги разгледа поднесените документи и констатира дека за избор на еден наставник во сите научно-наставни звања во научната обаст преработка на овошје и зеленчук се пријави само кандидатката д-р Љубица Карлакшова, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Д-р Љубица Каракашова е родена на 26.7.1961 година во с.Челошево, Велес. Основно образование завршила во своето родно место, а средно техничко-технолошко училиште во Велес со одличен успех.

На Земјоделскиот факултет, лозаро-овоштарска насока се запишала во 1980/1981 година, а дипломирала во 1985 година со среден успех 8,30.

По дипломирањето во1986 година, се вработила во АД “Лозар” - Велес.

Во 1989 година се вработила како помлад асистент по предметот **преработка на овошје и зеленчук** на Земјоделскиот факултет во Скопје, а во 1992 година е преизбрана во истото звање. За време на студиите била активно вклучена во Студентската организација и нејзиното раководство.

На постдипломски студии на Земјоделскиот факултет, група овоштарско производство се запишала во учебната 1991/1992 година. Магистерскиот труд под наслов ***Технолошка постапка за добивање на кашест сок од одделни сорти кајсии*** го одбранила на 29.11.1996 година.

Во 1997 година е избрана за асистент по предметот **преработка на овошје и зеленчук** на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Докторската дисертација под наслов ***Соларно сушење на кајсии*** ја одбранила на 19.11. 2003 година на Земјоделскиот факултет во Скопје. На 26.2.2004 година избрана е за доцент по предметот **преработка на овошје и зеленчук** на Земјоделскиот факултет во Скопје, а на 26.2.2009 година избрана е за вонреден професор, каде што се наоѓа и сега.

Д-р Љубица Каракашова има учествувано на меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси од областа на преработката и овоштарството, одржани во земјата и во странство.

Во периодот 1997 - 2013 година учествувала во следниве дејности:

- како раководител или член на тимот има учествувано во реализација на повеќе научноистражувачки проекти во областа на преработката и овоштарството, финансирани од владини, невладини и странски институции;

- активно учествува во работата на владините и невладините организации кои дејствуваат во областа на земјоделството и прехранбениот сектор;

- била претседател на Здружението за производство, преработка и стандардизација (на овошје и зеленчук) на Република Македонија;

- учествува во изготвувањето на Правилникот за начинот на вршење на инспекциски надзор и сертификација на увоз, извоз и внатрешен пазар на свежо овошје и зеленчук при Министерството за здравство на Р. Македонија**;**

- во 2008 година учествувала во програмата за пазарни, советодавни и комерцијални совети и услуги во IFAD-проектот, со успешно изведување на предавања и обуки за соларно сушење на овошје и зеленчук на инвидуални земјоделски производители;

- активно учествувала во стручни и апликативни дејности, како и во изработка на елаборати за повеќе производни погони;

- остварува активна соработка со производителите и преработувачите на овошје и зеленчук и со повеќе здруженија од областа на земјоделството и прехранбениот сектор, каде што има спроведено повеќе стручни предавања;

- изготвување и пријавување на предлог-национални проекти за: распределба на средства за финансирање на годишните програми за научноистражувачка дејност на јавните научни установи за 2010 година, при МОН, под наслов: Контрола на квалитет на суровина од растително потекло, полупреработки и финални производи, носител; финансирање на проекти од областа на растителното и сточарското производство и општите мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година,

при МЗШВ, под наслов: Примена на соларното сушење за преработка на овошје и зеленчук, носител; развојно-истражувачки проект при МОН, под наслов: Утврдување на условоте за пакување на маслинки со примена на модифицирана атмосфера, носител; распределување на сретства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности на животната средина за 2013 година, под наслов: Искористување на алтернативни извори на енергија со примена на соларни сушници, носител; распределување на сретства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности на животната средина за 2013 година, под наслов: Соларно сушење на овошје, зеленчук, лековити и ароматични растенија, носител;

- од 2009 година е раководител на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук;

- член на факултетската Комисија за втор циклус студии на ФЗНХ од 2010/2011 година;

- член на Комисија за издавачка дејност;

- координатор на студиската програма квалитет и безбедност на храна, Институт за храна, втор циклус студии од 2010/2011 година;

- член на Стручна комисија за спроведување на постапка за регистрирање на заштитни ознаки на потекло-„Охридска цреша” – МЗШВ, Решение бр. 11-11022/2, 18.12.2012;

- член на Стручна комисија за спроведување на постапка за регистрирање на заштитни ознаки на потекло-„Валандовско бело зимско” - МЗШВ, Решение бр. 11-11023/2, 18.12.2012;

- член на работна група за дефинирање на приоритетни земјоделски и прехранбени производи за заштита на географските и традиционалните називи, Решение бр. 08-сл.10.2013, МЗШВ;

Д-р Љубица Каракашова има учествувано во повеќе работилници и посетувала обуки:

- обука за имплементатор за HACCP, со активно учество во имплементирање на системот во повеќе производни погони;

- 2008, обука: „Training Course for internationalization of companies from food processing industry” организирано од италијанското Министерство за економски развој, за што се стекнува со диплома;

- 2011 – Обука за следниве теми: Food Safety System, Modified Atmosphere Packaging: Science & Technology for Food Applications, одржан (28. – 29.11.) од проф. д-р Јохан Клас, проф. д-р Лин Ван Кампенхот и м-р Пеги Маес, одржан во Стопанската комора на Македонија, во склоп на проектот под наслов: Quality and food safety systems in the fruit and vegetables food chain in Macedonia, поддржан од Стопанската комора на Македонија и Фламанската влада од Белгија;

- 2012 – присуство на работилница – Workshop for Food Safety for the Region of South-East Europe, одржана на 17 и 18 мај 2012 година, во Скопје, како меѓународна конференција за безбедност на храна, проект во организација на Балкан Нет, Скопје, со

финансиска поддршка на Michel Institut (GIZ) и партнерите Институт за јавно здравје, Скопје, Македонија и Стопанска комора на Србија;

- 2012 – присуство на работилница – Workshop for Food Safety in Practice for the Region of South-East Europe, одржана на 29 и 30 ноември 2012 година, во Будва, како меѓународна конференција за безбедност на храна, проект во организација на Балкан Нет, Скопје, со финансиска поддршка на Michel Institut (GIZ) и партнерите Институт за јавно здравје, Скопје, Македонија и Стопанска комора на Србија.

Д-р Љубица Каракашова се служи со англискиот, рускиот и со јазиците од поранешните југословенски простори . Покажува и солидни компјутерски познавања на Мајкрософт офис (програми: Word, Excel и PowerPoint**)**.

Во изминатиов период, активно е вклучена во наставно-образовната, педагошката, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на Катедрата за овоштарство и преработка.

**Наставно–образовна и педагошка дејност**

Д-р Љубица Каракашова со успех ја изведува наставата предвидена со наставните програми по предметите:

- во периодот од 1990 до 2004 - вежби по предметите: преработка на овошје и зеленчук на лозаро-овоштарската, градинарско-цвеќарската и општата насока и предметот стандардизација и чување на овошје и зеленчук. Активно учество во изведувањето на теренска настава и коловиуми;

- во периодот од 2004 до 2009 - вежби и колоквиуми по предметите: основи на прехранбена технологија, на агроекономската насока; познавање на овошјето, чување на овошје и зеленчук и преработка на овошје и зеленчук, на насоката прерабока на земјоделски производи; стандардизација и чување на овошје и зеленчук и преработка на овошје и зеленчук, на лозаро-овоштарската насока; складирање и чување на земјоделски производи, на насоката екоземјоделство. Изведување на предавања, вежби, теренска настава и колоквиуми по предметите: производство на безалкохолни пијалаци и преработка на зеленчук, на насоката преработка на земјоделски производи; стандардизација на земјоделски производи на агроекономската насока, преработка на земјоделски производи, на насоката екоземјоделство; преработка на зеленчук и овошје, на градинарско-цвеќарската насока и производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци, на лозаро-овоштарската насока;

- во текот на 2009 година – предавања, вежби, колоквиуми и теренска настава по предметите: чување на овошје и зеленчук, насока: преработка на земјоделски производи; производство на безалкохолни пијалаци, насока: преработка на земјоделски производи; преработка на овошје, вежби, насока: преработка на земјоделски производи; преработка на зеленчук, насока: преработка на земјоделски производи; складирање и чување на земјоделски производи, насока: екоземјоделство; стандардизација и чување на овошје и зеленчук, вежби, лозаро-овоштарска насока; производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци, лозаро-овоштарска насока; преработка на зеленчук и овошје, вежби,

градинарско-цвеќарска насока; познавање на овощјето, насока: преработка на земјоделски производи;

- Од 2010 година учество во реализирање на настава на предметите предвидени според студиските програми: чување на овошје и зеленчук, 2010 – 2012 насока: преработка на земјоделски производи; производство на безалкохолни пијалаци, насока преработка на земјоделски производи; преработка на овошје, насока преработка на земјоделски производи; преработка на зеленчук насока преработка на земјоделски производи; складирање и чување на земјоделски производи, 2010 - 2012, насока еко земјоделство; преработка на земјоделски производи, 2010 – 2012, насока еко земјоделство; основи на прехранбена технологија, насока агроекономска; стандардизација на земјоделски производи, 2010 - 2012, насока агроекономска; стандардизација и чување на овошје и зеленчук, 2010 - 2012, насока лозаро-овоштарска; преработка на овошје и зеленчук, насока: лозаро-овоштарска; производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци, насока лозаро-овоштарска; преработка на зеленчук и овошје, насока градинарско-цвеќарска; познавање на овощјето, насока преработка на земјоделски производи; функционална храна, од 2011, насока преработка на земјоделски производи-анимални преработки и насока: квалитет и безбедност на храна; сензорски својства на храната, од 2012, насока преработка на земјоделски производи-растителни преработки и насока квалитет и безбедност на храна; преработка на овошје и зеленчук, насока квалитет и безбедност на храна.

Од 2010 - учество во изведување на настава на едногодишни и двегодишни студии, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, за втор циклус студии на ФЗНХ, на следните предметите: преработка на овошје и зеленчук – одбрани поглавија, модул: микробиологија; стабилизација на храна, модул: квалитет и безбедност на храна; преработка на овошје и зеленчук – напредни поглавија, модул: преработка на овошје и зеленчук; квалитет на преработки од овошје и зеленчук, модул: преработка на овошје и зеленчук, -складирање и чување на овошје и зеленчук, модул: квалитет и безбедност на храна; преработка на овошје и зеленчук – непредни поглавија, модул: преработка на овошје и зеленчук и сензорски својства на храната

Д-р Љубица Каракашова за потребите на предметите кои се во склоп на новите студиски програми за прв и втор циклус на студии, успешно ги подготвува предавањата, согласно предложената и усвоената акредитирана студиска програма. За успешно следење на наставата за потребите на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна, автор е на следните интерни скрипти и учебни помагала: интерна скрипта Производство на безалкохолни пијалоци, ФЗНХ, Скопје, 2008; интерна скрипта Практикум по преработка на овошје и зеленчук, ФЗНХ, Скопје, 2009; интерна скрипта – Практикум по преработка на овошје и зеленчук, ФЗНХ, Скопје, 2009; интерна скрипта Преработка на зеленчук, ФЗНХ, Скопје, 2009; интерна скрипта Преработка на овошје, ФЗНХ, Скопје, 2010; интерна скрипта Стандардизација на земјоделски производи, ФЗНХ, Скопје, 2010; позитивно рецензирано учебно помагало Практикум по "Преработка на овошје и зеленчук", за студиски програми: преработка на земјоделски производи-растителни преработки, овоштарство со лозарство, градинарство и цвеќарство, квалитет и безбедност на храна, при ФЗНХ, рецензија во Билтен бр.1032 стр.111, 31.5.2012 и во Билтен бр.1033 стр.280, 15.6.2012; интерна скрипта Сензорски својства на храната, ФЗНХ, Скопје, 2013; интерна скрипта Стабилизација на храна, за втор циклус студии, ФЗНХ, Скопје, 2013;

текст „Соларно сушење на кајсии во Македонија”, објавено во списание „Моја земја”, јуни, 2011.

Кандидатката д-р Љубица Каракашова учествувала во изведување на предавања во училишта и работилници, на кои одржала предавања на следните теми: „Соларно сушење на одделни сорти пиперка” одржано согласно Програмата за советување (работилница за производство на пиперки за преработка, 2009, Струмица; „Преработка на овошје и зеленчук”, во склоп на летен академски курс за Традиционална храна и пијалоци од земјата на Сонцето, во организација на БЕСТ (Борд на Европски студенти по технологија), Скопје, Јули, 2012; „Соларно сушење на овошје и зеленчук”, на семинар АгриБисфорум, одржан на 11 и 12. 04. 2012, на Факултет за земјоделски науки и храна, во организација на АИСЕК; Скопје, студентска организација со интернационална платформа; „Традиционална храна”, во склоп на семинар на тема „Традиционално знаење и практики за одржливост за искористување и заштита на дивиот и култивираниот растителен диверзитет во Источна Македонија и Западна Бугарија” според Проектот “Traditional knowledge for sustainability - a cross-border network for utilization and protection of wild and cultivated plant diversity of East Macedonia and South-West Bulgaria” финансиран од IPA CBC, програма со број 2007CB16IPO007-2011-101, одржано на 11, 12, 13 јануари, 2013, во Пробиштип; „Искористување на бесплатна сончева енергија во соларни сушници”, во склоп на проект Здрава храна, здрава младина, одржано на 21.03.2013, Средно училиште „Панче Арсовски”, Скопје

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Љубица Каракашова била ментор на: 35 дипломски труда, 2 завршени магистерски труда и 6 кои се во фаза на изработка, како и ментор на 4 докторски дисертации кои се во фаза на изработка. Учествува како член на комисија за оцена или одбрана на: 5 теми на дипломска работа и на 7 теми на магистерски трудови.

Во периодот од 2003 до 2013, д-р Љубица Каракашова учествувала како раководител или член на тим, во реализирање на повеќе научноистражувачки проекти од областа на преработката и овоштарството, финансирани од домашни и странски, владини и невладини институции. Кандидатката била раководител во реализација на следните проекти: New product development- Stuffes peppers with cream cheese, 2004 година, Land O' Lakes, Inc./ Македонија; New product development - Sun dried tomato in olive oil, 2004 година, Land O' Lakes, Inc./ Македонија; Советодавен пакет слива во областа на земјоделството, Пехчево, финансиран од MAASP, Скопје, 2006; Советодавен пакет јаболко во областа на земјоделството, Гостивар, финансиран од MAASP, Скопје, 2006; Учествувала како член од тимот во следните проекти: Соларно сушење на овошјето (2002-2004), финансиран од Министерство за образование и наука на Р. Македонија; Comparative investigations of some berry fruits in Republic of Macedonia and Republic of Croatia, 2006 - 2008, финансиран од Министерство за образование и наука на Р. Македонија; „Не биди фосил користи го сонцето” организиран од Движење на екологистите на Макединија, а финансиран од Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија; „Проучување на автохтониот генофонд круши во Р. Македонија”, пријавен во МЗШВ, согласно Програма за финансиска подршка

во земјоделството за 2009 година; „Автохтониот генофонд круши во Р. Македонија”, пријавен во МЗШВ, согласно Програма за финансиска подршка во земјоделството за 2010 година, заверено под бр. 07-3891, од 17.05.2010; меѓународен научен проект, под водство на НАТО (NATO), Advanced Training Course “Food Safety and Security-Rapid detection methods, policy making and emergency response”, одржан во Белград, Србија, 2009; проект под наслов „Сушење на земјоделски производи со енергија од сончевото зрачење”, под водство на CeProSARD: “Промоција на одржливо фармерство и енергетски практики во заедници на Република Македонија, 2009 година, меѓународен научен Темпус проект, под наслов: „Improvement and Establishment of Biotechnology in Higher Education”, Tempus IV, ETF-JP-00295-2008, 2009 - 2011; национален проект под наслов „Секторски маркетинг план за извоз на преработено овошје и зеленчук”, организиран од страна на Македонија-експорт, USAID AgBiz Program, CBI-ministry of Foreign Affairs of Netherland и Инвест Македонија, во склоп на кој беа одржани работилници (2012 - 2013), со цел изработка на стратегија за проширување на извозните пазари и подобрување на маркетингот на преработките од овошје и зеленчук.

Во периодот од изборот за вонреден професор до сега, кандидатрката д-р Љубица Каракашова во соработка со други автори има објавено 1 труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир, 15 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и 10 апстракти објавени во зборник на меѓународни конференции. Во овој период има учествувано на 8 меѓународни научно/стручни собири, 3 усни презентации и со 5 постер презентации.

**Стручно-апликативна дејност**

Д-р Љубица Каракашова е активна во стручно-апликативната работа. Учествува во изработка на елаборати за повеќе производни погони. Активно соработува со производителите и преработувачите на овошје и зеленчук и со повеќе здруженија од областа на земјоделството и прехранбениот сектор каде што има спроведено повеќе стручни предавања.

Во периодот од избор за вонреден професор учествувала во следниве стручно-апликативни дејности: рецензент на предлог на развојно-истражувачки проект под наслов: “Ефекти од тостирањето и екструдирањето врз подобрување на нутритивната вредност на сачмата од маслена репица”, пријавен во Министерството за образование и наука, 2010; рецензент на предлог на развојно-истражувачки проект под наслов: “Добивање на етерични масла од Thymus vulgaris L., Juniperus communis L. и Evernia Prunastri (L) Ach со примена на дестилација со водена піреа”, пријавен во Министерството за образование и наука, 2010; рецензент на предлог на развојно-истражувачки проект под наслов: “Развој и имплементација на мерки за почисто производство во индустрија за производство на сточна храна”, пријавен во Министерството за образование и наука, 2010; предсетател на оценувачка комисија на 49 Државен натпревар на млади истражувачи од Република Македонија, во областа агротехника, Штип, 2013; член на оценувачка комисија на 50

**Јубилеен** државен натпревар на млади техничари и природници од Република Македонија, во областа агротехника, Пробиштип, 2013; учество во организирање и спроведување на активности при еднодневна посета на проф. Јохан Клас, од Katholieke Hogeschool Kempen, Kempen University Collage, од Гил, Белгија, (30.11.2011), реализирано во Ректорат, УКИМ и на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, во склоп на кои беа реализирани состаноци и беа одржани предавања од проф. д-р Јохан Клас на следниве теми: Претставување на Kempen University Collage, Гил, Белгија, нивна соработка со индустријата и искуства за финансирање на истражувањата од страна на Фламенската влада; Правци и приод кон истражувањата кои Kempen University Collage, Гил, Белгија, ги следи во соработка со индустријата и со други научни институции; Рок на употреба и пакување со модифицирана атмосфера на прехранбени продукти; Текстура на храна: што е тоа? Зошто е важна? Наши истражувања на тема. На предавањата присуствувале студенти од прв и втор циклус на студии, претставници од други научни и истражувачки институции, други факултети и претставници од компании од прехранбената индустрија; ангажираност како предавач на втор циклус студии, при економскиот институт, УКИМ, Скопје, Македонија, од областа на агробизнисот, предмет: Квалитет и стандардизација, (летен семестар) 2009.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за досегашната активност и постигнатите резултати на пријавената кандидатка, Рецензентската комисија констатира дека д-р Љубица Каракашова, во текот на изминатиот период од изборот за вонреден професор, покажала забележителна активност како во однос на извршувањето на своите наставно-образовни обврски на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, така и во однос на своето научно усовршување, со стручна и апликативна дејност во истражувањата од научен и поширок интерес.

Д-р Љубица Каракашова во целост ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за избор во повисоко звање. Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Љубица Каракашова да биде избрана во звањето редовен професор во научната област **преработка на овошје и зеленчук**.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Лазар Сиваков, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.
2. Д-р Весна Рафајловска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, с.р.
3. Д-р Ѓорѓи Мартиновски, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
1. Текстот на ракописот „Меѓународно приватно право - практикум“, од авторите проф. д-р Тони Дескоски и м-р Вангел Доковски, опфаќа текст од 400 страници, компјутерски обработен и прегледно систематизиран во три дела (прв дел – практични примери и случаи, втор дел – законски одредби со кои се регулира меѓународното приватно право во Република Македонија и трет дел – судска практика).

Авторите во првиот дел од практикумот, имаат составено повеќе од 200 примери и случаи, во кои се обработени составните делови на предметот на меѓународното приватно право. За полесна систематизација на текстот, примерите и случаите се поделени во шест вежби: прва вежба, која се однесува на воведните напомени за меѓународното приватно право; втора вежба, која се однесува на државјанството и правната положба на странците; трета вежба, која се однесува на правната положба на странците; четврта вежба, која се однесува на воведот во судирот на законите; петта вежба, која се однесува на точките на врзувањето за одделните видови на граѓанскоправни односи со странски елемент и шеста вежба, која се однесува на меѓународното приватно процесно право.

Законските одредби кои се составен дел на позитивното меѓународно приватно право, на систематичен начин се обработени во вториот дел од практикумот. При тоа, авторите покрај основниот системски закон – Законот за меѓународно приватно право на Република Македонија даваат приказ на сите одредби содржани во останатите закони кои претставуваат извори на меѓународното приватно право во Република Македонија. За поголема прегледност и олеснување на користењето со изворите на меѓународното приватно право, авторите ги систематизираат законите во неколку групи, и тоа: закони кои содржат колизиони норми, закони кои содржат норми за граѓанскопроцесните односи со странски елемент и употреба на јавните исправи во странство, закони кои содржат норми од областа на државјанството и припадноста на правните лица и закони кои содржат норми за правната положба на странците. Како последен законски текст, даден е интегралниот текст на Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија.

Судските одлуки донесени од страна на судовите на Република Македонија, авторите ги поместуваат во третиот дел од практикумот, во кој се содржани одлуки на судови на Република Македонија.

2. Практикумот дава приказ на меѓународното приватно право на систематичен начин, при што авторите користат нов пристап кон обработка на

проблематиката на оваа научна дисциплина. При изработката на практичните случаи и примери, очигледен е аналитичкиот пристап на авторите кон обработената проблематика и внимателноста при нивната изработка. Авторите на тој начин овозможуваат уште при изучувањето на теоретскиот дел на меѓународното приватно право, кој самиот по себе е комплексен, да се примени и знаењето врз хипотетски ситуации. Композицијата, систематиката и стилот на текстот на овој практикум недвосмилено укажува на тоа дека станува збор на коавтори кои подолго време работеле на нов пристап кон изучувањето на позитивното право, заради што и текстот на практикумот е целосно воедначен.

Практикумот по начинот на кој е изработен ги задоволува стандардите за успешен универзитетски ракопис, кој по сите параметри е сличен со водечките практикуми од престижните универзитети од светот. Од квалитетот на текстот на практикумот произлегува и неговата вредност како современо учебно помагало кои ќе им користи на сите кои сакаат продлабочено да се запознаат со проблематиката на меѓународното приватно право. На тој начин, практикумот непосредно ќе помогне при изведување на наставата од меѓународното приватно право, при што студентите ќе имаат можност да го изучуваат меѓународното приватно право според етаблираните светски стандарди.

Врз основа на читањето на понудениот текст и она што како оцена го истакнав во оваа рецензија, ***имам посебна чест и задоволство да му препорачам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, ракописот „Меѓународно приватно право - практикум“, од авторите проф. д-р Тони Дескоски и м-р Вангел Доковски, да се печати како универзитетско учебно помагало.***

Рецензент
Проф. д-р Горан Коевски, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 193/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 123/2012, 15/13 и 24/13), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 250/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 7. 11. 2013 година, донесе решение за избор на 1 научен работник по предметот АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА, во согласност со конкурсот од 10.10. 2013 година и формираше РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА во состав:

1. проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател
2. проф. д-р Зорка Николова Тодорова
3. проф. д-р Ордан Нојков
4. проф. д-р Никола Јанкуловски
5. проф. д-р Илија Пангoвски.

По увидот во документацијата за пријавените кандидати, и тоа**: науч. сор. д-р Билјана Ширгоска**, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Науч. сор. д-р Билјана Ширгоска**

### *1. Биографски податоци*

Д-р Билјана Ширгоска е родена 1963 година во Скопје, Република Македонија. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1982/83 година, а дипломирала во 1988 година со средна оценка 8,88. Истата година се запишала на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

По изведувањето на задолжителниот лекарски стаж во 1991 година се вработила на Клиниката за уво, нос и грло, Клинички центар во Скопје. Од 1992 до

1996 година специјализирала анестезиологија, реанимација и интензивно лекување на Хируршките клиники во Скопје.

Работи на Универзитетската клиника за уво, нос и грло, во Скопје, како раководител на Одделот за анестезија.

### *2. Наставно-научна дејност*

Во практичната настава по анестезиологија со реанимација за студентите по медицина, стоматологија, како и на Вишата школа за рендген-техничари се вклучила во 2002 година со изборот за асистент по предметот анестезиологија со реанимација. Повторно е избрана е во 2006 година.

Во звањето научен соработник е избрана во јуни 2009 година од, кога ја започнува и наставната дејност по предметот анестезиологија со реанимација во склоп на наставата на тригодишните студии за медицински сестри и рендген-техничари. Учествува во наставната дејност по предметите: анестезија со реанимација, ургентна медицина, прва помош и здравствена нега за студентите од прв, втор и трет циклус студии, и тоа за студентите по општа медицина и стоматологија, за специјализантите по анестезиологија со реанимација и специјализантите по семејна медицина, како и за студентите на тригодишните студии за медицински сестри и рендген-техничари.

Учествува во континуираната медицинска едукација на симпозиуми, школи, работилници и стручни состаноци како предавач и организатор. Била поканет предавач на интернационални конгреси и симпозиуми.

Член е на испитни комисии за специјалистички испит по анестезиологија со реанимација и за специјалистички испит по семејна медицина. Ментор е на специјалистички и дипломски трудови.

### *3. Научноистражувачка активност*

Во 1999 година, д-р Билјана Ширгоска го одбранила магистерскиот труд под наслов: "Компаративна анализа на ефектот на натриумнитропрусид и нитроглицерин врз времето на крвавење".

Во 2005 година ја одбрани својата докторска дисертација под наслов: "Влијание на некои анестетици и NO-донори преку системот на азотен моноксид кај пациенти во општа анестезија".

Своето долгодишно научноистражувачко работење го изнесува во досега рецензираните 98 научноистражувачки и стручни трудови публикувани во домашни и во странски списанија, зборници на трудови и апстракти. Трудовите се рецензирани во билтените на Универзитетот, и тоа: 3 труда во Билтен бр. 692/1997, 11 труда во Билтен бр. 776/2001, 4 труда во Билтен бр. 811/2002, 7 труда во Билтен од 2006 и 8 труда во Билтен бр. 958 од 2009 година на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. 65 труда се рецензирани во Билтен бр. 1047/ 2013 година.

Приложени се и нови 19 труда објавени во научни стручни списанија, референтни списанија, популарни списанија и зборници на трудови.

Коавтор е на книгата: "Анестезиологија со реанимација", за студенти и специјализанти, објавена во 2006 година од Катедрата за анестезиологија со реанимација, а реиздадена 2013 година.

Автор е на учебникот “Хипотензивна анестезија”, коавтор на учебникот “Основни принципи на функционалната ендоскопска хирургија на параназалните синуси”, како и автор и коавтор на книги и прирачници за КМЕ од областа на анестезиологијата и оториноларингологијата.

Од јули 2000 до јули 2003 година, како соработник – истражувач, работела на проектот: “Предизвикување на бескрвно оперативно поле во оториноларинголошката хирургија”, одобрен од Министерството за наука на Република Македонија, а презентиран во јули 2003 година.

### *4. Стручно-апликативна дејност*

За време на студиите, д-р Билјана Ширгоска учествувала со свои трудови на студентските конгреси за стоматолози и лекари во СФР Југославија.

Како анестезиолог учествувала на I, II, III и IV анестезиолошки нконгрес на Македонија со интернационално учество, на I, II и III оториноларинголошки конгрес со меѓународно учество, на VI национален конгрес на анестезиолозите на Бугарија, на 31 Интернационален симпозиум за епителијални тумори на главата и вратот во Љубљана, како и на III интернационален конгрес на анестезиолозите од Словенија на Блед.

Од 2003 година, секоја гоидина активно учествува на годишните конгреси кои ги организира Европското здружение на анестезиолози (ESA). Во 2008 година добива награда од ESA за млади доктори на науки од земјите на Југоисточна Европа.

Во 2010 година учествува на работилница и добива Диплома за напреднато одржување во живот од ERC (Европскиот совет за ресуститација).

Претставник е на Европската асоцијација за третман на дишен пат (EAMS) за Македонија од 2006 година, активно учествува на нејзините годишни собранија и на работилниците кои се организираат во состав на ESA, како и на балканските работилници поддржани од EAMS. Во 2013 година учествува на работилницата за напреднат третман на тежок дишен пат организиран во рамките на годишниот конгрес на ESA, во Барселона и добива диплома за инструктор за третман на тежок дишен пат. Поканет предавач е во балканските и европските земји каде предава третман на дишен пат.

Активен член е на Македонското здружение на анестезиолози, Здружението на оториноларинголози на Македонија и Друштвото на анестезиолози на Србија (ДАС).

По завршувањето на специјализацијата, нејзината активност била насочена на анестезиолошките проблеми во оториноларинголошката хирургија. За таа цел престојувала на Клиниката за уво, нос и грло во Клиничкиот центар во Љубљана и во Универзитетската болница на Крит.

Во септември 2008 година учествувала на семинарот за анестезиологија, организиран од американско-австриска фондација, во Салцбург, Австрија.

Активно учествувала на курсевите за КМЕ по оториноларингологија, на курсевите за КМЕ по анестезиологија (FEEA) и на Инхалациската школа по

анестезиологијата. Организатор е на работилниците и балканските симпозиуми за третман на тежок дишен пат во Македонија поддржани од EEAMS.

**Оцена на наставните, научните и стручните остварувања на кандидатот**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат **Билјана Степан Ширгоска**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Медицински факултет**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **анестезиологија со реанимација**

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Одржување настава од прв циклус студии<br>А) Општа медицина:<br>- анестезиологија со реанимација<br>- прва помош<br>- ургентна медицина<br>Медицински сестри и техничари<br>- здравствена нега<br>- анестезиологија со реаниматологија во склоп на урегентна медицина<br>Радиолошки технолози<br>- анестезиологија со реаниматологија<br>**Вкупно** | **21 x 0.04**<br>**12 x 0.04**<br>**6 x 0.04**<br>**30 x0.04**<br>**20 x0.04**<br>**20 x0.04**<br>**4.36** |
| | Одржување на вежби<br>Анестезија со реанимација<br>Одржување на менторска настава за здрав. клиничка практика<br>Клиничка практика: Анестезиологија со реанимација<br>**Вкупно** | 70 x 0.03<br>5 x 0.06<br>25 x 0.03<br>**3.15** |
| | Член на комисија за специјализација | 5 x 0.2= **1.0** |
| | Член на комисија за одбрана на дипломска тема | 10 x 0.1= **1.0** |
| | Позитивно рецензиран прирачник (автор):<br>(Третман на дишен пат ISBN 978-608-4596-14-1) | **4** |
| | Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика, 26 студенти по општа медицина X | **5.2** |

| | | |
|---|---|---|
| | 0.2 | |
| | Позитивно рецензиран универзитетски учебник - коавтор “Анестезиологија со реанимација” | **6** |
| | Превод на дел од учебник: “Clinical Anesthesiology” (Edward Morgan at all) | **1** |
| | Рецензент на книга: “Интензивна и ургентна медицина, крв и трансфузија на крв”; ISBN 978-608-65364-2-8 | **1** |
| | Позитивно рецензиран прирачник (автор): (Сигурност при третманот на дишниот пат - ISBN 978-608-4596-44-8) | **4** |
| **2.** | **Раководител на работилница** | |
| | Balkan Symposium for airway treatment, Skopje, 29.3.2013 | **1.5** |
| | Втор курс за ринопластика, 19.5.2013 | **1.5** |
| | Назална ендоскопија, 20.9.2013 | **1.5** |
| **3.** | **Учесник на работилница** | |
| | SHFJV – superimposed high frequency jet ventilation workshop, Виена, 17.3.2011 | **1.0** |
| | | |
| | **Вкупно** | **36.21** |

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред.број** | **Назив на активност** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Раководител на меѓународен проект** | |
| | Влијание на анестетиците за општа анестезија врз базалниот тонус на периферната ендотелна васкуларна мазномускулна клетка - проект во Министерството за образование и наука на Р. Македонија во 2008 година. Главен истражувач на проектот: науч сор. др Билјана Ширгоска | **6.0** |
| **2.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни списанија** | |
| | Дејство на рокурониум (esmeron) на stapes рефлекс при вградување на кохлеарен имплант. А.Алексовска, Б. Ширгоска, Ј. Мелоски, Е. Алексовски, Б. Гогушевски, Е. Димеска, М. Николова. Final program and abstracts. III rd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. P-50:149-150, 2012 | **1.2** |
| | Вадење на туѓо тело од дишни патишта со ригидна трахеобронхоскопија во ОЕТА – чекори. А.Алексовска, Б.Ширгоска, Ј. Мелоски, Е. Алексовски, Н. Николовски, Г. Мицевски. Охрид, Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. P-51:150-151, 2012. | **1.2** |
| | Hypotensive drugs – new concept. B. Shirgoska, J. | **1.2** |

| | | |
|---|---|---|
| | Netkovski, A. Aleksovska. ENT University Clinic, Skopje – Macedonia. In extenso. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Otology: 51-53, 2012. | |
| | Sinus fungal ball – computed tomography and endoscopic sinus surgery. J. Netkovski, B. Shirgoska, N. Nikolovski. ENT University Clinic, Skopje – Macedonia. Ohrid. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Rhynology, alergology, sinus surgery and plastic- reconstructive surgery: 57-58, 2012. | **1.2** |
| | Rhinoplasty – personal view. J. Netkovski, B. Shirgoska, N. Nikolovski. ENT University Clinic, Skopje – Macedonia. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Rhynology, alergology, sinus surgery and plastic- reconstructive surgery: 61-62, 2012. | **1.2** |
| | Pediatric airway. B.Shirgoska, . J.Netkovski A.Aleksovska. ENT University Clinic, Skopje – Macedonia. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Rhynology, alergology, sinus surgery and plastic- reconstructive surgery: 74-76, 2012. | **1.2** |
| | Вистинскиот импакт на имиџинг методите во предоперативниот стејџинг на вратната лимфаденопатија кај пациенти со ларинго-фарингеален карцином. Н. Николовски, Б. Ширгоска, Ј. Нетковски. ЈЗУ Клиника за уво, нос и грло –Скопје, Р. Македонија. Охрид. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. 2012. | **1.2** |
| | Tracheotomy in children – current perception of tracheostomy in R.of Macedonia. N. Nikolovski , J. Netkovski, B. Shirgoska. ENT Clinic, Skopje, R.of Macedonia. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Laryngolog, oncology, head and neck surgery, phoniatrics: 80, 2012. | **1.2** |
| | Morbid obesity and airway treatment. B.Shirgoska, J.Netkovski, A.Aleksovska. ENT University Clinic, Skopje – Macedonia. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Laryngolog, oncology, head and neck surgery, phoniatrics: 96-97, 2012. | **1.2** |

| | | |
|---|---|---|
| | Adrenal burn out syndrome. B. Shirgoska, J. Netkovski. ENT University Clinic, Skopje – Macedonia. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. MSO. Laryngolog, oncology, head and neck surgery, phoniatrics: 97-99, 2012.<br>**Вкупно:** | **1.2**<br><br>**18** |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати објавениво зборник на трудови** | |
| | Safety and quality of anesthesia practice. B.Shirgoska.C.E.E.A. Anaesthesia according to the patient, types of surgery and modes of organizations. V course of professional development, Prishtina, p.148-163, 2011. | **3.0** |
| | Risk and Complications in Aesthetic and Functional Septoplasty, G.Kopaceva-Barsova, N.nikolovski, J.Netkovski, B.Shirgoska, A.Avramovski. MJMS 2013 Sept 15 6(3): 238-243.<br><br>Predicting difficult airway in apparently normal adult and pediatric patients. Shirgoska B., Netkovski J.CONTRIBUTIONS, Sec.Med.Sci., XXXIV 1, 2013.<br><br>Adrenal burnout syndrome and general anesthesia. B.Sirgoska, J. Netkovski, A. Aleksovska. MMP, 2/13. 61-65. 2013.<br><br>**Вкупно** | **1.8**<br><br>**2.7**<br><br>**2.4**<br><br>**9,9** |
| **4.** | **Апстракти објавени во зборник (меѓународен)** | |
| | Reduction Rhinoplasty. J. Netkovski, B. Shirgoska. University ENT Department, University Hospital, Skopje, Macedonia. Book of Proceedings 2nd Croatian Rhinologic Congress. Zagreb 41. p 58, 2012. | **1.0** |
| | Улогата на акустичната риноманометрија во дијагноза и следење на ефектите од терапијата на перенијалниот алергиски ринитис. И. Камшиковски, Ј. Нетковски, Б. Ширгоска. Abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. 2012. | **1.0** |
| | Значењето на назалниот азотен оксид во дијагноза и лекување на перенијалниот алергиски ринитис. А. Шотаровска, Ј. Нетковски, Б. Ширгоска, Б. Трифуновска. Final program and abstracts. IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation. 2012. | **1.0** |
| | Ca planocellulare laryngis invasivum со пропратна тромбоцитоза – приказ на случај. А. Алексовска, Б. Ширгоска, М. Арсова-Силјановска, Ј. Мелоски, Д. | **1.0** |

| | | |
|---|---|---|
| | Димитровска, Е. Алексовски. ОРЛ Клиника-Скопје, Abstract book, 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2008. | |
| | Surgical treatment of fungal rhinosinusitis. J.Netkovski, G.Orovcanec, V.Kaev, B. Sirgoska. University ENT Clinic, Skopje, Macedonia. Abstract book, 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2008. | **1.0** |
| | Rhinoplasty – personal view and philosophy. J.Netkovski, B. Sirgoska, D.Dimitrovska. University ENT Clinic, Skopje, Macedonia. Abstract book, 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2008. | **1.0** |
| | Perioperative pain management – preemptive analgesia. B.Sirgoska, M.Arsova-Siljanovska, J.Meloski, J.Netkovski, A.Aleksovska. University ENT Clinic, Skopje. Abstract book, 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2008. | **1.0** |
| | Anesthesia for tonsiloadenoidectomy at children with hemophilia B – case report. B.Sirgoska, B.Gogusevski. University ENT Clinic, Skopje. Abstract book, 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2008. | **1.0** |
| | Хемодинамски одговор на ендотрахеална интубација при микроларингоскопски интервенции во ОРЛ. М.Арсова-Силјановска, Б. Ширгоска. КАРИЛ, Скопје, Македонија. Зборник на апстракти, III конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 2005 | **1.0** |
| | Epiglotitis acuta – anaesthesiological aspect (case report). Shirgoska B. Arsova-Siljanovska M, Meloski J, Dimitrovska D, Aleksovska A. ENT University Clinic, Skopje. Abstract Book, 2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2008. | **1.0** |
| | **Вкупно** | **10.0** |
| **5.** | **Секциско предавање на научен собир** | |
| | Проблематичен дишен пат, предавање за специјализанти по анестезиологија со реанимација, 2010 година | **1.0** |
| | Препораки за третман на тежок дишен пат, предавање за специјализанти по анестезиологија со реанимација, 2011 година | **1.0** |
| | Идеална можност за контрола на аналгезијата интраоперативно, Б. Ширгоска КМЕ по анестезиологија, 2006, Виница<br><br>Опструкција на горен дишен пат, Б. Ширгоска | **1.0**<br><br>**1.0** |

| | | |
|---|---|---|
| | предавање за специјализанти по анестезиологија со реанимација, 2008 година | |
| | Хронична опструкција на горен дишен пат и третман. Б. Ширгоска предавање за специјализанти по анестезиологија со реанимација, 2009 година | **1.0** |
| | Интравенска употреба на парацетамол (Apotel 6.7ml x 1000mg) периоперативно. Б. Ширгоска Стручен состанок на тема "Интраоперативна и постоперативна употреба на i.v. Paracetamol (Apotel 1000 x 6.7ml)," 25.11.2011, Скопје. | **1.0** |
| | Системи за дишење и испорака на инхалациските анестетици. КМЕ по анестезиологија, курс 2. Инхалациска анестезија, Скопје, 2009. | **1.0** |
| | Адренергични лекови. Б. Ширговска, Ј. Нетковски. КМЕ по анестезиологија. Срце, циркулација и кардиоанестезија, 2012. | **1.0** |
| | Хипотензивни лекови. Б. Ширговска, Ј. Нетковски. КМЕ по анестезиологија. Срце, циркулација и кардиоанестезија, 2012. | **1.0** |
| | Физиологија на адренергичниот систем. Б. Ширгоска, Ј Нанчева. КМЕ по анестезиологија. Срце, циркулација и кардиоанестезија, 2012. | **1.0** |
| | Вапоризери. Б. Ширгоска, Ј. Нетковски. КМЕ по анестезиологија. Прв курс – III циклус. Респирација и торакс, 2011 | **1.0** |
| | Фибероптичка бронхоскопија, водич за анестезиолози. Б. Ширгоска, Ј. Нетковски. КМЕ по анестезиологија. Прв курс – III циклус. Респирација и торакс, 2011 | **1.0** |
| | Практични препораки за третман на тежок дишен пат. Б. Ширгоска, Ј. Нетковски. КМЕ по анестезиологија. Третман на дишен пат 2011. | **1.0** |
| | **Вкупно** | **13.0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| **1** | КМЕ по анестезиологија, шести циклус (С.Е.Е.А), Анестезија-организација, пациент и операција, орг. одбор, 29-31.10.2010, Дојран | **1.0** |
| | КМЕ по анестезиологија, Прв курс – трет циклус (С.Е.Е.А), Респирација и торакс, 4-6.11.2011, Дојран, стручен одбор | **1.0** |
| | КМЕ по анестезиологија, Прв курс – трет циклус (С.Е.Е.А), 2-4.11.2012, Дојран Стручен одбор | **1.0** |
| | Член на организациски одбор на меѓународен собир: Загреб, 2012, Конгрес за тежок дишен пат | **1.0** |
| | Студиски престој во странство до 3 месеци | **0.5** |
| **2.** | Книга од стручна област<br>1. кавтор: | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Ширгоска Б. *Анестезија за тонзилоаденоидектомии кај деца*. Книга. Мајка, дете, несакани ефекти. Континуирана постдипломска едукација по анестезиологија, Курс IV, циклус II FEEA, Април 2008; ISBN 978-9989-2594-8-7: 109-115.<br><br>2. Ширгоска Б. *Фибероптичка брнохоскопија*. Книга. Респирација и торакс. Континуирана постдипломска едукација по анестезиологија. Прв курс-III циклус CEAA 2011. CIP 616.2-089.5 (082); 616.2-0.83.98 (082); ISBN 978-608-65364-0-4; 134-140.<br><br>3. Ширгоска Б. *Адренергични лекови*. Книга. Срце, циркулација и кардиоанестезија Континуирана постдипломска едукација по анестезиологија. Курс втор, трет циклус КЕАА 2012 CIP 616.1-089.5 (082); ISBN 978-608-65364-1-1: 79-85.<br><br>4. Ширгоска Б. *Хипотензивни леков*. Книга. Срце, циркулација и кардиоанестезија Континуирана постдипломска едукација по анестезиологија. Курс втро, трет циклус КЕАА 2012 CIP 616.1-089.5 (082); ISBN 978-608-65364-1-1: 86-92.<br><br>5. **Shirgoska B.** Hypotensive anesthesia**.** *Update concepts of haemostasis at patients with traumatic haemorrhage*. I-st Macedonian Conferrence on transfusion Alternatives in Critically ill patients. Skopje November 2012: 95-97 CIP 616-036.81-0.85, ISBN 978-608-4596-38-7; 65-69.<br><br>6. Ширгоска Б. *Третман на итни состојби на гоен ервеј во детска возраст*. Прирачник. КЕА. Анестезиологија во новата декада: техники и мониторинг. Скопје 2011: CIP 616-083.98:005.584.1 (082), ISBN 978-608-4596-10-3; 29-35. | 7<br><br>7<br><br>7<br><br>7<br><br>7<br><br>7 |
| **3.** | Експертски активности<br><br>Комисија од Универзитетска клиника за уво, нос и грло (1. избор на кандидати на конкурс)<br><br>Комисија од Универзитетска клиника за уво, нос и грло (1. контрола на квалитет на ЗЗ; 2. подготовка на листа на лекови) | <br><br>**2**<br><br>**2** |
| | **Вкупно** | **50,5** |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**<br>Раководител на Оддел за анестезија со реанимација, | |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитетска клиника за уво, нос и грло, Скопје<br><br>Награда за научни достигнувања во струкова организација - Плакета (МЛД)<br><br>Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност<br>- член на European Airway Management Society (EAMS**)**<br><br>**Вкупно** | **3**<br><br>**2**<br><br>**2**<br><br>7 |
| | **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **36,21** |
| | **НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **50,9** |
| | **СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ со дејности од поширок интерес** | **57,5** |
| | **ВКУПНО** | **144,61** |

Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, с.р.
2. проф. д-р Зорка – Николова Тодорова, с.р.
3. проф. д-р Ордан Нојков, с.р.
4. проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.
5. проф. д-р Илија Панговски, с.р.

**ЗАКЛУЧОК**

По прегледувањето на доставениот материјал донесе заклучок дека кандидатот науч. сор. д-р Билјана Ширгоска ги исполнува условите за избор во звањето виш научен соработник по предметот анестезиологија со реанимација**.**

Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му предложи да донесе одлука за понатамошно процедурирање на постапката за избор на науч. сор. д-р Билјана Ширгоска во научното звање **виш научен соработник по предметот анестезиологија со реанимација.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **проф. д-р Мирјана Шошолчева, с.р.**
2. **проф. д-р Зорка – Николова Тодорова, с.р.**
3. **проф. д-р Ордан Нојков, с.р.**
4. **проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**
5. **Проф. д-р Илија Панговски, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седма редовна седница одржана на 5. 12. 2013 година, со одлука бр. 02-2606/1, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Татјана Миткова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, д-р Јосиф Митрикески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, во пензија и д-р Коле Василевски, редовен професор на Шумарскиот факултет, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на пријавениот кандидат за избор во звањето доцент од научната област педологија.

Комисијата изврши преглед на доставената документација и констатира дека на распишаниот конкурс од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје во дневните весници ,,Нова Македонија" и „Коха" од 13. 11. 2013 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област педологија, се пријавил само еден кандидат.

По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област педологија, се пријавил д-р Миле Маркоски, асистент во Катедрата за почви, Институт за животна средина при Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Врз основа на пријавата и останатите приложени документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

### 1. Биографски податоци

**Д-р Миле Маркоски е роден на 15.11.1981 година во Прилеп. Основно и средно образование завршил во родниот град, со континуиран одличен успех.**

**Во учебната 2000/01 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Скопје (поледелска насока). Во мај 2004 година предвремено дипломирал на истиот факултет. Врз основа на постигнатиот успех, во декември 2003 година при изборот на**

**најистакнати студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бил прогласен за најдобар студент во академската 2003/2004 година од Земјоделскиот факултет - Скопје.**

**Во академската 2004/2005 година, се запишал на последипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на група педологија, агрохемија и микробиологија, подгрупа педологија. Магистерскиот труд со наслов „Физички и физичко-механички својства на черноземите распространети во Овче Поле” го одбранил на 26.9.2008 година и се стекнал со правото на научен степен магистер на земјоделски науки.**

**Во декември 2008 година пријавил изработка на докторска дисертација под наслов „Генеза и својства на почвите образувани врз варовници и доломити во Република Македонија“ и истиот го одбранил на 18. 10. 2013 година со што се стекнал со правото на научен степен доктор на земјоделски науки.**

**На 7.3.2012 година повторно е избран во соработничко звање асистент по предметот педологија на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.**

**Се служи со англискиот јазик и со комјутерски техники.**

**2. Наставно-образовна дејност**

**Од 1.10.2003 година до 30.6.2004 година бил ангажиран како демонстратор на предметот педологија на Катедрата за педологија, агрохемија и мелиорации, при што активно учествува во одржувањето на практичните вежби на истиот предмет.**

**Од своето вработување како помлад асистент, а потоа и како асистент по педологија на Факултетот за земјоделски науки храна во Скопје па се до денес, д-р Миле Маркоски ги изведува лабораториските и теренските вежби по педологија и систематика на почвите. Исто така, учествува и во изведувањето на вежбите на дисперзираните насоки на Факултетот за земјоделски науки и храна во Струмица и Прилеп. Вежбите ги изведува редовно, со голема одговорност и професионалност. Има коректен однос со студентите и успешно им го пренесува знаењето од овие наставни дисциплини.**

**3. Научноистражувачка дејност**

*Покрај ангажираноста во наставата, д-р Миле Маркоски е вклучен во научноистражувачката дејност на предметот педологија. Кандидатот учествува во реализација на 3 домашни и 5 меѓународни проекти, на повеќе манифестации со научен, стручен и апликативен карактер со меѓународно учество, а има посетено и повеќе професионални курсеви, работилници и студиски престои во Бугарија, Турција, Хрватска и Полска. Учествува со реферат на поголем (7) број конгреси, симпозиуми и советувања во земјава и во странство. Неговиот пристап во реализацијата на разни задачи од научната,*

*стручната и апликативната дејност на предметот е исклучително сериозен и темелен. Како резултат на досегашната научноистражувачка работа, како автор или коавтор, д-р Миле Маркоски има објавено 8 оригинални научни труда, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 13 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, како и 6 објавени труда во зборник на трудови на в.о. институција. Во вкупниот број не се вклучени магистерскиот труд и докторската дисертација. Исто така д-р Миле Маркоски има објавено и поглавје во книга - Clay Minerals in Nature – Their characterization, modification and application. Publisher, InTech. 2012. p. p. 101 – 119.*

***4. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес***

Од 2004 година кандидатот д-р Миле Маркоски е дел од тимот што работи во лабораторијата по педологија на Катедрата за почви, а сега при Институтот за животна средина и учествува во теренските, лабораториските стручно-апликативните истражувања за својствата на почвите, како и на причините за деградација на почвите и на мерките за нивна ревитализација. Како дел на тимот, активно придонесува во реализацијата на бројни елаборати, поврзани со испитувањето на плодноста на почвите и препораки за ѓубрење, елаборати за подигнување на повеќегодишни насади и сл. Д-р Миле Маркоски има присуствувано на повеќе обуки меѓу кои и обука за оценувач според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006, исто така има добиено и повеќе сертификати.

Коавтор е на брошурата ,,Прирачник за почвени анализи”, издадена од USAID, Foundation open society Macedonia. Како соработник е вклучен во изготвување и пријавување на три научно/образовни национални проекти и еден меѓународен проект. Исто така, кандидатот редовно учествува во промотивните активности на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

*Врз основа на приложената документација за постигнатите резултати, како и личното познавање и следење на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Миле Маркоски, во текот на изминатиот период, покажал забележителна активност во однос на извршувањето на своите обврски и поседува научни и стручни квалитети кои според Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран за наставник во научната област педологија, во звањето доцент.*

*Како резултат на погоре наведеното, членовите на Комисијата со голема чест и задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Миле Маркоски да биде избран во звањето доцент во научната област педологија на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.*

***Рецензентска комисија***

1. Д-р Татјана Миткова, редовен професор
   Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с. р.
2. Д-р Јосиф Митрикески, редовен професор во пензија
   Факултет за земјоделски науки и храна -Скопје с. р.
3. Д-р Коле Василевски, редовен професор
   Шумарски факултет – Скопје с. р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р МИЛЕ ЉУПЧО МАРКОСКИ**

(име, татково име и презиме)

**Институција: УКИМ – СКОПЈЕ , Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, Институт за животна средина**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: Педологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на вежби од прв циклус студии | |
| 1. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2004/05 (ФЗНХ) | 14,85 |
| 2. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2005/06 (ФЗНХ) | 16,2 |
| 3. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2006/07 (ФЗНХ) | 9,45 |
| 4. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2007/08 (ФЗНХ) | 13,5 |
| 5. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2008/09 (ФЗНХ) | 14,85 |
| 6. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2009/10 (ФЗНХ) | 13,5 |
| 7. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2010/11 (ФЗНХ) | 13,5 |
| 8. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2011/12 (ФЗНХ) | 5,4 |
| 9. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: Педологија (0+2), сите студиски програми (освен сточарство), зимски семестар 2012/13 (ФЗНХ) | 5,4 |
| 10. | Консултации со студенти: Педологија и Систематика на | 3,64 |

| | | |
|---|---|---|
| | почви 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/2013 | |
| | **Вкупно** | **110.29** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| *Учесник во национален научен проект* | | |
| 1. | Фиторемедијација на контамираните почви со тешки метали (Pb, Cd, Zn) во Велешкиот реон Финансиран од Локална самоуправа Велес, Министерство за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија. 2006 | 3 |
| 2. | Фиторемедијација на контамираните почви со тешки метали (Pb, Cd, Zn) во Велешкиот реон. Финансиран од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. 2008 | 3 |
| 3. | Примена на фертиригацијата и технологија на кроење на пиперката со цел унапредување на производството и заштита на животната. Финансиран од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија. 2012. | 3 |
| *Учесник во меѓународен научен проект* | | |
| 1. | Interactive Farmers Support System for Efficient Water Use Management-RULAND. IPA Cross Border Programme. 2012-1013 | 5 |
| 2. | Macedonian Soil Information System (MASIS). FOOD AND AGRICULTURE ORGANIZATION OF THE UNITED NATIONS 2013 – 2015. | 5 |
| 3. | Characterization and integrated utilization of advanced wheat mutant lines for food and feed. IAEA – Viena. 2012 - | 5 |
| 4. | Water resource Strategies and Drought Alleviation in Western Balkan Agriculture. EU. 2005-2008 | 5 |
| 5. | Проучување на постојната и создавање нова ген плазма од орјенталски тутуни во агроеколошки услови на Република Македонија и Република Бугарија. 2010 – 2011 | 5 |
| *Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор* | | |
| 1. | **Markoski, M**., Mitkova, T. **2011.** Physico-mechanical properties of the chernozems widespreaded in Ovče Pole, R. Macedonia. Soil and Plant, Vol. 60, N°. 2, p.p. 53-66. Beograd | 6 |
| 2. | **Markoski, M.,** Mitkova, T., Mitrikeski, J., Čukaliev, O., Tanasković, V**. 2009**. The influence of mechanical composition on the retention curves at soil moisture in the Chernozems. Soil and Plant, . Beograd. Vol. 58, N°. 2, p. p. 119 – 127. | 6 |
| 3. | Mitkova, T., **Markoski M.,** Mitrikeski, J. **2009**. Aggregate composition and aggregate stabability of the chernozems spread out in Ovče Pole. Soil and Plant, Beograd.Vol. 58, N°. 2, p. p. 81 - 91. | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Prentovic, T., Mitkova, T., **Markoski, M.,** Mitrikeski, J., Ivanovski, R. P. **2009**. Phitoremediation as a measure for the soil decontamination. Soil and Plant, Beograd Vol. 58, N°. 3, p. p 189 - 196. | 6 |
| 5. | Mitkova T. **Markoski M. 2008**. Propertis of the soils for vineyads in the Ramnik locatly, Veles. Soil and Plant, Beograd. Vol. 57, N°. 3, p. p. 147 - 158. | 6 |
| 6. | Mitkova Tatjana., Mitrikeski J., **Markoski M**. **2005**. Content of total and soluble forms on Pb, Cd and As of the soils spread on the location in the v. Dragozani, the area of Bitola, Soil and Plant, Beograd.Vol. 54, N°. 2, p. p. 43 – 50. | 6 |
| 7. | Mitrikeski J., Mitkova Tatjana., **Markoski M**. **2005**. Radioecological investigations of the soils spread on the location in the v. Dragozani, the area of Bitola, Soil and Plant, Beograd. Vol. 54, N°. 2, p. p.51 – 58. | 6 |
| 8. | **Markoski, M.** Mitkova T, Rubinić, V. **2011**. Mineral composition of clay fraction of the Chernozems spread out in Ovče Pole in Republic of Macedonia. Agricultural Conspectus Scientificus. Vol.76. No 1. p. p. 71 - 75. | 6 |
| *Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор* | | |
| 1 | Mitkova, T., **Markoski, M.** 2012: Establishment of soil monitoring system in Republic of Macedonia. International Symposium for Agriculture and Food XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viticulture and wine production, VII Symposium for Vegetable and Flower production Skopje, R. Macedonia. p.p. 727-733 | 3 |
| 2 | Andreevski, M., Mukaetov, D., Markoski, M. 2012: Genesis, evolution and classification of the formed on limestones and dolomites in mountain Jablanica. International Symposium for Agriculture and Food XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viticulture and wine production, VII Symposium for Vegetable and Flower production Skopje, R. Macedonia. p.p. 776-781. | 3 |
| 3 | Tanaskovik, V., Cukaliev, O., Jankuloski, Z., **Markoski, M.,** Iljovski, I., Nechkovski. S. 2012: Determination of evapotranspiration under different irrigation amd fertilization techniques in green pepper crop production. International Symposium for Agriculture and Food XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viticulture and wine production, VII Symposium for Vegetable and Flower production Skopje, R. Macedonia. p.p. 755-768. | 3 |
| 4 | **Markoski, M.,** Mitkova, T., Pelivanoska, V., Jordanovska, B., Prentović, T. **2011.** Investigation of the content of heavy metals in agricultural soils in the region of Struga. 1st International scientific conference. Land, usage and protection. Proceedings. Novi Sad.p.p. 49 – 54 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Pelivanoska, V., Jordanovska, B., Filiposki, K., Mitkova, T., **Markoski, M., 2011.** Heavy metal content soil and tobacco leaves at the region of Skopje, Republic of Macedonia. 1st International scientific conference. Land, usage and protection. Proceedings. p.p. 55 – 59. Novi Sad. | 3 |
| 6 | V. Pelivanoska, B. Jordanoska, T. Mitkova, **M. Markoski**. **2011**. Heavy metal contents in soil and oriental tobacco manufactured in Republic of Macedonia, International conference - 100 years Bulgarian soil science, Proceedings of the Conference. p. p. 754-758. | 3 |
| 7 | T. Prentovic T. Mitkova, P. R. Ivanovski, J. Mitrikeski, V. Pelivanoska, **M. Markoski**. **2010**. Phytoremediation as an ecologic measure for cleaning up of soils contaminated with heavy metals (Pb, Cd and Zn) in the Veles. Biotechnology in Animal husbandry, XII International Symposium on Forage Crops of Republic of Serbia, Book 2, Vol 26, Belgrade, p. p. 577-584. | 3 |
| 8 | Tatjana Mitkova., Josif Mitrikeski., **Mile Markoski**., Tatjana Prentovic **2009**. Sustainable using of soils in agriculture as a possibility of their protection. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid, R. Macedonia. p. p. 191 – 201. | 3 |
| 9 | Tatjana Mitkova., Tatjana Prentovic., **Mile Markoski.,** Valentina Pelivanoska**. 2009**. Decontamination of the soil of heavy metals spresd out in Veles. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid, R. Macedonia. p. p. 183 – 191. | 3 |
| 10 | Tatjana Prentovic., Tatjana Mitkova., **Mile Markoski. 2009**. The role of organic agricultural production in the environment protection. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid, R. Macedonia, p. p. 201 – 209 | 3 |
| 11 | Tatjana Mitkova, Mihail Petkov, Josif Mitrikeski, **Mile Markoski**. **2009**. Soil-climate connditions as frameworks for improvement of viticulture in Republic of Macedonia. Proceedongs XX scientific-expert conference on agriculture and food industry. Neum, Bosna and Hercegovina. p. p. 259 - 267. | 3 |
| 12 | Mitkova, T., Mitrikeski, J., Petkov, M., **Markoski, M**. **2009**. Soil-climate connditions as frameworks for improvement of viticulture in Republic of Macedonia. 20 th Scientific-expert conference on agriculture and food indstry – Neum. p. p. 259 - 267. | 3 |
| 13 | Vukelic-Shutovska, M., Mitkova, T., **Markoski, M. 2011.** Managment of waters and soils in Skopje valley according to sustainable agriculture. Croatian waters facing the challenge of climate changes. Proceedings. Opatija. Croatia. p. p. 895 – 904. | 3 |
| *Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција* | | |
| 1 | Андреевски, М., Андреевска, Д., Мукаетов, Д., Попоска, Х., **Маркоски, М. 2012**: Содржина на тешки метали во почви од Кочанско Поле. Годишен Зборник на Земјоделски Институт Скопје. Vol. XXVIII/XXIX. Скопје. стр. 63 – 76. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Najdenovska Olga, Jarak Mirjana, Guric Simonida, Stojanova Marina, Mitkova Tatjana, Prentović Tatjana, **Markoski Mile. 2007**. Kvalitet lucerke i kukuruza gajenih na aluvijalnom tipu zemljista u okolini Skoplja. Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo, Novi Sad. Vol. 44, N° 1, p. p 423 -429. | 2 |
| 3 | Prentović Tatjana, Ivanovski R. Petre, Mitkova Tatjana, Mitrikeski Josif, **Markoski Mile**, Stojanova Marina. **2007**. Uticaj đubrenja i kalcizacije na sastav i prinos prirodnih travnjaka na Jakupici, Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo,Vol. 44, N° 1, p. p. 347 - 354. | 2 |
| 4 | Stojanova Marina, Ivanobski Petre, Prentović Tatjana, Mitkova Tatjana, Mitrikeski Josif, **Markoski Mile**. **2007**. Uticaj različitih sistema đubrenja na hemiski sastav sena visokoplaninskih prirodnih travnjaka, Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo,Vol. 44, N° 1, p. p. 369 - 374. | 2 |
| 5 | **Markoski M**., Mitrikeski J., Mitkova Tatjana. **2004**. Genesis and properties of the colluvial soils spread in region at vilage Dragozani – Bitola. Yearbook of the Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje. Vol. 49, p. p. 179 – 185. | 2 |
| 6 | Margareta Cvetkovska, Tatjana Mitkova., Josif Mitrikeski, Svetlana Gjorgeva and **Mile Markoski**. **2007**.Overview of soil information and soil protection polices in the former Yugoslav republic of Macedonia, European Soil Bureau Research Report, EUR 22646 EN, p. p. 55 - 62 | 2 |
| *Учество на научен/стручен собир со реферат* | | |
| 1. | **Markoski, M.,** Mitkova, T., Tanasković, V., Vasilevski, K., Nečkovski, S. 2013: The influence of mechanical composition and organic matter on the retention curves at soli moisture in the humic calcaric regosol. 1st International congress for soil-water-plants XIII Congress in soil sciences. p.p. 88. *(постер и апстракт)* | 1 |
| 2. | Mitkova, T.,**Markoski, M**. ESTABLISHMENT OF SOILMONITORING SYSTEM IN REPUBLIC OF MACEDONIA 2012. International Symposium for Agriculture and Food XXXVII Faculty – Economy Meeting, IV Macedonian Symposium for Viticulture and wine production, VII Symposium for Vegetable and Flower production (*усна презентација и апстракт*). | 1 |
| 3. | **Markoski, M.,** Mitkova, T., Pelivanoska, V., Jordanovska, B., Prentović, T. **2011.** Investigation of the content of heavy metals in agricultural soils in the region of Struga. 1st International scientific conference. Land, usage and protection. Proceedings. Novi Sad.p.p. 49–54 (*усна презентација*) | 1 |
| 4. | Vukelic-Shutovska, M., Mitkova, T., **Markoski, M. 2011.** Managment of waters and soils in Skopje valley according to sustainable agriculture. Croatian waters facing the challenge of climate changes. Proceedings. Opatija. Croatia. p. p. 895 – 904. (*усна презентација*). | 1 |
| 5. | V. Pelivanoska, B. Jordanoska, T. Mitkova, **M. Markoski**. **2011**. Heavy metal contents in soil and oriental tobacco manufactured in Republic of Macedonia, International conference - 100 years Bulgarian soil science, Proceedings of the Conference. p. p. 754-758. (*усна презентација*) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Markoski, M.,** Mitkova, T.,Mitrikeski, J., Čukaliev, O., Tanasković, V**. 2009**. The influence of mechanical composition on the retention curves at soil moisture in the Chernozems. Status and prospective of soil protection, management and use Fruška Gora. National Park – Andrevlje. Novi Sad. R. Serbia. (*усна презентација и апстракт*) | 1 |
| 7. | Mitkova Tatjana., Mitrikeski J., **Markoski M**. **2005**. Content of total and soluble forms on Pb, Cd and As of the soils spread on the location in the v. Dragozani, the area of Bitola. Zemljiste kao resurs održlivog razvoja. Budva R. Crna Gora (*усна презентација и апстракт*). | 1 |
| | **Вкупно** | **140** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поглавје во книга: **Markoski, M.,** Mitkova, T. **2012:** Soil moisture retention changes in terms of mineralogical composition of clays phase. Clay Minerals in Nature – Their characterization, modification and application, Edited by: M. Valaskova and G.S. Martynkova. InTech. pp: 101 – 119. | 3 |
| | Учество во промотивни активности на ФЗНХ-Скопје 2012/13 | 1 |
| 2. | Учество во промотивни активности на ФЗНХ-Скопје 2010/11 | 1 |
| 3. | Учество во промотивни активности на ФЗНХ-Скопје 2008/09 | 1 |
| 4. | Учество во промотивни активности на ФЗНХ-Скопје 2006/07 | 1 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 5. | Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 1 |
| *Студиски престој во странство:* | | |
| 6. | Студиски престој во странство: во R. Turkey. International Agricultural Research and Training Centre (IARTC) with the support of General Directorate of Agricultural Research and Polices (GDAR), Ministry of food, Agricultural and Livestock (MFAL). Menemen,-Izmir, Turkey 4 th International Course on Sustainable Management of Soil and Water Resources. 24.6 – 5.7. 2013 | 0,5 |
| 7. | Студиски престој во странство: R. Croatia Zagreb. University of Zagreb. Faculty of Agriculture. Коорганизатор CEI University Network Joint Programme, CASEE Fund for Incentives 2012. International Summer School “Climate change and natural resource management 18 - 23. 6. 2012 | 0,5 |
| 8. | Студиски престој во странство: R. Croatia Zagreb. University of Zagreb. Faculty of Agriculture. Soil Sciences Department. CEEPUS 14.10.2008 - 15.11.2008. | 0,5 |
| 9. | Студиски престој во странство R. Poland, Wroclaw University of Environmental and Life Sciences, Faculty of Agriculture. CEEPUS. 17.11.2007 до 18.12.2007. | 0,5 |
| *Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект* | | |
| 10. | „Генеза и својства на почвите образувани врз варовници и доломити во Република Македонија“, предлог-проект во МОН, | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | (соработник), 2011 | |
| | **Вкупно** | **11.50** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 110.29 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 140 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 11.50 |
| **Вкупно** | **261,79** |

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Татјана Миткова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје с.р.

4. Д-р Јосиф Митрикески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (во пензија) с. р.

5. Д-р Коле Василевски, редовен професор на Шумарски факултет - Скопје с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СМЕТКОВОДСТВЕНИ И ФИНАНСИСКИ АСПЕКТИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДИЈАНА ЈОВАНОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113 став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-2759/2 од 4.10.2013, донесена на седницата одржана на 27.9.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија**, поднесена од кандидатката м-р Дијана Јованоска. По прегледување на трудот, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов „**Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија**“, поднесена од кандидатката м-р Дијана Јованоска, е обработена на 246 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот, освен: вовед, апстракт и клучни зборови на македонски и на англиски јазик, заклучокот (страна 232-239) и литература (страна 240-245) е систематизирана во 3 (три) глави, и тоа:

Глава I Состојба на пазарот на капитал во Република Македонија (стр.9-93)
Глава II Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија (стр.96-189)
Глава III Можности за подобрување на сметководствените и финансиските аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија (стр.191-231)

Во воведот на дисертацијата се дадени воведни излагања во врска со проблематиката, со фокус на значењето на пазарот на капитал како еден од основните постулати за развој на секоја економија. Глобализацијата на економијата во светски рамки, а во тој контекст и на пазарот на капитал, наметнува потреба од хармонизација на финансиското известување, особено за оние субјекти кои дејствуваат и надвор од националните граници. Во него, авторката ги разоткрива предметот и целта на истражувањето и укажува на актуелноста на истражувањето.

Во првата глава со наслов „Состојба на пазарот на капитал во Република Македонија“, најпрвин се дефинира овој специфичен пазар кој во

основа е наменет деловните субјекти да можат да прибираат слободен капитал надвор од финансиските институции, но исто така и да се нуди капитал кој може поуспешно да биде ангажиран, а не само како депозит во банките. Како негови цели, покрај другите, се наведени дека тој има цел да го насочи штедењето и акумулацијата кон инвестиции, да се прошири основата на носители на сопственоста. Пазарот на капитал, како организирана форма на сретнување на понудата и побарувачката на долгорочни слободни финансиски средства, се состои од два сегмента: пазар на долгорочни парични средства и пазар на долгорочни хартии од вредност, кој од своја страна може да биде примарен, секундарен, терцијарен и квартален. Презентирани се финансиските концепти и ризици од вложување во хартии од вредност. Како финансиски концепти се наведени: ризик/принос-замена, диверзификација, просечни трошоци, оптимално портфолио, но во однос на можните ризици посебно се нагласени кредитниот ризик, деловниот ризик, финансискиот ризик, девизен ризик, каматен ризик и др. Значењето на пазарот на капитал во развојот на една национална економија се нагласува дека на тој начин се овозможува зголемување на конкуренцијата, финансиски иновации, пазарен интегритет, модернизација на пзарното тргување, корпоративно управување и финансиска регулација. Врз развојот на пазарот на капитал влијаат многу фактори, но само на интерните може да се има влијание како што се правниот систем, политичкиот систем, економскиот систем, нивото на култура во земјата и др. Пазарот на капитал во Р. Македонија го конструираат повеќе институции. Секоја институција си има свое место и улога во функционирањето на пазарот на капитал. Прва институција која е анализирана е Македонска берза АД. Покрај историскиот развој од моментот на основање и нејзиниот раст и развојот до денес е илустриран преку повеќе табели и графикони во последните 11 години и тоа по однос на број на издавачи на хартии од вредност и видови на хартии од вредност. Берзата своето работење го презентира и со објавување на повеќе индекси МБИ 10, МБИД и ОМБ. Не помало значење за пазарот на капитал има и Комисијата за хартии од вредност. Покрај историјатот, организацијата и сл., посебно се потенцира нејзиното место и улога во регулирањето и одвивањето на активности кои деловните субјекти можат да ги остваруваат на овој пазар. Централниот депозитар на хартии од вредност е институција каде што се води евиденција за издадените хартии од вредност, и тоа по видови на хартии од вредност, по имателите, било да се тоа физички или правни лица, домашни или странски, по број и вредност на хартиите од вредност и др. елементи поткрепено со статистички податоци. Како понова институција која се појавува во врска со пазарот на капитал, покрај претходно споменатите, се инвестиционите фондови со определување на нивното место, улога и значење во работењето на пазарот на капитал.

Во втората глава, со наслов „Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија“, разработени се сметководствено финансиските аспекти најпрвин низ призмата на законите со кои се регулира пазарот на капитал. Законите кои го регулираат, односно се во функција на регулирање на пазарот на капитл се неколку. Прв разгледуван закон е Законот за хартии од вредност, особено во делот што се однесува на обврските на субјектите за обелоденување на информации. Како информации кои субјектите треба да ги обелоденат покрај другите, а се од сметководствено финансиски аспект се:

стекнување или отуѓување на значаен дел од средствата на компанијата, потоа промена на овластениот ревизор, како и секој настан кој може да предизвика ненавремено или предвремено плаќање на финансиска обврска. Во насока на усогласување со европското законодавство во овој сегмент е дека друштвата со посебни обврски за известување кои се водат во регистерот на Комисијата за хартии од вредност се должни да поднесуваат годишни, полугодишни и тримесечни финансиски извештаи и да даваат тековни соопштенија кога во друштвото настануваат позначајни промени. Во новиот Закон за хартии од вредност, во врска со барање за одобрување на јавна понуда на хартии од вредност точно се наведени потребните документи кои треба да се поднесат, а тука е и обврската за поднесување на финансиски извештаи подготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување. Понатаму, укажано е на сметководствено финансиските аспекти содржани во Законот за преземање на акционерски друштва. Со овој Закон се регулира превземањето на акционерските друштва и се однесува на: а) хартиите од вредност на акционерските друштва кои котираат на официјалниот пазар на берзата, б) за хартиите на вредност на акционерските друштва приватизирани со над 51 %, в) за хартиите на вредност кои се продаваат, односно се запишуваат и уплаќаат на примарниот пазар на хартии од вредност и г) за хартиите на вредност со кои се тргува на организираниот пазар на долгорочни хартии на вредност. Лице со посед од најмалку 25% право на глас задолжително дава јавна понуда за откуп на хартии од вредност, а тоа се однесува на акции со право на глас и хартии од вредност кои се конвертабилни во акции со право на глас. За постапката да биде транспарентна и за квалитетно извршување на трансакциите за преземање, предвидени се обврски во врска изготвување на проспект на откупот со релевантни информации за акционерите, задолжително вклучување на банка или брокерска куќа при давање на понудата, уредени се односите помеѓу понудувачот и Централниот депозитар и се бара дозвола од Комисијата за хартии од вредност, која врши надзор над постапката за преземање. Друг закон во врска со пазарот на капитал е и Законот за инвестициони фондови. Инвестиционите фондови се посебни друштва кои прибираат слободни средства како здружување на парични средства од домашни или странски физички или правни лица со цел да се оствари поголема моќ отколку кога тоа би се правело како поединец и ризикот да се намали бидејќи друштвата инвестираат во портфолио од различни хартии од вредност. Со него треба да се постигне професионално управување со портфолиото за разлика од индивидуален и мал инвеститор кој нема големо искуство или доволно стручни познавања од таа област. Инвестиционите фондови прават диверзификација со цел да се намали ризикот од вложувањата со едновремено водење сметка да се оствари поголем процент на принос за членовите на фондот а сето тоа да се реализира со помали трошоци. Карактеристика е и дека постои ликвидност на вложувањата, како и навремено информирање на членовите во однос на вредноста на нивниот имот. Акцент е ставен и на Законот за трговски друштва. Овој Закон во седмата глава од петтиот дел го уредува водењето на трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи. Спорд одредбите во Законот секој трговец има обврска да води сметководство и поднесува годишна сметка на начин определен со законот и правилникот за водење на сметководство. Согласно со законските определби, секој голем и среден трговец, трговец одреден со закон,

како и трговци кои вршат банкарска дејност, дејност на осигурување, трговци кои котираат на берза, како и трговци на кои финансиските извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци имаат обврска финансиските извештаи да ги подготвуваат и поднесуваат во согласност со усвоените Меѓународни сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување. Понатаму, анализирана е усогласеноста на домашната легислатива со легислативата на ЕУ, кои сегменти се имплементирани или кои треба во наредниот период да се имплементираат и тоа по одделни закони. Во таа насока е зајакнувањето на законската и иституционална рамка водена од примарниот репер, т.е. acquis communautaire, надополнет со МСФИ, МРС и добрата меѓународна практика. Во овој дел дадени се како илустрација, список на меѓународните стандарди, содржината на билансот на состојба и билансот на успех според Четвртата директива на ЕУ и објаснети се ставките кои треба да ги содржат. Прикажани се практични примери за годишен извештај и еден ревизорски извештај, како и податоци кои се доставуваат, односно ги објавува Централниот регистар.

Во третата глава, со наслов „Можности за подобрување на сметководствените и финансиски аспектите на пазарот на капитал во Република Македонија", се согледува процесот на хармонизација на регулативата на пазарот на капитал во Р. Македонија со таа на ЕУ. Република Македонија треба уште повеќе да се насочи кон приклучување на глобалните текови, како со соодветна имплементација на регулативните акти, но исто така и на нивна добра практична примена. Во таа насока е и донесувањето на новите биласни шеми за билансот на состојба, за билансот на успех (дополнет со делот за сеопфатна добивка), објаснувачките белешки и други податоци во врска средствата и обврските на деловниот субјект, а во насока на подобро, поквалитетно информирање на бројните корисници на финансиските извештаи.

Докторската дисертација завршува со заклучок во кој се врши презентирање на сознанијата и препораките за успешно функционирање на пазарот на капитал од сметководствен и финансиски аспект.

## ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Трудот на кандидатката м-р Дијана Јованоска, под наслов „Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија", претставува научен труд кој низ теоретска, нормативна и апликативна димензија доаѓа до валидни заклучоци за значењето на сметководствените и финансиските аспект за пазарот на капитал. Изборот на предметот и целите на истражување е направен со осет за актуелност на проблематиката но и како недоволно третирана во македонската научна јавност. Предмет на истражување е пазарот на капитал преку сметководствените и финансиските аспекти.

Во овој труд, кандидатката ја покажува состојбата на пазарот на капитал во Р. Македонија, но анализиран од сметководствен и финансиски аспект. Понатаму, се истражува какви се местото и улогата на поодделните иституции вклучени во функционирањето на пазарот на капитал. Во истражувањето се користени неколку методи. Како основен метод се користи дедуктивниот метод, но се користи и

компаративниот метод за да се согледаат сличностите или разликите на предметот што се истражува.

Оттука, како неколку препораки се издвојуваат:

- да се намали правната несигурност;
- да се елиминира честата промена на законските прописи;
- со смената на власта да не се врши промена во законската регулатива;
- подобрување на рамката за корпоративно финансиско известување;
- зајакнување на клучните чинители во рамката на корпоративното ( пред се финансиско) известување;
- поддржување на ревизорската професија;
- поддржување на образованието, обуката и јавната свест.

Литературата која е користена е бројна по библиографски единици, како од странски автори, но дел и домашни автори и користени законски текстови. Користенаталитература во најголем дел е објавена по 2000 година

Проверката на докторскиот труд на тема под наслов „Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал во Република Македонија“, изработена од Дијана Јованоска, е иницирана од проф. д-р Љубиша Јаневски. На 7.12.2013 е добиен извештај за совпаѓање на 5,18 % зборови со други трудови.

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на докторската дисертација „Сметководствени и финансиски аспекти на пазарот на капитал“, поднесена од кандидатката м-р Дијана Јованоска, Комисијата заклучува дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација, и му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

-*прво*: да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторската дисертација;

-*второ*: да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Љубиша Јаневски с.р.

Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска с.р.

Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

Проф. д-р Трајко Русевски с.р.

Проф. д-р Зоран Миновски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ, ОБЛАСТ: ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ, НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката на Советот на Земјоделскиот институт во Скопје бр.02-907/1 од 11.12.2013 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Ацковска, вонреден професор на Економскиот институт во Скопје, д-р Стојмен Бошков, научен советник во пензија и д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје.

По прегледот на доставените документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Комисијата изврши преглед на доставената документација и констатира дека на распишаниот конкурс од страна на Советот на Земјоделскиот институт во Скопје, во весниците ,,Вест" и ,,Коха" од 3.12.2013 година, за избор на еден асистент во научно поле биотехнички науки, област: економика на земјоделството и развој, при Земјоделскиот институт во Скопје, се пријавиле 2 (двајца) кандидати, и тоа (по азбучен ред):

### 1. М-р ЛАЗО ДИМИТРОВ

### 1.1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Лазо Димитров е роден на 17.7.1974 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование, со одличен успех.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1994/1995 година, на полјоделската насока, а студиите ги завршил со просечна оценка 8,58. Дипломирал во 1999 година, и во истата година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет, на групата агроекономика. Постдипломските студии успешно ги завршил со просечна оценка 9,63. Магистерската теза под наслов **Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија** успешно ја одбранил на 30 декември 2009 година и се стекнал со звањето магистер од областа на земјоделските науки, група агроекономика.

Се служи со англискиот јазик и има одлични познавања од областа на информатиката.

### 1.2. Научноистражувачкаи стручно-апликативна дејност

Својата работна кариера ја започнува во 1999 година во Рударскиот институт, каде што работел како советник за екологија и проценка на условите во животната и работната средина. Од 2000 до 2003 година работел како советник на Проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, проект на Светска банка. Во текот на работата учествувал и бил одговорен за спроведување на повеќе проектни активности, како што се: маркетинг - студијата за градинарското производство, воведување на системот за финансиски мониторинг на фарма, следење и проценка на програмата за финализација на земјоделските производи, како и интензивна поддршка и јакнење на

земјоделските здруженија и формирање на Федерацијата на фармерите на Република Македонија.

Од 2003 до 2008 година работел како советник за проценка и следење на влијанието на Проектот за финансиски услуги во земјоделството - ИФАД. Во рамките на ИФАД – проектот, одговорен е за воспоставување и менаџирање на систем за следење и проценка на проектните активности, нивото на исполнување на стратешките цели на проектот и давање препораки за подобрување на достигнувањата.

Во 2008 година формирал своја консултантска компанија Тера Консалтинг, која како примарна дејност има давање на бизнис и финансиски консултантски услуги во земјоделско - прехранбениот сектор и руралниот развој.

Покрај работа во земјава кандидатот има и меѓународно работно искуство. Имал работни ангажмани во Холандија, Турција, Ерменија и Босна и Херцеговина.

Активно е вклучен како стручен соработник и експерт во голем број работни и експертски групи во земјоделството, како и во изработка на низа национални стратегии.

Повеќепати учествувал на студиски престои во странство, учествувал, организирал и одржувал обуки од областата на агробизнисот, бизнис - планирањето, советодавните услуги, менаџментот и човечките ресурси.

### 1.3. <u>Објавени книги, стручни и научни извештаи и трудови</u>

Кандидатот м-р Лазо Димитров активно е вклучен во научната апликативна дејност. Како стручен соработник и експерт учествувал во имплементацијата на научните достигнувања, изработката и имплементација на многу проекти во областа на:

*1.3.1. Финансиска анализа на климатските промени и приспособување на земјоделското производство кон нив.*

Кандидатот бил вклучен во изработка на: **Трета национална комуникација за климатските промени,** под надлежност на УНДП и Министерството за животна средина, Климатски промени во Вардарскиот плански регион, имплементирана од УНДП, како и во Проект за приспособување на климатските промени, имплементиран од Мрежата за рурален развој на Р.Македонија, а финансиран од УСАИД. Главната експертиза на кандидатот во овие проекти е насочена кон агроекономска анализа на финансиската одржливост на предложените адаптивни мерки и сценарија за прилагодување на земјоделското производство на климатските промени. Во рамките на оваа проблематика, кандидатот учествувал и во имплементацијата на Аналитичката и советодавна програма за поддршка на зелен раст и климатските промени во Македонија финансирана од Светската банка, со цел да се поддржи Владата на Р.Македонија во проценка на економскиот бенефит и недостатоци од преориентирање кон зелен економски раст за надминување на климатските промени. Како партнер во имплементацијата на оваа програма, во соработка со ЛЕИ институтот од Вагениген универзитетот (Wageningen University) во Хаг, Холандија, направена е проценка и евалуација на влијанието што зелениот раст и мерките за зелен раст (предложени во Националната стратегија за одржлив развој) ќе ги имаат врз социјалната димензија во Р.Македонија, за што и е објавена меѓународна публикација **Kamphius, B; Verburg, R; Kuhiman, T; Brouwer, F; Berg, J; Dimitrov, L; “The social dimension of green growth in the Republic of Macedonia”, LEI Wageningen UR, The Hague, Netherlands, March 2013**.

*1.3.2. Микроекономски анализи, Буџетирање на фарма и ФАДН – ЕУ систем за Мрежа на сметководствени податоци на фарма.*

Кандидатот е вклучен во воспоставување на ЕУ-системот за мрежа на сметководствени податоци на фарма. Тој е еден од пионирите кои ги направија првите чекори за воведување на ФАДН-системот. Основата на ФАДН системот беше направена во рамките на финансискиот мониторинг на фарма. Оваа програма беше развиена во рамките на Проект за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, финансиран од Светската банка и имплементиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во рамките на оваа програма, кандидатот ги дефинираше основните принципи на собирање на податоци од репрезентативните фарми, буџетирање и финансиски анализи на ниво на фарма, како и давање на активна поддршка и тренинг на вработените во Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството (АПРЗ) за работење со системот (**Бизнис-податоци од фарма, Скопје, јули 2002, Светска банка, Проект за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, Земјоделско економски истражувачки институт (ЛЕИ), Холандија)**.

Во текот на годините, кандидатот активно е вклучен и соработуваше со Факултетот за земјоделство и храна во обработка и анализа на националните ФАДН-податоци собрани од АПРЗ. Во рамките на својата професионална ориентација кон агроекономијата, го креира, го воспоставува и го развива системот за сметководство на фарма во рамките на ФФРМ, базиран врз собирање и анализа на податоци од микрониво на фарма. Податоците се употребуваат за стратешко и бизнис-планирање и развој, како и за лобирање и застапувачки активности на ФФРМ.

Исто така, во рамките на проектот СФАРМ и поддршка на задругите во Р.Македонија, ја воведува агроекономската анализа на производството и производната цена на црвена пиперка како алатка за подобрување на врските помеѓу преработувачите и одгледувачите на црвена пиперка.

*1.3.3. Следење и проценка на влијанието и резултатите (M&E)*

Како дел од ИФАД-проектот во Р.Македонија (ИФАД 1 и 2), беше одговорен за воспоставување и менаџирање на систем за следење и проценка на проектните активности, нивото на исполнување на стратешките цели на проектот и давање препораки за подобрување на достигнувањата. Специфичните активности се однесуваа на идентификација и развој на стратешки цели, развој на индикатори, каоко и директна и блиска соработка со фармерите со цел да се мери влијанието на проектот и кредитирањето. Во рамките на своите професионални активности, направи голем број на финансиски и економски анализи за ефектите од кредитирањето кои се објавени во редовните извештаи на проектот **(Годишни и полугодишни извештаи за следење и проценка на влијанието на проектот во периодот од 2004 – 2007 година)**,а дополнително е направена и анализа на ефектите од приватните советодавни услуги **(Uzunov, A; Dimitrov, L; Jones, I; “IFAD and client-financed agricultural advisory services, IFAD”, Rome, Italy, November 2010).**

Своето искуство и експертиза во областа на M&E и анализи продолжува да ја дава и по завршувањето на ИФАД-проектот, како во Р.Македонија, така и интернационално. Во периодот од 2007 до 2011 има низа мисии во Турција, Ерменија и Италија, во насока на експертска поддршка и пренесување на знаењето од областа на M&E, на локалните проекти и други интернационални партнери.

*1.3.4. Статешко и бизнис-планирање*

Кандидатот има направено и учествувано во изработката на голем број стратегии, како национални и секторски, така и во рамките на развојот и унапредувањето на

невладиниот и приватниот бизнис-сектор. Одговорен е за подготовка на **Стратегија за стручна едукација и неформално образование, како дел од поддршката на телото за управување со ИПАРД во развојот и програмирањето на ИПАРД мерката 303 "Унапредување на тренингот (М 303)"**за акредитација. Вклучен е во развојот на програмата за осигурување на земјоделството во Македонија, Србија и Албанија, со специјален фокус на проценка на сегашната состојба, идентификација на потребата на клиентите и потребата од осигурителни пакети. Учествувал во подготовката на национата стратегијата за рурално финансирање. Во рамките на СИДА проектот за јакнење на ФФРМ, одговорен е за проценка, евалуација и редизајнирање на стратегијата за развој на федерацијата со цел зголемување на одржливоста и национално препознатливост на организацијата. Во рамките на СНВ проектот има направено стратешка анализа на пчеларскиот сектор, како идентификација на препреките и стратешките приоритети стратешките приоритети, стратешки развој и бизнис-планирање, институционално градење на капацитетот и јакнење на задругите.

Има изготвено голем број на бизнис-анализи и бизнис-планови за агро-прехранбената индустрија, како за потребите за ИПАРД аплицирање, така и во областа на кредитирањето. Во рамките на KfW/ГФА проектот за поддршка на националниот парк Галичица, одговорен е за **Редефинирање и надградба на бизнис-планот на националниот парк Галичица**. Учесник е во работната група за утврдување на постапките за подготовка на бизнис план за потребата на ИПАРД и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), а подоцна активно ја поддржуваше АФПЗРР во градење на капацитетот и воспоставување на правилата за проценка на бизнис-планот.

Во рамките на своето професионално работење, кандидатот има спроведено голем број обуки со различни тематика и проблематика.

*1.3.5. Објавени книги, стручни и научни извештаи и трудови:*

- „Трета национална комуникација за климатските промени", под надлежност на УНДП и Министерство за животна средина, Скопје, 2013;
- Kamphius, B; Verburg, R; Kuhiman, T; Brouwer, F; Berg, J; Dimitrov, L; "The social dimension of green growth in the Republic of Macedonia", LEI Wageningen UR, The Hague, Netherlands, March 2013;
- Стратегија за стручна едукација и неформално образование, како дел од поддршката на телото за управување со ИПАРД во развојот и програмирањето на ИПАРД-мерката 303 "Унапредување на тренингот (М 303)", Скопје, 2010;
- Димитров, Л., „Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија", магистерски труд, Скопје 2009;
- Uzunov, A; Dimitrov, L; Jones, I; "IFAD and client-financed agricultural advisory services, IFAD", Rome, Italy, November 2010;
- Годишни и полугодишни извештаи за следење и проценка на на влијанието напроектот во периодот 2004 – 2007 год.;
- „Бизнис-податоци од фарма", Светска банка, Проект за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, Земјоделско економски истражувачки институт (ЛЕИ)Холандија, Скопје, јули 2002;
- Редефинирање на и надградба на бизнис планот на националниот парк Галичица, 2010;
- други стручни и апликативни извештаи.

**2. м-р МАРИНА ФИЛИПОСКА**

**<u>2.1. Биографски податоци</u>**

Кандидатката м-р Марина Филипоска е родена на 29.9.1986 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование, со одличен успех.

На Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се запишал во учебната 2005/2006 година, на насоката агроекономија, а студиите ги завршила со просечна оцена 9,37. Дипломирала во 2009 година, и во истата година се запишал на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, Институт за агроекономика во Скопје, на магистерски студии по агробизнис. Постдипломските студии успешно ги завршила со просечна оценка 7,75. Магистерската теза под наслов **Ефикасност на производството на свињарски фарми во Република Македонија** успешно ја одбранила на 23 декември 2011 година и се стекнува со звање магистер на земјоделски науки, група: агробизнис. Во рамките на размената со Шведскиот универзитет за земјоделски науки, Факултет за природни ресурси и земјоделски науки, Катедра за економија во Упсала, завршила последипломски студии со просечна оценка 8,14 и се стекнала со звање - магистер на науки од областа на Бизнис Администрација со магистерски труд "Efficiency of pig farms production in the Republic of Macedonia – Data Envelopment Analysis approach". Се запишала на докторски студии и на 6 февруари 2012 година одобрена и е докторска дисертација под наслов **„Ефикасност на одржливо земјоделско производство во функција на рурален развој“**.

Се служи со англискиот јазик и има одлични познавања од областа на информатиката.

**2.2. <u>Научноистражувачкаи стручно-апликативна дејност</u>**

Во периодот 1.6.2010-31.12.2012 работела како асистент на проект на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна. Во рамките на своите менаџментски активности врши организирање и имплементација на тековни едукативни и истражувачки активности, подготовка на проектни документации, конференции и работилници; организирање на темите, дизајнот и содржината на четири месечен проектен весник, спроведување на финансиски и менаџментски административни задолженија. На истиот Факултет, Институт за агроекономика, работи како демонстратор од 1.10.2009 до 31.05.2010 година.Ворамките на своите активности дава помош вореализирање на едукативни и истражувачки активности на Институтот за агроекономика, повремено одржување на предавања, консултации со студенти, помош во одржување на тестирања и оценувања на студентите, администрација и развој на наставните програми, придонес воистражувачки проекти.

Во периодот 1.8.2009-31.9.2009 година, волонтира и изведува административна работа во секторот за директни плаќања, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој.

Кандидатката, има повремени активности како надворешен консултант во периодот од 1.2.2009-31.12.2013 година. Дава помош во составување на национална база на податоци од индивидуалци, институции, асоцијации и легални ентитети чии активности се насочени кон рурален развој како практична алатка за имплементација на ИПАРД, финансирано од МААСП. Вклучена е во имплементација на SWG RRD-регионален проект и изведува истражувачки активности во однос на климатските промени, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност и промоција на одржливите практики во земјоделскиот сектор во рамките на проектот „Агроенергија", финансиран од Шведската меѓународна агенција за развој и соработка - СИДА.

**2.3. <u>Објавени книги, стручни и научни извештаи и трудови</u>**

Кандидатката м-р Марина Филипоска активно е вклучена во научната и едукативната дејност. Како демонстратор и стручен соработник учествувала во едукацијата и имплементацијата на проекти во областа на:

*2.3.1. Демонстратор и предавач*

Кандидатката била краткорочно вклучена како демонстратор и предавач на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за земјоделски науки и храна (ФЗНХ), Струмица (18.5.2012) на предметот менаџмент во сточарското производство, (28.02.2011) и (22.2.2010) на предметот трошоци и калкулации во земјоделството.

*2.3.2. Професионални и консултантски активности*

Во рамките на своите професионални активности, кандидатката има реализирано предавања и советувања. Била предавач на различни теми од областа на енергијата и енергетската ефикасност, користење на биомасата и обновливите извори на енергија - Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД, Стопанска комора на Република Македонија и Агенција за енергетика на Република Македонија. Исто така, активно е вклучена во изработка на голем број елаборати за заштита на животната средина и добивање еколошки дозволи, и тоа: Елаборат за заштита на животната средина за производство на биодизел, за електрана на биогас, индустриски објект за преработка на месо.

*2.3.3. Објавени книги, стручни и научни извештаи и трудови*

1. Petrovska, M., Martinovska-Stojceska, A., Ohlmer, B., & Kotevska, A. 2013 Technical efficiency of Macedonian pig farms. Agroeconomia Croatica, Journal of Croatian Society of Agriculturak Economists, Vol.3 (2013) No.l, ISSN: 1333-2422, pp. 18-25,
2. Petrovska, M., Manevska-Tasevska, G. and Martinovska-Stojceska, A. 2013. Pig production farms in Macedonia: assessment of the technical efficiency, DAES conference "Tools for decission support in agriculture and rural development", Krsko.
3. Petrovska, M. and Azderski, J. 2012. Analysis of the organizational potential in the Republic of Macedonia for establishment of rural development network. International Symposium for Agriculture and Food, Skopje.
4. Petrovska, M. 2011. Efficiency of pig farm production in the Republic of Macedonia - Data Envelopment Analysis approach. MSc thesis. Faculty of Natural Resources and Agricultural Sciences, University of Agricultural Sciences in Uppsala, Sweden, No. 708, ISSN: 1401-408.
5. Филипоски, Д. и Петровска, М. 2013. Користење на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност во земјоделскиот сектор на Република Македонија. Зборник на апстракти на трудови. Прва студенска конференција „Енергетска ефикасност и одржлив развој", Факултет за електротехника и информатички технологии, Скопје Petrovska, M., Filiposki, D. and Petrovska, S. 2012. Energy efficiency and renewable energy sources - benefit for the agricultural sector in the Republic of Macedonia. International Journal of Ecosystems and Ecology Science (IJEES), Vol. 2 (2), ISSN: 2224-4980, pp. 65-68.
6. Petrovska, M., Petrovska, S. and Filiposki, D. 2011. Mitigating climate change through utilization of biomass in the agricultural sector of the Republic of Macedonia. Albanian Journal of Agricultural Sciences (AJAS), ISSN: 2218-2020, pp. 73-78.
7. Petrovska, S., Acevska, N. and Petrovska, M. (2010). Role of IPPC permit in the process of reduction of pollution caused by waste water in two pilot plants in the municipality of Prilep. Fourth International Scientific Conference BALWOIS 2010, Ohrid, Macedonia, No. 2010-147.

8. Petrovska, M., 2013. Efficiency of pig farm production in the Republic of Macedonia, Data Envelopment Analysis approach. Scholars' Press, Saarbrucken, ISBN 978-3-639-51378-3.

Во рамките на своето студирање и професионално работење има посетувано голем број на обуки.

## ЗАКЛУЧНА ОЦЕНКА

Врз основа на изнесените активности и резултатите на пријавените кандидати, Комисијата заклучува дека кандидатите м-р Лазо Димитров и м-р Марина Филипоска ги поседуваат потребните научни и морални квалитети според Законот за високото образование на Р. Македонија и Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје. Од друга страна кандидатот м-р Марина Филипоска не ги исполнува условите за избор звањето во асистент пропишани со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, односно нема најмалку тригодишно работно искуство од областа или претходно звање - помлад асистент.

Сепак, ставена пред избор, Комисијата се определи за кандидатот м-р Лазо Димитров.Избраниот кандидат м-р Лазо Димитров има соодветно работно искуство, кое е директно и попрактично поврзано со стручна примена на агроекономиката и економиката.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените активности и резултатите на пријавениот кандидат, Комисијата заклучува дека м-р Лазо Димитров ги поседува потребните научни, морални и формални квалитети според Законот за високото образование на Р. Македонија и Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје и има чест да му предложи на Советот на Земјоделскиот институт во Скопје, да го избере кандидатот м-р Лазо Димитров во звањето асистент во научното поле биотехнички науки, област: економика на земјоделството и развој.

Рецензентска комисија

1. д-р Марија Ацковска, вонреден професор, Економски институт – Скопје, с.р.

2. д-р Стојмен Бошков, научен советник во пензија, с.р.

3. д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор, Земјоделски институт - Скопје, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ОД ОБЛАСТА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука број 02-1801/4 на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на својата четириесетта седница одржана на 5.12.2013 година, по објавениот конкурс за избор на еден наставник во звањето насловен доцент од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во Скопје, беше избрана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Коста Митрески (претседател), проф. д-р Данчо Давчев (член) и вонр. проф. д-р Слободан Калајџиски (член).
На конкурсот објавен на 19.11.2013 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Журнал" се пријави само еден кандидат: д-р Андреја Наумоски, демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. По разгледувањето на конкурсните материјали го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## Биографски податоци, наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на д-р Андреја Наумоски

### Биографски податоци

Кандидатот д-р Андреја Наумоски е роден на 22.1.1983 година во Струга, Р. Македонија. Основно образование завршил во ОУ „Јосип Броз Тито" во Струга, а средно училиште во природно-математичката гимназија „Нико Нестор" во Струга, при што континуирано учествувал на регионални и државни натпревари во повеќе области.

Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје на 23.6.2006 година, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика, со просечен успех од 8,05. Магистрирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии со просечен успех 10,00 во 2008 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Динамички и хабитатни модели за Преспанско Езеро". Во 2009 година ја започнува работата на својата докторска дисертација со наслов „Нови класификациски алгоритми за анализа и откривање на знаења на дијатомејски заедници во водени средини", која успешно ја одбранил на 6.7.2012 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје под менторство на проф. д-р Коста Митрески. Докторската дисертација дава придонес во областа на фази-класификациските алгоритми и предиктивните кластерирачки правила за анализа и откривање на знаења од дијатомејски податочни множества - еколошки податоци во водени средини. Презентирани се нови концепти, критериуми и архитектура за подобрување на најновите брзи и ефикасни

алгоритми кои се користат за анализа на податоци, и даваат врвни резултати во насока на подобрување на анализата и прикажувањето на нови знаења поврзани со овие типови на податоци.

Во периодот од 2006 година до 2009 година, кандидатот работи на повеќе домашни и меѓународни проекти во областа компјутерска техника и информатика, од кои два проекта се финансирани од FP6 и TEMPUS програмите, како и еден билатерален проект. Кандидатот учествувал во подготовка на неколку научноистражувачки проекти во рамките на FP7, TEMPUS, SCOPUS и други европски програми. Од 2008 година во рамките на проектот „TEMPUS CD JEP-41038-2006-Ecosystem informatics- Development of Postgraduate Curriculum" учествувал во подготовката на 3 модули од магистерските студии по екоинформатика.

Од 2009 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје е ангажиран како демонстратор за подготовка и изведување на аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети, а од 2011 година, па сè до денес е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Автор и коавтор е на 38 научни трудови објавени во меѓународни списанија и зборници на домашни и меѓународни научни конференции.

## Наставно-образовна дејност


4. Д-р Коста Митрески, редовен професор, ФИНКИ, претседател, с.р.

5. Д-р Данчо Давчев, редовен професор, ФИНКИ, член, с.р.

6. Д-р Слободан Калајџиски, вонреден професор, ФИНКИ, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, НА Д-Р КЛОД КЛЕМЕН АБУ, ПРОФЕСОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ PARIS XII

Комисијата за наука, Комисијата за настава и Комисијата за соработка со универзитетите во земјата и во странство, на заедничката седница одржана на 21.11.2013 година, определи Рецензентска комисија за изработка на рецензија за доделување на титулата почесен професор на д-р Клод Клемен Абу, професор на Универзитетот "ParisXII", Франција, во состав:

- проф. д-р Никола Јанкуловски
- проф. д-р Даниела Миладинова и
- проф. д-р Горан Кондов.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци
Проф. Клод Клемен Абу е роден 1943 година во Манкин, Тунис. По завршувањето на студиите по медицина во Париз во 1968 година, специјализирал хирургија на Универзитетот во Париз од 1970 до 1974 година. Стручното усовршување го продолжил од 1974 до 1975 година на Универзитетот "Мек Гил" во Монтреал, Канада, каде што се едуцирал во областа на трансплантацијата.

Наставна активност
Д-р Клод Клемен Абу е професор по урологија на Универзитетот "ParisXII", како и раководител на Уролошкиот оддел во болницата "Анри Мондор" во Кретеј.
Одговорен е за наставата на Универзитетот ""ParisXII", за уро-нефрологија и целиохирургија во урогинекологијата.

Стручно-апликативна дејност
Членува во голем број стручни и научни асоцијации, при што е носител и на повеќе раководни функции:
- претседател на научниот комитет и избран член на Административниот совет на Француската уролошка асоцијација,
- член на Бордот на Европската уролошка асоцијација.
Ги извршувал следните функции: раководител на онколошката група во европската уролошка асоцијација, член на Универзитетскиот совет, претседател на информатичката и финансиската комисија на Универзитетот "ParisXII", како и претседател на францускoто друштво "Филип Гијон".

Вовел многу иновации во урологијата, автор е на три патенти – артефициелен сфинктер со надворешна контрола, има удел во производството и

имплантацијата на артефициелен мочен меур, како и за иновации применети во постапката на производство на органски протези.

Награди и признанија
Клод Клемен Абу е носител на признанието "Витез на легијата на честа" во 2001 година, но и на многубројни награди и признанија:
- награда на Американското здружение за внатрешни артефициелни органи, за работата на артефициелен мочен меур во 1977 година
- награда на европската уролошка асоцијација за најдобар труд во 1978 година
- награда за најдобро истражување на европската уролошка асоцијација за микрохирургија на бубрежен паренхим во 1980 година
- награда за најдобар постер на 81ви уролошки конгрес за фотохемотерапија на туморите на мочен меур со евалуација на ирадијационите модалитети во 1987 година
- награда за истражувањата на Европската уролошка асоцијација на факторите на раст во нормален и трансформиран уроепител во 1998 година
- специјална награда за видео за супрареналектомија со ретроперитонеална лапароскопија во 1998
- прва награда за видео за лапароскопска радикална простатектомија и за нервно спојување кај истиот зафат, 2001 година
- прва награда за екстраперинеална лапароскопска простатектомија од европската уролошка асоцијација во 2002 година
-прва награда за лапароскопска екстарперитонеална радикална простатектомија во 2003 година.

Публицистичка дејност
Објавил 289 публикации во медицински и истражувачки списанија во англо-саксонско и франкофонско подрачје. Реализирал 8 филмски презентации, а особено значење има книгата "Хируршка урологија".

Најзначајните достигнувања на д-р Клод Клемен Абу се во областа на урогениталните канцери и трансплантација на бубрег и панкреас, во технологијата на целиохирургијата и во неинвазивниот третман на аденомот на простатата. Значаен удел има и во истражувањата на дијагностиката и терапијата на урогениталните карциноми, под раководство на проф. Шопен.

Значење за развојот на медицината во Република Македонија
Проф. Клод Клемен Абу има голем придонес во унапредувањето на македонската хирургија и медицината воопшто. Ментор е и едукатор на основоположникот на македонската трансплантациона хирургија, академик проф. Живко Попов. Активно учествува во основањето на македонскиот центар и школата за трансплантација на бубрези. Професорот Абу оперирал и бил директен учесник на првите две бубрежни трансплантации, уште во стариот хируршки блок. Во повеќе наврати ја посетувал и ја поддржувал македонската медицина, држејќи предавања на Факултетот и во други медицински центри во земјата. Првите сто трансплантации во Република Македонија се изведени со речиси комплетна помош во смисла на обезбедување на материјали од Универзитетскиот центар

"Анри Мондор" во Кретеј, каде што проф. Абу бил долгогодишен раководител на Уролошкиот оддел. Воедно, со проф. Абу се реализирани и повеќе научни проекти од областа на урологијата, а исто така реализирани се и повеќе стручни престои во кои се едуцирале уролози и нефролози од Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид достигнувањата на проф .Клод Клемен Абу во наставно-едукативната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, неговите големи заслуги во развојот на македонската урологија и трансплантациона хирургија, имаме задоволство да му предложиме на Универзитетскиот ценат, почитуваниот проф. Клод Клемен Абу да биде избран во почесен професор (PROFESOR HONORIS CAUSA) на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Никола Јанкуловски с.р.

Проф. д-р Даниела Миладинова с.р.

Проф.д-р Горан Кондов с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

# “ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ КУПУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ ВО РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ И СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

## ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ВОЛКАНОВСКИ СТЕФАН, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-3681/2 од 4.12.2013, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), член 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на29.11.2013година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **Фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија**, поднесена од кандидатот**м-рВолкановски Стефан**.
По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација со наслов“Фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија”, поднесена од кандидатот м-р Волкановски Стефан.е обработена на вкупно 256 страници компјутерски среден текст.
Содржината на трудот, освен: вовед (стр. 7-12), апстракт и клучни зборови на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр.243-249),прилози (стр.250-251) и референци (стр.252-256),есистематизирана во 4(четири) глави:
Глава 1. Актуелни состојби на пазарот на недвижности (стр. 13-59)
Глава 2.Инструментите на маркетинг миксот на пазарот на недвижности (стр. 59-124)
Глава 3. Детерминанти кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижен имот (стр. 125-229)
Глава 4. Истражување на факторите кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности (студија на случај) (стр. 230-242)
*Во воведот* на докторската дисертација се елаборирани основните цели, предметот на истражување, методологијата на истражување и актуелноста на проблематиката.
Во првата глава на докторската дисертација насловена како***Актуелни состојби на пазарот на недвижности,***елаборирани се состојбите на пазарот на недвижности неговата големина и потенцијал, понатаму факторите во процесот на купување на недвижности, детално истражување на понудата и побарувачката на недвижностите во развиените земји, како и истражување на понудата и побарувачката на недвижности во Р. Македонија.

Во втората главанасловена како ***Инструменти на маркетинг миксот на пазарот на недвижности,*** детално се анализирани инструментите на маркетинг- микс концептот на пазарот на недвижности, основните карактеристики на производот и дистрибуцијата, понатаму производната политика на пазарот на недвижности како и дистрибутивната политика и каналите на дистрибуција на пазарот на недвижности, ценовната политика на пазарот на недвижности, кадарот, потоа физички докази како и процесите–систем од процедури, механизми и активности на пазарот на недвижности како и промотивниот микс и постојаната комуникација со потрошувачите на пазарот на недвижности.
Во рамките на индивидуалните разлики во однесувањето на потрошувачите, при купувањето на недвижности покрај економските и социолошките фактори, дополнително разбирање се добива со анализа на индивидуалните психолошки фактори. Овие индивидуални детерминанти помагаат онаму каде што демографските (возраст, доход, географска разместеност и сл.) не можат, и обезбедуваат разбирање на карактеристиките кои се поопределувачки за однесувањето на потрошувачите. Токму поради тоа во рамките на третата глава насловена како ***Детерминанти кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижен имо,т***детално се анализирани не само економските и социолошки фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите, туку и психолошките, демографските фактори како и другите фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите.
Во последната четврта глава насловена **како *Истражување на факторите кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности (студија на случај,)***потенциранаеважноста на факторите кои влијаат врз задоволството на потрошувачите преку поврзаноста помеѓу задоволството и повторното купување, поволни препораки од потрошувачите во форма на „од уста-до уста“ или по електронски пат, и можноста незадоволството да предизвика жалби и поплаки од потрошувачите, при купување на недвижности. Разбирањето на задов0лството, односно незадоволството кај потрошувачите овозможува на претпријатијата поефикасно и поефективно да го “украдат” бизнисот од конкуренцијата. Задоволството на потрошувачот од купените недвижности зависи од неговото исполнување, но покрај тоа може да зависи од очекувањата на потрошувачите. Во врска со тоа компаниите треба да бидат многу внимателни при одредување на очекувањата на потрошувачите. Ако потрошувачите се наведени да очекуваат премногу од производот, тие може да бидат разочарани, додека во обратниот случај, ако очекуваат премалку од производот тие може да го потценат она што производот мора да го понуди и поради тоа да се одлучат за друг производ. Одбирањето на вистинската мерка при креирањето на преголеми или премали ветувања (очекувања) кај потрошувачите е еден од најголемите маркетиншки предизвици за претпријатијата кои продаваат недвижен имот.Определувањето на значењето на задоволството кај потрошувачите има пресудна улога за градењето на долгорочни односи со потрошувачот кои на компаниите кои дејствуваат на пазарот на недвижности ќе им овозможат профитабилност на долг рок. За таа цел, во рамките на трудот беше спроведено истражување со цел да се согледа значењето на поодделните детерминати кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји, со цел нивна компарација не само меѓу поодделните развиени земји, туку и со состојбите во Р. Македонија.

## II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Мотивацијата и перцепцијата на потрошувачите може да бидат резултат на една потреба, но во определени случаи таа е резултат на повеќе потреби кои постојат истовремено.

Задоволувањето на едни потреби може да биде за сметка на други и со тоа доаѓа до појава на мотивационен конфликт. Овој циклус е особено изразен во процесот на купување нанедвижности. Поаѓајќи од тие факти,**предмет на истражување** на оваа докторска дисертација е определување на степенот на влијание на факторите кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите во процесот на купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Р. Македонија како значаен предуслов за претпријатијата кои дејст- вуваат во оваа сфера да ја приспособат нивната маркетинг- стратегија за настап на пазарот.

За реализација на утврдените **цели** беа спроведени следниве задачи:

– беа анализирани актуелните состојби на пазарот на недвижности неговата големина и потенцијал, факторите,

– беше анализирано влијанието на инструменти на маркетинг- микс концептот на пазарот на недвижности,

– беше анализирано поодделното влијание напроизводот и дистрибуција како дел од инструментите на маркетинг миксот на пазарот на недвижности,

– беше анализирано поодделното влијание на цената и кадарот како дел од инстру- ментите на маркетинг миксот на пазарот на недвижности,

– беше анализирано поодделното влијание на физичките докази и процеси како дел од инструментите на маркетинг миксот на пазарот на недвижности,

– беше анализирано поодделното влијание на промотивниот микс како дел од инструментите на маркетинг миксот на пазарот на недвижности,

– беше направена компаративна анализа преку која ќе се согледаат сличностите и разликите помеѓу пазарот на недвижности во Р. Македонија и развиените земји.

Овој труд се базира на теоретските концепти кои се поставени во литературата од обласа на маркетингот, услужниот маркетинг и маркетингот на градење односи со потрошу- вачите. Всушност, теоретската рамка на овој труд се фокусира на концептот на квалитетот на услугата, неговата димензионалност и различите методи и модели кои се користат за мерење на овој концепт, генерално и во банкарскиот сектор на недвижности. Со развојот на приватната сопственост, недвижностите станаа особен атрактивен бизнис сектор, кој честопати бара големи финансиски средства и вложувања. Често купувањето недвижен имот бара големи инвестиции, а секоја парцела на земјиште има уникатни карактеристики, па така ииндустријата на недвижности еволуира во различни правци. Паралелно се развива и нова професија – специјалисти за недвижности кои ја утврдуваат вредноста на недвижниот имот и ги олеснуват купопродажните трансакци.

При истражување и конципирање на докторската дисертација насловена како„Фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија“се применети научни методи кои се користат во општествените науки:

1. дедуктивно - индуктивниот метод;

2. методите на компаративна економска анализа и статички метод (спроведување на состојбите на пазарот на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија),

3. за прибирање на примарни податоци: спроведени се две истражувања.

Во првото истражувањето беа опфатени 110 претпријатија (намерен примерок) на подрачјето на Р.Македонија, кои се занимаваат со градежништво (пред сѐ сопственици на мали или средни претпријатија). Целта на ова истражување беше согледување на квалитетот на материјалите (производите) кои се применуваат при градба на објектите. Најголем дел - 79 претпријатија беа испитани на подрачјето на град Скопје, останатите 5 во Ресен, 6 во Битола, 4 во Прилеп и 16 на подрачјето на Тетово и Гостивар. Истражувањето е структурирано со користење на прашалник во кој се опфатени 7 прашања (од кои 6 се затворени прашања и 1 прашање кое нуди можност за рангирање).
Анкетниот прашалник за*квалитет на производите (материјалите) кои се применуваат при градба на недвижности во Република Македонија* беше доставуван директно до менаџерите и/или преку нивни добавувачи на градежни материјали. Истражувањето беше спроведено од јуни 2012 до мај 2013 година.
Во рамките на подетално согледување на состојбите во оваа сфера, беше подготвен и втор *Прашалник за фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности*. Ова второ истражување кое е побемно опфаќа намерен примерок на 900 испитаници (по 300 од група според висината на месечните примања: до 15.000 ден. (28,33%), од 15.001 до 30.000 ден. (53,33%) инад30.000 ден. (18,34%) на возраст од 25 до 60 години. Истражувањето беше спроведено во периодот јуни 2012 јуни 2013 преку он лајн прашалник. При тоа, 58% од испитаниците беа припадници на машкиот пол, а 42% припаднички на женскиот пол.
Според правнитезакони, недвижен имот е комбинација на интереси во земјата и нивни подобрувања, а лична сопственост е интерес за подвижен имот. Правата на недвижностите се права кои се однесуваат на земјата. Овие права вклучуваат сопственост и употреба. Сопствениците може да ги дадат правата на лица и ентитети во форма на договори за закуп и лиценци.
Во Република Македонија, според Законот за катастар на недвижности, недвижноста е дефинирана како земјиште, зграда, посебни делови од зграда, други објекти и други недвижности што се запишуваат во катастарот за недвижности во согласност со закон. Следејќи ја содржината во дефиницијата се стекнува впечаток дека сите просторни објекти се предмет на регистрација, а компаративно во регистрацијата се присутни само парцелите и зградите.
Недвижноста во зависност од системскиот третман може да биде различито димензионирана. Во нашиот катастарски систем, како основна системска форма, недвижноста се димензионира со геометриски елементарни форми во единствен референтен систем и референтна проекција и со атрибутни податоци со кои се пренесуваат својствата и тоа до ниво на системскиот интерес во делот на типизацијата на сервиси.
Во последниве неколку години сѐпоголемо внимание се посветува на следењето на случувањата на пазарот на недвижности, поради нивното значајно влијание врз вкупните економски движења. Во тие рамки, посебно се истакнува значењето на редовното следење на движењето на цените на становите. Имено, станбениот имот има значително учество во вкупниот имот на населението, а издатоците поврзани со овој вид имот (отплати на рати за станбени кредити или издатоци за закупнина на стан) имаат значително учество во вкупните издатоци на населението. Оттука, промената на цената на становите, рентите (закупнините) и на каматните стапки на станбените кредити во голема мера придонесува за промена на вредноста на имотот, како и на приходите и расходите на населението, а со тоа и за промени во агрегатната побарувачка и инфлацијата. Цените на становите се чувствителни на промени во каматните стапки, односно на степенот на експанзивност или заострување на монетарната политика, со што можат да имаат значителен удел и во

функционирањето на трансмисискиот механизам на монетарната политика. Исто така, цената на рентите претставува составен дел на потрошувачката кошница којашто служи како основа за пресметка на индексот на потрошувачки цени, од каде што произлегува и нејзиното влијание врз движењето на инфлацијата. Во поразвиените економии, поизразените флуктуации во цените на становите можат да се одразат и врз финансискиот и економскиот циклус и финансиската стабилност на земјата.

Волуменот на трговија со недвижности во 2011 година, конкретно со комерцијални недвижности (Commercial Real Estate – CRE), се проценува на 26,6 трилиони американски долари. По региони, Европа учествува со најголем дел, 9,4 трилиони американски долари, следена од САД/Канада ($7,5 трилиони), Азија-Пацифик ($7,2 трилиони), Латинска Америка ($1,8 трилиони) и од земјите членки на на Советот за соработка во Заливот (Gulf Cooperation Council-GCC) во вредност од $677 милијарди).Квантитативно и квалитативно, волуменот на трговијата со недвижнини е концентрирана во мал број држави. САД на глобално ниво учествуваат со малку повеќе од една четвртина од сите зделки со CRE (25,4%), а потоа следуваат Јапонија (10,1%), Кина (7%), Германија (6,1%) и Велика Британија (5,2%).

Во функција на подобро согледување на идните состојби на пазарот на недвижностите, во трудот е презентирано согледувањето на проценките за движењето на пазарот на комерцијални недвижнини во наредниот 10-годишен и 20-годишен период. Целта беше да се разберат релативната големина на пазарите и идните трендови кои можат да послужат како патоказ за подобро информирање на потенцијалните инвеститори и градење соодветни стратегии.

Раст во големината на глобалниот пазар – како во апсолутен, така и во релативен поим – претставува значајна претпоставка за оние кои инвестираат во комерцијални недвижности надвор од границите на својата држава. Во 2012 година на овој глобален пазар доминираат САД. Овој раст ќе продолжи и во иднина, но мора да се потенцира мошне брзиот раст што доаѓа од земјите од регионот Азија-Пацифик регионот, особено од Кина и Индија. Растот ќе биде релативно голем и во земјите во развој, како што се Русија и Бразил. Европа ќе продолжи да бележи раст, како кај развиените, така и кај земјите во развој, но со нешто побавно темпо од глобалниот тренд.

Несомено, растечкиот глобален пазар ќе овозможи повеќе различни можности, но сепак поединечната стапка на раст ќе биде водечкиот фактор при донесувањето одлука за местото и обемот на инвестирање. Несомено, инвеститорите во предвид ќе ги имаат другите фактори, вклучително и локалната побарувачка, транспарентноста, ликвидноста, доброто владеење, политичката стабилност и институционална законска рамка.

Во современите услови на стопанисување при постоење на крајно изразена пазарна конкуренција, потрошувачот е нејзиното средиште и основен двигател. Ова констатација е особено значајна во услови на севкупното деловно работење на пазарот на недвижности. Согласно со постојната законска регулатива во Р. Македонија, поимот „недвижности“ вклучува земјишта, згради, посебни делови од згради и другиобјекти, како и други недвижности што се запишуваат во катастарот на недвижностите во согласност со закон. Повеќето правни системи прават разлика помеѓу различни видови на имот (недвижен имот, земјишен имот, недвижности), особено кога станува збор за земјиште и сите други форми на имотни-стоки, подвижен имот или лична сопственост. Тие често разликуваат материјална и нематеријална сопственост. Јавното мислење и медиумите често "пазарот на недвижности" го восприемаат единствено од перспектива на станбеното живеење (домување), недвижностите, врз основа на нивната употреба се групираат во три широки категории: станбени, комерцијални и индустриски недвижности.

Развиените држави доминираат во трговијата со недвижнини и тоа со 75,8% во обемот на остварената трговија со комерцијални недвижнини (Commercial Real Estate – CRE) според

вредност. Европа учествува со 30,4% од вкупниот број на реализирани CRE договори, следена од САД/Канада (28,4%) и развиениот дел на Азија (17%).
Во последната декада се бележи значаен раст на пазарот на недвижности и во земјите во развој. Во 2021 година се предвидува земјите во развој на CRE пазарот да учествуваат со 42,8%, наспроти 24,2% во 2011 година. Овој раст, пред сè, ќе се должи на растот во Кина.
Пазарот на недвижности, а пред сèпазарот на станови, како посебен пазарен сегмент во Р. Македонија претставува недоволно истражувана област и оттаму не може да се пофали со развиена статистика за цените на недвижностите, што воедно претставува и една од главните причини за недоволната истраженост на овој пазарен сегмент.
Основен предуслов за соодветно следење и анализа на движењата на пазарот на недвижности е располагањето со квалитетни податоци за овој пазарен сегмент. Пресметката на индексот на цените на недвижности не е воопшто едноставна, што произлегува и од карактерот на пазарот на недвижности. Имено, становите се исклучително хетерогена категорија и се разликуваат според квалитетот и локациските обележја, поради што мошне е тешко да се утврди т.н. „чиста“ цена. Исто така, огласената цена не се поистоветува секогаш со конечната, продажна цена на недвижностите, а дополнителен проблем е што недвижностите не се предмет на чести купопродажби.
Според податоците, во втората половина од 2012 година, градежниот сектор во Р. Македонија бележи континуиран тренд на раст во делот на изградба на станбен простор, продажба и издавање под наем на канцелариски и малопродажен простор.
Во дадениот период, на пазарот со станбен простор бележи раст бројот на нови станови пуштени во употреба и продажба и тоа со 19%, во однос на првата половина на 2012-та. Исто така, раст бележи бројот на станови во изградба за 7,3% споредено со првата половина, од кои 70% се планира да бидат завршени во текот на 2013-та. Во однос на цените на новите станови, просечната цена во Скопјебележи намалување за 11% во споредба со првата половина на 2012.
Продажните цени и рентата на деловниот простор (канцеларии и продавници), пред сè, во Скопје ги достигнаа и надминаа европските цени, иако во главниот град поголем дел од деловниот простор не се гради според пропишаните највисоки критериуми, а големите транснационални корпорации немаат отворено свои претставништва и продавници како во останатите држави од Југоисточна Европа.
Деловниот простор во Скопје се продава и изнајмува по нереално повисоки цени со во споредба со цените на главните градови и тоа не само на соседните земји, иако инвестицискиот циклус кај нив е неколкукратно поинтензивен.
Во текот на 2012 година се градени вкупно 1.507 објекти, а завршени се вкупно 1.259 станови со вкупна површина од 92.402 м$^2$, од коишто 1.172 се во индивидуална сопственост. Од нив, 6.540.697 илјади денари се за објекти во индивидуална сопственост.
Ситесреќнисемејствасесреќнинаистначин,
адекасекоенесреќносемејствоенесреќнонасвојначин.
Сечинидекаистотоважиизаевропскитеземјикоигизафатифинансискатаидолжничкатакриза.
ВоИрска, например, заколапсотнанајважнитебанки, асотоаидржавнитефинансии, одговоренбешепренапумпаниотградеженпазар.
Коганастапикризатаценитенанедвижноститепаднаадраматично, заповеќеодполовина. Но, сечинидекаонанајлошотопомина, баремвоирскиотглавенградДаблин. Повторноимакуќи, становииканцелариските просторипоповолницени. Затоабројниинвеститорисметаатдека едојденовремеповторнодасекупуваатнедвижности.
Во групата на социолошки фактори, како фактор на потрошувачката на пазарот на недвижности, влегуваат повеќе потфактори, меѓу кои, како најзначајни се вбројуваат кул-

турата, субкултурата, припадност на општествен слој, референтните групи, улогата и статусот, семејството и начинот (стилот) на живеењето.
Членовите на семејството можат силно да влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности. Семејството е најважната организација во едно општество која влијае врз процесот на купување и затоа е широко истражувана. Маркетерите се заинтересирани за улогата и влијанието врз купувањето на различни производи и услуги на мажите, жените и децата.
Вклученоста на мажот-жената во процесот на купување многу се разликува од категоријата на производ и од фазата во која се наоѓа. Улогата на купување се менува со развојот на животниот стил на потрошувачите.
Начинот (стилот) на живеење на поединецот е функција на неговите индивидуални карактеристики, формирани преку општествените интеракции што тој ги остварува во својот животен циклус. Животниот стил е модел на живеење на поединецот, изразен преку неговите активности. Стилот на живот може едноставно да се дефинира како начин на којшто личноста живее.
Врз животниот стил влијаат повеќе фактори: вредностите, демографските карактеристики, општествената класа, референтните групи, семејството и индивидуалните карактеристики, чиј составен дел се мотивите, емоциите и личноста. Начинот (стилот) на живеење се однесува на начинот на живеење на индивидуите или семејството. Животниот стил се употребува за да се открие како луѓето го користат своето време, што сметаат за интересно и важно и како тие гледаат на себе и на светот околу нив. Животниот стил е во врска со нечии вредности. Сетот на вредности на една личност играат голема улога во потрошувачките активности – многу производи, меѓу кои особено место имаат недвижностите, се купуваат затоа што луѓето веруваат дека овие производи ќе им овозможат да ги остварат своите вредносни цели.
Од спроведеното истражување во 79 компаниии за луксузноста на материјалите кои ги применуваат при градбата на објектите, дојдено е до сознанија дека најголем дел од градежните претпријатија во Р.Македонија, дури 58%ретко купуваат оригинални (поскапи и полуксузни производи) кои ги користат при градба на објектите, потоа 29% од претпријатијата коишто не се за потценување никогаш не го прават тоа а само 13% се изјасниле дека тоа го прават скоро секогаш.Резултатите покажуваат дека потрошувачите напрво ја забележуваат содржината на производот и тоа високи 71%.За цената се изјасниле 21% што е низок процент, меѓутоа со оглед на тоа што испитаниците се од помладата популација не е изненадувачки.На крајот само 8% се изјасниле за дизајнот, што и не е така зачудувачки.Од резултатите може да се заклучи дека на купувачите сѐ повеќе им е важна содржината на производот отколку цената или дизајнот што испараќа јасен сигнал до компаниите дека е неопходно да знаат какви вредности им нудат на потрошувачите за да се позиционираат на вистинскиот пазар.
Во рамките на направеното второ истражување, овојпат за факторите кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности, констатирано е дека во последните 10 години на глобално ниво е забележан пад на продажбата на луксузните објекти за повеќе од 40%. Ваквата состојба е загрижувачка и го доведува во прашање не само остварувањето на профит, туку и понатамошно постоење на компаниите кои нудат луксузни производи.Македонскиот пазар на луксузни производи во моментов е слабо развиен од причина што нашата земја припаѓа меѓу најсиромашните земји во Европа,а

македонските граѓани поради своите ниски примања многу ретко купуваат луксузни објекти или луксузни производи.
Во истражувањето е користен намерен примерок на 900 испитаници на возраст од 25 до 60 години. Истражувањето беше спроведено во периодот од месец јуни 2012 до месец јуни 2013 и тоа преку он лајн прашалник.
Од спроведеното истражувањеможе да се извлечат следниве заклучоци:
Хипотеза број 1: Населението со приход над 15.001 денари е поголем корисник на кредити отколку населението со приход помал од 15.000 денарисо спроведеното истражување се потврди.
Хипотеза број 2: Поголемиот дел од населението смета дека условите за кредити не се поволни заради високата камата и периодот на отплата и учество, поради што и не користело кредит, а би купило автомобил под добри кредитни услови со спроведеното истражување се потврди.
Хипотеза број 3: Најголем дел од населението би можело да плаќа над 60 рати во износ од 100 - 200€ и учество од 3.000 - 4.000€, со спроведеното истражување се потврди.
Хипотеза број 4: Хипотеката на недвижен имот како гаранција за кредит би му сметала на поголемиот дел од населението– со спроведеното истражување се потврди.
Хипотеза број 5: Населението не е добро информирано за постоењето на продажба на недвижен имот на кредит - со спроведеното истражување се потврди.
Хипотеза број 6: Доколку се праќа пропагандна порака најдобро би било тоа да се направи преку којбило медиум - со спроведеното истражување не се потврди бидејќи како најприфатливи медиуми од страна на испитаниците беа определени телевизијата и весниците.
Хипотеза број 7: Постои голема разлика во преференциите за реклама во која е даден конкретен износ за продажба во готово и даден процент на камата за продажба на кредит - со спроведеното истражување не се потврди.
Според досега презентираното, Комисијата е цврсто убедена дека кандидатот м-р Волкановски Стефан, во целост, ги има постигнато поставените цели надокторската дисертација.
Во однос на организацијата и систематизацијата на материјалот во докторската дисертација, може да се заклучи дека кандидатот м-р Волкановски Стефан на логичен начин ги прикажува одделните глави и делови во рамките на трудот при што користи јасен и разбирлив академски стил. Дополнително, при изработката на докторската дисертација, е користена обемна, современа и релевантна литературата од истражуваната област, што резултира во високо квалитетен научен текст.
**Проверката на** докторскиот труд на тема под наслов“Фактори кои влијаат врз однесу-вањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија”, поднесена од кандидатот м-р Стефан Волкановски **е иницирана од менторот** проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, **на** 24.11.2013**во 13,20 заврши на 4.12.2013 во 17,34.**Резултатот за документот е: документот содржи76435зборови од кои за 3504(4,58%) е пронајдено совпаѓање во 512други документи.Притоа, зборовитекои се совпаѓаат се од општ карактер, врз основа на што потврдуваме дека оваа докторска дисертација претставува оригинален и самостоен труд на кандидатот.

III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на научниот придонес на докторската дисертација “Фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на недвижности во развиените земји и состојбите во Република Македонија”, поднесена од кандидатот м-р Стефан Волкановски,апоаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:
- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторската дисертација,
- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска с.р.

Проф. д-р Нада Секуловскас.р.

Проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовскас.р.

Проф. д-р Димитар Граматиковс.р.

Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановскас.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„МАРКЕТИНГ-ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРИМЕНА НА МАРКЕТИНШКАТА ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА“,**
ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ **М-Р ИГОР АНДРЕЕВ**, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-3471/2 од 4.12.2013, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.11.2013 година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „**Маркетинг-истражување во функција на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места**”, поднесена од кандидатот м-р Игор Андреев. По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

## I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација со наслов „**Маркетинг-истражување во функција на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места**”, поднесена од кандидатот м-р Игор Андреев, е обработена на вкупно 363 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот, освен: вовед (стр. 11-24), апстракт и клучни зборови на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр. 285-302), референци (стр. 303-320), прилози (стр. 321-363), е систематизиран во 5 (пет) глави:

**Глава 1. МАРКЕТИНГ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА (PLACE MARKETING)** (стр. 25-91)

**Глава 2. СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА (STRATEGIC PLACE MANAGEMENT)** (стр. 92-123)

**Глава 3. МАРКЕТИНШКАТА ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА (STRATEGIC PLACE MARKETING MANAGEMENT)** (стр. 124-159)

**Глава 4. МАРКЕТИНГ-ИСТРАЖУВАЊЕ И МАРКЕТИНШКАТА ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА** (стр. 160-209)

## Глава 5. МАРКЕТИНШКАТА ОРИЕНТАЦИЈА И ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (210-284)

Во **првата глава** од трудот со наслов *Маркетинг на населени места (place marketing),* после краткиот осврт на предизвиците со кои се соочуваат градовите во почетокот на новиот милениум, се прикажани еволутивните историски фази во практичната примена на концептот на маркетинг од нивна страна, по што врз основа на расправите за оваа релативно нова научна дисциплина (дефиниции, терминолошки објаснувања и сл.), се креира и теорискиот модел за проценка на нивото на примена на маркетиншката ориентација од страна на населените места. Понатаму се презентирани сознанијата за потребите и процесот на сегментација на трите поголеми генерички групи на клиенти на градот (жители, бизниси и туристи), како и за нивното однесување при „купувањето"/изборот на градот како локација за живеење, посета или за водење бизнис. Овој дел од докторската дисертација завршува со дискусија за најзначајните клиенти на градот, како и за инструментите на маркетинг-миксот на населените места („тоталниот градски производ", промотивниот микс, дистрибуцијата и цената).

Во **втората глава** со наслов *Стратегиски менаџмент на населените места (strategic place management),* се презентираат кратки расправи кои се однесуваат на процесот на стратегиски менаџмент (во бизнис-контекст), основните поими за брендирање, идентитет и имиџ на градовите и примената на релацискиот маркетинг со клиентите (Customer Relationship Marketing-CRM), како маркетиншката ориентација во процесот на стратегиско планирање/менаџмент на населените места.

Во **третата глава** со наслов *Маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места (strategic place marketing management,)* обработена е маркетиншката ориентација на населените места. Врз основа на тоа, како и согласно со чекорите во трите прикажани модели за стратегиско маркетинг-планирање и во трите модели за стратегиско менаџирање/управување со имиџот/брендот на градот (развиени од страна на некои од највлијателните автори во овие области), се предлага модел за реализација на маркетиншки ориентиран процес на стратегиско планирање/менаџмент, по што се дава детално објаснување на фазите во него.

Моделот служи и како основа за идентификување на најважните димензии со чија помош може да се определи нивото на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиско планирање/менаџмент на населените места (процесите на сегментација на клиентите и истражување на нивното задоволство (истражување на вредноста за клиентите, испитување на клиентите за задоволството и истражување на имиџот на градот), како и анализата на конкурентските градови).

Најголем простор во **четвртата глава** од трудот, која е со наслов – *Маркетинг-истражување и маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места,* е посветен токму на елаборација на соодветните методи и техники за истражување на вредноста за клиентите и за испитување на клиентите за задоволството, во рамките на еден целосен CSR (Customer Satisfaction Research) процес за истражување на сатисфакцијата на градските клиенти, кои се прикажуваат откако се дава краток осврт на дефинициите за вредноста и задоволството на клиентите на населените места. На крајот на четвртиот дел се презентираат и другите (дополнителни) методи за истражување на нивното задоволство (таинствената купопродажба, воспоставувањето систем за следење

на жалби и сугестии и анализа на изгубените клиенти), по што следува дискусија и за методолошкиот пристап за истражување на имиџот на населените места.

Во **петтата глава,** која е апликативна и е со наслов *Маркетиншката ориентација и процесот на стратегиски менаџмент на населените места во Република Македонија*, се анализира актуелната состојба, можностите и перспективите за „практикувањето на маркетингот/маркетиншката ориентација од страна на македонските општини (во целина погледнато)“, како и со „нејзината примена во процесот на стратегиско планирање/менаџмент“. За таа цел, откако се презентираат спецификите на системот на локална самоуправа во Република Македонија, се прикажуваат резултатите/ заклучоците/препораките од примарното истражување кое е спроведено со примена на погоре опишаниот методолошки пристап.

## II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Мотивите за согледување и проценка на актуелната состојба поврзана со „практикувањето на маркетингот/маркетиншката ориентација од страна на општините во Република Македонија (во целина погледнато)“, како и со „нејзината примена во процесот на стратегиско планирање/менаџмент“, се клучен поттик за реализација на предметната докторска дисертација и **главни цели** кои се постигнати со преземените истражувачки активности.

За реализација на овие главни цели, како **предмет на истражување** е поставена проблематиката поврзана со добивањето на одговорите на следниве истражувачки прашања:

1. Кои се досегашните сознанија за теориските основи и постулати на маркетингот на населени места како релативно нова научна дисциплина?
2. Кои се клучни клиенти на населените места, варијабли за нивна сегментација, кои се нивните потреби и како тие се однесуваат при носењето одлука за „купување“/избор на градот?
3. Со кои инструменти на градскиот маркетинг-микс ќе се задоволат потребите на клиентите, подобро од конкурентските?
4. Врз основа на кои клучни димензии за проценка може да се процени нивото на примена на маркетингот/маркетиншката ориентација од страна на населените места?
5. Кои се досегашните сознанија за теориските модели поврзани со маркетиншки ориентиран процес на стратегиско планирање/менаџмент на населените места, вклучително и на оние што се однесуваат на стратегиското менаџирање/ управување со имиџот/брендот на населените места?
6. Врз основа на кои клучни димензии за проценка може да се процени нивото на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиско планирање/ менаџмент на населените места?
7. Каква е улогата на информациите што ги обезбедува маркетинг истражувањето во функција на реализација на маркетиншки ориентиран процес на стратегиско планирање/менаџмент на населените места?

Во функција на остварување на горенаведените цели, во периодот 2010-2013 се спроведени двата чекора од истражувачкиот процес, и тоа: теориското и апликативното истражување . Секундарните податоци се добиени при прегледот на расположливата

литература (книги, учебници, научни и стручни списанија, извештаи, публикации, анализи и податоци добиени од интернет и сл.), каде што егзистираат најновите сознанија до кои дошле голем број значајни (домашни, но пред сѐ странски) автори, кои се занимаваат со истражување на слична проблематика.

Предизвиците со кои се соочуваат населените места на почетокот на новиот милениум се огромни. Тие произлегуваат, пред сѐ, од промените во глобалното економско, политичко и технолошко опкружување. Економската глобализација, развојот на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ), интегративните процеси на регионално ниво (ЕУ, НАФТА и др.), големото влијание на медиумите (особено на телевизијата и интернетот), новите транспортни можности (пр., евтините авионски летови), но и заканите од глобалниот тероризам, се фундаменталните промени кои се случуваат во надворешното опкружување.

Овие промени предизивикале нови трендови, кои имаат големо влијание врз развојот на современите градови, при што како позначајни се издвојуваат: брзата дифузија на информациите, знаењето и иновациите, зголемената мобилност на луѓето, производите и капиталот, огромното значење на човечкиот капитал во услови на структурни промени насочени кон креирање „економии на знаење“, зголемените очекувања за подобар квалитет на живот (особено од страна на образованата работна сила) и др. Трендовите на децентрализација на моќта и овластувањата од државно на регионално ниво, исто така, се значајна карактеристика на новото време. Покрај традиционално високиот степен на децентрализација во САД, овие трендови се особено забележителни во Европската унија, која сѐ повеќе се децентрализира во т.н. „Европа на региони“.

Дополнителна нестабилност врз развојот на градовите предизвикуваат и бизнис-циклусите на раст и опаѓање низ кои и тие поминуваат, благодарејќи на влијанието на надворешните, но и на голем број внатрешни фактори. Така, на пример, процесот на „деиндустријализација“, кој предизвика голема невработеност и фискална криза низ градовите во Европа и Северна Америка во осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век, имаше сериозни импликации врз нивниот развој и однесување во „постиндустриската“ ера.

Како резултат на сите овие случувања во опкружувањето, населените места се соочуваат со голем број нови можности, но и со закани. Демократските придобивки и можноста за слободно движење и преселба, вработување, туристичка посета или водење на бизнис во кој било административен дел на својата држава ја заострија конкурентската „битка“ помеѓу градовите, која добива сѐ поголем интензитет во последните неколку децении. Имено, само во Европа има повеќе од 102.000 општини, 1.000 региони и милиони населени места коишто конкурираат помеѓу себе за задржување и привлекување на најограничениот ресурс во 21. век (креативната и талентирана работна сила), но и на инвестиции, туристи и сл.

Во овие услови, градовите сѐ повеќе стануваат главни двигатели на економскиот и културниот развој на државите, при што сите населени места треба да почнат да ги применуваат успешните маркетинг-практики на приватниот сектор, чии маркетери веќе подолго време размислуваат за креирање на производите/услугите, за компанијата и воопшто за целиот начин на „водење на бизнисот“ од гледна точка на клиентот, имајќи ги предвид и понудите на конкуренцијата.

Современиот концепт на маркетингот на градови претставува рефлексија на „урбаното претприемништво“ и одговор на модерното време, во кое сè повеќе се забележуваат и успешни примери на „брендирање на населените места“ (пр.: **„I ♥ NY“, „I Am**sterdam**“** и др.).

Корист од примената на стратегискиот менаџмент, како начин на дефинирање на приоритетите и одлуките поврзани со идниот развој на населените места, одамна е препознаена и од практичарите и од страна на академската јавност. Тие се однесуваат, пред сè, на промоција на стратегиското размислување и однесување, како и на подобрено носење на одлуките за тоа што се сака да се постигне во иднина и како тоа најдобро да се постигне.

Притоа, поттикнати од расправите на голем број теоретичари кои понудиле маркетиншки ориентирани модели на стратегиско планирање (во бизнис-контекст), како и зголемената популарност на маркетингот на градови, повеќе влијателни автори развиле модели со кои ги поистоветуваат/интегрираат процесите на стратегиско и маркетинг планирање и за населените места, нарекувајќи ги процес на стратегиско маркетинг-планирање или маркетиншки ориентиран процес на стратегиско планирање.

На тој начин, сè повеќе се истакнува примената на маркетингот на населени места како „стратегиски пристап во планирањето“ и корисна алатка за решавање на проблемите поврзани со целосното „менаџирање со градот“, при што и населените места треба конечно да започнат да го прават тоа што веќе подолг период успешно го прават бизнисите - процесот на стратегиско маркетинг-планирање. Овој процес треба да резултира со „развој/изработка на стратегиски план за купувачите/клиентите“, креиран врз основа на информациите за нивните потреби и задоволство, имиџот на населеното место и сл. (добиени директно од нивна страна), на што треба да претходи сегментација на пазарот и таргетирање на приоритетните целни групи, анализа на конкуренцијата и др.

Со оглед на тоа што главните цели на предметната докторска дисертација се всушност и цели на примарното (апликативно) истражување (да се процени актуелната состојба поврзана со „практикувањето на маркетингот/маркетиншката ориентација од страна на општините во Република Македонија (во целина погледнато)“, како и со „нејзината примена во процесот на стратегиско планирање/менаџмент“), при презентирање на заклучните согледувања, акцентот е ставен на заклучоците/ препораките кои се однесуваат на македонските општини. Во таа насока, како најважни се издвојуваат следниве заклучоци:

**1.** Примената на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиско планирање (исто како и самиот процес на партиципативно/демократско („bottom-up“) и подготовката на разни стратегиски документи како негов (пишан) финален производ) не е непозната практика во повеќето македонски општини. Напротив, значителни елементи на примена на маркетиншката филозофија на размислување се забележуваат особено во процесот на донесување на локалниот буџет, но и во процесот на изработка на останатите значајни стратегиии за локален развој.

**2.** Во процесот на изработка на постојните стратегиски документи се применува повеќефазниот пристап од претходно промовираните теориски модели за стратегиско планирање (стратегиска анализа/изработка на профил – визија – стратегија – развој на акционен план – имплементација – евалуација и фидбек). Сепак, може да се каже дека овој процес е сè уште доминантно „производно/продажно“ наместо „маркетиншки“

ориентиран. Или, фокусот (наместо на клиентите), (во голема мера) се става, пред сè, на „производите"/програмите/проектите и начините на нивна „промоција/продажба".

**3.** Во однос на маркетинг-истражувањата, сосема очигледни се практиките во повеќето македонски општини за истражување на мислењето на „внатрешните клиенти" (пред сè, жители, но и бизниси) пред да се креираат стратегиските развојни документи (вредноста за клиентите). Во насока на нивно поголемо вклучување во процесот на носење на одлуките за идниот развој на градот, од страна на централните власти и донаторите се промовирани повеќе проекти (пр.: „Вклучи се, дај предлог", „ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ" и сл.).

Сепак, и покрај овие позитивни настојувања, факт е дека најголемиот дел од истражувањата кои се поврзани со откривање на потребите/проблемите на клиентите (пред сè, граѓаните, но и бизнисите), како и за нивното задоволство од квалитетот на живот/условите за водење бизнис во градот, се прават ад-хок (еднократно) во фазата на стратегиска анализа во процесите на стратегиско планирање или по инсистирање на донаторите при реализацијата на нивните проекти. Дополнително, притисок за континуирано практикување на истражувачки студии за задоволството (на годишно ниво) чувствуваат и оние општини кои го поседуваат сертификатот за квалитет ISO 9001:2008. При спроведувањето на голем дел од овие истражувачки проекти (особено оние што се реализираат самостојно), не се применува научно-истражувачки методолошки пристап, при што сè уште не е воспоставена практика за систематско и континуирано прибирање на неопходните маркетинг информации.

**4.** Независно од тоа што се забележуваат првични (пионерски) обиди за креирање слогани од страна на некои македонски општини (што се претставува како извесно изненадување и неочекуван истражувачки резултат), голема е веројатноста тие да се креирани ад-хок и во функција (пред сè) на промоција/продажба, а не како „производ" на целосен (маркетиншки ориентиран) стратегиски процес на брендирање, со намери за понатамошно стратегиско управување/менаџирање со имиџот/брендот на населеното место.

**5.** Кај повеќето македонски општини домининира краткорочната ориентација и фокусот кон привлекување нови клиенти (пред сè инвеститори/бизниси, „по секоја цена"), при што многу малку се застапени постпродажните услуги, што укажува на ниското ниво на практикување на релацискиот маркетинг со клиентите-CRM како пристап во работењето.

**6.** Рекламирањето (кое сè уште во најголем процент се поистоветува со поимот „маркетинг") и односите со јавноста/PR и понатаму се најчесто применуваните инструменти на промоцискиот микс. Во таа насока, се забележува зголемување на значењето и на продажните промоции (пр.: промоција на индустриските зони, понуда на евтино градежно земјиште и сл., кои се поттикнати од страна на централните власти), како и на дел од инструментите на директен маркетинг (пред сè учество на саеми, посети на бизнис-делегации во збратимени градови и сл.), при што не постојат посебни вработени задолжени за директна продажба (локални економски промотори и сл.).

Имајќи ги предвид изнесените заклучоци, потврдена е основната хипотеза/претпоставка според која:

„на процесот на стратегиско (маркетинг) планирање во општините во Република Македонија му е потребен нов импулс, кој треба да се движи во насока на систематско и континуирано прибирање маркетинг информации (за детално утврдување на профилот на

градските клиенти (пред сè граѓаните, но и бизнисите и туристите) и за нивните променливи потреби, задоволство и сл., како и на профилите на конкурентските градови), кои ќе се собираат врз основа на научно засновани методолошки пристапи“.

Како клучни/најважни димензии за проценка на нивото на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиско планирање се издвојуваат:

- ✓ степенот на детална сегментација и опис на клиентите за кои е наменет стратегискиот план (како производ на овој процес);
- ✓ реализацијата на истражувачките процеси во функција на откривање на реалните потреби и задоволството на клиентите, имиџот на населеното место и сл.;
- ✓ вклученоста на анализата на конкурентските градови, како составен и многу важен дел на маркетиншки ориентиран процес на стратегиско планирање.

Како еден од најважните чекори за ефективна подготовка/извршување на маркетиншки ориентиран стратегиски план за локален развој, во дисертацијата се издвојува континуираниот процес на мерење на задоволството на клиентите (во редовни временски интервали) преку истражување на вредноста за клиентите и испитување на нивното задоволство, како и процесот на истражување на имиџот на населеното место. Од овие причини, со своето практично значење се издвојуваат и предложените методолошки пристапи за реализација на целосни процеси на истражување на задоволството на клиентите и истражување на имиџот на населените места, каде што се наведени голем број корисни техники и истражувачки инструменти, како и алатки за анализа и прикажување на добиените резултати.

Според досега презентираното, Комисијата е цврсто убедена дека кандидатот м-р Игор Андреев, во целост, ги има постигнато поставените цели на докторската дисертација.

Во однос на организацијата и систематизацијата на материјалот во докторската дисертација, може да се заклучи дека кандидатот м-р Игор Андреев на логичен начин ги прикажува одделните глави и делови во рамките на трудот, при што користи јасен и разбирлив академски стил. Дополнително, при изработката на докторската дисертација е користена обемна, современа и релевантна литературата од истражуваната област, што резултира во високо-квалитетен научен текст.

Проверката на докторскиот труд на тема под наслов „**Маркетинг-истражување во функција на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места**”, поднесена од кандидатот м-р Игор Андреев, е иницирана од менторот проф. д-р Нада Секуловска**,** на 20.10.2013. Резултатот за документот е: документот содржи **108478** зборови, од кои за **3777 (3,48%)** е пронајдено совпаѓање во 468 други документи. Притоа, зборовите кои се совпаѓаат се од општ карактер, врз основа на што потврдуваме дека оваа докторска дисертација претставува оригинален и самостоен труд на кандидатот.

III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оценката на научниот придонес на докторската дисертација „**Маркетинг-истражување во функција на примена на маркетиншката ориентација во процесот на стратегиски менаџмент на населените места**”, поднесена од кандидатот м-р Игор Андреев, а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оценка на докторска дисертација;
- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.
Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р
Проф. д-р Марика Башевска Ѓорѓиовска, с.р.
Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, с.р.
Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 406. седница на Наставно – научниот совет одржана на 03.12.2013 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Михаило Јовановски, дипл.град.инж. | Споредба на класични и современи методи за проценка на трајни поместувања на каменонасипните брани под дејство на силни земјотреси | проф. д-р Љупчо Петковски, Градежен факултет |
| 2 | Ѓоко Ефремовски, дипл.град.инж. | Влијание на обликот и димензиите на пресекот и условите на потпирање врз пожарната отпорност на армиранобетонски греди | проф. д-р Мери Цветковска, Градежен факултет |
| 3 | Енес Несими, дипл.град.инж. | Влијание на интеракцијата почва-конструкција на сеизмичкиот одговор на аб рамкови конструкции | проф. д-р Лилјана Денковска, Градежен факултет |
| 4 | Наташа Најдовска, дипл.град.инж. | Анализа на влијанието на варовничката прашина врз s-є дијаграмот на самовградливиот бетон | доц. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет |

## **РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДРЕДУВАЊЕ НА РЕЖИМ НА ИСХРАНА ЗА ДОБИВАЊЕ НА КВАЛИТЕТЕН РАСАД ОД ЦВЕТНИОТ ВИД САРДЕЛА (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.)*", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАРГАРИТА ДАВИТКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр.02-1953/8 на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на 5. седница одржана на 8.10.2013 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација со наслов „Одредување на режим на исхрана за добивање на квалитетен расад од цветниот вид сардела (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.)*", пријавена и изработена од м-р Маргарита Давитковска, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Комисијата во состав: д-р Видоја Трпески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Данаил Јанкуловски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Вјекослав Танасковиќ, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја прегледа доставената докторска дисертација и до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација под наслов „Одредување на режим на исхрана за добивање на квалитетен расад од цветниот вид сардела (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.*)", изработена од м-р Маргарита Давитковска, опфаќа 168 страници, со вообичаен проред. Прикажани се 47 табели, 10 графикони и 21 оригинална слика. Дисертацијата содржи осум основни поглавја, и тоа: Вовед, Предмет и цел на истражувањето, Преглед на литературата, Материјал и методи на испитувањата, Резултати и дискусија, Заклучок, Прилози и Литература.

Во **воведот** е истакната потребата да се пристапи кон научно засновани истражувања во обласа на цвеќарството. Докторантката наведува дека покрај доброто познавање на биологијата и морфологијата на видот што се произведува, ѓубрењето како агротехничка мерка и исхраната како физиолошки - биохемиски процес, се значајни фактори за успешно производство на цвеќе. Кај нас исхраната на цвеќето, со мали исклучоци, не е посебно истражувана, и покрај тоа што производителите истакнуваат дека ова е еден од најзначајните аспекти во производството, заедно со заштитата од болести и штетници. На пазарот се нудат разновидни препарати и ѓубрива за исхрана, но од научен аспект, кај нас, досега не се потврдени најсоодветните рецептури и режими за исхрана на одредени

цветни видови, особено во производството во заштитен простор. Оттука, оправдано е истражување кое ќе опфати аспекти на исхраната при производството на расад.

Во поглавјето **Предмет и цел на истражувањето** наведено е дека за голем број цветни видови постојат соодветни рецептури за исхрана, кои денес се аплицираат со методот на фертиригација (ѓубрење преку системот за наводнување). Но, потребно е основните рецептури да бидат приспособени на вкупните локални услови за производство. Ова е од особен интерес за производителите кои сѐ уште се развиваат и немаат можност да воведат соодветна опрема во заштитените прстори, а поради тоа немаат можност понудените рецептури да ги применат како што се дадени. Оттука произлегоа предметот и целта на истражувањето. Предмет на ова истражување е производство на расад од сардела (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.* хибрид *"Ringo 2000 deep scarlet"*). Целта на истражувањето е да се испита квалитетот на расадот при производство и третман со ѓубрива со различен состав и концентрација и да се утврди најсоодветниот состав и концентрација на ѓубриво при производство на расадот.

**Прегледот на литературата** опфаќа период на истражувања од четириесетина години. Со истражувањата се опфатени аспекти кои се однесуваат на примената на различни макро и микроелементи, нивниот сооднос, дозирањето, начинот на аплицирање и влијанието врз културите. Општо земено, прегледот на литературата покажува дека во цвеќарството најмногубројни се истражувањата кои се однесуваат на потребата од исхрана во одделните фази на раст и содржината на макро и микроелементи за успешно производство, ефектот на исхраната врз квалитетот на резници, најниското и највисокото критично ниво на одредени елементи на физиолошкиот раствор во производството на саксиски култури.

Во поглавјето **Материјал и методи на испитувањата,** најпрво накусо е опишан реонот и локалитетот каде што се вршени испитувањата. За добивање на појасна слика за производните услови на опитните површини, изнесени се основните климатски карактеристики на Струмичката Котлина. Докторантката истакнува дека климатските карактеристики поволно влијаат за успешниот развој на производството на цвеќе, но бидејќи опитот е поставен во заштитен простор, некои климатски фактори беа регулирани.

Како материјал за испитување е користена сарделата (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.* хибрид *"Ringo 2000 deep scarlet"*). Истражувањето се однесува на производство на расад од наведениот хибрид со фокус на режимот на исхрана на расадот, како една од позначајните аспекти во технолошката постапка на производството на расад. За испитувањата е користен супстрат (тресет) со трговско име Tref од англиско-германската групација Jiffy. Овој супстрат е со стандардни карактеристики и се употребува првенствено за производство на расад од цветни и градинарски култури. Во испитувањата се користени лесно растворливи кристални ѓубрива, во шест варијанти, со следниов состав: NPK 14-7-28+5CaO+M.E.; NPK 9-10-34+M.E.; NPK 9-10-34+M.E. + $Ca(NO_3)_2$ (I); NPK 9-10-34+M.E. + $Ca(NO_3)_2$ (II); NPK 9-10-34+M.E. + $Ca(NO_3)_2$ (III); NPK 14-10-26+3MgO+M.E.

Испитувањата за добивање на квалитетен расад од сарделата (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.*) опфаќаат неколку методолошки постапки. Имено, направени

се истражувања на литературата, теренски истражувања и лабораториски истражувања. Во делот во кој се наведени испитувањата на терен, опишана е технологијата на расадување, прикажани се варијантите во опитот, режимот на исхрана на растенијата и постапката на наводнување и заштита. Докторантката во опитот поставила вкупно седум варијанти. Од нив, две се контролни варијанти. Растенијата од првата контролна варијанта (варијанта 1) не се прихранувани, односно тие се залевани само со чиста вода. Растенијата од втората контролна варијанта (варијанта 2) се прихранувани со ѓубриво кое вообичаено се користи за производство на расад (NPK 14-7-28+5CaO+M.E.). Варијантата 3 е прихранувана со кристалното ѓубриво NPK 9-10-34+M.E., варијантата 4 со кристалното ѓубриво NPK 9-10-34+M.E. + $Ca(NO_3)_2$ (I), варијантата 5 е прихранувана со кристалното ѓубриво NPK 9-10-34+M.E. + $Ca(NO_3)_2$ (II). Варијантите 6 и 7 се прихранувани со ѓубривата NPK 9-10-34+M.E. + $Ca(NO_3)_2$ (III), односно NPK 14-10-26+3MgO+M.E. Испитувањата се направени во периодот од 2010 до 2012, односно повторени се во три циклуси на производство на расад.

Лабораториските испитувања опфаќаат анализа на супстратот и сувата материја на растителниот материјал. Квалитетот на супстратот е утврден според анализата на вкупниот и нитратниот азот, содржината на фосфор, калиум, калциум и магнезиум, вредноста на pH и EC, содржината на влага, пепел и органски материи. Анализа на сувата материја на растителниот материјал е направена на воздушно суви листови од сардела (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.*, хибрид *“Ringo 2000 deep scarlet”*). Анализирани се повеќе параметри и тоа: содржината на хигроскопна влага, содржината на органските и минерални материи и одделно на азот, фосфор, калиум, калциум, магнезиум, железо, манган, цинк и бакар. Докторантката ги наведува методите на анализа, одделно, на сите наведени параметри.

Мерењата на морфолошките својства на растенијата, изразени како биометрички параметри, извршени се на 30 растенија од секоја варијанта. Мерењата се направени по 70 дена од расадувањето во саксии, на следниве биометрички параметри: должина на стебло, должина на корен, дебелина на стебло, маса на растение, маса на стебло, маса на корен, маса на листови, број на разгранувања, број на листови и број на соцветија. Резултатите добиени од секоја варијанта се обработени варијационо статистички по метод на анализа на варијанса и тестирање со LSD (Least Significant Difference) тестот.

Во поглавјето **Резултати и дискусија,** прикажани се резултатите од извршените анализи на биометричките параметри и растителниот материјал. Со споредување на добиените резултати се оценува влијанието на видот на ѓубривата и исхраната врз квалитетот на расадот од сардела (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.*). Ова поглавје опфаќа најголем дел во дисертацијата. За прегледно презентирање и коментирање на резултатите, поглавјето е поделено во две потпоглавја. Резултатите се прикажани во табели и графикони.

Во потпоглавјето **Влијание на видот и концентрацијата на ѓубривата врз квалитетот на расадот,** кандидатката ги обработила следниве биометрички параметри кај расадот од сардела:

- должина на стебло;
- должина на корен;

- дебелина на стебло;
- маса на растение;
- маса на стебло;
- маса на корен;
- маса на листови;
- број на разгранувања;
- број на листови;
- број на соцветија.

За секој од наведените биометрички параметри има обработено податоци прикажани во три табели и еден графикон. Во првата табела кандидатката ги има наведено резултатите од мерењата по години, просечните вредности, искажани во милиметри или во грами зависно од параметарот, ги има наведено варијационите ширини и коефициентите на варирање. Во втората табела има наведено индексни показатели и проценти, а во третата табела резултатите од секоја варијанта се обработени варијационо статистички со тестирање со LSD (Least Significant Difference) тестот.

**Должина на стебло**. Кандидатката добила резултати со значителни разлики на варијантите, споредено со контролните варијанти 1 и 2. Најдобри резултати за должина на стеблото, според индексните показатели, покажуваат варијантите 3 и 7, односно ѓубривата NPK 9-10-34+M.E. и NPK 14-10-26+3MgO+M.E. Зголемувањето е за 58%, односно 59%, споредено со контролната варијанта 1. Исто така, кандидатката констатирала дека кај варијантите 4, 5 и 6, должината на стеблото е во обратна корелација со зголемувањето на азотот со ѓубривото калциум нитрат. Толкувањето, од научен аспект, за наведената состојба е влијанието на зголемениот азот во облик на нитратна форма. Ова зголемување на азотот е како резултат на прилив на нитратен азот од два извора - од процесот на минерализација на супстратот и од прихраната.

Врз основа на извршените тестирања со LSD - тестот за должината на стеблото, варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1, имаат статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 има статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1 на ниво од 0,05. Разликите помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 5 и 6 се статистички значајни на ниво од 0,01. Помеѓу контролната варијанта 2, во однос на варијантите 3, 4 и 7, нема статистички значајна разлика.

**Должина на корен.** Од резултатите за должината на коренот, кандидатката констатирала дека ѓубривата од варијантите 3 и 7 имаат најголемо влијание врз квалитетот на расадот. Најголема вредност има варијантата 3 со 54% поголема должина на корен во однос на контролната варијанта 1, а потоа следува варијантата 7 со 53%. Кај варијантите 4, 5 и 6, со зголемувањето на азотот (три различни дози на ѓубривото калциум нитрат), должината на коренот се намалува. Така, најмала вредност за должината на коренот има варијантата 6 која е прихранувана со најголема доза на калциум нитрат, и покажува само 4% поголема вредност споредено со контролната варијанта 1. Толкувањата за наведената состојба се исти како и напред наведените за должина на стеблото.

Врз основа на извршените тестирања со LSD - тестот за должината на коренот, варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1, имаат статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 нема статистички

значајна разлика во однос на контролната варијанта 1. Помеѓу контролната варијанта 2, во однос на варијантите 6 и 8, има статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Разликите помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3, 4, 5 и 7 не се статистички значајни.

**Дебелина на стебло.** Од анализите за дебелина на стеблото, презентирани во табелите, може да се констатира дека и кај овој биометрички параметар се гледа иста законитост како кај должина на коренот. Ова најдобро се согледува од табелата за индексни показатели. Најдобри резултати покажуваат варијантите 3 и 7. Процентот на зголемување на дебелината на стеблото кај варијантата 3 е за 26%, а кај варијанта 7 за 23%, споредено со контролна варијанта 1. Иста законитост имаме кај варијантите 4, 5 и 6 со зголемено дозирање на азот со ѓубривото калциум нитрат. Најмали вредности покажала варијантата 6, само со 7% подебели стебла во споредба со контролната варијанта 1. Толкувањата за оваа состојба се наведени во коментарот за должината на стеблото.

Според извршените тестирања со LSD - тестот за дебелина на стеблото, варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1, имаат сигнификантна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 во споредба со контролната варијанта 1 нема статистички значајна разлика. Контролната варијанта 2 во однос на варијантата 6 има статистички значајна разлика на ниво од 0,05. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3, 4, 5 и 7 нема статистички значајна разлика.

**Маса на растение.** Од резултатите за биометричкиот параметар маса на растение констатирано е дека најдобри резултати покажуваат варијантите 3 и 7 . Зголемувањето на масата кај варијантата 3 е за 100%, а кај варијантата 7 е за 102%, споредено со контролната варијанта 1. Кај варијантите 4, 5 и 6, со зголемувањето на дозата на азот, големо е влијанието на ѓубривото врз намалување на масата на растенијата. Така, варијантата 6 има зголемување само за 20% во споредба со контролната варијанта 1. Во споредбите со контролната варијанта 2, варијантите 3 и 7 покажуваат поголеми вредности за 4%, односно 5%, а варијантите 4, 5 и 6 покажуваат послаби резултати.

Масата на растенијата кај варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1, според вредноста на LSD - тестот, има статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 има статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1 на ниво од 0,05. Разликите помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 5 и 6 се статистички значајни на ниво од 0,01. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантата 4 има статистички значајна разлика на ниво од 0,05. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3 и 7, нема статистички значајна разлика.

**Маса на стебло.** За овој биометрички параметар може да се дадат слични констатации како и за претходните биометрички параметри, односно најдобри резултати за масата на стебло имаат варијантите 3 и 7. Кај варијантите 4, 5 и 6 масата на стеблата опаѓа со зголемување на дозите на азот преку ѓубривото калциум нитрат. Кај варијантите 3 и 7, масата на стеблото се зголемува за 83% споредено со контролната варијанта 1, а споредено со контролната варијанта 2, зголемувањето е за 17%.

Масата на стеблата кај варијантите 2, 3, 4 и 7 во однос на контролната варијанта 1, според вредноста на LSD тестот, има статистички значајна разлика на

ниво од 0,01. Варијантите 5 и 6 имаат статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1 на ниво од 0,05. Помеѓу контролната варијантата 2 и варијантите 3, 4, 5, 6 и 7 нема статистички значајна разлика.

**Маса на корен**. Според обработените податоци, констатирано е следното: од табелата за индексни показатели се гледа дека варијантите 3 и 7 покажуваат најдобри вредности. Имено, кај варијантата 3, масата на корен е зголемена за 105% во споредба со контролната варијанта 1, а кај варијантата 7 за 101%. Споредено со контролната варијанта 2, зголемувањето на масата на коренот кај варијантата 3 е за 11%, а кај варијантата 7 за 9%. Варијантите 4, 5 и 6 имаат помали вредности за масата на коренот. Најмала вредност има варијанта 6 со 37% поголема маса на коренот во споредба со контролната варијанта 1. Варијантите 4, 5 и 6, во споредба со контролната варијанта 2, имаат пониски вредности на масата на коренот.

Според вредноста на LSD - тестот, масата на коренот кај варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1 има статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 има статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1 на ниво од 0,05. Разликата помеѓу контролната варијанта 2 и варијантата 6 е статистички значајна на ниво од 0,01. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3, 4, 5 и 7 нема статистички значајна разлика.

**Маса на листови.** Кај овој биометрички параметар констатациите се слични како и кај претходните биометрички параметри, со таа разлика што според индексните показатели, контролната варијанта 2 се изедначува со најдобрите варијанти 3 и 7. Во споредба со контролната варијанта 1, масата на листови кај варијантите 2 и 3 е зголемена за 107%. Варијантата 7 има 110% поголема маса на листови во споредба со контролната варијанта 1. Толкувањата на резултатите за масата на листови кај варијантите 4, 5 и 6 се исти како и кај другите биометрички параметри. Имено, најслаби резултати покажува варијантата 6 со 12% зголемена маса на листови во споредба со контролната варијанта 1. Потсетуваме дека толкувањето за наведените варијанти 4, 5 и 6 е во врска со зголемена концентрација на азот преку физиолошкиот раствор во ѓубривото и минерализација на органскиот азот во супстратот.

Според вредноста на LSD - тестот, масата на листови кај варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1 има статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 нема статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1. Разликите помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 4, 5 и 6 се статистички значајни на ниво од 0,01. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3 и 7 нема статистички значајна разлика.

**Број на разгранувања.** Сите биометрички параметри се значајни и меѓусебно зависни. Но, сепак, биометричкиот параметар број на разгранувања е еден од најзначајните од аспект на квалитетот на растенијата и нивната комерцијална вредност. Најголемо разгранување има варијантата 7 со 5,3 разгранувања. Потоа следува варијантата 3 со 5,1 разгранување и варијантата 2 со 4,5 разгранувања. Контролната варијанта 1 има само 2,2 разгранувања. Ако наведените разгранувања се прикажат со процент на зголемување, споредено со контролната варијанта 1, (без ѓубрење, само со наводнување), ќе констатираме дека:

- варијантата 7 има зголемување за 141%;

- варијантата 3 има зголемување за 128%;
- варијантата 2 има зголемување за 104%.

Во споредба со контролната варијанта 2, зголемувањето на бројот на разгранувања е следно:

- варијантата 7 има зголемување за 17,7%;
- варијантата 3 има зголемување за 13,3%.

Што се однесува до варијантите 4, 5 и 6, бројот на разгранувања значително се намалува. Најмал број на разгранувања има варијантата 6, со 28% поголема вредност во споредба со контролната варијанта 1. Во споредба со контролната варијанта 2, варијантите 4, 5 и 6 имаат помали вредности.

Бројот на разгранувања кај варијантите 2, 3, 4, 5 и 7 во однос на контролната варијанта 1, според вредноста на LSD - тестот, имаат статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 6 има статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1 на ниво од 0,05. Разликите помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 5 и 6 се статистички значајни на ниво од 0,01. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантата 7 има статистички значајна разлика на ниво од 0,05, а помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3 и 4 нема статистички значајна разлика.

**Број на листови.** Според индексните показатели констатирано е следното: ѓубривата од варијантите 2, 3 и 7 имаат најголемо влијание врз зголемувањето на бројот на листовите. Споредено со контролната варијанта 1, зголемувањето на бројот на листови е следниот: варијанта 7 за 61%, варијанта 3 за 54% и варијанта 2 за 49%. Бројот на листовите е во корелација со масата на листовите по варијанти. Варијантите 4, 5 и 6, исто како и кај масата на листовите, имаат намалено влијание. Варијантата 6, во однос на варијантата 1, има зголемување на бројот на листови за 9%.

Бројот на листови кај варијантите 2, 3, 4 и 7 во однос на контролната варијанта 1, според вредноста на LSD - тестот, имаат статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантата 5 има статистички значајна разлика во однос на контролната варијанта 1 на ниво од 0,05. Варијантата 6 во споредба со контролната варијанта 1 нема статистички значајна разлика. Разликите помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 4, 5 и 6 се статистички значајни на ниво од 0,01. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантата 7 има статистички значајна разлика на ниво од 0,05, а помеѓу контролната варијанта 2 и варијантата 3 нема статистички значајна разлика.

**Број на соцветија.** Ѓубривата од варијантите 3 и 7 имаат влијание врз зголемувањето на бројот на соцветијата. Споредено со контролната варијанта 1, зголемувањето е следното: кај варијанта 7 за 25%, а кај варијанта 3 за 22%. Варијантите 4, 5 и 6, каде што имаме додавано азот во три дози, покажаа незначително зголемување на соцветијата, така на пример, варијантата 6 има зголемување за само 6%.

Бројот на соцветија кај варијантите 2, 3, 4 и 7 во однос на контролната варијанта 1, според вредноста на LSD - тестот, имаат статистички значајна разлика на ниво од 0,01. Варијантите 5 и 6, во споредба со контролната варијанта 1, немаат статистички значајна разлика. Помеѓу контролната варијанта 2 и варијантата 6 има статистички значајна разлика на ниво од 0,05, а помеѓу контролната варијанта 2 и варијантите 3, 4, 5 и 7 нема статистички значајна разлика.

**Фолијарни анализи на растителниот материјал.** Кандидатката за фолијарните анализи има земено материјал листови, просечни проби и подготвени за анализа во воздушно сува состојба. Резултатите од анализите посебно се табеларно прикажани за следниве параметри: вкупни органски материи, вкупни минерални материи (пепел), хигроскопна влага, содржина на макробиогените елементи: азот, фосфор, калиум, калциум и магнезиум и содржина на микробиогените елементи: железо, манган, цинк и бакар.

Ќе истакнеме само некои позначајни параметри од табелите, со оглед на тоа дека анализи се вршени само на листови од сардела. Интересни се податоците за вкупни минерални материи во листот. Од тригодишните просечни мерења, просекот за најголема содржина на вкупните минерални материи се јавува кај варијантите 4, 5 и 6. Изразено во проценти, овие варијанти содржат од 103 до 116% повеќе минерални материи споредено со контролната варијанта 1, додека варијантите 3 и 7 кои се покажаа како најдобри во влијанието за биометричките параметри содржат 85%, односно 72% повеќе од контролната варијанта 1.

Толкувањето за оваа состојба, која се јавува кај варијантите 4, 5 и 6, е влијанието од прихранувањето на овие варијанти со растечки три дози на азот преку ѓубривото калциум нитрат.

Што се однесува до состојбата со макробиогените хемиски елементи: азот, фосфор, калиум и калциум, во листовите од сарделата, таа е следна:

**Азотот** во контролната варијанта 1 е застапен со 2,19%. Најголема застапеност на азот во лисјата има кај варијантата 6 со 5,67%. Токму во оваа варијанта имаме дозирано најмногу азот. Варијантите 7 и 3 содржат азот 4,66% и 4,41%. Ако наведените содржини на азот ги преведеме во % на зголемување, варијантата 6 има зголемување на азот за 159% споредено со контролната варијанта 1. Варијантата 3 има зголемување за 101% споредено со контролната варијанта 1.

**Фосфорот** количински кај контролната варијанта 1 е застапен со 0,26%, во другите варијанти се движи од 0,39% до 0,54%. Кај сите варијанти има зголемување од 50% до 108%. Највисоко зголемување има кај варијантата 7 за 108% во споредба со контролната варијанта 1. Контролната варијанта 2 е изедначена со другите варијанти.

**Калиумот** е застапен во контролната варијанта 1 со 1,60%. Во другите варијанти се движи од 1,59% кај варијанта 7, до 2,37% кај варијанта 4.

**Калциумот** во лисјата од сардела се движи од 1,07% до 1,47%. Најголема содржина има кај варијантите 4, 5 и 6. Секако дека тоа произлегува од трите различни дози на ѓубривото калциум нитрат. Интересна е констатацијата дека варијантата 1 е изедначена со варијантата 3.

**Магнезиумот** во лисјата е застапен кај варијантата 2 со 0,16%, па до 0,30% кај варијантата 5. Најголемо зголемување има кај варијантите 4 и 5. Другите варијанти се блиски по содржината на магнезиум, а контролната варијанта 1 содржи 0,196% магнезиум.

***Железото*** се движи од 0,021%, до 0,045%.

**Манганот** има различна застапеност во лисјата. Контролната варијанта 1 содржи 0,009%, а највисока содржина има кај варијантата 6 со 0,018%, или за 100% повеќе. Кај другите варијанти, зголемувањето на манганот е скоро изедначено, и изнесува околу 50%.

**Цинкот** во листовите од сардела е со вредности кои се движат од 0,003% до 0,005%. Контролната варијанта 1 е изедначена со другите варијанти. Исклучок е варијантата 3 каде што содржината на цинк е поголема за 25%.

**Бакарот** во листовите се содржи слично како и цинкот, изедначен е кај сите варијанти или е со мали, незначителни разлики.

Во поглавјето **Заклучок,** кандидатката врз основа на добиените резултати средени во табели, нивна интерпретација и толкувања, по логичен распоред ги систематизирала и заклучоците.

Заклучоците се мошне јасни и редоследно средени според содржината на истражувањата.

Во поглавјето **Литература** цитирани се 163 референци, од домашни и странски автори.

Во поглавјето **Прилози** дадени се фотографии од расад на (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail.*) од истражувањата направени во 2010, 2011 и 2012 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов „Одредување на режим на исхрана за добивање на квалитетен расад од цветниот вид сардела (*Pelargonium x hortorum L. H. Bail*).”, пријавена и изработена од м-р Маргарита Давитковска, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, претставува самостоен оригинален научен труд.

Докторската дисертација според содржината, методолошкиот пристап, добиените резултати и нивното толкување, претставува комплексен научен труд, кој истовремено дава исклучително голем придонес за науката и практиката. Текстот е напишан јасно, концизно и ги содржи сите елементи за докторска дисертација.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата позитивно ја оцени докторската дисертација и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, да ја прифати изработената докторска дисертација и заклучокот со предлог на Комисијата, и да овозможи јавна одбрана.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Видоја Трпески, с.р.
2. Проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова, с.р.
3. Проф. д-р Данаил Јанкуловски, с.р.
4. Проф. д-р Гордана Попсимонова, с.р.
5. Доц. д-р Вјекослав Танасковиќ, с.р.